# ГОДИШНИК
## НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

# ANNUAL
## OF THE INSTITUTE FOR SOCIOLOGICAL, POLITICAL AND JURIDICAL RESEARCH


| | | | |
|---|---|---|---|
| Година XXXII, | Број 1, | стр. 336 | Скопје, 2007 |
| Volume XXXII, | Number 1, | pp. 336 | Skopje, 2007 |

**Редакција:**
Д-р Јорде Јакимовски
Д-р Мирјана Најцевска
Д-р Петар Атанасов
Д-р Анета Јовевска
М-р Елеонора Серафимовска
Марија Топузовска

**Главен и одговорен уредник:**
Д-р Јорде Јакимовски

**Секретар на редакцијата:**
М-р Елеонора Серафимовска

**Јазична редакција:**
Марија Станкова

**УДК и предметна определница:**
**UDC**
Софче Марковиќ-
НУБ Св. Климент Охридски

**Издавач:**
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје
Партизански одреди бб,
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. 02 3061-760
Факс: 02 3061-282
П.фах: 435

Печат: Тренч- Скопје

Тираж: 300

Издавањето на Годишникот го потпомага Министерството за образование и наука на Република Македонија

**Editorial Board:**
Jorde Jakimovski, Ph.D.
Mirjana Najcevska, Ph.D.
Petar Atanasov, Ph.D.
Aneta Jovevska, Ph.D.
Eleonora Serafimovska, MA
Marija Topuzovska, BA

**Editor – in chief:**
Jorde Jakimovski, Ph.D.

**Secretary of Editorial:**
Eleonora Serafimovska, MA

**Lector:**
Marija Stankova

**Data Cataloging in Publication:**
Sofce Markovic-
NUB Sv. Kliment Ohridski

**Published by:**
Institute for Sociological, Political and Juridical Research-Skopje

Partizanski odredi bb,
1000 Skopje
Republic of Macedonia
Tel. 02 3061-760
Fax: 02 3061-282
P.O. Box 435

Printed by: Trench – Skopje

Circulation: 300

The publication of this issue was supported by the Munistry of Education and Science of the Republic of Macedonia

# ПРЕДГОВОР

Годишникот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања- Скопје, претставува една од формите за комуницирање со научната и пошироката јавност на научните и другите работници на Институтот како и на надворешните соработници. Важно е да се каже дека во Годишникот редовно се застапени и имиња на млади автори кои ги прават своите први чекори во науката, но кои со своите идеи и научнички ентузијазам придонесуваат за збогатување и ширење на научниот простор во Македонија. Освен научни и стучни трудови во Годишникот се објавени и осврти на новообјавени книги.

Авторите на трудовите во овој Годишниок со своето знаење и искуство, како и во целокупната досегашна научноистражувачка работа, имаат за цел да придонесат не само за осознавањето на многу значајни прашања во општествено-политичкиот живот туку и за развој на социолошката, политичката, правната и дру-

# FOREWORD

The Annual of the Institute for Sociological, Political and Juridical Research – Skopje represents one of the forms of communication with the scientific and the general public regarding the scientific and the other workshops of the Institute and the external collaborators. It is important to underline that the Annual regularly includes the names of young authors who take the first steps in science, and enrich the building of the scientific field in Macedonia by means of their novel ideas and scientific enthusiasm.

The authors of the works in this Annual, by means of their know-how and experience, as in the overall previous scientific research, have aimed at contributing to perception of numerous significant issues not only from the socio-political life but also from the development of the social, political, legal and other thought in the Republic of Macedonia. More specifically, particular attention is paid to the issues of multiculturalism, social conformity, political ideology and moral

га мисла во Република Македонија. Поконкретно, вниманието е свртено врз глобализацијата, мултикултурализмот, социјалниот конформизам, политичката идеологија и моралното расудување, религиозните текови, положбата на ученичката младина, социјалната политика, семејното насилство, човековите права, родовата рамноправност, изборниот ситем, политичката култура, изборните стратегии на политичките партии, функционирањето на државната администрација, глобалното управување, деловната етика, менанџерството, доживотното учење и нелегалната имиграција.

Трудовите се мотивирани и од предизвикот на лоцирање, дијагностицирање и нудење на излезни решенија кои ќе водат кон надминување на бројните проблеми во подсистемите на македонскиот општествено-политички и економски систем како што се економијата, социјалата, законодавството, правосудството, одбраната, образованието и др.

Со својата разновидност, актуелност и научно-методолошка заснованост веруваме дека овие текстови ќе го привлечат вниманието и интересот на научната и пошироката јавност во Република Македонија, во регионот и пошироко.

*Проф д-р Јорде Јакимовски*

judgment, religious streams, position of the student's youth, social policy, domestic violence, human rights, gender equality, electoral system, political culture, electoral strategies of the political parties, functioning of the state administration, global management, business ethics, management, life-long learning and illegal immigration.

These works have further been challanged by the detection, diagnosis and provision of solutions which shall lead to overcoming of the numerous problems existing in the Macedonian socio-political and economic system such as economy, welfare, legislation, judicature, defense, education, etc.

We do believe that these texts shall arouse the interest of both the scientific and the general public in the Republic of Macedonia, the region and beyond due to their diveristy, topicality and scientific-methodological base.

*Prof. Jorde Jakimovski, Ph.D.*

## *Содржина*

*Д-р Јорде Јакимовски*
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА- КАДЕ СМЕ? . . . . . 9

*Д-р Славко Сасајковски*
"DON'T CRY FOR ME, ARGENTINA" DOMINGO FELIPE "MINGO" CAVALLO . . . . . **27**

*Д-р Петар Атанасов*
„ЕТНИЧКИТЕ ЈАЗЛИ" И МАКЕДОНСКИОТ МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ . . . . . 47

*М-р Елеонора Серафимовска*
ПОТТИКНУВАЊЕ НА АВТОРИТАРНИТЕ ДИСПОЗИЦИИ ВО УСЛОВИ НА КОНФЛИКТ ПОМЕЃУ СОЦИЈАЛНИОТ КОНФОРМИЗАМ И ЛИЧНАТА АВТОНОМИЈА . . . . . 57

*М-р Маријана Марковиќ*
ПОВРЗАНОСТА НА МОРАЛНОТО РАСУДУВАЊЕ И ПОЛИТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА . . . . . 69

*Д-р Цацаноска Ружица*
РЕЛИГИОЗНИТЕ ТЕКОВИ НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО 83

*Д-р Љубица Чонева*
СОЦИО-ОПШТЕСТВЕНАТА ПОЛОЖБА НА УЧЕНИЧКАТА МЛАДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . . 97

*Д-р Мирјана Сланинка-Динева*
СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО РАМКИТЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . . 111

*Д-р Виолета Чачева*
МУЛТИФАКТОРСКАТА ДЕТЕРМИНИРАНОСТ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО . . . . . 125

*Д-р Мирјана Најчевска*
МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НАЦИОНАЛНИ ТЕЛА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ПОТРЕБАТА ОД ФОРМИРАЊЕ ВАКВО ТЕЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА . . . . . 137

*Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ*
АФИРМАТИВНА АКЦИЈА - МЕХАНИЗАМ ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВИОТ АСПЕКТ ВО ПОЛИТИКАТА И ПОСТИГНУВАЊЕ НА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ . . . . . 153

*Д-р Наташа Габер и Д-р Анета Јовевска*
ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - АКТУЕЛНИ ДИЛЕМИ . . . . . . . . . . 169

*Бојана Наумовска*
ИЗБОРНИТЕ СИСТЕМИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И МАЛИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ВО НИВ . . . . . . . . . . 189

*Анета Цекиќ*
ТЕОРИЈАТА ЗА ГЛОБАЛНО УПРАВУВАЊЕ И СУВЕРЕНИТЕТОТ ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА. . . . . . . . . 203

*Д-р Мирјана Борота - Поповска*
УЛОГАТА НА КОДЕКСИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВАТА ЕТИКА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА. . . . . . . . . . 215

*Марија Топузовска*
МЕНАЏМЕНТ НА КАРИЕРАТА И ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ КАКО ПРЕДУСЛОВИ ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ . . . . . . . . . . 225

*Д-р Благоја Брајановски*
МЕНАЏЕРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПОСТПРЕОДНИОТ (ПОСТТРАНЗИЦИСКИОТ) ПЕРИОД . . . . . . . 235

*М-р Дејан Витански*
СЕЛЕКЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ . . . . . . . . . . 247

*М-р Ирина Чудоска*
НЕЛЕГАЛНАТА ИМИГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА . . . . . 259

*Доц. д-р Фросина Ташевска-Ременски*
СТРАТЕШКИОТ ОДГОВОР НА НАТО И ЕУ НА ТЕРОРИЗМОТ . . 275

*Д-р Илија Тодоровски*
КОМПАРАТИВНИ АСПЕКТИ НА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ ВО СВЕТОТ . . . . . . . . . . 287

*Доц. д-р Јован Ананиев*
ОДНЕСУВАЊЕТО НА ГЛАСАЧИТЕ КАКО ЕДНА ОД ДЕТЕРМИНАНТИТЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ИЗБОРНАТА СТРАТЕГИЈА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ . . . . . . . . . . 297

*М-р Здравко Савески*
КРИТИЧКА АНАЛИЗА НА КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈАТА НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА НА Г. АЛМОНД И С. ВЕРБА . . . . . . . . 309

*Прикази*

*Д-р Ружица Цацаноска*
**DAVIE, GRACETHE SOCIOLOGY OF RELIGION** . . . . . . . . . . 321

*Марија Станкова*
“ЖИВОТ ВО СЕНКА” . . . . . . . . . . 327

## *Contents*


***Jorde Jakimovski, Ph.D.***
THE REPUBLIC OF MACEDONIA IN THE GLOBALIZATION PROCESS – WHERE DO WE STAND? . . . . . . . . . 9

***Slavko Sasajkovski, Ph.D.***
”DON’T CRY FOR ME, ARGENTINA”DOMINGO FELIPE “MINGO” CAVALLO. . . . . . . . . 27

***Petar Atanasov, Ph.D.***
“THE ETHNIC GAPS” AND THE MACEDONIANMULTICULTURALISM . . . 47

***M-r Eleonora Serafimovska***
STIMULATION OF AUTHORITARIAN DISPOSITIONS IN CONDITIONS OF CONFLICT BETWEEN SOCIAL CONFORMITY AND PERSONAL AUTONOMY . . . . . . . . . 57

***Marijana Markovikj, MA***
THE INTERRELATEDNESS OF MORAL REASONING AND POLITICAL IDEOLOGY . . . . . . . . . 69

***Cacanoska Ruzica, Ph.D.***
THE RELIGIOUS TRENDS IN THE MACEDONIAN SOCIETY . . . . . . . . . 83

***Ljubica Choneva, Ph.D.***
THE SOCIO-ECONOMIC POSITION OF THE STUDENT’S YOUTH IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA . . . . . . . . . 97

***Mirjana Slaninka-Dineva, Ph.D.***
THE SOCIAL POLICY WITHIN THE FRAMEWORK OF THE CONTEMPORARY LEGAL SYSTEM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA 111

***Violeta Chacheva, Ph.D.***
THE MULTIFACTOR CONDITIONALITY OF DOMESTIC VIOLENCE. . . . . 125

***Mirjana Najchevska, Ph.D.***
INTERNATIONAL STANDARDS FOR ESTABLISHMENT OF NATIONAL BODIES FOR PROTECTION OF HUMAN RIGHTS AND THE REQUIREMENT OF ESTABLISHMENT OF SUCH A BODY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA . . . . . . . . . 137

***Dijana Stojanovich Djordjevich***
AN AFFIRMATIVE ACTION – A MECHANISM FOR INTEGRATION OF THE GENDER ASPECT IN POLITICS AND ACHIEVEMENT OF GENDER EQUALITY . . . . . . . . . 153

***D-r Natasha Gaber & D-r Aneta Jovevska***
THE ELECTORAL SYSTEM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA - ACTUAL DILEMMAS . . . . . . . . . 169

***Bojana Naumovska***
THE ELECTORAL SYSTEMS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE MINOR POLITICAL PARTIES IN THEM . . . . . . . . . 189

***Aneta Cekik***
THE GLOBAL GOVERMANCE THEORYAND SOVEREIGNTY IN GLOBALIZATION CONDITIONS . . . . . . . . . 203

***Mirjana Borota – Popovska, Ph.D.***
THE ROLE OF THE CODICES IN THE PROMOTION OF THE BUSINESS ETHICS IN THE ORGANIZATION . . . . . . . . . 215

***Marija Topuzovska***
CAREER AND LIFE-LONG LEARNING MANAGEMENT AS PRECONDITIONS FOR CAREER DEVELOPMENT . . . . . . . . . 225

***Blagoja Brajanovski, Ph.D.***
THE MANAGERISM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA IN THE POST-TRANSITIONAL PERIOD . . . . . . . . . 235

***Dejan Vitanski, MA***
SELECTION OF CIVIL SERVANTS. . . . . . . . . 247

***Irina Chudoska, MA***
THE ILLEGAL IMMIGRATION INTO THE EUROPEAN UNION . . . . . . . . . 259

***Frosina Tashevska – Remenski, Ph.D., Docent***
THE STRATEGIC RESPONSE OF NATO AND EU IN TERMS OF TERRORISM . . . . . . . . . 275

***Ilija Todorovski, Ph.D.***
COMPARATIVE ASPECTS OF THE POLITICAL SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE CONTEMPORARY POLITICAL SYSTEMS IN THE WORLD . . . . . . . . . 287

***Jovan Ananiev, Ph.D., Docent***
THE BEHAVIOR OF ELECTORATES AS ONE OF THE DETERMINANTS IN THE CREATION OF THE ELECTORAL STRATEGY OF THE POLITICAL PARTIES . . . . . . . . . 297

***Zdravko Saveski, MA***
CRITICAL ANALYSIS OF G. ALMOND AND S. VERBA’S CONCEPTUALIZATION OF POLITICAL CULTUR . . . . . . . . . 309

Социолошко-економска област

UDK/UDC 339.91-027.511(497.7)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Јорде Јакимовски*

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА - КАДЕ СМЕ?

РЕЗИМЕ

Во првите години од новиот милениум се повеќе се забележува доминацијата на општествата и економиите кои се базираат врз знаење и кои учествуваат во глобалните пазари, како последица на стремежот на организациите за мобилност на деловните активности, знаењето и капиталот, како и за либерализација и поедноставување на надворешнотрговските односи помеѓу државите. Глобализацијата им овозможува на стопанските субјекти настап на светскиот пазар, со користење како на локалните, така и на пошироко достапните ресурси. Информациските системи и телекомуникациите му даваат нова физиономија на светскиот пазар, овозможувајќи органи-

*Jorde Jakimovski, Ph.D.*

# THE REPUBLIC OF MACEDONIA IN THE GLOBALIZATION PROCESS – WHERE DO WE STAND?

SUMMARY

In the first years of the new millennium, the domination of societies and economies which dwell on knowledge and which participate in the global markets is becoming more prevalent, due to the aspiration of the organizations concerning mobility of their business activities, know-how and capital, as well as for the purpose of liberalization and facilitation of the foreign-trade relations among the states. The globalization enables the corporate subjects to appear on world markets by means of utilizing both local and widely available resources. The information systems and the telecommunications give new physiognomy to the world market, enabling the organizations to identify the particular require-

зациите да ги идентификуваат специфичните потреби на купувачите од различни географски региони на светот и брзо да реагираат со диверзификацијата на производите и услугите. На тој начин, традиционалната предност на производителите коишто се географски поблиску до купувачите е значително намалена.
Телекомуникациите омозможуваат и дизајнирање на светски електронски пазари, каде купувачите и набавувачите стапуваат во непосреден контакт. На овој начин се губи потребата од постоење на класични посредници, но, се разбира се јавува потребата од нови.
**Клучни зборови:** глобализација, глобални пазари, сиромаштија, транснационални компании, сектор на вработеност, труд, неолиберален модел.

ments of the customers from diverse geographic regions worldwide and to act rapidly concerning diversification of their products and services. Therefore, the traditional advantage of the products which are geographically nearer to the customers was significantly diminished.
Telecommunications further enable creation of world economic markets where the purchasers and the suppliers make direct contact. Consequently, this brings about the obsolescence of classical intermediaries, but undoubtedly creates the need for new ones.
**Key words:** globalization, global markets, poverty, transnational companies, employment sector, labour, neoliberal model.

## ВОВЕД

Денеска сите ние сме принудени да распознаваме и да реагираме на новите глобални пазарни ризици, кои демонстрираат социјална и политичка динамика на светското економско општество на ризици. Глобалниот пазар е нова форма на организирана неодговорност, затоа што претставува интерперсонална институционална структура, која не презема одговорност дури ни за самата себе. Потпомогнат од информациската револуција, глобалниот пазарен ризик дозволува да определи кои, ако постојат како такви, ќе просперираат, а кои ќе страдаат. Имено,тој што нема глобално управување, глобалниот пазарен ризик не може да биде регулиран по модел на националните пазари, ниту пак кој и да било национален пазар може да му се спротивстави.

Главен проблем при совладувањето на глобалната пазарна сила е создавањето, делувањето и вклопувањето на матрицата на националната и интернационалната државна политика. Охаме (Ohame 1990.1993,1995) аргументира дека корпорациите “без држави”, се главни двигатели во меѓусебната поврза-

на економија која е концетрирана во САД, Европа и Јапонија. Тој вели дека макроекономските и индустриските државни интервенции од страна на националните влади можат само да ги изобличат и спречат рационалните процеси на распределбата на средства на корпоративните одлуки и потрошувачките избори во глобалните размери. Според него, ваквите корпорации треба да ја следат стратегијата "глобална локализираност", соодветна во светски размери на одредени регионали пазари, и сместувајќи се, делотворно да ги задоволат разновидните посебни потреби на локалните потрошувачки групи. Овде се претпоставува дека транс- националните корпорации првенствено треба да се потпрат на директни странски вложувања и целосно домашно производство, а се со цел да ги задоволат таквите специфичните пазарни потреби.

## 1. НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

**Тековите на глобализацијата** го поделија светот на две зони: зона на стагнација и зона на развој кои пресудно влијаат врз положбата на одделни земји. Оние земји кои не успеваат да ги артикулираат развојните ресурси во развојот на современите технологии неминовно останувaат во зоната на стагнација, не успевајќи да се приклучат на трендот на развиениот свет. Пред неколку години, нестабилниот глобален финансиски пазар, здружен со поразните интервенции на Меѓународниот монетарен фонд, турна милиони луѓе во сиромаштија. Затоа, најдобри изгледи имаат реформите кои се на национално ниво, а не внатре во колонијалните и над-националните институции како што се Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка. Најдобар пример за тоа е Кина, чиј економски раст во последните години бележи пораст од 7,8% и која ја задржа економијата со поддршка на макроекономската политика. Нејзиниот финансиски систем е во домашна сопственост и контролиран од државата. Бројот на земјите кои преземаат мерки за заштита од глобалниот финсиски пазар постојано расте (Малезија, Хонг Конг, Чиле, Колумбија). Иако умерени, овие реформи покажуваат дека малите земји не мора да подлегнат на хировите на меѓународниот финансиски пазар, и дека можат да бидат национално економски суверени - еден од најважните услови за остварување на економски и социјален суверенитет. За илустрација, последните две декади Латинска Америка бележи нулта пораст по жител, а две декади пред тоа тој пораст изнесуваше дури 70%. Слично се случило и со Африка (Weisbrot, 1999.)

Степенот на успешност и напредок на активностите е далеку од еднаков насекаде во светот. Постојат огромни разлики меѓу различни земји, но и во секоја земја внатре. Имено, сиромаштијата е поголема во руралните области, иако во градските подрачја е значително зголемена. И додека бројот на богатите расте (бројот на милионерите во САД се зголемува од 13 во 1982 на 149 во 1996 година, а Глобалниот клуб на милионери брои околу 450 членови), социјалните разлики се повеке продлабочуваат (Chossudovsky, 1999).

**Табела 1**: Население кое живее под прагот на сиромаштија
*(йраг на сиромашшија $ 1.08 на ден)*

| Региони | Милиони луѓе | | Дел од вкупно население % | | Дел од сиромашното население кое живее во рурални области % | Рурално население како дел од вкупно население% |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1990 | 2001 | 1990 | 2001 | 2001 | 2001 |
| Источна Азија | 472 | 271 | 30 | 15 | 80 | 63 |
| Источна Европа и Централна Азија | 2 | 17 | 1 | 4 | 53 | 37 |
| Јужна Америка и Карибите | 49 | 50 | 11 | 10 | 42 | 24 |
| Бкиски Исток и Северна Африка | 6 | 7 | 2 | 2 | 63 | 42 |
| Јужна Азија | 462 | 431 | 41 | 46 | 73 | 67 |
| Супсахарска Африка | 227 | 313 | 45 | 46 | 73 | 67 |

Извор: Милениумски проект на Обединетите нации

За земјите кои заостануваат со воведувањето и примената на информациските и комуникациските технологии, во литературата се користи терминот “digital divide”. Терминот “digital divide” се однесува на разликите помеѓу индивидуалци, домаќинства, деловни субјекти и географски области што се на различно социо-економско ниво од гледна точка на нивните можности да имаат пристап и да ги користат информациските и комуникациските технологии и интернетот.

Во последните две децении, сведоци сме на порастот на бројот на не-западните капиталистички стопанства, како на пример: (Јапонија, Јужна Кореја, Тајван) кои соработуваат со Запад: финансиски, инвестициски, производствено и потрошувачки. Тоа доведува до пораст на центрите на моќ, како економска, така и политичка и воен пораст на тој глобален пазар, а сето тоа поттикнува конкуренција, раст и развој.

Но, секако тој раст и развој, е невоедначен. Приватните тековите на капиталот, за жал, се високо концентрирани во неколку земји: 95% се насочени во само 26 земји, додека останатите 5% ги делат 140 држави.

Процесот на поврзувањето на стопанствата на различни држави не е нов. Од настанувањето на капиталистичкиот начин на производство, интернационализацијата на стопанството и самото општество е начин за егзистирање и опстанок на одделните нацинални економии. Меѓутоа, евидентна е темелна интернационализација и транснационализација на самото стопанство, така што во прашање се доведуваат некои аспекти на нормалното живеење. Корист од глобализацијата најмногу му припаѓа на приватниот сектор, односно на глобалните претприемачи, трговци во облик на мултинационални компании. Користејќи ја неразвиеноста на постоечките и отсуството на некои други потребни економски институции, мултинационалните компании произведуваат таму каде што нивните производствени трошоци се најниски, а го книжат профитот во оние земји каде даноците се најниски и каде што можат да постигнат највисока цена за своите производи. Секако и најмоќните милтинационални компании очекуваат помош од “своите” држави. Сите промени на глобално ниво ја намалуваат, па дури имаат тенденција и да ја укинат моќта на влијанието на националните држави, така што, овие и да сакаат не се во состојба да им ја пружат на своите граѓани заштита која им е неопходна.

**Наднационалниот капитал** нема многу милост кон социјалната политика, кон рамноправната грижа за сите слоеви на луѓе, посебно кон оние кои не се во состојба да создаваат профит и на кои им е најпотребна помош од државата. Се поголемо е незадоволството и гневот што го истураат овие незадоволни маси врз сопствените влади. Значи потребно е под инто да се направи некој нов меѓународен правен поредок со кој би се регулирале тие односи, овластувања, привилегии, инаку обичниот народ би бил под силен террор и безмилосна експлоатација.

Глобалната конкуренција со масовно движење на капиталот до скоро неразвиените држави, создава нови економски феномени кои се повеќе стануваат подлога на “новата економија”. Последиците се големи и во тие развиени држави кои се карактеризираат со стари развиени економии. Со движењето на капиталот кон неразвиените држави се создават нови конкуренти и конкуренции со такви размери на кои до сега никој не се надевал. Се произведуваат големи количини на ефтина стока и тоа во размери во кои до сега биле незамисливи. Заради отворените пазари се овозможува извоз од развиените држави. Денес таа “извозна офанзифа” се нарекува “напад” на пазарите и стопанствата од развиените земји. Се загрозува домашното производство и се покренуваат начини за заштита на истото. Либерализацијата која на големо се прокламира, се повеќе паѓа во криза.

Голем дел од производството во Азија и Латинска Америка во најголем дел е создадено со капитал кој потекнува од САД, Јапонија, Германија, а и од други поразвиени земји од ЕУ.

Во САД таа појава доведе до тоа американските корпорации да бараат тие производи коишто се произведуваат во странство од самите тие корпорации, да им биде овозможен ист третман со домашните производи, т.е. исто како да се произведени дома. Овој начин е познат во економијата како *Outsourcing*, односно домашно производство од страна. Тоа предизвикува големи полемики при увозот на таа стока, едни заговараат либерализација и слободен трансфер на таа стока, а други се за ограничувања и контрола.

Колку сето тоа е сериозно говорат и примерите со увоз на електроника, текстил, играчки од Азија, пред се од Кина. Сведоци сме на преплавени пазари од овие и слични производи и кај нас во државите на Балканот. На пример, тие производи доаѓаат од земји како што се: Кина, Индија, Тајланд, Јужна Кореја, а се со потпис на европски производувачи, на пример Philips, Adidas, Nike итн.

Имајќи го предвид сето тоа, може да се каже дека ваквата ситуација наликува на нелојална конкуренција, а посебно страдаат малите претпријатија, не можејќи да се носат со таа преголема количина на увезени производи од страна, по многу поефтина цена.

Овие мултинационални компании остваруваат огромен профит користејќи ефтина работна сила и експлоатација на населението во неразвиените земји.

Доколку производството на патики Nike би се одвивало во САД, трошоците за работна рака би биле неспоредливо поголеми отколку во неразвиените земји како на пример Индија, Пакистан, Бангладеш, каде на големо се врши екплоатација на трудот на тамошното население. Застрашувачки изгледа и се поголемото вклучување на децата во производството, кои работат во погоните на мултинационалните корпорации за помалку од 1 долар дневно.

Глобализацијата влијае врз пазарот на трудот, на демографската прераспредлба на трудот, ги менува тековите на понудата и побарувачката за труд. Голем дел од работоспособното население од земјите во развој или од неразвиените земји се упатува претежно во западните, капиталистички земји, во потрага по подобри услови за живот, подобра заработувачка, подобра социјална заштита. Тука се и младите луѓе, кои ја напуштаат сопствената земја и одат, најчесто, во развиените земји во потрага по подобар живот (подобри услови за учење, студирање, на постдиполомски или докторски студии, итн).

Но доколку заминат во странство со незавршено обраование, т.е ако се неквалификувани за одредена работа, тогаш се соочуваат со сериозен проблем - тие, но и државата во која емигрираат, не можејќи да ги искористат потенцијалите на тоа општество, и тешко се интегрираат во тамошните општествени структури. Овој проблем може да се надмине со подигање на свеста кај населението за потребата од образование, инвестирање во образованието, стандардизирање на образованието, следење на новите трендови за модернизација на образовниот процес, обука, доквалилфикација, преквалификација на работниците, дообразовање во текот на целиот работен век.

Меѓутоа, во посиромашните земји се јавуваат и негативни последици -

како резултат на одливот на мозоци и работна сила односно се јавува јаз помеѓу богатите земји, кои ги привлекуваат образованите и квалификуваните кадри и посиромашните земји кои не успеваат да ги задржат тие висококвалификувани работници, во кои и државата инвестирала во нивниот стручен статус.

Според новите извештаи на меѓународната организација на трудот (МОТ), глобалниот економски раст се помалку успева во пронаоѓањето на нови и подобри вработувања кои водат кон смалување на сиромаштијата. Моментално, половина работници во светот не заработуваат доволно, не можат да се подигнат себеси и своето семејство над линијата на сиромаштијата повеќ е од два долара дневно. Во некои делови на Азија евидентна е економската експанзија и подобрување на условите за живот, но други области, како што се поголемиот дел на Африка и Латинска Америка го искусуваат зголемувањето на бројот на луѓе кои живеат во неповолни услови, посебно во земјоделскиот сектор.

Супсахарска Африка најдраматично се наоѓа во надолна спирала на СИДА: повторливи случаи на маларија, намалување на количеството на храна за човек, се полоши услови за домување, и се понегативни појави во животната средина. Екстремната сиромаштија може да се дефинира како сиромаштија која убива, одземајки ги од поединецот средствата за преживување, соочувајќ и се со глад, болести и опасности на животната средина. Во домаќинствата што страдаат од екстремна сиромаштија, очекуваниот животен век најчесто е половина од оној во земјите со висок доход - 40 години наместо 80. Познато е дека од секои 1000 родени деца повеќе од 100 лица умираат пред нивниот петти роденден, во споредба со помалку од 10 во развиените земји. Дете родено во Супсахарска Африка денес има само третина изгледи да доживее возраст до 65 години.

Се повеќе станува јасно дека сиромашните општества, земјите од таканаречениот Трет свет, не можат да ја изджат таа трка со богатите земји, тие едноставно немаат што да бараат во тој неправеден натпревар кој е однапред започнат со голема предност на најбогатите земји. Она што после Втората светска војна се чувствуваше, а тоа е секако една поголема глобална сигурност, истакната улога на таканаречената социјална држава, грижа за обичниот човек итн, се повеќе се занемарува и на сцена стапуваат некои побурни времиња полни со несигурност, нестабилност, големи бранувања во политиката.

Треба да се постави прашањето: Дали глобализацијата таква како што е, може да ги преживее сите потреси коишто несомнено ги носи со себе?

Сериозен проблем со кој се соочува глобализацијата е нејзината селективност. Имено, глобализацијата е селективен феномен: работи во корист на некои држави, а на некои на штета. Мерена во “TERMS OF TRADE” (односот помеѓу извозни и увозни цени) и директните инвестиции, интеграцијата била прилично нееднаква; некои земји успеале да приберат огромен дел од странски капитал, а други останаа на страна. Тие други земји бројат околу две мили-

јарди жители и кај нив во експанзија е, за жал, само сиромаштијата.
Накратко кажано, глобализацијата не е и никогаш не била глобална. Можеме да ја разбереме и мислата на Ulrich Beck кој рекол дека не може да се говори за глобализација, туку за интернационализација. Голем дел од светот (третина од вкупното светско население) никогаш не учествувало, не било дел од позитивните последици на глобализацијата, а се заканува и уште поголема маргинализација на неразвиените.

Можат да се забележат два глобални фактора кои влијаат врз создавањето на невработеноста во развиените земји (ЕУ, САД, Јапонија), а кои навлегуваат и во економскиот ситем во земјите во транзиција.

**Првиот** фактор се состои во акцелерација на технолошките иновации во последните три децениии во ндустриски развиените земји, кој резултира со:

- забрзано и масовно затворање на работни места со физички труд (минимизација на физичките работници);
- зголемување на работни места за техничари и инжињери, како резултат на електронизацијата, роботизацијата и информатизација на техничките системи.

**Вториот** фактор е фукционалната поделба во индустриските ситеми која произлегува од динамизирањето на технолошките иновации. Всушност, се разделува технолошката, трговската и финсиската дејност во самостојни претпријатија кои истовремено се вклучени во автономни транснационални технолошки синџири или мрежи. Во тој случај, во многу претпријатија се укинуваат нивните фукционални оддели и се преобразуваат само во исполнители на техничките операции во производствениот синџир, при што се рационализира и работната сила, иновациите стануваат динамични, а конкурентноста се максимизира. Во тој случај се менува социјалната и економската позиција на актерите во индиустрискиот ситем: започнува епохата на финансискте и пазарните синџири над производствено-технолошкиот систем. Невработеноста во тие услови се зголемува како резултат на рационализацијата на економскиот систем, периферност на производството и концентрација на капиталот во трговската и финсиската сфера, при што отварањето на новите работни места е значително помало од намалувањето на индустриските претпријатија.

**Иако глобализацијата дејствува селективно, нејзините последици дејствуваат неселективно**. Со глобализирањето на начиот на производството, технолошките иновации, културните матрици на живеење, еколошките последици итн. се зајакнуват ентрописките процеси(Rifkin.1986)- политичка, културна и еколошка ентропија- кои ги стандаризираат матриците на производството, стилот на живеењето, и ги вклучуваат во нова димензија на општественост - глобалното општество. Глобализацијата на пазарот, технологиите и информациите во начело овозможуваат на сите заедници еднаква достапност на тоа комуникациско ниво на општеството. Меѓутоа, ако се земе предвид постојниот асиметричен развој на светот и асиметричните информаци (Stiglidz,2001)

што претпоставува нееднаквост, тогаш тоа претставува нова можност за тотално проширување на нов модел - еден пол во асиметријата-нејзино зголемување и нова поделба на светот.

Принципиелно значење за настанатата економска глобализација има фактот што во новиот ситем на создадениот глобален свет, различните народи и држави нееднакво подготвени, се разликуваат по својот економски, воено-стратешки и информациски потенцијал (Мазур И.И,Цумаков,А.Н, 2003:183).

Глобализацијата, онака како ја спроведуваат институциите Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд во практиката претставува само моментална економска интеграција на богатите и на сиромашните држави, како на пазарот така и на инвестициите(Reipert.S.R.2006:57). Во контекст на овој факт и на сфаќањето, дека во историјата на човечкото општество зголемувањето на животниот стандард зависел од порастот на пазарот, треба да се разгледа дали со глобализацијата доаѓа до зголемување на животниот стандард пропорционално со порастот на пазарот. Доколку доаѓа до зголемување на стандарот, дали зголемунањето е рамномерно на глобален план за сите држави, а во рамките на една држава за сите граѓани, како израз на порастот на богатството во глобализираното светско општество, или не. Одговорот на ова прашање треба да се бара во теоријата за глобализацијата. Постојат две познати различни теории за глобализација, па во тие рамки и за глобализацијата на економијата. Првата се фокусира на трговијата и размената, а другата на производството.

## 2. ЕКОНОМСКАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија се наоѓа во процес на промени на социо-економската структура односно се стреми да остане модерно општество со пазарна економија и демократски политички односи. Во таа стратешка развојна цел и нејзиното остварување, постојат и сознанија за можните и стварните однесувања на социјалните актери во општествениот живот (поединци и општествени групи), при што од нивната мотивација, способност и активност во голема мера зависи и извесноста на вкупните глобални процеси. Во таа смисла, помеѓу различитите можности и практиката на светските историски движења на глобалното општество, најголеми потенцијали во овие услови носат иновациите и развојните компонети. Ако преовладува регресивниот модел, тој репродуцира зависно општество (периферно или полупериферно), усмерено на регресивни облици на традиционализам и антимодернистички процеси.

Паѓањето на социјалзмот значително придонесе за заостанувањето на економскиот и технолошкиот развоја, кој претставува основа за целокупниот општествен развој во современиот свет. Бавното прилагодување на експанзивниот настап на пазарниот модел на стопанисување, потпрен на максимална еваулација на ефектите на технолошкиот развој, претставува еден од клучни-

те фактори кои досегашниот развој го направија анахрон и надминат. Во тоа и политиката на т.н. "нов светски поредок" се наметнува како доминантна идеологија на светскиот капитал, на која неподготвената и скаменената структура не можеше сериозно да се спротивстави.

Глобалните проблеми во Република Македонија, како во политиката така и во економијата, се под силен наплив на неолиберален модел на општествените промени. Неолибералниот концепт на социо-економскиот развој (американската варијанта) ја минимизира социјалната функција на државата (во сферата на социјалната заштита и политиката на вработувањето) со цел максимална афирмација на приватната иницијатива и економската ефикасност; во меѓународните односи настапува со агресивна стратегија, ставајќи ги во економска и во други облици на  зависност малите и слабите економии и општества. Економистот Јозеф Пајеска, проучувајки ја неолибералната стратегија како производ на либерално-демократските традиции на новиот капитализам, истакнува дека таа се појавува во осумдесеттите години на дваесеттиот век во САД и Англија низ таканаречената "реганомика" и "тачеризам", а како реакција на процесот на социјализацијата на современиот капитализам. Јозеф Пајеска својата теорија и практика на неолиберализмот ја засновува врз следните догми: минимална улога на држвата а максимална улога на "невидливите раце" на пазарот; приоритет на монетаристичката доктрина; антиинфлациска политика во однос на политиката со поттикнувањето и развојот и вработувањето; глорифицирање на пазарот како единствен услов за остварување на ефикасноста и општествено-економскиот развој; редукција на сложените процеси во транзицијата, останува, исклучиво на промена на ситемот на сопственоста по пат на приватизација, со што се парализира процесот на длабоката структурна модернизација и ефикасна социјална трансформација;, на догми за либерално претставничката демократија како поле за конкуренција на елитата, и на дезидеологизацијата.

Република Македонија, која тежнее кон пазарна економија, може да ги користи искуствата од европскиот неолиберален концепт (еврокапитализам), темелен на достигнувањата во државната благосостојба и социјалдемократијата. Во тој развоен концепт присутен е значаен степен на социјалната заштита на граѓаните и тежнението за воспоставување на социјална стабилност и толеранција помеѓу интересот и барањето на капиталот (економска ефикасност и профит) и одредено ниво на социјалното давање (принцип на социјална привлечност). Улогата на државата во периодот на транзицијата е неминовна, не само затоа што од неа зависи намалувањето на девијациите и сивата економија, туку и за создавање квалитетна пазарна инфраструктура за успешна стопанска активност (пазарни институции, пазарни параметри и законодавна регулатива). Емириските и теоретските истражувања; покажуваат дека постои длабока меѓузависност на економските, политичките и социо-културнитењ фактори во секое општество посебно. Непочитувањето на овие фактори, како и непостоењето на јасна стратегија на социо-економскиот развој, иници-

ра значителни застои и регресивни тенденции во општествата во транзиција. Практиката на т.н. ***“шок терапија***” се темели на неокласичниот модел (неолиберален модел) брз премин во пазарна економија. Темелните одредници на овој концепт се: слободно формирање на цените, укинување на субвенциите, конвертабилност на валутата, намалена улога на државата во економскиот живот, правна држава. Во голем број на земји во транзиција ваквиот модел предизвика пораст на цените, невработеност, хипер инфлација, надворешен долг. Неговата примена скапо ја чинеше и Република Македонија.

Со тоа се потврдува сознаинето за специфичностите на социо-економскиот развој во одделни земји и непостоењето на универзален модел на развој. Неолибералниот (англо-саксонскиот) модел е посебно тешко применлив во македонското општество. Причините за тоа се во дивиргентноста на скалата на вредноста, непримерната сопственичка структура, различната улога на државата. Англосксонскиот модел е индивидуалистички капитализам, кој се темели на големите разлики во заработувачката, лесно отпуштање од работа, лесно прифаќање на оставките, доминација на акционерскиот капитал, претпријатието е стока како и секоја стока. Надминувањето на општествената криза низ остварувањето на посакуваните општествени промени во Република Македонија претпоставува конципирање на комплетна стратегија на транзицисиките промени и постигнување на широка социјална согласност помеѓу најголемите и најзначајните општествени групи и слоеви кои се воедно и суштинските актери во промените. Ваквото сознание се потврдува и во досегашната социо-економска практика.“Луѓето во модерните општества поаѓаат од ставот дека општествените конфликти се незаобиколна страна на општествениот живот, како што е тоа и со самата основа на општествените конфликти- спротивставување на итересите на различни актери. Во тој случај, разумните луѓе и разумните општествени заедници не се занимаваат со примарно осудување на актерите во конфликтите, туку настојуват да ги контролират таквите случувања, преку утврдување на одредени општествени правила, создавање на институции чија функција е конфликтите да ги држат во одредена општествено прифатлива граница, и да ги разрешуваат на привремен или на траен начин.

Минимумот на социјалната доверба и согласноста на доминантните групации во структурата на општеството, претставува значајна детермината во процесот на транзицијата. Општествените конфликти во тој процес често пати извираат од нерамномерната распределба на товарот на транзицијата, каде поедини општествени слоеви поднесуват негативни социјални последици од промените (посебно работниците, ниските слоеви на општеството). Можните правци на одвивањењто на глобализацијата, несомнено, се поврзани со прифатливите постулати на либералните вредности на економскиот и општествениот живот (развој, пазарна економија, правна држава, полна економска и политичка слобода на поединецот), но со уважување на културните и историските специфичности на општеството - значајна функција на државата во тој

правец - со што можат да се намалат социјалните напнатости и комбинирање на пазарните принципи со социјалните принципи, солидарноста, демократски права и слобода на сите луѓе.

Република Македонија одржува високо ниво на стабилност на цените од 1995 година (ниско ниво на инфлација) и низок буџетски дефицит, меѓутоа, слабо е интегрирана во глобалната економија (во глобалните набавувачки ланци). Тоа се должи на ниските стапки на растот на БДП, падот на индустриското производство, технолошкото заостанување поради процесот на деинвестирање и бавниот раст на извозот на стоките и услугите. Покрај паѓањето на бруто домашниот производ, во досегашниот тек на транзицијата се намалуваше и ефикасноста на стопанисувањето, драстично паднаа инвестициските вложувања, се намали вкупниот обем на капитал, се намали ангажирањето на работната сила.

Во структурата на економијата, набљудувана преку структурата на бруто домашен производ по дејности, карактеристични се неколку процеси. Во 1994 година во Република Македонија екстрактивниот сектор (земјоделството, рударството) и трансформативната индустрија (преработувачка индустрија, градежништво) сочинуваат 36,8% од производот. Оттука произлегува дека во Македонија постои се уште недоволно развиена производствена структура на стопанството, во кое екстрактивната индустрија-земјоделството има значајно учество.

Учеството на наведените индустрии останува непроменето (36,4% во 2005 година). Ваквата појава е карактеристична за недоволно развиените општества.

**Табела 2**: Некои економски индикатори

| Година | Просечна инфлација (%) | Стапка на невработеност (%) | Стапка на реален бруто домашен производ (%) | Индекс на индустриско производство 1990=100 |
|---|---|---|---|---|
| 2000 | 5,8 | 32,2 | 4,5 | 53 |
| 2001 | 5,5 | 32,3 | -4,5 | 51 |
| 2002 | 1,8 | 30,5 | 0,9 | 49 |
| 2003 | 1,2 | 31,9 | 2,8 | 51 |
| 2004 | -0,2 | 37,2 | 4,1 | 45 |
| 2005 | 0,5 | 37,3 | 4,0 | - |

Извор: *Статистички годишника на Република Македонија, 2005 и 2007 година, Државен завод за статистика.*

Постојат слабости и во привлекувањето на бизнисот outsourcing - извоз на услуги чиешто производство во поразвиените земји не е профитабилно. Предмет на outsourcing се разни активности : телефонска поддршка на купувачите преку кол-центри (call centres), до бизнис функции како што се сметководство и даноци. Конкурентноста на фирмите лежи во знаењето, креативноста и во способноста на тимот за продажба. Постои недостиг од квалификувани кадри кои што можат да понудат квалитетни услуги на светскиот пазар. Ваков продажен тим кај повеќето македонски фирми, за жал, недостасува, како што недостасуваат механизми за плаќање по учинок на ваквите продажни тимови.

Република Македонија недоволно ги користи можностите коишто ги нудат пазарите во развој (empiring markets). Главен проблем кај повеќето од нив е нивната големина и далечина. Меѓутоа, пазарите како што се Чешка Република, Унгарија, Полска и Турција се блиски и релативно големи.

**Табела 3**: Извоз од Република Македонија во 000 САД долари ($)

| Држави | Извоз во 000 $ во 2006 год. | Број на жители во милиони (состојба 2001 година) |
|---|---|---|
| Чешка | 10.552 | 10,27 |
| Унгарија | 6.392 | 10,19 |
| Полска | 6.332 | 38,65 |
| Романија | 13.334 | 22,41 |
| Турција | 55.176 | 66,22 |
| Израел | 834 | 6,26 |

Извор: *Статистички годишника на Република Македонија, 2005 и 2007 година, Државен завод за статистика*

Иако живееме во ерата на економијата на знаењето (knowle economy), можностите за примена на нови технологи и иновации се ограничени. Имено, нано-технологијата е надвор од секојдневната апликација во македонскиот бизнис, затоа што е скапа и ризична.

### 2.1. Карактерот на трудот и структурата на вработеност

**Процесите на економската глобализација и научно-технолошкиот развој влијаат и врз поромените во содржината и карактерот на трудот**, кој се разликува од каректеристиките во развиените општества. Влијанието на високата технологија (информатичката и комуникациската) и на глобалната економија доведува до промена во содржината и карактерот на човечкиот

труд, до појава на нови постмодерни мегатрендови во сферата на трудот, како и до промени во квалификациската и професионалната структура на работната сила.

Промените во карактерот и содржината на трудот можат да се сведат на неколку групи на промени:

- промени во односот помеѓу физичкиот и умствениот труд;
- промени во односот помеѓу производствениот и непроизводствениот труд;
- промени во односот на квалификациската и образовната структура.

Во услови на примената на автоматските и кибернетските ситеми на производството, потои тенденција на поместување на работниците од производствените, кон задачите на подготвителното производство, контрола, одржување, проектирање и програмирање. Имено, научно-технолошката револуција влијае на смалувањето на тешкиот и исцрпувачкиот труд во вкупниот фонд на општествениот труд на смалување на противречностите помеѓу умствениот и физичкиот труд, на замена на висококвалификуваната рачна работа со автоматското производство. Според тоа, научно-технолошката револуција го хуманизира физичкиот труд, но не го исфрла потполно од употреба. Тендецијата на смалувањето на противречностите помеѓу умниот и физичкиот труд се состои во смалување на културните разлики и техничкото оспособување на луѓето и нивната нова општествено-економска положба. Суштината на промената се состои во пораст на улогата на умствениот труд и трансформација на физичкиот труд.

Пороцесот на интелектуализацијата на трудот влијае и во менувањето на сфаќањето на производствениот и непроизводствениот труд., во смисла на проширување на поимот на производствениот труд и на оние негови содржини,кои не резултураат со непосредно создавање на материјални добра. Така трудот надвор од материјалното производство се повеќе се смета као производствен, бидејки овозможува одвивање на таков производствен процесс (работа на проектирање, подготвување, одржување, трудот во науката и технологија итн).

Глобалните општествени промени влијаат и врз промените во сферата на работната сила :

- се појавуваат секторски поместувања од екстрактивен (земјоделство, рударство) кон трансформативен сектор (индустриско производство, градежништво), односно од дистрибутивен сервис кон производствени и општествени услуги;
- се воспоставува нов вид на работа полу-занимање, делумно вработување, работа по потреба;
- повторно врзување на работното место со местото на живеење (разни видови на домашна работа);

- пораст на улогата на образованието за сите видови на работа (посебно за извршувачки и управувачки труд);
- феминизација на трудот;
- интернационализација на трудот.
- смалување на големи компании со нови видови на работно поврзување (групи, мрежи).

Истражувањата покажуваат дека Јапонија, која би требало да става најсилен акцент на информциската технологија, и во која високата технологија има најзначјана улога во продуктивноста и конкуретноста, во исто време има најниско ниво на вработеност во обработката на информациите. Се чини дека ширењето на информациската вработеност и развојот на информациското општество(јапонски концепт), се различни, иако се меѓу себе поврзани процеси. Се претпоставува дека обработката на информациите е најпродуктивна кога е вклучена во материјалното производство, или во ракувањето со добрата, а не во забрзана техничка поделба на работата.

Производствените услуги се сметат за стратеашки услуги(банкарство, осигурување, инжинеринг, книговодство, правни услуги), услуги на новата економија, набавувач на информациии, поддршка на продуктивноста и ефикасноста на претпријатието. Според тоа, нивното ширење би требало да оди со понатамошното усовршување и продуктивноста на економијата. Имено, Јапонија значајно ја зголеми својата вработеност во производствените активности меѓу 1921 година и 1970 година - од 0,8% на 5,1%, а во 1990 година на 9,6%. Меѓутоа, во однос на другите развиени земји, во Јапонија се уште е на ниско ниво вработеноста во производствените услуги. Ова укажува дека значителен дел на производствените услуги во Јапонија се вградени во производствените претпријатија, што може да се третира како поефикасна формула, ако се има предвид конкурентноста и продуктивноста на јапонската економија. Исто така, и Германија има ниско ниво на вработеност во производствените услуги (7,3% во 1987 година), но Германија има висока стапка на интернационализација на производствените услуги на германските фирми.

Вработувањето во општествените услуги (медицински, здравствен сервис, болнички услуги, образование, социјална помош, непрофитни организации, влада) би требало да го обележат новото општество. Во развиените земји, вработеноста во општествените услуги учествува меѓу петтина и четвртина од вкупната вработеност. Динамиката на ширењето на вработеноста во општествените услуги во сите равиени земји зависи од врската меѓу власта и граѓаните, наместо од стапката на развојот на економијата. Имено, ширењето на вработеноста во општествените услуги повеќе го одликува периодот на индустријализацијата (1950-1970), отколку пост-индустрискиот период 1970-1990 година.

Вработеноста во дистрибутивните услуги (транспорт, комуникации, трговија на мало и големо) останува на ниско ниво, и се движи меѓу четвртина и

петтина од вкупната вработеност. Вработеноста во дистрибутивните услуги е далеку поголема од проиводствените услуги, што се смета типично за развиените земји.

Од сето ова може се заклучи, дека развојниот пат на вработеноста во периодот (1970-1990) во развиените земји покажува општ премин од производствени активности. Тоа забрзано се оддалечува од производството што е комбинирано со силно ширење на вработеност во производствените услуги (банкарство, осигурување, инжинеринг, книговодство) и општествени услуги (здравство, образование, непрофитни организации влада), додека останатите услуги се задржуваат како извор на вработеност.

Што се однесува на структурата на вработеност во Република Македонија, најголемо учество има трансформацискиот сектор (31,6%), на второ мето е екстрактивниот сектор (20,3%), а третото и четвтото место го заземат дистрибутивните услуги(19,7%) и општествените услуги (18,5%), а симболично е учеството на производствените услуги (состојба 2005 година).

Перспективната структура на вработеност во Република Македонија ќе настојува да се вклопува во информациското општество, односно:

- вработеноста во преработувачката индустрија ке продолжува да расте, и но со слабо темпо, бидејќи ќе биде сведена на занаетчиска и инженерска работна сила;
- поголем дел од вработеноста во индустриското производство ќе биде префрлено на услуги за производство;
- вработувањеата во здравството и во образованието ќе продолжат со пораст;
- работните места во трговијата на мало, земоделството и градежништвото ќе трупаат нискоквалификувана работна сила во нивната економија.

Анализите покажуваат дека глобалниот пазар и транснационалните компании не работат на принципот на мобилност на работната сила, туку на мобилноста на капиталот кој бара локација со најдобра понуда во поглед на квалификационата структура и цената на работната сила. Компаниите кои барат високо квалифукувана и продуктивна работна сила, повеќе имаат можност да се лоцираат во развиените земји со сите нивни погодности, наместо во земјите со ефтина работна сила, затоа што овие земји имаат најприлагодлива работна сила и ниски социјални режиски трошоци. Со цел Република Македонија да понуди квалитетни производи / услуги, тоа треба да го подобри нивото на образованието и квалификационата стуктура на работната сила.

## Литература

1. Chossudovsky, M. (1996): ***Dismantling Yugoslavia***: Colonising Bosnia: - Covert Action, No. 56.

2.***Инвестирање во развојот****, Практичен план за постигнување на Милениумските развојни цели,* Програма за развој на Обединети нации, 2005.

3.Мазур,И.И,Чумаков.А.Н(2003)***Глобалисика-енциклопедија****, Москва,ЦНПП"Дијалог", ало издателство" Рудуга".*

4. Reipert,S.R,(2006*):* ***Globalna ekonomija****,*Beograd,Cigoja.

5. Rifkin,J***: Posustajanje buducnost****,* Zagreb1986.

6. Jozef.P*,:****Global Change and Systemic Transfomation****,* World Ekonomiy researh, Institute Warsaw Scoll of Ekonomic, papers No. 66,Oktobar 1992.

Социологија на идеологијата и економијата
Sociology of Ideology & Economics

UDK/UDC 316.334.3:321(82)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Славко Сасајковски*

# “DON’T CRY FOR ME, ARGENTINA“ DOMINGO FELIPE “MINGO“ CAVALLO
## (Аргентинското сценарио и неолибералниот идеолошко – политички кредибилитет на Вашингтонскиот консензус)

РЕЗИМЕ

Аргентина, барем засега, очигледно нема потреба да плаче за Cavallo-виот неолиберализам (со сите контроверзности на конкретниот аргентински модел), затоа што (умерено) левите социјално - економски политики на Kirchner во основа ефикасно ги стабилизираа аргентинската економија и опшгтество. Успехот на Kirchner и неуспехот (Аргентинското сценарио) на Cavallo, темелно го затресоа Вашингтонскиот консензус како “акционен план“ на неолибералната глобализација.

**Key words:** Domingo Cavallo, Nestor Kirchner, Аргентинско сценарио, Вашингтонски консензус, неолиберална глобализација.

*Slavko Sasajkovski, Ph.D.*

# ”DON’T CRY FOR ME, ARGENTINA” DOMINGO FELIPE “MINGO” CAVALLO
## (The Argentinean Scenario and the Neo-Liberal Ideological-Political Credibility of the Washington Consensus)

ABSTRACT

Argentina, at least so far, has no evident reason to cry for Cavallo’s neoliberalism (with all the controversies of this specific Argentinean model) since the (moderate) left socio-economic policies of Kirchner have fundamentally and efficiently stabilized the Argentinean economy and society. Kirchner’s success and Cavallo’s failure (the Argentinean scenario) have essentially undermined the Washington Consensus as an “action plan” of the neo-liberal globalization.

**Key words:** Domingo Cavallo, Nestor Kirchner, Argentinean scenario, Washington consensus, neo-liberal globalization.

## ПРЕДГОВОР

“Don’t Cry for Me, Argentina“ со длабока меланохлија, од балконот на Casa Rosada, пееше Madonna, тема компонирана од Andrew Lloyd Webber, а на стихови од Tim Rice (со првобитен наслов “ It’s Only Your Lover Returning “), како најголем хит од мјузиклот Evita, посветен на харизматичната и легендарната Eva (Evita) Peron.

Evita во тој момент беше потполно свесна за неизбежното финале на најзината болест. Но тоа не беше “обична“ болест, не беше тоа болест на “обичен“ човек (на “обична“ жена), тоа беше болест (и смрт) на симбол, на метафора, на персонификација, на цела една нација (Аргентинската), нација (како и секоја друга нација) со богата историја, интензивно исполнета едновремено и со возлети и со падови, и со доблести и со срамови, и со успеси и со порази; но, во секој случај, нација која копнее по подобар живот, по благосостојба, по респект и самореспект, токму такви какви што беа тие за кои слушаше, кои ги гледаше и кои доаѓаа од северната “половина“ на “големиот“ (“обединетиот“) американски континент – од Соединетите американски држави.

Evita (Maria Eva Duarte de Peron, 7 мај 1919 – 26 јули 1952 г.), не беше “обична“ сопруга на некој претседател - аргентинскиот претседател Juan Domingo Peron (1895 – 1974г.), и тоа за време на првиот негов претседателски мандат (1946 – 1952г.), таа беше копнеж, беше надеж, беше желба, како нож зариени во срцата на бројните аргентински девојки кои сонуваа да ја повторат токму тие “пепелашката“ среќа на Evita (сосема краткотрајна, “некрофилно“ кажано – но токму толку кратка колку што беше потребно да се зацврстат, да се мултиплицираат, да ескалираат - митот и легендата) ; со животна траекторија од ендемската беда на длабоката провинција, преку “трошењето“ на “супстанциите“ на женственоста низ “underground“ локалите на велеградот, до светлите одаи на моќта на Casa Rosada, таа фактички (седно дали заслужено или незаслужено) беше дивинизирана.

Evita во суштина беше, ако може така да се каже, “популистичкото себство на перонистичкиот популизам“ (тавтолошката “доза“ содржана во претходната конструкција е свесна и намерна, со единствена цел таа да добие поголема и поизразита пластичност) – беше манипулација, беше конструкција, беше инструмент, беше spin.

На можната (ефектна) употребна вредност на “Don’t Cry for Me, Argentina“ (како метафора, како симбол, како персонификација, како сигнификација, како стигматизација) се сети авторот на овој текст тогаш кога во миг се најде соочен со “очајно“ белата емпатија на word документот на кој требаше да напише неколку abstract редови како “иницијација“ во (уште еден негов) текст чија тема е проблемот на идеологијата на неолиберализмот и неговата глобализација (она што се вика Неолиберална глобализација) ; и посебно фокусиран тој проблем низ призмата на идеолошко – политичките специфики на неговата корелација со феноменот на Аргентинското сценарио.

## ВОВЕДЕН ФОКУС

Попрецизно зборувајќи, и “потесно“ дефинирајќи ја темата на овој текст, тоа е ударот (и неколку негови покрупни идеолошко – политички последици) што Аргентинското сценарио им ги зададе на идеолошко – политичкиот кредибилитет на идеологијата на неолиберализмот, неолибералните социјално – економски политики и нивната глобализација (неолибералната глобализација) . “Don’t Cry for Me, Argentina“ / “It’s Only Your Lover Returning“, Evita, Madonna, Andrew Lloyd Webber, Tim Rice, само го прават “мостот“ преку кој (во тоа сме потполно уверени) со ефектна оригиналност (и неконвенционалност, која сигурно дека не го урива научниот дигнитет на овој текст) воведно се влегува во така дефинираната тема.

Дилемата / “дилемата“ (зависно со какви теориски / идејни и идеолошко – политички диоптрии се гледа) е, дали Аргентина треба да плаче за неолибералните социјално – економски политики, чија персонификација беше Domingo Cavallo (како “суперминистер“ за економија), со сите нивни контроверзности (посебно во однос на доизграденоста / дооформеноста на конкретниот аргентински модел на валутен одбор) ; дали навистина мораше да се случи тоа што на крајот се случи (иако работите тргнаа на арно – барем што се однесува до воспоставувањето на монетаристички дефинираната макроекономска стабилност) ; каде се случи фаталниот пресврт; дали мораше до крај (ортодоксно / “догматски“) да се почитуваат принципите и, уште повеќе, точките на Вашингтонскиот консензус (неговата “шема“ / неговата “формула“); како се случи современата генерација на аргентински перонистичко – популистички (секој популизам по дефиниција е лев во однос на неговите социјално – економски политики) политичари да се фати во стапицата на идеолошката цврстина на неолибералниот “крај на историјата“.

И, понатаму, каква ли ќе биде судбината на алтернативните, оние во основа (умерено) левите, социјално – економски политики, исто така на современите перонистички политичари во Аргентина (пред се, на Nestor Kirchner и на неговиот “суперминистер“ за економија Roberto Lavagna), кои ја извлекоа нацијата од “калта“ на неколкудневната вистинска анархија, и во основа успешно ги стаблизираа аргентинската економија и општество. И, што е најсуштествено во рамките на темата: какви ќе бидат токму последиците (идејните и идеолошко – политичките) од таа судбина по глобалниот (не само на латиноамериканскиот) кредибилитет на (алтернативни на неолибералните) левите идејни и идеолошко – политички стојалишта и профилации.

### DOMINGO CAVALLO VS NESTOR KIRCHNER / ROBERTO LAVAGNA

Премногу е еклатантна потребата да се започне со генерална (рамковна) презентација на основните теориски / идејни и идеолошко – политички определби врз кои се градеа и преку кои беа рационализирани неолибера-

ните (десните) социјално – економски политики на Domingo Cavallo наспроти оние (левите / умерено левите) на “двоецот“ (без кормилар - во ликот на Бретонвудските близнаци) Nestor Kirchner - Roberto Lavagna.

Domingo Cavallo како “суперминистер“ за економија во 1991г. (со докторат по економија од Harvard University) го изработи и го имплементираше планот за неолиберални реформи (проследени со соодветни политики, базирани на неолибералните принципи, така како што ги определува авторот на овој текст - монетаризам / монетаристички дефинирана макроекономска стабилност, приватна сопственост / приватизација, либерализација, дерегулација; односно на “точките“ на Вашингтонскиот консензус – така како што ги определува John Williamson) на аргентинската економија, со посебен нагласок на воведувањето на конвертибилност (План за конвертибилност) на националната валута (врзана во соднос 1:1 со $, практично - воведување на нова валута). Во одредена мера, Cavallo-овие политики, но не како целосно заокружени концепт и модел на социјално – економски политики, почна да ги инаугурира и да ги имплементира уште во текот на 1980-ите години кога беше поставен за претседател на Централната банка. Тогаш Cavallo програмско – политички особено (парцијално) се заврте кон обезбедување на разни видови на монетарно – финансиска поддршка (олеснувања во работата) на приватниот бизнис / приватните претпријатија.

Цавалло своите неолиберални идеолошко – политички позиции целосно ќе може концептуално да ги афирмира и практично да ги спроведува за време на администрацијата на претседателот, “перонист“ (Justicialist Party; Justicialist Party - Spock Search), Carlos Menem (1989 – 1999г.), кога во услови на “галопирачка“ инфлација и рецесија (“стагфалација“), во 1991г., ќе стане министер за економија (се до 1996г.) со одврзани ингеренции (“суперминистер“) во однос на средувањето (неолибералното реформирање) на аргентинската економија. Cavallo успеа, на неолиберални основи, да ја стопира инфлацијата (од 5. 000% на годишно ниво во текот на 1980-ите години на 0% во текот на 1990-ите години), да спроведе масовна приватизација на државните економски ресурси (државните претпријатија) – нафтената индустрија; телекомуникациите; електричната енергија; индустријата на природен гас; авиопревозот; две телевизиски станици; челичната и петрохемиската индустрија; хотели; 10.000 км. на патишта;...; со тоа и да ја отвори аргентинската економија за странските инвеститори, достигнувајќи фантастично ниво на економски раст (БДП порасна за 35% во периодот 1990 – 1994г.) .

И не само тоа, туку Cavallo, како убеден неолиберал, неолиберално идеолошко – политички чепна и во аргентинската Социјална држава, таква каква што беше, но, за аргентински прилики, сепак, нудеше и даваше одредена сигурност за добар дел (слоеви) од реалната социјална стратификација на општеството. Во таа смисла, Cavallo го приватизира пензискиот систем (пензиските шеми), а тоа всушност беше најдрастичниот негов потег на трагата на нужноста од балансирање на државниот буџет - анулирање на неговиот дефицит (Rofman).

Во 1996г., по претседателскиот реизбор на Menem, Cavallo ќе отпадне од владиниот цабинет, со обвинувања за направен криминал во приватизационите постапки. Учествуваше на претседателските избори во 1999г. и го зазеде третото место.

Но, во 2001г. неолиберално фундираната економија западна во проблеми кои на крајот (во декември 2001г.) доведоа до нејзин тотален дебакл. Таа едноставно банкротираше, целиот банкарски систем прогласи неликвидност, населението излезе на улиците крадејќи масовно се и сешто низ продавниците, се случи токму тоа - Аргентинското сценарио (подолу во текстот, во делот со наслов Аргентинско сценарио, доста опширно и детално е објаснето што е тоа што се случи, односно, кое е "сценариото" на Аргентинското сценарио) . Значи, во таа 2001г. новиот претседател Fernando de la Rua (тој не беше "перонист", беше претседателски кандидат на Сојузот за работа, правда и образование предводен од Радикално – граѓанската унија), соочен со сосема реалната извесност за уривање на националната економија, ќе ја побара соработката и помошта на Cavallo враќајќи го на неговата "суперминистерска" позиција. Cavallo ќе го направи тоа што сметаше дека треба да го направи (и тоа подолу, во спомнатиот дел од текстот, е елаборирано), очигледно прагматски отстапувајќи (само) од некои неолиберални премиси (и тоа во крајната фаза од кризата), што ќе доведе до расипување (прекин) на односите со ММФ. Cavallo сфати дека кредитите од ММФ се безнадежно безначајни во споредба со нужностите што ги диктираше природата на социјално – економската состојба на теренот. Но сето тоа, сите тие напори, сите тие потези, беа едно големо Ништо, сето тоа беше апсолутно залудно, лавината на економската (примарно, финансиската) криза уништуваше се пред себе. Тогаш падна и претседателот De la Rua (го наследи Ramon Puerta, нов министер за економија стана Jorge Capitanich), беше прогласен крај на конвертибилноста на валутата, односно нејзината врзаност во сооднос 1:1 со $, беше прогласена девалвација, фиксниот курс беше заменет со флуктуирачки, се случи и раст на инфлацијата - 40% во 2002г. (Who is Domingo Cavallo?; Cavallo: Written...; Cavallo: Argentina...; Cavallo: Lessons...; Cooney; Whalen).

Како "летечки" заклучок, може да се констатира дека, ете, така е тоа во политиката, и воопшто во животот: Cavallo се врати на политичката сцена да спаси што може да се спаси од неговото "животно дело", не успевајќи да го спречи банкротот на националната економија, некои би рекле – заслужено, некои други би рекле – незаслужено, стана персонификација, стана симбол, на "економското и вкупното општествено зло" на неолибералните реформи и неолибералните социјално – економски политики, замислете: и тоа како економист и политичар припадник на политичко – партиска опција која со децении беше синоним на латиноамериканскиот популизам – "перонизмот" (Cochran; Peronism...; Argentina: Peronism...; Horowitz;), а "по дефиниција", нели, популистичките (Walker; Krastev; Graber; Zizek) социјално – економски политики нужно мора да се леви (зашто самиот социјален амбиент, самата социјална

стратификација, како такви ги детерминираат), станаа - Cavallo, идеологијата на неолиберализмот и неолибералните социјално – економски политики, страшило со кое латиноамериканската левица ги плашеше и ги плаши избирачите, станаа неверојатно погодни и продуктивни за спроведување на успешен анти - неолиберален spin doctoring (Tiffen; Sanchez; Stockwell) .

Велат дека делото најмногу по крајот се памети, дека крајот го одбележува целото дело. Така и делото на Cavallo по крајот се памети - сеедно дали тој самиот навистина е заслужен за таквиот крај (ова се однесува на периодот 1996 – 2001г. кога други управува со неговото “дело“), и дали тој можеше да влијае на екстерните шокови, пред се, на кризите во Мексико (Gould) и во Југоисточна Азија (Pettway) .

Nestor Carlos Kirchner Ostojic стана претседател во 2003г. (неговиот мандат заврши во 2007г., кога беше избрана неговата сопруга Cristina Fernandez de Kirchner), по неколкуте “листопадни“ претседатели, со темелно претседателско идеолошко – политичко определување дефинирано како “враќање на републиката на еднаквостите“ (Sherr), определба која јасно укажува на реафирмирање на основите на перонистичките (и тој доаѓа од Peron-овата партија) социјално – економски политики, определба зајакната и преку Kirchner-овата блиска соработка со левиот / умерено лев (во рамките на актуелните латиноамерикански идеолошко – политички констелации) и успешен бразилски претседател Lula Da Silva.

Kirchner одлучи да го задржи (преземајќи го од претседателската администрација на Eduardo Duhalde) на “суперминистерската“ позиција за економија Roberto Lavanga. Тоа се покажа како негов клучен политичко – кадровски потег. Lavagna беше тој, кој како “суперминистер“ за економија (левичарски) го конципираше и го реализираше размонитирањето на Cavallo-вото “животно дело“, при што, покасно, неговите социјално – економски политики - Економскиот план во 14 точки (Lavagna) ќе ги продолжат наследниците на “суперминистерската“ позиција – Felisa Miceli (поранешна студентка на Lavagna) и Miguel Gustavo Peirano; односно, тој беше оној кој успешно ги санираше последиците на Аргентинското сценарио, преку неколку (времето го потврди како) клучни (анти - неолиберални) потези: девалвацијата; флуктуирачкиот курс; анулирањето на “челично“ детерминантната (супериорната) позиција на ММФ (особено на жестока критика беше изложен концептот на ММФ за структурно прилагодување); реструктурирање на надворешниот долг (со прилично големи дисконти од повеќе од 2/3 од долгот), што овозможи да започнат нови разговори со ММФ на рамноправна основа, значи без наметнување на дикатати од страна на ММФ кон Владата на Аргентина; определбата за поголема улога на државата во економијата (вклучително и подржавување на некои претходно приватизирани државни фирми – пред се, енергетските компании) и свртувањето кон социјалните проблеми, и тоа како приоритет бр. 1. (Schamis; Jones; Argentina’s Nestor Kirchner. . .) .

Може да се констатира дека, по дебаклот на неолибералниот (десниот) социјално – економски концепт и по неговата замена со леви социјално – економски политики Аргентина ни од далеку нема така квалитетни економски перформанси како што имаше во текот на “позитивниот“ периодот од примената на неолибералните социјално – економски политики, се разбира ако стандардите, критериумите и мерилата за таквата оцена се принципите на неолиберализмот и точките на Вашингтонскиот консензус. Во таа смисла, во Аргентина, преку спроведувањето на левите социјално – економски политики не е анулирана инфлацијата (како најголемо социјално - економско зло согласно со неолибералните премиси) и нема таков бурен раст на националниот БДП како што прехтодно во овој текст беше елаборирано. Но, исто така факт е дека во Аргентина не е темелно нарушена макроекономската стабилност така (монетаристички) како што неа ја дефинира идеологијата на неолиберализмот – инфлацијата не дивее и обезбеден е умерен (но, стабилен) економски раст. Аргентинската левица, исто како и вкупната латиноамериканска левица, во основа ја сфатија потребата (и водат соодветни социјално – економски политики согласно со таа потреба) од воспоставување на монетаристички дефинираната макроекономска стабилност (стабилност поставена на сидра кои по својата природа се монетарни агрегати), но, исто така, се разбира, сето тоа проследено (комплементирано) со варијации на имплементираните политики кои главно се однесуваат на димензионираностите (квантификациите) на спомнатите агрегатни сидра на таквата макроекономска стабилност – квантификации кои, сепак, нема и навистина не ги уриваат темелите на концептот, заедно, сосема нормално, со посакуваните и очекуваните негови (на концептот) практични резултати.

Во оваа смисла зборувајќи, латиноамериканската левица својот идеолошко – политички идентитет темелно го гради и го легитимира низ конципирањето, осмислувањето и имплементирањето на леви социјално – економски политики, кои прифаќајќи ги основите на неолибералниот концепт на монетаристички дефинираната макроекономска стабилност, својот лев идеолошко – политички идентитет и легитимитет доминантно го градат и го корелираат на основите на реафирмацијата на улогата на државата во социјално – економскиот живот (државното балансирање на острите рабови на несаканите ефекти на закономерностите на неолиберално определените “челични“ пазарни слободи) ; во тој контекст, се реафирмира и важноста за целокупниот општествено – економски живот на државната сопственост врз компаниите кои преку својата дејност остваруваат некој поширок (јавен) општествен интерес; исто како што се рефирмира и потребата од соодветна државна заштита на националната економија пред евентуалните атаци од страна на пазарно конкурентни надворешни (странски) економски субјекти; идеолошко – политички се реафирмира латиноамериканската левица и преку полето на респектирањето на достоинството, моќта и улогата на Социјалната држава / Државата на благосостојба. (Castaneda; Grandin: Latin. . . ; Weisbrot; Panizza).

# ВАШИНГТОНСКИОТ КОНСЕНЗУС И НЕОЛИБЕРАЛНАТА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Синтагмата Вашингтонски консензус ја формулира John Williamson, во 1990г. (Williamson: From. . .), со цел преку неа да го означи комплексот на ставови договорени во триаголникот меѓу Владата на САД (поточно – Трезорот / Министерството за финансии), Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка за обнова и развој (во периодот, почнувајќи од средината на 80-ите па се некаде до почетоците на 90-ите години од минатиот век) . Овие ставови всушност се обврска преземена од страна на Бретонвудските близнаци, како и WTO, да дизајнираат, наметнуваат и со тоа да имплементираат неолиберални (Bourdieu) социјално – економски политики во земјите во транзиција, пред се во Латинска Америка (Сасајковски, 2005) . На тој начин Консензусот (во поново време американската Влада зборува за договор а не за консензус, нешто што би можело да биде "страшно" сигнификантно и индикативно) претставува "програма за структурно прилагодување / структурни (радикални) реформи", која не треба да се сфаќа како цел самата за себе, туку исклучиво само како средство, како определен вкупен (заокружен социјално – економски и правен) амбиент кој треба и мора да резултира со стабилен и одржлив економски раст (ова е базичната идеолошка рационализација на Консензусот) .

Вашингтонскиот консензус е изграден на основите на суштинските принципи ("икони") на неолиберализмот: монетаризмот - монетаристички дефинираната / втемелената макроекономска стабилност (Сасајковски, 2004); приватната сопственост (и приватизацијата) ; либерализацијата; и, дерегулацијата.

Williamson во една прилика ги има дефинирано следните точки на Консензусот (преку кои всушност се операционализираат и треба да се имплементираат претходно наведените основни принципи на неолиберализмот): гарантирана фискална дисциплина (буџетскиот дефицит, ако воопшто го има, мора да биде минимален и не смее да се покрива на некој инфлаторен начин – со печатење на пари од страна на централната банка); пренасочување на приоритетите на јавната потрошувачка - со поткопување на трошоците на социјалната држава / државата на благосостојба и воопшто трошоците на државниот интервенционизам (Сасајковски: Социјално – економски..., 2001); реформа на даночниот систем (комбинација на ширење на даночните основи со паралелно намалување на даночните стапки) ; финансиска либерализација (примарно се мисли на воведување на пазарни каматни стапки) ; конкурентен курс на националната валута (мора да се има единствен девизен курс кој, пак, ќе треба да обезбеди надворешнотрговска конкурентност); либерализација на трговијата и намалување на царините - вонцаринските давачки треба да се заменат со царини со ниска стапка, што практично значи во распон 10 – 20% (Khor) ; унапредување на директните странски вложувања (заради тоа треба да се укинат вештачките ограничувања и да се изедначи статусот на домашните

и странските инвеститори); приватизација на државните претпријатија (Сасајковски: Неолибералната..., 2001); дерегулација на економијата и јакнење на конкуренцијата (посебно значајно е олеснувањето на постапката за основање и регистрирање на фирми) ; строга, ефикасна и без големи трошоци законска заштита на сопственичките права - сигурно дека не треба да се потенцира примарноста на заштитата на приватната сопственост (Georg) .

Кога се зборува за неолиберална глобализација (De Long), во суштина, треба да подразбираат и да се мисли на напорите и активностите за глобализација на спомнатите базични принципи на неолиберализмот. Односно, треба да се подразбираат и да се мисли на напорите и активностите за глобализација на одредени конкретни идеолошки модели (Lebovitz) преку кои и на база на кои се глобализираат (Duchrow) точките (оние на Williamson) на Вашингтонскиот консензус. Тоа значи осмислување и дефинирање на пакет на соодветно конкретни социјално – економски политики (пред се на владата на САД, Бретонвудските близнаци и Светската трговска организација) преку кои се настојува да се операционализираат и имплементираат (практично да се всадат) елементите (аспектите, димензиите, компонентите) од комплексот на содржинската структура на Консензусот, и тоа буквално на секоја социјална точка (секоја општествена заедница, секој државен ентитет) на земјината топка.

Сите овие неолиберални принципи, како и нивниот операционален израз преку точките на Консензусот - така како што нив ги детектира и идентификува John Williamson, сосема лесно се распознаваат (и) кај социјално – економските политики во Аргентина, чиј што промотор, идеолог (рационализатор) и имплементатор беше токму Domingo Cavallo. Тешкиот пораз (крахот, колапсот) на тие такви неолиберални социјално – економски политики не можеше да не биде едновремено и ист таков колапс на аргентинската економија - едноставно банкротира целокупната аргентинска економија. Се случи она што нашироко стана познато, (негативно) популарно преку синтагмата Аргентинско сценарио, и што имаше изразито експлицитни последици и на теориски и на идеолошки план, а со тоа и на планот на дизајнирање и иплементирање на конкретни социјално – економски политики, секако и на планот на изборните резултати (претседателски) и политичките судбини на низа значајни политички партии, политички движења и политичари – поединци во Латинска Америка. Аргентинското сценарио, по дефиниција, се бара и се наоѓа (тоа се става) во темелот на објаснувањето на идеолошко – политичкиот "метеорски" лет на латиноамериканската левица.

## АРГЕНТИНСКОТО СЦЕНАРИО

Навистина овој текст не е примарно економски текст, не е текст кој треба (на економско ниво) да ја престави, проанализира и да ја објасни економската / економско – финансиската техника на дизајнирањето и имплементирањето на социјално – економските политики во Аргентина во времето на

Cavallo, како и економската / економско – финансиската страна на реалните / егзактните последици од таквите (ортодоксно неолиберални – согласно со Вашингтонскиот консензус) социјално – економски политики, заедно со, се разбира, и соодветните заклучоци / синтези (значи, сето она што како комплекс се нарекува Аргентинското сценарио) . Напротив, овој текст пледира примарно да има политичко - социолошка (па и политиколошка) природа, со негова првенствена политичко – социолошка свртеност кон проблемот на идеологијата на неолиберализмот и нејзината глобализација преку мноштвото на неолиберални социјално – економски политики, односно на неолиберални социјално – економски елементи / компоненти / аспекти присутни кај мноштвото политики кои иманентно ги дефинира и практично ги реализира било која влада на било која држава. Но и покрај таквата политичко – социолошка определеност на текстов, на ова место едноставно мораме (тоа го бара самата природа на проблемот за кој пишуваме) поконкретно да се задржиме речиси на сите оние економско – финасиски компоненти кои објективно влегуваат во конотативната структура на синтагмата Аргентинско сценарио.

Неподелено е мислењето дека главен виновник за ескалацијата на тешката економско – финансиска криза во која се наоѓаше аргентинското општество се лошите владини политики, но не на самиот почеток на спроведувањето на неолибералната - ММФ-овска - (Williamson: The Role. . .) Програма на структурно прилагодување (практично, Вашингтонскиот консензус), туку тогаш кога кризата силно затропа на вратата на аргентинската економија и општество. Аргентинската влада се одлучи на неколку потези кои ја продлабочија кризата: ги подигна даночните стапки; “ ги замрзна “ банкарските депозити; го девалвира пезосот; и, насилно ги конвертира доларските банкарски депозити и договори во пезоси.

Аргентинската влада на 1 април 1991г., во време на долготрајна висока инфлација (во 1989г. стапката на инфлација беше речиси 5000%) и слаба (всушност “никаква“) стопанска активност и раст (во периодот 1980 – 90г. просечната годишна стапка на економски “раст“ изнесуваше минус 9%), воспостави аранжман на валутен одбор (Heakal; Hanke), што значи дека државата управувањето со Националната (централната) банка и со нејзината монетарна политика требаше целосно да го препушти на ММФ.

Воведувањето на валутниот одбор беше втемелено врз определбата на конвертибилност на националната валута - План за конвертибилност (Diaz – Bonilla; Valdmanis), што есенцијално подразбира дека Националната банка со закон беше задолжена да обезбеди ефективно сервисирање (изразено во американски долари) нејзините вкупни монетарни обврски. Притоа, намерно или не, беше предвидено државните обврзници (номинирани во американски долари) максимално да можат да учествуваат во вкупното покритие на примарни пари до 1/3, а не целосно како што тоа го предвидува класичниот / ортодоксниот валутен одбор. Ова значи дека во стварност покриеноста на погоре спомнатото ефективно сервисирање беше 66% а не 100%. Ова е местото кое вообича-

ено се “ експолатира “ во тврдењата дека всушност Аргентинското сценарио е продукт не на премногу неолиберализам од страна на ММФ, туку, напротив, Сценариото е продукт на суштествена недоследност при спроведувањето на валутниот одбор. Девизниот курс на пезосот, пак, во однос на американскиот долар, беше утврден на нивен сооднос 1 : 1. Патем кажано – ортодоксното планирање и спроведување на валутен одбор се покажа како успешно во Бугарија (Gulde) .

Првите резулатати од овие мерки, заедно со мерките на фискалната и на структурната политика (отворање на економијата кон странската конкуренција, нејзино дерегулирање, даночни реформи и приватизација) беа доста успешни. Така, месечната стапка на инфлацијата од околу 30% во март 1991г. беше симната на само 0,4% во текот на 1994г (справувањето со инфлацијата како суштина на политиките на ММФ, односно како врвно економско – финансиско зло согласно со идеологијата на неолиберализмот), а, воедно, ваквите политики доведоа и до значителен раст на економијата и на извозот.

Меѓутоа, во 1995г. се случи валутната криза во Мексико (криза на монетарната политика и криза на целокупниот систем на деловно банкарство) под чие дејство (и) од Аргентина почнува да се повлекува странскиот капитал (дојден на бранот на либерализацијата), сомневајќи се (навистина треба интензивно да се проучува влијанието на психолошките фактори врз економско – финансиските состојби и тенденции) дека и во Аргентина може да се случи истото она што се случи во Мексико. Проблемот првично беше надминат преку кредити добиени од американски банки, затоа што валутниот одбор не подразбираше (не бараше) покриеност / гарантираност на депозитите на деловното банкарство од страна на резервите (девизни и златни) на централната банка, туку само на државните финансиски обврски (примарните пари) .

Истото ова се случи и во 1998г. предизвикано од азиската валутна криза – бегаше странскиот капитал, слабееше и конкурентноста на извозот (да не заборавиме: пезосот беше врзан за американскиот долар и не смееше да девалвира како евентуална подршка на извозот), сето тоа предизвикувајќи рецесија и неликвидност (неможност да се сервисира јавниот и надворешниот долг - 132 милијарди $), како и фискален дефицит (зајакнат со почетокот на реформата на пензискиот систем во 2000г.) .

И тука, во тој момент, влетува во игра Cavallo, односно неговиот план (поставен на јасни неолиберални основи / принципи и спроведуван преку недвосмислено неолиберални социјално – економски политики) за драстично намалување на јавната потрошувачка. Планот на Cavallo, доследно неолиберално, предвидуваше восогласување на нивото на јавната потрошувачка строго со нивото на буџетските приходи - идеологијата на неолиберализмот (како и Вашингтонскиот консензус), нели, кристално чисто, предвидува и бара напуштање на владини политики поставени (или, подржани) на основите на буџетско – дефицитарното финансирање, без оглед на сите можни објаснувања и образложенија во однос на тоа што (кои општествени цели) буџетски дефици-

тарно ќе се финасираат. И, како второ, планот на Cavallo предвидуваше замена на старите договори со доверителите со нови поповолни, со што ќе се овозможеше склучување на нов stand – by договор со ММФ и добивање (во рамките на тој договор) на нови средства за сервисирање на надворешните долгови.

Намалувањето на јавната потрошувачка ја продолжи и продлабочи рецесијата – на крајот на 2001г. кумулативното намалување на БДП изнесуваше 12%, а официјалната стапка на невработеност достигна 20%. Cavallo, обидувајќ и се да спаси што може да се спаси, го менува сидрото на девизниот курс на националната валута (50% $ и 50% g ). Оваа мерка, во пакет со вкупните состојби на економијата (погоре елаборирани), предизвика страв од девалвација и повлекување во средината на 2001г. од банките на 8 милијарди $. Cavallo, како контрамерка, го ограничи повлекувањето на штедните депозити, како и изнесувањето на американски долари од земјата, на што ММФ ја прекина соработката со образложение дека во тој момент (преку таа мерка) се напушта неолибералната профилираност на владините политики.

Во декември 2001г. кризата ескалираше со улично насилство, беше прогласен фактички банкрот на целата национална економија (вклучително со фактички прогласена неликвидност и пропаст генерално на банкарскиот систем), по што Cavallo беше сменет, падна и целата влада, а валутниот одбор беше анулиран на почетокот на јануари 2002 г. (Schuler; Quispe – Agnoli; Anantha – Nageswaran; Footer) .

На крај, некако елементарно рекапитулирајќи, факт е дека валутниот одбор во Аргентина доминанто беше поставен на неолибералните основи на политиките на ММФ, исто како што е факт и тоа дека во неговата конципираност имаше и одредени (можеби и суштествени) отстапувања. Како факт може да се смета и тоа дека Cavallo, тогаш кога пожарот на кризата максимално се разгоре, се обиде да не ги почитува основите на Одборот, нешто што се третира како компонента на амбивалентност на неговите политики, односно како заматување на бистрината на неолибералниот профил на тие политики.

Јасно, во овој текст, кој има амбиција доминанто да биде политичко – социолошки текст посветен на одредени страни / аспекти на проблемот на идеологијата на неолиберализмот и неговата глобализација (неолибералната глобализација), нема да навлегуваме во прашањето на исправноста на економско – финансиската техника / технологија на реализацијата на концептот на валутниот одбор во Аргентина, туку, само на елементарно ниво (толку колку што просторот тоа ни го дозволува) ќе го констатираме она што доминанто (политичко – социолошки) не интересира. Имено, тоа е фактот дека Аргентинското сценарио и на теориски / идеен / концептуален план, воедно и на идеолошко – политички план, темелно силно ги затресе угледот и кредибилитетот на идеологијата на неолиберализмот. Така, се јавија / се јавуваат бројни негови теориски оспорувања, исто како што се дизајнираа(т) политичко – владини програмски определби и се градеа / се градат и се спроведуваа(т) социјално – економски политики на темелни социјално – економски определувања

кои најдиректно и најексплицитно можно претставуваат отклонување и негирање од / на неолибералните принципи и на Вашингтонскиот консензус (нели, како " акционен план " на неолибералната глобализација) .

Во оваа смисла, токму Аргентинското сценарио се употребува(ше) како крунски аргумент на жестоката критика на која концептот на неолибералната глобализација го изложи, на пример, "еден"Joseph Stiglitz (Stiglitz: Dealing...; Стиглиц; Stiglitz: Ethics...), вистински дисидент од редовите на Бретонвудските близнаци (беше потпретседател и главен економист на Светска банка, беше и главен економски советник на William J. Clinton некаде до половината на неговиот прв претседателски мандат), со неспорен теориски / научен кредибилитет (поткрепен и со Нобеловата награда за економија - во 2001г.) . Во оваа смисла да го потенцираме и тоа дека Stiglitz, по напуштањето на Банката, стана главна ѕвезда на заседанијата на Светскиот социјален форум (Сасајковски, 2007), како форум кој треба да биде противтежа и непомирлива негација на Светскиот економски форум, односно на концептот и политиките на неолиберализмот / неолибералната глобализација.

Аргентинското сценарио, факт е и тоа, стана крунски аргумент во политичко – партиската борба на "зелениот континент", односно Сценариото од страна на аналитичарите се бара и најчесто се наоѓа во самиот темел на објаснувањето на големите изборни успеси на латиноамериканската левица, и тоа и на онаа умерената – на пример, Michelle Bachelet (Чиле), Luiz Inacio Lula Da Silva (Бразил), и на онаа порадикалната – на пример, Rafael Correa (Еквадор), Daniel Ortega (Никарагва), како и на онаа најрадикалната – на пример, Hugo Chavez (Венецуела), Evo Morales (Боливија) - класификација на умереност и радикалност која, сосема јасно, важи под еден најстрог можен услов: мерка за радикалност, односно за умереност, да биде нивниот програмско – идеен и идеолошко – политички однос кон принципите на неолиберализмот - така како што нив ги дефинира авторот на овој труд, или, пак, кон точките на Вашингтонскиот консензус - така како што тие точки ги дефинира John Williamson.

На ова место неизбежно виси / лебдее сенката ("духот") на генерал Augusto Pinochet. Имено, Pinochet е успешна социјално – економска приказна. Тој, прифаќајќи го неолиберализмот на неговото време (1974 – 90г.), прифаќајќи ги неолибералните принципи и примерите на успешните неолиберални социјално – економски политики - Тачеризмот (Wilby) и Рeганомиката (Rothbard) - успеа на високо ниво да ја стабилизира вкупната чилеанска економија, се разбира, така како што социјално – економската стабилизиција ја дефинира идеологијата на неолиберализмот. Pinochet покажа дека радикалната економска слобода, радикалната економска демократија (онаа неолибералната), не мора да биде паралелно проследена и со исто таков квалитет на политичка слобода и демократија. Сосема спротивно на тоа, Pinochet-овиот (блескав) неолиберално – економски успех беше конципиран и остварен во услови на вистински крвав политички тоталитаризам на од него предводената воена хунта. (Siavelis; Cypher) . Патем кажано - основите на овој Pinochet-ов неолиберали-

зам (принципите на идеологијата на неолиберализмот), сосема јасно, дека се класична и типична забранета зона за евентуална интервенција на идеолошко – политички лево ориентираната актуелна чилеанска претседателка Michelle Bachelet, и тоа строго како нејзина најдлабоко можно фундирана рационална и прагматска политичка позиција. Нејзиното (умерено) левичарење се изразува строго во рамките на Pinochet-овиот неолиберализам, и тоа како одредено нивелирање на некои од најизразитите социјално – економски ефекти и состојби на чилеанскиот неолиберализам. (Grandin: Michelle Bachelet. . . ; Wachter) .

Нема простор во овој текст (исто како што нема простор за фрлање барем на најминимален сноп на аналитичка светлина и врз цела низа на многу битни пооделни прашања кои органски влегуваат во тематскиот " координатен систем " на овој текст) да се задржуваме на успехот во Бразил (Бразил е идеолошко – политички лева успешна приказна) на левите социјално – економски политики на Lula Da Silva (Greider; Burbach), само со намера да го заклучиме ова поглавје од текстот ("во една реченица") би потенцирале дека, акциите (и нивните политички носители) на неолибералната глобализација (глобализацијата на идеологијата на неолиберализмот) повеќе од очигледно мораат да се откажат од строго нацртани шеми на неолиберални социјално – економски политики, и дека, во таа смисла, во основа не откажувајќи се од принципите на неолиберализмот, мораат најпрецизно можно да водат сметка за природата и структурата на вкупноста на националните општествени околности / состојби (и политички, и социјално – економски, и социо – културни, и социјално – психолошки, и. . .) .

## ЗАКЛУЧНА ЕСЕНЦИЈА

Cavallo не успеа да го одржи во живот своето "животно дело", не успевајќи да го спречи банкротот на аргентинската национална економија, стanувајќи така персонификација "економското и вкупното општествено зло" на неолибералните реформи и неолибералните социјално – економски политики, воедно станувајќи страшило со кое латиноамериканската левица ги плашеше и ги плаши избирачите.

Делото на Cavallo, барем засега, останува да се памети по неговиот несславен крај, сеедно дали тој самиот е заслужен за таквиот крај (ова се однесува на периодот 1996 – 2001г. кога други управува со неговото "дело"), и дали тој можеше да влијае на екстерните шокови (пред се, на кризите во Мексико и во Југоисточна Азија) .

Nestor Kirchner, комплеметарно со неговиот "суперминистер" за економија Roberto Lavagna, на базата на нивното кардинално и круцијално идеолошко – политичко позиционирање дефинирано како "враќање на републиката на еднаквостите", ревитализирајќи го во одредена мера и политичкиот прагматизам на перонистичкиот популизам, ги реафирмираа идентитетот и леги-

тимитетот на левите идеолошко – политички профилирања и соодветните социјално – економски политики на латиноамериканскиот континент.

Современата латиноамериканска левица својот идеолошко – политички идентитет темелно го гради и го легитимира низ конципирањето, осмислувањето и имплементирањето на леви социјално – економски политики кои, прифаќајќи ги основите на неолибералниот концепт на монетаристички дефинираната макроекономска стабилност, својот лев идеолошко – политички идентитет и легитимитет доминантно го градат и го корелираат на основите на реафирмацијата на улогата на државата во социјално – економскиот живот; во тој контекст, се реафирмира и важноста за целокупниот општествено – економски живот на државната сопственост врз компаниите кои преку својата дејност остваруваат некој јавен општествен интерес; исто како што се реафирмира и потребата од соодветна државна заштита на националната економија пред евентуалните атаци од страна на пазарно конкурентни странски економски субјекти; идеолошко – политички се реафирмира латиноамериканската левица и преку полето на респектирањето на достоинството, моќта и улогата на Социјалната држава / Државата на благосостојба.

## РЕФРЕНЦИ (редоследот е според нивното појавување во текстот)


- Rofman Rafael: The Pension System and the Crisis in Argentina, www.brandeis.edu/ibs/rosenberg_papers/rofman_paper.pdf.
- Who is Domingo Cavallo?, www.hemi.nyu.edu/eng/events/who.html
- Cavallo Domingo: Argentina and the IMF During the Two Bush Administration, www. Cfr.org/content/publications/…
- Cavallo Domingo: Lessons From the Stabilization Process in Argentina, 1990 – 1996, www.kc.frb.org/Publicat/sympos/1996/pdf/...
- Cooney Paul: Argentina at the Abyss, www.geocities.com/tercercoloquio2...
- Whalen Christopher: Sneak Attack, www.rcwhalen.com/pdf/TIE_Whalen_MJ01.pdf.
- Cochran Bert: What is Peronism, www.marxists.org/history/etol/newspape/amersocialist/amersoc_5802
- Horowitz Joel: Peronism and Argentina, www.findarticles.com/p/articles/mi_qa3688/is_199910/ai_n8857045
- Walker Jesse: We Are All Populists Now, www._www.reason.com/news/show/122082.html - 25k
- Krastev Ivan: The populist moment, www.eurozine.com/articles/2007-09-18-krastev-en.html - 34k
- Graber Mark: A Thick and thin: Interdisiplinary conversations on populism, law, political science, and constitutional change, www.findarticles.com/p/articles/mi_qa3805/is_200111/ai_n9014540
- Zizek Slavoj: Against the Populist Temptation, www.lacan.com/zizpopulism.htm - 83k
- Tiffen Rodney: Under (spin) doctor's orders, www.theage.com.au/articles/2004/10/20/1097951764549.html
- Sanchez Julian: Political spin doctors, www.findarticles.com/p/articles/mi_m1568/is_6_36/ai_n6343971
- Stockwell Stephen: From Bard to Spin Doctor: Continuities in strategy and style, www.griffith.edu.au/school/art/text/oct00/stockwell.htm.
- Gould David M. : Mexico's Crisis: Looking Back to Assess the Future, www.dallasfed.org/research/er/1995/er9502a.pdf.
- Pettway Richard H. : Asian financial crisis: The role of China and Japan in the post – Asian crisis era (or solution), www.findarticles.com/p/articles/mi_qa3674/is_199910/ai_n8852781
- Sherr Kirk: Argentina: Presidential Elections and Beyond, www.ffip.com/infobriefs041803.htm
- Schamis Hector E. : Argentina: Crisis and Democratic Consolidation, www.acme.highpoint.edu/~msetzler/LatA...
- Jones Mark P. : Consolidating Kirchner's Control. The 2005 Elections in Argentina., www.drclas.harvard.edu/revista/articles/view/857 - 16k
- Castaneda Jorge G. : Latin America's Left Turn, www.foreignaffairs.org/20060501faessay85302/jorge-g-castaneda/latin-america-s-left-turn.html

- Grandin Greg: Latin America’s New Consensus, www.thenation.com/doc/20060501/grandin - 39k
- Weisbrot Mark: Latin America Shifts Left: It’s the Economy, www.commondreams.org/views06/0114-27.htm - 24k
- Panizza Francisco E. : Social Democratisation of the Latin American Left, www.cedla.uva.nl/60_publications/PDF_files_publications/79RevistaEuropea/79Panizza.pdfh
- Williamson John: From Reform Agenda. A short history of the Washington Consensus and suggestions for what to do next, www.imf.org/external/pubs/ft...
- Bourdieu Pierre: The Essence of Neoliberalism., www.mondediplo.com/1998/12/08bourdieu-30k
- Сасајковски Славејко: Неолиберализмот како идеолошка рамка на социо - економските промени на македонското општество, реферат на научен собир “ Промените на македонското општество “, Институт за социологија при Филозофски факултет - Скопје, Скопје, 2005
- Сасајковски Славејко: Идеологијата на неолиберализмот, макроекономската стабилност и економскиот развој, реферат на научен собир “ Макроекономската стабилност и економскиот развој “, Здружение за одржлив развој, ГТЗ - Проект за поддршка на приватниот сектор, Министерство за економија на РМ, Скопје, 2004.
- Сасајковски Славејко: Социјално – економски функции на неолибералната држава, реферат на научен собир “ Партиципацијата во креирањето на нови бизниси и вработувања “, Економски институт – Скопје и Фондација “ Фридрих Еберт “, Скопје, 2001.
- Khor Martin: Rethinning Liberalization and Reshaping the WTO., www.globalpolicy.igc.org/socecon/tusc/davos/khor/htm
- Сасајковски Славејко: Неолибералната идеолошко - политичка рамка на приватизацијата, реферат на научен собир “ Постприватизацијата во Македонија и Бугарија “, Фондација “ Фридрих Еберт “ и ИСППИ, Охрид, 2001
- Georg Susan: A Shot History of Neoliberalism., www.globalpolicy.org/globaliz./econ/histneol.htm
- De Long I. Bradford: “ Globalization “ and “ Neoliberalism “ ., www.econ161.berkeley.edu/econ-articles/reviews/alexkafka.html
- Lebovitz Mihael A. : Ideology and Economic Development., www.monthreview.org/ 0504lebowitz.htm
- Duchrow Ulrich: Alternatives to Neoliberal Globalization., www.indymedia.org/uk/en/2007/08/...
- Williamson John: The Role of the IMF: A Guide to the Reports, www.petersoninstitute.org/publications/pb/pb.cfm?ResearchID=66
- Heakal Reem: What Is A Currency Board?, www.investopedia.com/articles/03/051503.asp
- Hanke Steve H. : The Disregard for Currency Board Realities, www.cato.org/pubs/journal/cj20n1/cj20n1-7.pdf.
- Diaz – Bonilla Carolina, Diaz – Bonilla Eugenio, Pineiro Valeria, Robinson Sherman: Argentina: The Convertibility Plan, Trade Openness, Poverty and Inequality, www.undp.org/rblac/finaldrafts/eng/Chapter4.pdf

- Valdmanis Vincent: Destroying Argentina, www.bard.edu/bgia/bardpolitik/vol1/iv-article1.pdf
- Gulde Anne - Marie: The Role of the Currency Board in Bulgaria's Stabilization, www.imf.org/external/pubs/ft/fandd/1999/09/gulde.htm#author
- Schuler Kurt: The Collapse of Argentina's Convertibility System: A Failure of Central Banking, www.users.erols.com/kurrency/convertibility.pdf
- Quispe - Agnoli Myriam & Kay Stephen: Argentina: The End of Convertibility, www.frbatlanta.org/invoke.cfm?objectid=AAECA5A0-…
- Anantha – Nageswaran V. : Lessons from Argentina crisis, www.thehindubusinessline.com/2002/01/07/stories/...
- Footer Kevin: Can Cavallo save Argentina?, www.findarticles.com/p/articles/mi_m0OQC/is_9_2/ai_100439527...
- Stiglitz Joseph: Dealing with Debt: How to Reform the Global Financial System, www.globalpolicy.org/socecon/bwi-wto/critics/2003/sp03reform.htm
- Стиглиц Јозеф: Глобализацијата и незадоволставата од неа, www.geosities.com/n_olivermk/jStiglitz.htm?200728
- Stiglitz J. E. : Ethics, Market and Government Failure, and Globalization, www.2.gsb.columbia.edu/.../jstiglitz/download/2003_Ethics_Market_and_Government_Failure_and_Globalization.pdf.
- Сасајковски Славејко: Светскиот социјален форум и неолибералната глобализација, реферат на меѓународна научна конференција " Глобализација на бизнисите ", Економски факултет – Прилеп, Охрид, 2007.
- Wilby Peter: Thatcherism's final triumph, www.prospect-magazine.co.uk/article_details.php?id=7800 - 56k.
- Rothbard Murray N. : The Myths of Reaganomics, www.mises.org/fullstory.asp?control=1544 - 129k.
- Siavelis Peter: Economic Reforms in Chile: From Dictatorship to Democracy. www.findarticles.com/p/articles/mi_qa4000/is_200310/ai_n9310783
- Cypher James M. : Is Chile a Neoliberal Success?, www. dollarsandsense.org/archives/2004/0904cypher.html.
- Grandin Greg: Michelle Bachelet: Hurtling Toward 100 Days, www.coha.org/New_Press_Releases/New_Press_Releases_2006/06.33_Chile_Bachelet.htm
- Wachter Paola: Chile, Bachelet Style, www.cipresearch.fuhem.es/pazyseguridad/docs/Chile,_Bachelet_style.
- Greider William & Rapoza Kenneth: Lula Raises the Stakes, www.thenation.com/doc/20031201/greider
- Burbach Roger: Brazil's Begins to Throw Off Austerity Plans, www.counterpunch.org/burbach03252004.html

ДОКУМЕНТИ (редоследот е според нивното појавување во текстот)


- Justicialist Party, www.crwflags.com/Fotw/Flags/ar%7Djus.html - 15k;
- Justicialist Party - Spock Search, www.spock.com/q/%22Justicialist-Party%22 - 91k
- Cavallo Domingo: Written Testimony of Domingo Cavallo before the Senate Committee, www.senate.gov/~foreign/testimony/2006/CavalloTestimony060622.pdf
- Peronism, њњњ.languages.londonmet.ac.uk/pwr/peronism.htm - 38k; Argentina
- Peronism and After, www.swlearning.com/economics/kennett/kennett2e/argentina_chapter.
- Lavagna Roberto: Address by the Governor for Argentina at the Third Plenary Session, www.idbdocs.iadb.org/wsdocs/getdocument.aspx?docnum=516886.
- Argentina's Nestor Kirchner: Peronism without the tears, www.coha.org/New_Press_Releases/New_Press_Releases_2006/06.08_Kirchner_distinct.html

Социологија
Sociology

UDK/UDC 316.723-021.463(497.7)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Петар Атанасов*
ИСППИ

# „ЕТНИЧКИТЕ ЈАЗЛИ" И МАКЕДОНСКИОТ МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ

АПСТРАКТ

Во оваа статија предмет на интерес се „етничките јазли" во македонското општество, како пречка за политичка интеграција на државата. Овие „етнички јазли" имаат директно негативно влијание врз односите меѓу Македонците и Албанците, но и во насока на постигнување на стратешките цели на државата. Македонија без добра политичка интегрираност, без добар баланс меѓу правата и одговорностите на заедниците и без добар мултикултурен функционален модел, нема да може да нпредува. Надминувањето на состојбата во која „етничките јазли" ја попречуваат општествено-политичката интеграција е услов без кој Република Македонија нема да може

*Petar Atanasov, Ph.D.*
ISPJR

# "THE ETHNIC GAPS" AND THE MACEDONIAN MULTICULTURALISM

ABSTRACT

The subject of interest of this paper is the 'ethnic gaps' existing in the Macedonian society as an obstacle to political integration of the state. These 'ethnic gaps' have a direct adverse effect on the relations between the Macedonians and the Albanians, but also in terms of attaining the strategic goals of the state. Without a good political integration, without a good balance between the rights and the responsibilities of the community and without a good multicultural functional model, Macedonia cannot make any progress. Overcoming the state in which the 'ethnic gaps' hinder the socio-political integration presents a condition which unless met will not enable the Republic of Macedonia

да произведе „пограѓанско” општество и поголем развој и напредок и како држава и како општетсво.

**Клучни зборови:** етничност, „етнички јазли”, етнички заедници, мултикултурализам, Рамковен договор

to generate a ‘more civil’ society and a major development and progress of both the state and the society.

**Key words**: ethnicity, ‘ethnic gaps’, ethnic communities, multiculturalism, Framework Agreement

petar@isspi.ukim.edu.mk

## ВОВЕД

Од една страна, во Република Македонија работите најчесто се гледаат преку „етнички диоптрии”, особено кога се работи за прашања од голема важност за заедниците, пред се, за македонската и за албанската заедница. Кога тоа се случува тогаш групите разменуваат строго „етнички аргументи”. Од друга страна, прогресот на Р. Македонија постојано ќе зависи од внатрешната политичка интеграција која е поврзана со два процеса: функционирањето на правната држава и почитувањето на човековите права и економскиот напредок на државата и животниот стандард на граѓаните. Ако ова се поврзе, стабилноста на Македонија најмногу ќе зависи од добрите етнички односи и коегзистенција меѓу Македонците и Албанците. Проверено! Кога зборуваме за македонските состојби секогаш мора да размислувамне за поврзаноста меѓу етничките заедници и мултикултурализмот (или како што милуваат политичарите, за мултиетничкото општество). Мултикултурализмот што се нормираше во изминатите неколку години произведе повеќе дилеми и проблеми отколку што понуди трајни и одржливи решенија. Притоа, мора да се каже дека во македонското општество во наредниот период моделот на со-живеење ќе мора да се движи во рамките на пост-охридска Македонија, му се бендисувало тоа некому или не. Оттука, овој текст ќе се занимава со правците на развој на мултикултурализмот во Македонија, односно со „етничките јазли”, како најголема пречка за хармонизирање на македонската мултикултурност. Во текстот главно ќе се користи социолошкиот пристап на мултикултурализмот кој е „примарно фокусиран на социјалниот живот во мултикултурното општество, на начин на кој културните разлики во него се продуцираат, усво-

јуваат или репродуцираат, и на прашањата и проблемите што притоа се генерираат" (Wievorka, 1998). Социолошкиот пристап е најсоодветен за анализа на македонскиот мултикултурен модел затоа што тој мултикултурализмот го третира проблемски. Во таа насока, сигурно дека Рамковниот договор е почетно решение или одговор на проблемите на македонската интегрираност, но потрајна солуција ќе мора да се бара само доколку се расчленат „етничките јазли" и конечно се конструира македонското граѓанско ткиво. Се разбира, на мултикултурен начин.

## ЗА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ И ЕТНИЧНОСТА

Мултикултурализмот се состои во маневрирање меѓу две дијаметрално спротивставени опасности: пасноста од омеѓување на малцинството во гето и заканата за негово разложување преку асимилација. Мултикултурализмот прави напор да ги помири барањата за културна специфичност и за универзалните права во областите како што се јазикот, религијата и образованието. Multikulturalizmot треба да обезбеди модел на помирување, притоа, избегнувајќ и ја слепата улица на апстрактниот универзализам, што ги негира разликите, и девијацијата на комунитаризмот, како ограничување на личната автономија. (Wievorka, 1998) Можно ли е ова? Како можат да се прифатат истовремено и посебноста и универзалноста, поточно, барањата и за различност и за еднаквост? Ова е главното мултикултурно прашање, центарот на влијанието на мултикултурните интервенции. За овој антагонизам може да се преговара во практиката – но никогаш нема да се дојде до крајно решение. Мора да се конструираат различни и нови јавни сфери во кои сите партикуларности ќе мораат да преговараат, а елементите што преговараат да ја задржат својата различност. (Hall, 2001) Токму недофатливоста на крајното решение е предизвикот на мултикултурализмот како одговор на новите мултикултурни дилеми. Но, иако постојат многу опции, мал е изборот а бројни се опасностите во повеќето од хетерогените општества поделени по етничка и по верска линија. За спецификите на контекстите и различните карактеристики на повеќето општества и да не говориме. Сите се уникати и оргинали. Но проблемот им е ист: како да се помират индивидуалните и колективните права  а притоа се уште да говориме за модерно демократско општество.

Многумина се обиделе да ги анализираат моделите на мултикултурните општества. Има многу поделби, но подолу елаборираната поделба се чини поблиска до македонското општество со оглед на неговата политичка единственост. Особено моделот на мозаик: „секоја боја единствена и различна". Како модел на општество, мултикултурализмот се остварува во две спротивни верзии:

- Едната се одликува со славење на хибридноста, измешаноста, трансформацијата на нови и неочекувани комбинации на луѓе, култури, идеи, политики, уметности итн. Смеса, мешавина, малку

од ова малку од она е начинот на кој новините влегуваат во светот. Мешавината се однесува на измешаноста и фузијата на културите дури и во секој поединец,

- Различен модел на мултикултурно општество може да се најде во Лос Анѓелес (L.A. 2000), поточно, во извештајот за иднината на градот поднесен од градските власти. Во извештајот се вели: Мислете на Лос Анѓелес како мозаик, при што секоја боја е единствена и различна, жива и важна за целината. (Joppke and Lukes, 1999)

Во мултикултурниот модел важна улога игра и етничноста како категорија, која е можеби суштински елемент на теориите за мултикултурализмот. Имено, се поставува прашањето за моќта на етничноста на колективно ниво и нејзината експлозивна и долготрајна сила. Етничноста можеби е поим фундаментален за разбирањето на односите меѓу различните етнички ентитети. Етничноста генерално има организациски, политички и симболички аспекти. Според некои автори, етничноста е постојано проширување на поимот етничка група, од малцинставата, па се до главните елементи во општеството. За да се појави етничноста групите мора да имаат минимум контакт меѓу себе и мора да ги разгледуваат идеите за себе и за другите како културно различни едни од други. Ако овие услови не се исполнети, не постои етничност, бидејќи етничноста е главно аспект на односите, таа не е сопственост на групата. Ова е клучен момент. Етничноста е аспект на социјалниот однос меѓу претставници што се гледаат себеси како културно различни од членовите на другите групи со кои тие имаат минимум редовна интеракција. Затоа може да се дефинира како социјален идентитет. Кога културните разлики се отсликуваат во интеракцијата меѓу членовите на групите, социјалниот однос има етнички елементи. (Атанасов, 2003: 39-40)

Колку што е посилен процесот на играта „ние" против „нив", толку повеќ е расте чувството за националниот (етнички) идентитет. На луѓето им се потребни мобилизирачки фактори, тие сакаат да припаѓаат на големи групи, на некое „проширено семејство" – нација, етничка група, итн. Етничноста се докажа како едно од најмоќните лепила во последните декади на 20-иот век. Македонија не е исклучок од ова. Таа само го потврдува и правилото и трендот на ре-етнизација на светот во втората половина на минатиот век. Но етничноста истовремено е и најголема сила што директно влијае врз моделот на мултикултурализам, кој на Македонија во овој момент му е толку многу неопходен.

## ЗА ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ЕТНИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Во Република Македонија ко-егзистираат две во многу нешта различни етнички заедници, од неколку аспекти на гледање: јазик, религија и општествен развој. Освен овие две групи – Македонци и Албанци, и другите етнички заедници имаат сопствени карактеристики кои ги одделуваат како посебни

заедници. Затоа теоријата за мултикултурата како мозаик е доста пластична за описот на македонското општество. Сите со своите специфики, но и како дел од целината. Исто така и етничноста како карактеристика е важен дел на меѓуетничките односи во општеството. Моќта на етничноста се отсликува, пред се, во етнополитичката мобилизација на Албанците. Клучен момент за неостварената интеграција, согледувајќи ги наведените елементи, е токму проблемот на разликите поради кои во општеството не се изградија кохезивни елементи. Македонците и Албанците со децении живеат на ист простор, но нé заедно, туку едни покрај други, „се мешаат, но не се здружуваат" (Rex, 1997). Поделеноста на општеството беше еден од иницирачките елементи за недоразбирањата меѓу Македонците и Албанците што резултираше со конфликтот во 2001 година и со Рамковниот договор потпишан од сите поголеми политички партии во тој момент.

Рамковниот договор има повеќе елементи и нуди повеќе решенија. Се залага за мултикултурна Македонија и за интеграција на заедниците во граѓанското ткиво на државата. Истовремено, сака да ги помири етничките барања и да создаде кохезивно општество. Ако Босна покажа дека апсолутизирањето на етничките разлики носи бескрајни несогласувања и конфликти, Македонија се обиде да го избегне овој случај. Рамковниот договор „навива" за граѓанска Македонија. На примерот на Македонија може да се констатира дека без поголема нагласеност на граѓанските наместо на етничките права во општеството, а поставеноста на решенијата на Охридскиот договор тоа го овозможува, пред се во насока на правење повидлива дистинкција меѓу државата и нацијата и деволуција на централните функции на локално ниво, Македонија ниту ќе достигне поквалитетно ниво на хумана безбедност ниту ќ е прогресира како матрица за еден модел на мултикултурно живеење кој ги признава разликите, но не ги апсолутизира. (Атанасов, 2007)

Денес, една од главните дилеми во пост-охридска Македонија е, како да се усогласат двата национализма – македонскиот „граѓански" и албанскиот „етнички". Во таа насока, Рамковниот договор во голем дел беше обид за разрешување на важни прашања од националната агенда на државата. Во македонското општество менаџирањето на „етничките јазли" ќе мора да ги помири двата национализма; во спротивно „борбата" за ресурси и симболи меѓу Македонците и Албанците ќе ја јакне афективноста кон сопствениот национален (етнички) идентитет, со што ќе јакне и потенцијалот за дезинтеграција на општеството. Ова е еден од оние општествени (политички) конфликти кај кои компромисот е тежок – ако не и невозможен. Според теоријата, кога политиката на групите ќе се трансформира во политика за признавање, таа брзо се преобразува во групен конфликт на интереси. Признавањето е проблематично, бидејќи сигнализира подигнување на конфликтот за материјални добивки во конфликт за идентитетот на општеството меѓу најголемите групи во опшетството. Излезот од ова е реорганизација, дезорганизација или нова организација. Притоа, изборот на решенија меѓу два модалитета е најчесто

правило. Главен лајт-мотиф за акција на групите се секако нивните „етнички чувства”.

Она што е од интерес за Македонците е нивниот страв за зачувување на државата како нација-држава, имајќи ја предвид мултиетничката композиција на општеството и бројноста на Албанците. Она што е од интерес за Албанците е нивното барање поголеми политички (етнички) концесии. Вододелницата на овие спротивставени позиции во Македонија е Рамковниот договор потпишан во 2001 година. Со Рамковниот договор, Албанците го подигнаа својот политички статус во Македонија и добија културни концесии и правна заштита, наспроти обидите за мајоризација на Македонците. (Атанасов, 2008) Најважни придобивки за Албанците се употребата на албанскиот јазик како официјален, правична застапеност во институциите на државата, децентрализацијата на централната власт и уставно заштитните механизми. Како поттекст на промените што ги донесе имплементацијата на Рамковниот договор е „отпорот” кај Македонците за откажување од монополот и сопственоста на националната матрица (или доминантна политичка моќ). Притоа, воспоставена е одредена поделба на моќта барем за некои прашања, како и поделба на ресурсите со цел да се исполнат албанските барања за еднаков јавен статус на нивниот јазик и правична и соодветна застапеност во државните институции. Македонците се уште сакаат да ја гледаат Македонија како нивна „природна” држава и неволно прават отстапки во корист на Албанците. Сепак, Македонците тешко ќе ја оддржуваат социјалната кохезија на својот мултикултурен модел, додека, пак, Албанците и понатаму ќе инсистираат на преструктуирање на политичкиот модел што ги привилегира Македонците. Обидите на Македонците како „природен процес” да ги асимилираат малцинските култури, во случајот со Албанците не успеаја.

Во процесот на македонската општествена интеграција главна пречка се токму „етничките јазли”. Еве како изгледаат неколку одговори од извршените истражувања, погледнати преку етничка призма, спроведени во Центарот за етнички и безбедносни прашања во текот на 2004-2006 година (Центарот за етнички и безбедносни прашња е составен дел на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања):

- Поделеноста меѓу Македонците и Албанците е најиндикативна кога се бара мислење за ставови, како на пример, ставот „дали Албанците беа дискриминирани како заедница пред 2001 година”. Македонците, опцијата „да” ја избрале само во 6%, додека за „не” се изјасниле 84%. Обратно: Албанците опцијата „да” ја избрале со 92%, додека за „не” се изјасниле само 3%,
- Поделеноста на мислењата се гледа и преку одговорите на ставот дека „Албанците имаат право на политичко претставување, но не се еднакви со Македонците”. Македонците со овој став „воопшто не се согласуваат” со 71%, додека Албанците за ставот „целосно се согласуваат” се изјасниле со 50% а за „делумно се согласуваат” со 27%,

- На прашањето, пак, „дали има различни мислења за внатрешното уредување на државата меѓу Македонците и Албанците" беше дадена едноставна двостепена скала со „постоеја до 2001, но веќе не" и „се уште постојат". За првиот одговор, дека „постоеја до 2001, но веќе не" се определија само 11% од испитаниците од двете заедници, додека за „се уште постојат" се изјасниле дури 70% Македонци и 64% Албанци. (Атанасов, 2008)

Токму во пресекот на овие „етнички јазли" лежи и иднината на македонската држава и општество како функционална мултикултурна демократија. Или, повторно според нашите политичари, функционална мултиетничка демократија.

## „ЕТНИЧКИ" МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ

Оттука произлегува тезата, дека во македонското општество може да се идентификуваат „етнички јазли" кои ја оптоваруваат и попречуваат општествената интеграција. Промените што се случија со Рамковниот договор од 2001 година, за Македонците значат загрозување на нивната доминантна позиција и менување на политичкиот модел на државата, а за Албанците повеќе права и можности. И двете заедници за многу прашања имаат различни мислења. На пример, истражувањата покажаа дека процесот започнат со Рамковниот договор за Македонците е при крај или е завршен, а за Албанците само делумно реализиран, при што „не се решени сите нивни барања". Поради ваквото строго „етничко размислување", несогласности меѓу Македонците и Албанците има многу. Овие разлики најсликовито може да се претставаат кога Македонците и Албанците одговараат на прашања поврзани со идентитетот:

> Поделеноста е присутна и кај чувството за идентитет, при што Македонците се чувствуваат како граѓани на Република Македонија со 57% во 2006 година, додека Албанците како граѓани се „чувствуваат" само со 14%, а како припадници на сопствената етничка група дури со 50%. Во 2004 година Албанците како припадници на својата етничка група се чувствувале 40% од анкетираните, што е индикатор за јакнење на етничкиот идентитет на сметка на граѓанскиот – од 40% на 50%. (Атанасов, 2008)

Ако за две години процентот на Албанци што се чувствуваат исклучиво како припадници на својата етничка група пораснал од 40% на 50%, тогаш, тоа зборува дека во општеството има фактори, сили или процеси кои ја јакнат „етничноста"и кои се пречка за поинтензивна комуникација и интеграција на различните етнички заедници во македонско општество. Македонците како граѓани се чувствуваат со 57%, што зборува за поклопување меѓу етничкото и

политичкото, или националното, кај Македонците. За разлика од нив, Албанците сé повеќе се чувствуваат само како припадници на својата етничка група и тоа чувство континуирано расте. Ако Рамковниот договор беше пат и начин Албанците да се интегрираат во македонкото општество а притоа тоа да остане единствено, унитарно и мултикултурно, се чини дека работата не е целосно завршена. Очигледно дека за Албанците етничноста во овој момент извршува повеќе значајни функции:

- одбранбена во однос на Македонците,
- интегративна во однос на сопствената етничка заедница,
- јакнење на сопствениот идентитет,
- заштита од асимилација,
- поддршка за редистрибуцијата на ресурсите,
- зајакнување на политичкиот статус во државата,
- елиминирање на малцинскиот статус во општеството,
- нови работни места за „нивните граѓани",
- право на поголема контрола врз сопствениот развој.

Во оваа насока, правецот на развој на општеството ќе мора да го следи балансот меѓу либерализмот и мултикултурализмот како политика, иако тоа никаде не се истакнува децидно, туку мора да се бара меѓу редови. Ова се однесува особено на суб-национално ниво, поточно на малцинските заедници и воопшто на заедниците кои се еден од суштинските субјекти кои треба да се заштитат преку политиката. Безбедноста на заедницата е важен услов за целосното остварување на човековата безбедност. Не само заради севкупниот културен развој на членовите на малцинската заедница, туку и поради огромната важност што заедницата ја има во сите релации и односи во групата. Доколку една заедница не се „чувствува" безбедно, таа се мобилизира и започнува да се бори за својата безбедност и своите права (независно од објективноста или субјективноста на перзепциите). Значи, во хетерогените региони безбедноста на заедницата е предуслов за безбедност на поединецот. Овде нема да навлегуваме во ограничувањата што етничките лидери и „закони" им ги наметнуваат на своите членови. Само истакнуваме, дека индивидуалната безбедност често не може да се оствари без и пред безбедноста на заедницата, односно, голем предизвик е таа да се реализира надвор од концептот за националната безбедност. (Атанасов, 2007) Во случај кога процесите на интеграција не ги даваат очекуваните резултати, тогаш меѓу контраиндикациите секако ќ е го најдете и јакнењето на етничките идентитети. Надминувањето на состојбата во која „етничките јазли" ја попречуваат општествената интеграција е услов без кој Република Македонија нема да може да произведе „пограѓанско" општество и поголем развој и напредок, и како држава и како општество. Заради остварување на оваа цел граѓаните во македонското општество ќе мора да пронајдат повеќе заеднички „граѓански" цели и вредности.

Согласности меѓу Македонците и Албанците во овој момент има малку и недоволно. Една од нив е ставот, што е избор и на Македонците, дека целта на Рамковниот договор беше зголемување на правата на Албанците. Ако Македонците полека го прифаќаат Рамковниот договор како нешто што е составен дел на македонската историја, тогаш може да говориме за нова фаза во односите меѓу Македонците и Албанците. Секако, прифаќањето на овој став не значи дека Македонците се подготвени за големи отстапки во однос на националната културна матрица. Согласност е постигната и по прашањето за приоритетите на патот кон Европската унија, а тоа се: борбата против корупцијата, функционирањето на правната држава и подобрувањето на економската состојба. Најинтересна согласност е, секако, ставот по прашањето, од што најмногу зависи стабилноста на Македонија. Македонците со 63% сметаат дека стабилноста на Македонија зависи пред се од „повисокиот животен стандард", а 18% од интеграцијата во Европската унија. Албанците, пак, за повисокиот животен стандард се определиле со 47%, додека за интеграцијата во Европската унија се изјасниле со 24%. И двата приоритета се од доменот на не-етнички категории. За тоа, какви видови кризи се „поверојатни" во иднина, исто така, е обезбедена согласност дека тоа се економските кризи – со 49% кај Македонците и 53% кај Албанците. За опциите политички и безбедносни кризи, во 2006 година се изјасниле многу помал број анкетирани. (Центар за етнички и безбедносни прашања – ИСППИ) Значи, меѓу приоритетите на владата се примарно економските теми кои  би требало да ги „омекне" и етничките проблеми. „Етничките тензии" често се последица на други нерешени структурни прашања во општеството. Тие се меѓу најранливите и најчесто први страдаат во променливи времиња. Македонија е добар пример за тоа.

## ЗАКЛУЧОК

Во македонското општество преовладуваат етничките идентитети, особено во дистинктивноста меѓу Македнците и Албанците,  а обидите за интеграција се уште промовираат групна диференцијација и тензии. И покрај обидите на државата да го интегрира и хомогенизира политичкото ткиво на општеството, овие обиди даваат контра ефекти пред се поради „етничките јазли" и етнизацијата на повеќето сфери во општеството. Накусо, луѓето најчесто размислуваат „етнички". Причините за тоа се повеќеслојни и многуфакторски. Овде нема простор за нивна елаборација. Во македонското општество, пак, според досегашните показатели и перформанси и натаму јакне етничката диференцијација, со можност таа евентуално да се „разложува" преку:

- поправедна социо-економска редистрибуција, што и се случува, особено во контекст на децентрализацијата и пост-охридска Македонија,
- поголема интерсекциска комуникација, што особено не се случува по конфликтот од 2001 година, а што беше нешто многу нормално

во еден друг систем, кога македонското општество беше интегрирано општество, и

- европската интеграција како контекст во кој квалитетот на живот ќе биде многу поважен отколку квантитетот (бројките) што по Рамковниот договор стана најважен дел на македонскиот мултикултурализам.

Пред македонското општество се наоѓаат две линии на развој: првата, моделот на мултикултурализам; и втората, пост-етничкиот модел. Во првата варијанта, ќе расте значењето на етно-културните разлики, но, иако ќе се промовира „мултикултура", ќе се зајакнува групната диференцијација по етничка линија. Ќе мора да се подобрат многу структурни елементи за да се изгради мултикултурализам во една интеркултурна смисла отколку сегашната "мултикултурна гетоизација". Во втората варијанта, ќе расте значењето на индивидуалниот избор, со создавање поголеми можности што ќе значи натпревар ослободен од стегите на етнизацијата. Во тој натпревар нема да бидат сите успешни. Но, успешните ќе имаат поголеми можности од не-етнички карактер. Ако додадеме дека истиот натпревар како нација не очекува во европски рамки, тогаш е подобро навреме да се престроиме, сите заедно. Невозможно, зар не?!?

Литература

Атанасов, П. (2008), Охридскиот Рамковен договор: етничките јазли и општествената интеграција, во Симоска, Е. и група автори, *Имплементација на Рамковниот договор,* ИСППИ (подготовка за печат)

Атанасов, П. (2007). Националната безбедност наспроти принципите на хуманата безбедност, Меѓународна конференција, Фридрих Еберт Македонија (подготовка за печат)

Атанасов, П. (2003). *Мултикултурализмот како теорија, политика и практика*, Евро-Балкан Пресс

Guibernau, M, Rex, J. (1997) *The Ethnicity Reader,* Polity Press

Hall, S. (2001). *Un/Settled Multiculturalism: Diasporas, Entanglement, Transruptions,* Zed Books, 209-238.

Joppke, C. and Lukes, S. (1999). Introduction, *Multicultural Questions,* University Press Oxford, 1-24.

Wievorka, M. (1998). Is multiculturalism the solution? *Ethnic and Racial Studies,* 21 (5), 881-910.

Политичка психологија, авторитарност
Political psychology, Authoritarianasm

UDK/UDC 316.48
Стручен текст / Scientific Paper

*М-р Елеонора Серафимовска*

# ПОТТИКНУВАЊЕ НА АВТОРИТАРНИТЕ ДИСПОЗИЦИИ ВО УСЛОВИ НА КОНФЛИКТ ПОМЕЃУ СОЦИЈАЛНИОТ КОНФОРМИЗАМ И ЛИЧНАТА АВТОНОМИЈА

***Современа концептуализација на Stanley Feldman***

## РЕЗИМЕ

Иако истражувањата на авторитарноста долго време привлекувале голем број истражувачи, многу прашања за конструктот останале без успешна разработка. Feldman, на научната јавност и нуди нов концепт за феноменот на авторитарноста кој, според него, обезбедува база за мерење и конструкција на скала, а тоа, од своја страна, овозможува специфични предвидувања за условите под кои се јавуваат предрасудите и нетолеранцијата, како постојани корелати и манифестации на авторитарноста. Оваа концептуализација

*M-r Eleonora Serafimovska*

# STIMULATION OF AUTHORITARIAN DISPOSITIONS IN CONDITIONS OF CONFLICT BETWEEN SOCIAL CONFORMITY AND PERSONAL AUTONOMY

***Contemporary Conceptualization by Stanley Feldman***

## ABSTRACT

Although the researches of authoritarianism have been appealing to numerous researches over a longer period of time, countless questions concerning the issue of the construct have remained without fruitful elaboration. Feldman offers the scientific public a novel concept regarding the phenomenon of authoritarianism, which according to him provides a basis for measuring and constructing a scale, which furthermore enables specific predictions in terms of the conditions under which prejudices and intolerances occur, as permanent correlates

е вкоренета во тензијата што се појавува како универзална карактеристика на човековата цивилизација: конфликтот меѓу социјалниот ред, заснован врз социјалниот конформизам и желбата за максимизирање на личната автономија. Начинот на кој луѓето ќе се справат со овој конфликт води кон релативна преференција на вредностите на социјален конформизам и лична автономија. Таа вредносна димезија, аргуметирал Feldman, е база за феноменот на авторитарност.

**Клучни зборови:** авторитарност, димензија социјален конформизам - лична автономија, нетолеранција, предрасуди

and manifestations of authoritarianism. This conceptualization is deeply rooted in the tension which occurs as a universal characteristic of human civilization: the conflict existing between the social order, based on social conformity, and the desire for maximization of one's personal autonomy. The manner of handling this conflict leads to relative preference of the values of social conformity and personal autonomy. This dimension of value, as argued by Feldman provides the basis for the phenomenon of authoritarianism.

**Key words:** authoritativeness, dimension of social conformism – personal autonomy, intolerance, prejudices

## ВОВЕД

Педесет и повеќе години по публикувањето на широко споменуваната студија на Adorno "Авторитарна личност", емпириската литература за авторитарноста продолжува да расте и покрај сознанието дека не постои широко прифатена теорија која би можела да го објасни овој феномен. Отсуството на сигурна теоретска основа остро го лимитира нашето разбирање на авторитарноста. Истражувањето што го спровел Feldman нуди нова концептуализација, во која, авторитарните предиспозиции "никнат" во услови на конфликт помеѓу вредностите на социјален конформизам и вредностите на лична автономија. Предрасудите и нетолеранцијата, како многупати докажани манифестации на авторитарноста, би требало да бидат опсервирани помеѓу оние кои го вреднуваат социјалниот конформизам и перципираат закана за социјалната кохезија. Овие хипотези веќе биле тестирани на примерок од недипломирани студенти и целосно потврдени во истражувачкиот проект на Stanley Feldman, професор на Факултетот за политички студии на Stony Brook Универзитетот. Но, со оглед на ограниченоста за генерализации од ваков лимитиран примерок, пред истражувачката јавност се поставува барање за понатамошна разработка, проверка и критичка анализа на поставениот концепт, кој можеби има

потенцијал да отвори нова ера во истражувањата на овој несомнено сложен и неисцрпен феномен.

Литературата за авторитарноста речиси секогаш започнува со презумцијата дека опсервираната конзистентност на предрасудите и нетолеранцијата е функција на некои аспекти на личноста. Конзистентноста на ставовите може да биде и функција на вредностите или општите, генералните верувања. (Duckitt, 2003) Исто така, важно е да се запамети дека, предрасудите и нетолеранцијата се социјални и политички феномени. Feldman се обидел да покаже дека корисен начин за развивање на концептот за авторитарноста е кога ќ е се консултираат човековите ориентации кон општеството и, поконкретно, конфликтот, судирот меѓу индивидуалните права и благосостојбата на социјалните единки.

Животот меѓу останатите луѓе во општеството креира тензија меѓу целите на личната автономија и социјалната кохезија. Како што истакнале Nunn, Crocket, и Williams (1978): "Секое општество се соочува со проблемот *колкава индивидуална слобода е можна, се дозволува, и колкава "доза" на социјална контрола е потребна". Каква е природата на овој проблем? Од перспектива на оние кои сакаат да ја максимизираат индивидуалната слобода, главниот проблем се правилата и рестрикциите кои општеството ги наметнува врз човеквото однесување.* Cohen-Almagor (1994) агрументирал: "Слободата е неопходен услов за индивидуата да ги испроба своите способности, својот потенцијал независно од другите, самостојно. Ова е потребно за да им се овозможи на луѓето да ги откријат, низ отворена конфронтација со идеите кои се негувани од страна на општеството, сопствените ставови, верувања, и сопствените идни животни патишта. Централна идеја на автономијата е одредување сопствена дирекција, самонасочување, самоопределување." (според Feldman, 2003)

Тензијата помеѓу автономијата и социјалната контрола се манифестира преку човековите преференции за социјална рестрикција на однесувањето. Зошто «обичните» луѓе би сакале општеството да го лимитира и определува однесувањето на луѓето, вклучувајќи го и нивното? Како што истакнувале социјалните теории, уште од времето на Hobs, фундаментален проблем за секое општество е одржување на социјалниот ред. Но, можеби главното прашање е, зошто тој социјален ред воопшто мора да се одржува, зошто во определени периоди тој не би се "скршил", уништил? При тоа, постојат три потенцијални механизми кои треба да бидат земени предвид: *принуда, заеднички сопствен интерес и соединување, сообразување со заедничкиот сет на норми што постојат во секое општество.*

Feldman претпоставува дека речиси сите луѓе, без оглед каков е нивниот начин на размислување, се надеваат дека принудата ќе биде употребена само во екстремни случаи. Ако секој се сообрази со оптимистичкиот поглед на човековата природа, нема да има потреба од закони, кои би се наметнувале за да го штитат животот и да овозможат слободна комуникација и трговија.

Понатаму, дури и да не веруваме дека луѓето по природа се антисоцијал-

ни, не е тешко да се биде скептичен за социјалните последици што би се случиле доколку милиони луѓе го истакнуват, или се водени само од сопствениот интерес. Во секое општество постојат норми на однесување кои ја насочуваат интеракцијата на неговите членови. Тоа се заедничките норми и вредности кои се база за стабилноста на општеството. Ако членовите на едно општество се конформираат со овие норми, стравот од безредие (отсуство на социјален ред) се  редуцира. Сепак, возможно е да постојат поединци, кај кои ќе доминира огромната желба за лична автомонија и кои нема да ја вреднуваат важноста на социјалниот конформизам. Кај други, ова може да предизвика силен страв од неограничената слобода.

На тензијата помеѓу вредностите на автономија и социјален конформизам може да се гледа како на универзален аспект на живеењето со другите луѓе. Тоа го потврдуваат двете класични истражувања- едното во областа на социологијата а другото во психологијата. Во социологијата Kohn (1977) ги испитувал општествените вредности од перспектива на вредностите кои луѓето ги сметаат за најважни при воспитувањето на децата. Врз база на бројни национални студии, Kohn и Schooler заклучиле дека постои димензија само-определување - конформизам во родителските вредности во сите индустриски општества, димензија која секоја единка треба да ја усвои во текот на животот. Во истражувањето во областа на психологијата, Schwartz (1992), испитувајќи ги социјалните вредности, во 40 примероци од 20 земји, барал испитаниците да проценат 56 вредности, влкучувајќи едни кои го мерат социјалниот конформизам (послушност, самодисциплина, учтивост, почит кон родителите и постарите), и други кои ја мерат самонасоченоста (самоопределувањето, креативноста, слободата, определувањето на сопствени цели, љубопитноста и независноста.). Анализирајќи ги дводимензионалните конфигурации на 56-те вредности, тој открил дека вредностите на конформизам и на самоопределување заеднички се групираат речиси секаде.” (според Feldman, 2003)

И Kohn и Schwarts (1983) окриле значајна варијанса во вредностите на конформизам и самоопределување во сите земји каде што биле спроведени истражувањата, што довело до заклучок: <u>различните социјални и културни услови придонесуваат  во процесот на  истакнување, акцентирање на една од двете вредности.</u> Истовремено, разликите во социјализацијата, едукацијата, социјалното искуство, но и личноста, би требало да продуцираат суштински индивидуални разлики во релативната тежина додадена на вредноста на социјалниот конформизам од една, и вредноста на автономијата, од друга страна. (според Feldman, 2003)

Иако само неколкумина би биле способни да артикулираат лична филозофија која ќе ги помирува конфликтните вредности на социјален конформизам и автономија, сепак, најчестиот имплицитен исход од борбата помеѓу овие цели ќе резултира со животна перспектива, која ќе го рефлектира преферираниот баланс помеѓу нив. Така, можеме да дефинираме димензија која, од една страна е определена со желбата за неограничена лична автономија, а од друга,

од стриктниот (строгиот) конформизам кон социјалните норми на однесување. Хипотетички, голем број луѓе можат да придодадат голема вредност на личната автономија, посебно во индивидуалистичките општества какво што е Америка. Но, клучот на оваа концептуализација е во релативната вредност што луѓето ја придодаваат на вредностите на конформизам и лична автономија, кога ќе бидат ставени во ситуација да се определат за некоја од нив. Оттаму, се чини дека клучното прашање е: *Колку луѓето високо ќе ја вреднуваат личната автономија кога таа ќе се најде во ситуација на конфликт со нивната желба за социјален конформизам?*

Feldman, во негвата анализа, започнува со луѓето кои ја вреднуваат личната автономија над социјалниот конформизам. Ваквата перспектива би требала да биде асоцирана со верувањето во способноста на слободно ориентираните автономни индивидуи за стабилен социјален ред. И најважното: вреднувањето на личната автономија над социјалниот конформизам би требало да значи и силна аверзија кон правилата и непослушност кон диктатурата од општеството. Кои се, пак, централните карактеристики на оние кои силно го вреднуваат социјалниот конформизам? Еден од факторите што би можел да доведе до желба за конформизам е попесимистичкиот поглед за човековата природа. Не е потребно да се верува дека луѓето по природа се антисоцијални, доволно е да се верува дека, доколку се остават сами на себе, луѓето ќе инсистираат на сопствениот интерес и ќе се однесуваат онака како што ќе изберат, а тоа нема да води кон стабилен социјален ред. Затоа, на луѓето им е потребен "водич" за социјално прифатените норми и правила на однесување, соодветни на социјалното опкружување. Иако релативната преференција за социјален конформизам над личната автономија не значи дека луѓето се против развојот на "уникатните" (единствени) таленти и личности, сепак тие имаат силна желба за ограничување на разновидноста, различноста во општеството. Разновидноста во исто време е и индикатор дека луѓето не се конформираат со заедничките социјални норми, но, и потенцијална закана за одржување на тие норми. Истите тие кои го вреднуваат социјалниот конформизам обично се силни поддржувачи на владата и, посебно, на владината моќ за сузбивање на неконформизмот.

Уште подобра солуција за општеството, вели Feldman (2003), е луѓето да бидат генерално послушни. Форсирањето на обврската за послушност значително го олеснува социјалниот конформизам бидејќи, на тој начин, се интернализира мотивацијата за конформност. Во идеални услови не постои никаква потреба за мониторирање на секоја индивидуа или употреба на принуда за да се држат луѓето во ред. Значи, кога не веруваме дека луѓето по природа се наклонети кон конформизам, тогаш начинот на кој тие се социјализираат станува особено важен. Децата треба да се тренираат да бидат послушни, да не им се спротивставуваат на авторитетите и да го прифаќаат општеството какво што е.

## СОЦИЈАЛЕН КОНФОРМИЗАМ, ЗАКАНА И АВТОРИТАРНОСТ

Лесно е да се претпостави дека има блиска врска, поврзаност меѓу димензијата социјален конформизам-автономија и предрасудите и нетолеранцијата. Луѓето кои ја вреднуваат автономијата над социјалниот конформизам би требало да ги отфрлаат социјалните стеги наменети за однесувањето, вклучувајќи ги рестрикциите на слободата на говор, слободата на спонтано групирање и граѓанските слободи воопшто. Тие не би требало да се заинтересирани за одбрана на заедничките социјални норми, ниту да се загрижени за девијациите од тие норми. Валоризирањето на автономијата ги редуцира импулсите за рестрикција на цивилните слободи и мотивацијата да се реагира негативно кон групи кои не одговараат потполно на социјалните конвенции.

Спротивното би требало да биде вистина за луѓето кои го вреднуваат социјалниот конформизам над автономијата. Секоја група, било да е таа социјална или политичка, која отстапува од конвенциите, е способна да предизвика непријателство. Но, индивидуите или групите кои се «неконвенционални» ќе придвижат и нешто повеќе од негативни чувства. Луѓето чија цел е да го одржат социјалниот конформизам ќе сакаат да го заштитат општеството од поединци со девијантно однесување. Ова, најефикасно може да биде изведено и реализирано со казнување на неконформистите и со рестрикација на слободата за јавно искажување на нивните погледи, сфаќања, ставови. Така, подготвеноста за поддршка на цивилните слободи, слободата на говор за неконформистите, би требало да биде силно асоцирана со релативната вредност дадена на автономијата наспроти социјалниот конформизам.

За оваа концептуализација да биде реално употреблива, Feldman смета дека таа би требало да биде повеќе од само ново име за генерализирани предрасуди и нетолеранција. Во тој контекст, тој го поставува прашањето: под кои услови се јавува нетолеранцијата кај поединците? Бидејќи е прилично јасно како вреднувањето на социјалниот конформизам ја зголемува мотивацијата за рестрикција на однесувањето и нетолеранцијата кон социјалната и политичка слобода, Feldman подетално се задржува на оние кои ја вреднуваат автономијата над социјалниот конформизам. Дали овие луѓе можат да бидат, или, секогаш се безусловни поддржувачи на цивилните слободи?

На ова место потребно е да се истакне дистинкцијата меѓу социјалниот конформизам и социјалниот ред, општо гледано. Луѓето кои ја вреднуваат автономијата, можеби не го посакуваат социјалниот конформизам, но тие се уште можат и сакаат да одржат стабилен социјален ред. Дури и најблагородниот поглед на човековата природа ја препознава можноста за конфликт и насилство, а луѓето кои ја вреднуваат автономијата, ништо помалку од сите други, нема да сакаат да живеат во насилно општество. Ова сугерира дека **сепак постојат услови** под кои, дури и луѓето кои ја вреднуваат автономијата над социјалниот конформизам, би посакале да ги лимитираат цивилните слободи, посебно за оние групи за кои тие веруваат дека можат значително да ја реду-

цираат социјалната и политичката слобода, или да бидат директна закана за човечките животи. Стравот од насилство, исто така, може да доведе до тоа, дури и оние кои ја вреднуваат личната автономија да ја поддржат рестрикцијата на цивилните слободи.

Што може да се перципира, да биде сфатено како закана за социјалниот конформизам? Очигледно, верувањата, вредностите и однесувањата кои не се конзистентни со социјалните конвенции, но и однесувањата кои претставуваат предизвик за способноста на владата да обезбеди прифаќање на социјалните закони и регулативи. Меѓу луѓето кои го вреднуваат социјалниот конформизам, секоја акција која може го испробува, испитува конформизмот, било со довикување на неконформизмот или едноставно да се биде неконформист, може да биде перцепирана како закана.

Нетолеранцијата и предрасудите помеѓу оние кои го вреднуваат социјалниот конформизам над автономијата би требало да биде функција од степенот на перцепирана закана за социјалната кохезија. Кога некоја социјална или политичка група отстапува од социјалната конвенционалност, таа ќе биде перцепирана како закана и ќе стане цел на акциите за сузбивање на заканата. Желбата за рестрикција на цивилните слободи на групите ќе биде зедничка функција на перцепцијата за оддалеченоста на групите од конвенционалните норми и мерката, до која, тие активно ги предизвикуваат (ги доведуваат во прашање) тие норми. Па така, додека оние кои го вреднуваат социјалниот конформизам ќе ги поддржуваат владините рестрикции на социјалното однесување во принцип, можно е да постои поддршка на некои рестрикции за правата на групите, дури, и од страна на оние кои очиглено не се конформисти. Како и да е, во услови кога не се перцепира неконформизам, ниту тенденции за испробување на конформизмот, оние кои го вреднуваат социјалниот конформизам ќе бидат понетолерантни од оние кои се стремат кон лична слобода.

Перципираните закани за социјалниот конформизам може да бидат и различни. На пример, самата различност во општеството, социјална или политичка, може да биде перцепирана како закана и на тој начин да ја засили нетолеранцијата на поопшто ниво. (Feldman ѝStener, 1997). Така, мотивацијата за нетолерантност меѓу оние кои го вреднуваат социјалниот комформизам би требало ба претставува функција на перцепираната закана за заедничките социјални норми од специфична група, или, многу погенерални, поопшти социјални сили.

## КОНСТРУКТОТ СОЦИЈАЛЕН КОНФОРМИЗАМ-АВОТНОМИЈА И АВТОРИТАРНОСТ

Кои се предностите на оваа концептуализација? Најважно е, според Feldman, што овој начин на размислување обезбедува чиста концептуализација на клучниот конструкт *социјален конформизам-лична автономија и претставу-*

*ва солиден водич за развој на меркиите на конструкиот. Иако секогаш ќе биде йотребно да се йрави ајтем анализа за да се йронајдат йодискриминативните ајтеми кои добро ќе го ойишуваат конструктот, сейак нема да биде йотребно да се йроверува голем број ајтеми за да се дефинираат оние кои ќе бидат соодветни. "И уште йовеќе: со ваква чиста концейтуализација ќе биде лесно возможно да се развијат алтернативни тест мерки за димензијата социјален конформизам-автономија, кои йонатаму ќе йомагаат йри валидизацијата на конструктот. Со димензија, вака дефинирана, ќе биде возможно да се развијат мерки кои не вклучуваат ајтеми што многу наликуваат на ставовите и верувањата што сакаме да ги йредвидуваме."(*Feldman, 2003)

Улогата на перципираната закана во динамиката на социјалниот конформизам - автономија ја истакнува критичната одлика на оваа концептуализција. Најголем дел од литературата тргнува од претпоставката дека авторитарноста има директно влијание на предерасудите и нетолеранцијата. Со појавувањето на диспозиционалниот приод во психологијата, истражувањата во областа на авторитарноста генерално ја игнорирале интеракциската перспектива, во која, однесувањето се гледа како заедничка функција на личните карактеристики и ситуациските фактори (Snyder ѝCantor, 1998, според Feldman, 2003). Во концептуализацијата што ја предлага Feldman, ефектот од социјалниот конформизам-автономија секогаш би требало да биде зависен од перцепираната закана. Во отсуство на било каква закана- сфатена во термини на испробување на социјалниот конформизам- ќе постои само слаб ефект на димензијата социјален конформизам-автономија врз нетолеранцијата и предрасудите. Во оваа смисла, **димензијата конформизам-автономија е навистина само предиспозиција за одговор**. *"Луѓето кои го вреднуваат социјалниот конформизам се йредисйонирани да бидат нетолерантни, но веројатно нема да бидат такви ако не йостои одредена закана, во смисла дека йостои одредена груйа која им се заканува, или йерцейција дека социјалната кохезија ойшто е во ойасност." (*Feldman, 2003)

Од оваа перспектива, <u>основниот динамизам на авторитарноста е дефиниран со интеракцијата помеѓу социјалниот конформизам-автономија и перципираната закана.</u> Ова, смета Feldman, е доволно за да се разбере логиката на авторитарната агресија и авторитарната субмисија што претставува "срцевина" на Алтемејеровата RWA скала, а постојат и повеќе елементи во оригиналната Адорнова концептуализација (која беше комбинација на 8 "синдроми"), кои, исто така, можат да бидат корелати на димензијата социјален конформизам-автономија.

## АНАЛИЗА НА FELDMAN

Feldman во неговото истражување се обидел да утврди, дали димензијата социјален конформизам-автономија (или скратено СК-А) може да биде релијабилно мерена и дали може да се процени нејзината поврзаност со мерките на идеологијата и "десниот авторитаризам". Податоците од анализата тој ги заснова на примерок од 266 недипломирани студенти на Stony Brook University. Свесен дека ова не претставува репрезентативен примерок, а специфичните податоци не можат да се генерализираат на поширока популација, за него тоа сепак претставува адекватен примерок за започнување на истражувањата на базичната динамика на социјалниот конформизам, предрасудите и нетолеранцијата.

Прашалниците биле задавани групно. На испитаниците им била дадена брошура која започнува со топ-сторија во еден неделен магазин, а потоа следел структуриран прашалник. Сторијата во магазинот опишувала подготовки за демонстрации од страна на една нео-нацистичка група. Веднаш по сторијата следел сет од ајтеми во врска со групата: дали би требало да им биде дозволено да ги одржат демонстрациите, некои аспекти на нивната слобода на говор, цивилни права и перцепција на закана. Потоа следеле ајтемите за аспекти од димензијата социјален конформизам- автономија, ајтеми за вредностите, «десната авторитарност»[1], предрасудите, ориентацијата кон социјална доминанција[2], идеологијата и, на крај, демографските варијабли. За пополнување на прашалникот биле потребни 30-тина минути.

Димензијата социјален конформизам-автономија била мерена со серија од 17 ајтеми наведени во пар. Тоа била првата мерка, а ваквата форма била избрана за да се дефинира и истакне контрастот помеѓу двете вредности.[3] Ајтемите се групирани во 5 категории кои ги илустрираат различните аспекти на оваа димензија. Тоа се:

- конформизам наспроти автономија;
- слобода наспроти страв од неред (Дали личната слобода би требало да биде максимизирана по цена на социјален и политички неред) ;
- почитување на заедничките норми и вредности;

1 Прашалникот ги вклучувал 20-те ајтеми од Алтмејеровата RWA скала. /Средната кореалција помеѓу овие ајтеми била 0,32 а релијабилноста 0,90./

2 Во текот на 1990, Прато и Сиданиус (Pratto and Sidanius,1990, според Фелдман, 2003), предложиле димензија- социјална доминантност- ориентација (мерена со нивната СДО (СДО- Социал Доминанце Ориентатион Сцале)-скала, која се чинела исто така фундаментална во разбирањето на индивидуалните ралики во идеологијата и етноцентризмот. Тие ја концептуализирале ориентацијата кон социјалната доминација како: општа ориентација (општи ставови) за интергрупни релации, рефлектирајќи дали некој преферира релации на еднаквост-наспроти хиерахиски релации, како и мерката (нивото) до која поединецот посакува една субгрупа (подгрупа) да доминира и да биде супериорна кон останатитег.

3 Фактор анализата одвоил еден значаен фактор што претставува силен доказ за постоење на една димезија (доказ дека скалата е унидимензионална). Интеркорелациите помеѓу 17-те ајтеми биле значително хомогени за таков голем и различен сет на ајтеми. Feldman оваа мерка ја нарекува *Скала на социјален конформизам-автономија* (SCA Beliefs).

- <u>социјална кохезија:</u> и
- <u>социјализација и вредности при воспитување на деца</u>.

## СОЦИЈАЛЕН КОНФОРМИЗАМ-АВТОНОМИЈА, НЕТОЛЕРАНЦИЈА И ПРЕДРАСУДИ

Ако димензијата социјален конформизам-автономија е база на авторитарноста, таа би требало да ги предвидува нетолеранцијата и предрасудите. И, во согласност со концептуализацијата што Feldman ја развива, нетолеранцијата и предрасудите би требало да резултираат од интеракцијата на социјалниот конформизам-автономија со перцепираната закана на социјалниот ред. Предрасудите во оваа студија биле мерени со скала од 6 ајтеми, кои ги откриваат негативните ставови кон африканските Американци, како и со скала за мерење на ставови кон расистичката група Ku Klux Klan (KKK понатаму во текстот). Нетолеранцијата била мерена со реакциите на испитаниците за фиктивната екстремистичка група.

Првата задача била да се прочита сторија (топ- тема во националниот магазин) за подготовките за демонстрациите на некоја Нео-националистичка група во Харизбург- Пенсилванија (Harrisburg, Pennsylvania).

Веднаш по читањето на сторијата била презентирана серија од 9 ајтеми со кои се мери поддршката на испитаниците за правата на «Патриотскиот Фронт» да ги одржат демонстрациите и да бидат ослободени од мониторинг и рестрикции од страна на владата.

Бидејќи перцепираната закана се покажала како главна детерминанта на нетолеранцијата, прашалникот вклучувал 7 ајтеми за перцепирана закана од едно истражување на Sullivan & Marcus (1995). (според Feldman, 2003).

Една од главните претпоставки на Фелдмановата концептуализација е, дека нетолеранцијата и предрасудуте ќе бидат резултат на интеракцијата меѓу валоризирањето на социјалниот конформизам и перцепцијата на закана за заедничките норми. Оваа закана може да доаѓа од специфична група (нацистичката, во примерот) или од една поширока поопшта перцепција на закана за социјалниот ред. (Feldman & Stener, 1997). Па така, покрај перцепцијата за закана од специфичната група била мерена и генералната перцепација за социјална закана (скала од 8 ајтеми кои се однесувале на перцепцијата дека социјалната кохезија во САД е на удар).

Резултатите од тестирањето на главната хипотеза, дека <u>нетолеранцијата ќе биде здружена функција на вреднувањето на социјалниот конформизам и перцепцијата на закана за социјалната кохезија</u>, биле комплетно конзистентни со очекувањата. Ефектот на социјалниот конформизам-автономија врз нетолеранцијата значително расте со "порастот" на перцепцираната закана за социјална кохезија. И обратно: ефектот од социјалниот конформизам-автономија врз нетолеранцијата значително се редуцира помеѓу оние кои

перцепираат мала социјална закана. Feldman забележува дека ајтемите за социјална закана се многу малку поврзани, ако не и воопшто, со политиката и немаат никакви последици врз заканата од авторитарната (фиктивна Наци) група. Всушност, луѓето кои имаат висок скор на оваа скала (СК-А) преферираат имиграции и социјална промена, а голема нетолеранција се забележува само меѓу оние кои строго го вреднуваат социјалниот конформизам. Така, нетолеранцијата кон авторитарната Наци-група, како што била "Патриотскиот Фронт", е моќна комбинација од вреднувањето на социјалниот конформизам и перцепираната закана за социјалната кохезија.

Понатаму, многубројните истражувања зборуваат во прилог на тоа дека авторитарноста често се асоцира со предрасудите. Всушност, потеклото на концептот во студијата на Adorno е од неговата опсервација дека предрасудите кон Евреите се асоцирани со предрасуди кон многу други групи и ултимативно со Ф-скалата. Feldman во неговото истражување покажал дека истата динамика што ги поврзува нетолеранцијата со социјалниот конформизам-автономија важи и за предрасудите. Ниедна од варијаблите (СКА и перципираната закана за социјална кохезија) сама по себе нема значителен ефект врз предрасудите, но, интеракцискиот ефект е повторно суштински голем и значаен. Имено, ефектот на социјалниот конформизам-автономија врз расните предрасуди зависи од перцепцијата на социјалната закана. Кога луѓето перципираат голем дел од заканата за социјална кохезија, димензијата социјален конформизам-автономија е цврсто корелирана со предрасудите. На највисокото ниво на закана, социјалниот конформизам-автономија е нејдобар предиктор на предрасудите во моделот, прераснувајќи го големиот ефект на социјалната доминација. Од друга страна, за ниското ниво на социјална закана, социјалниот конформизам-автономија нема значаен ефект врз предрасудите. Држејќи ја социјалната доминација константна, расните предрасуди, како и нетолеранцијата, се среќ аваат помеѓу оние кои го вреднуваат социјалниот конформизам над личната автономија и кои веруваат дека постои закана за социјалната кохезија.

## ЗАКЛУЧОЦИ НА FELDMAN

Димензијата СК-А е само предиспозиција. Клучната компонента во овој модел е перципираната закана. Оние кои го вреднуваат социјалниот конформизам, бидејќи се загрижени за контролирање на неконформизмот, секогаш повеќе ќе ги поддржуваат акциите на владата за лимитирање на цивилните слободи, во споредба со оние кои ја вреднуваат личната автономија. Но, тие не би требало да бидат и високо нетолерентни или со предрасуди во отсуство на перципирана закана за социјалната кохезија. Оние кои цврсто го вреднуваат социјалниот конформизам се високо сензитивни на заканите за социјалниот ред. Но, кога постои закана, тие би требало да реагираат со омаловажување на групите кои се перципираат како закана и со поддржување на акцијата за

елиминирање на законите, лимитирајќи ги слободите и правата на оние кои се сметаат одговорни.

Предрасудите и нетолеранцијата во оваа концептуализација секогаш ќе бидат резултат на комбинацијата од вреднување на социјалниот конформизам и перципираната закана за социјална кохезија. Ова е интеракцијата која обезбедува динамика во концептулизација на Feldman, и, по која таа се одвојува и разликува од најголемиот дел од литературата за авторитарноста. Наместо едноставно претпоставување, дека авторитарноста секогаш ќе корелира со предрасудите и нетолеранцијата, оваа интеракција ги специфицира условите под кои СК-А ќе ги предвиди предрасудите и нетолеренцијата. Како што покажа Feldman во неговата анализа**- ефектите од социјалниот конформизам - автономија може да варираат од тривијални до есенцијални, во зависност од степеност на перципираната закана.**

Литература


Duckitt, J. (2003). The impact of Social Threat on Ideological attitudes. *Political Psychology, 24, 199-222*

Feldman, S. (2003). Enforcing Social Conformity: A Theory of authoritarianisam. *Political Psychology, 24, 41- 74*

Feldman, S., & Stener, K. (1997). Perceived threat and authoritarianisam. *Political Psychology, 18, 741- 770*

Reynolds, K., Turner, C. J., Haslam, A. S. & Ryan K.M. (2001). The Role of Personality and Group Factors in Explaninig Prejudice. *Journal of Experimental Social Psychology, 37,* 427-434

Stanford, N. (1973). *Authoritarian Personality in Conterporary Perspective.Nandbook of Political psychology,* Joseey-Bas

West, T., & Levy, R. S. (2002). *Background belief systems and prejudice.* http;//www.ac.wwu.edu/culture/WestLevy.htm

Психологија, Морал, Политика
Psychology, Moral, Politic

UDK/UDC 32:159.9
Научен текст / Scientific Paper

*М-р Маријана Марковиќ*
ИСППИ

# ПОВРЗАНОСТА НА МОРАЛНОТО РАСУДУВАЊЕ И ПОЛИТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА

АПСТРАКТ

Ако моралноста е одговор на прашањето „Како треба да живееме” на индивидуално (персонално) ниво, тогаш политичката идеологија треба да се разбере како одговор на истото прашање но, на општото-социјално ниво. Поаѓајќи од ова тврдење се претпоставува дека политичката идеологија, како облик на општествена свест, е тесно поврзана со моралното расудување. Со цел да се согледа поврзаноста помеѓу моралното расудување и политичката идеологија, во овој текст се презентирани неколку истражувања кои настојуваат да дадат одговор на прашањето „Дали постои поврзаност помеѓу моралното расудување и

*Marijana Markovikj, MA*
ISSPI

# THE INTERRELATEDNESS OF MORAL REASONING AND POLITICAL IDEOLOGY

ABSTRACT

If morality is the answer to “How we are supposed to live” at an individual (personal) level, then the political ideology is to be comprehended as a response to the same question but rather at a general social level. Starting from such a claim, it is assumed that the political ideology, as a form of social conscience is closely related to moral reasoning. For the purpose of perceiving the interrelatedness of moral reasoning and political ideology, hereby several researches are presented which tend to provide an answer to the issue of “existence of interrelatedness of moral reasoning and political ideology”. The summarized perceptions of the presented empirical researches,

политичката идеологија". Сумарните согледувања на презентираните емпириски истражувања, реализирани во различни држави упатуваат на заклучок дека, иако политичката идеологија и моралното расудување се различни варијабли, тие меѓу себе се индиректно поврзани преку варијаблата когнитивен развој. Ваквата поврзаност на појавите овозможува стимулирање развој на хуманите облици на општествено огрганизирање преку стимулирање на моралниот развој.

Клучни зборови: морално расудување; политичка идеологија

realized in diverse countries point out to the conclusion that even though the political ideology and moral reasoning are different variables, they are interrelated by means of the variable cognitive development. Such interrelatedness enables stimulation of a development of the humane forms of social organization through stimulation of a moral development.

**Key words**: moral reasoning, political ideology

## ВОВЕД

Текстот претставува преглед на податоците добиени од емпириските истражувања во кои се испитува поврзаноста на политичката идеологија и моралното расудување во различни општествено-политички системи. Презентираните согледувања добиени преку емпириските истражувања беа искористени при реализација на поголем и поопсежен труд од страна на авторот на овој труд, чија цел е емпириско испитување на поврзаноста на политичката идеологија и моралното расудување кај студентската популација во Република Македонија.

Текстот содржи поимно определување на термините „политичка идеологија", „морал", „моралност"и „морално расудување" и кус приказ на Колберговата теорија за морален развој, која е најчесто употребуван теоретски концепт за испитување на поврзаноста помеѓу моралното расудување и политичката идеологија. Потоа, текстот содржи емпириски податоци кои ја потврдуваат поврзаноста на обете појави како и оние кои истата не ја потврдуваат. На крај следат сумарни согледувања и практични решенија за посредно стимулирање на моралното расудување и политичката идеологија преку добро осмислени едукативни програми. Излезните решенија посочуваат дека стимулирањето на когнитивниот и моралниот развој се предуслови за градење на хумано ориентирана политичка идеологија.

## 1. ПОЛИТИЧКА ИДЕОЛОГИЈА

Политичката идеологија како облик на високо структурирана општествена свесност ги одразува посакуваните, идеалните облици и начини на општествено уредување и функционирање. Согласно со посочената структура на појавата, недвосмислено се наметнува прашањето: "Во каков свет сакаме да живееме, и дали светот во кој сакаме да живееме се потпира врз столбовите на хуманистички приод кон човекот и природата".

Општественото живеење е сложен систем на организирање и координирање на свеста и поведението на поединците, согласно со апстрактните потреби на мнозинството.

Општественото организирање претставува процес на усогласување на индивидуалните размислувања, емоции и поведенија, заради нивно полесно контролирање и управување.

Политичката идеологија како посебен облик на организирање на општествената свест, ги моделира идеите, верувањата и вредностите на поединците ставајќи ги во функција на општите, апстрактни интереси на една група. Според Susnjic (1993, стр 375): „Овие интереси се прикажуваат како интереси на мнозинството во општеството, за, така рационализирани, полесно да им бидат наметнати на другите општествени групи (класи) како нивен сопствен вредносен систем на општествена ориентација и акција"

Сите дефиниции за политичка идеологија, дури и оние кои не се пишувани од психолози, по својата природа се психолошки. Тие ја концептуализираат идеологијата како систем на верувања на индивидуата кој вообичаено се споделува со групата на идентификација. Овој систем го организира, мотивира и му дава значење на политичкото поведение. Секоја дефиниција на идеолошкиот вредносен систем во себе вклучува определен степен на когнитивна организација, афективни и мотивациски компоненти, како и капацитети за акција (Jost,2006).

## 2. МОРАЛ, МОРАЛНОСТ И МОРАЛНО РАСУДУВАЊЕ

### *2.1. Морал.*

Во општествените науки, моралот е дефиниран на различни начини. Често, начинот на кој е дефиниран упатува на вредности, правила и акции кои се преферирани и прифатени од поголемиот број припадници на дадено општество. Ваквите дефиниции се преопширни и релативистички. Тие не прават разлика помеѓу моралните вредности и правила од социјалните конвенции, религиозните вредности или концептот за добар живот.

Во психологијата тешко се определува границата помеѓу етиката како филозофија и моралот како примена на моралните вредности, па понекогаш тие се преклопуваат. Според психолозите, моралот подразбира доблесен однос кон другите. Ваквиот однос влијае врз личносниот морален развој преку

примена на општоважечките мерки на однесување. Моралот е облик на човекова општествена свест. Тој е објективизиран преку општествената свест, системот на обичаи, навики и норми. Моралот претставува збир на непишани правила и обичаи кои ги утврдуваат меѓучовечките односи и воедно служат за просудување што е добро, а што е лошо.

Според Vukasovic (1993), моралот е исклучиво човечка категорија која прогресивно се развивала и усовршувала во текот на историјата. Општествено-историската условеност на моралната свест резултира со присуство на морален релативизам, но истовремено се појавуваат и контурите на општочовечкиот морал и на моралните категории, односно се формираат заеднички трајни морални вредности. Покрај тоа што моралните сфаќања и односи се менуваат согласно со општествените промени, постојат општи морални вредности. Овие морални вредности се нарекуваат *основни категории.* Тие се општочовечки и независни од средината, постојат независно од политичката идеологија и социјалните конвенции. Човекот е индивидуално и општествено битие. Тој се управува според личните интереси, но истовремено, како член на општеството мора да ги почитува и интересите на заедницата во која живее. Според тоа, човекот како човечко суштество има „двојна структура", која се наоѓа во постојана противречност и конфликтност. Заради помирување на двојноста се појавува ургентна потреба за усклaдување на индивидуалните со општествените тензии и интереси. Надминувањето на двојноста ја сочинува суштината на моралот. Тој е еден од темелните облици на усклaдување, регулирање и разрешување на конфликтите во меѓучовечките односи, но и во самиот човек. Човекот се движи на границата на два света: помеѓу оние под себе и оние над себе. Тоа е границата или преминот помеѓу животинското и духовното (Vukasovič, 1993).

Како збир на непишани правила и обичаи кои ги утврдуваат меѓучовечките односи и воедно служат за просудување што е добро, а што лошо, моралот е објективизиран преку општествената свест, системот на обичаи, навики и норми. Иако релативен и различен кај сите општествени групи и во сите историски периоди, тој сепак поседува централни и универзални вредности како што се: „добро", „праведно" и „исправно". Како што може да се забележи, сите морални поими се однесуваат на „доброто".

### *2.2. Моралност.*

*Моралноста е процес на обликување и трансформирање на поединецот од биолошко во општествено битие*. Според Vukasovič (1993) овој процес не може да се објасни со потполна слобода на поединецот. Moralnosta го ограничува поединецот, но воедно, покрај должности му осигурува одредени права и слободи. Наспроти Vukasovič кој истакнува дека моралноста се стекнува преку ограничување на слободата на личноста, Mirič (2001) истакнува дека моралноста ѝ е својствена само на слободната личност. Моралноста секогаш

подразбира доблесност и воспоставување интерперсонални релации кои го стимулираат индивидуалниот развој.

Моралноста, односно процесот на повнатрешнување на моралните принципи, започнува во оној момент кога луѓето ќе се решат на здружување и заемна зависност и организација. Животот во општеството бара единката да жртвува дел од својата самостојност заради воспоставување и одржување на заедичкото општествено уредување, и на крај, за доброто на целината, останува норма на човековото владеење.

Моралноста е процес на вреднување на сопствените и туѓите поведенија и нивно оценување и проценување преку исклучивите категории „добар" или „лош".

Kohlberg (според Kuhmerker,1991) дава појасна и попрецизна дефиниција за тоа што е моралност. Според него, моралноста е сложен процес кој покрај когниција, вклучува чувства и акции.

***2.3. Морално расудување.***

Моралното расудување е оној елемент кој на акцијата и´ го дава специфичниот морален квалитет. Моралното расудување се фокусира на нормативните судови, определувајќи што е задолжително или исправно да се направи. Нормативните судови се судови на вредности, а не дескриптивни судови или факти. Тие содржат универзални правила за правата, должностите и одговорностите.

Во когнитивно-развојната теорија, моралното расудување се определува како манифестација на внатрешните психолошки и когнитивно-развојни структури кои ги детерминираат акциите во ситуација кога постои конфликт помеѓу најмалку два морални принципа.

Од аспект на когнитивно-развојната перспектива, моралното расудување е примарно значајно како индикатор на когнитивната структура. Тоа го определува опсегот на индивидуалниот капацитет за изведување на ментални операции кои вклучуваат морални аргументи. Когнитивната способност е една од основните детерминанти на моралното расудување, а различната способност за морално расудување упатува на различни нивоа од когнитивниот развој.

Од аспект на социјалната комуникација, моралното расудување има примарно значење како форма на социјално однесување. Примената на посебен вид на морално расудување е детерминирана не само од способноста за генерализација, туку и од нејзините социјални цели. Овие цели можат да се однесуваат на модификација на поведението на другиот преку критицизам, убедување или проценување, но истовремено можат да бидат употребени и како експресија на социјалниот идентитет и политичката идеологија.

## 3. КОГНИТИВНО-СТРУКТУРАЛНА ТЕОРИЈА НА LAWRENCE KOHLBERG

Kohlberg (според Miric, 2001) идентификувал шест стадиуми во развојот на моралното расудување. Секој стадиум претставува квалитативно различен начин на расудување, согласно со постигнатиот когнитивен развој. Според Kohlberg, моралното расудување се движи низ три нивоа и шест стадиуми. Првото ниво или предморално, го сочинуваат првите два стадиума: 1. послушност и ориентираност кон казна (послушност поради избегнување на казна) и 2. наивна егоистична ориентација (следење на правила кои се од личен интерес). Второто ниво или конвенционалното, го сочинуваат стадиумите три и четири: 3. „добро момче-добро девојче" (однесување согласно со очекувањето на блиските) и 4. авторитет и одржување на ред (законот треба да се почитува, доброто е поврзано со општеството, групата или институцијата). Третото ниво или постконвенционалното ниво ги содржи стадиумите пет и шест: 5. општествен договор (свесност дека правилата се резултат на социјален договор); 6. индивидуален принцип (следење на сопствените етички принципи).

## 4. ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ПОЛИТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА И МОРАЛНОТО РАСУДУВАЊЕ

Односот помеѓу политичката идеологија и моралното расудување, многу често бил интерпретиран како продукт на влијанието на нивото на морален развој (согласно Колберговата теорија) врз индивидуалната политичка определба. Оние кои го достигнале конвенционалното ниво (стадиум 4 во контекст на Колберговите термини), би ја фаворизирале десницата, додека оние кои стигнале до постконвенционалното ниво (стадиум 5) своите политички преференции ги насочуваат кон лево. Овие релации важат доколку политичкиот естаблишмент е конзервативен. Во случај кога политичкиот естаблишмент е либерален или социјалистички, тогаш, би се очекувало истите морално да расудуваат од стадиум четири и да бидат насочени кон поддршка на политичкиот статус кво, независно од политичката идеологија.

Колберговата теорија не е прва теорија која утврдила поврзаност помеѓу когнитивниот развој и политичката идеологија. На различни начини, Adorno, Frenkel-Brunsvik, Ajzenk, Rokic и други, посочиле постоење на поврзаност помеѓу когнитивноста и политичката идеологија. Но, помеѓу Колберговата теорија и останатите, постои разлика во поимањето на когнитивноста. Разликите се гледаат во однос на развојното поимање на когницијата што е присутно кај Kohlberg, но не и кај другите посочени теоретичари. Ова тврдење има две важни импликации:

1. Бидејќи, во развојниот процес, конвенционалното ниво на морално расудување му претходи на постконвенционалното ниво, тогаш произлегува заклучокот дека првите политички ориентации се конзервативни; и

2. Бидејќи когнитивните промени се возможни само во една насока, доколку и кога персоналниот морален развој ќе еволуира од конвенционален кон постконвенционален, тогаш персоналните политички аспекти се придвижуваат кон лево. Rest, Thoma, Navarez, Babey ова го појасниле со следнава констатција: „Во специфична точка на развојот на моралното расудување постои промена во политичките ставови.” (според Emler, Stace, 1999, стр 457).

## 5. ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА СПОРЕД КОИ ПОСТОИ ПОВРЗАНОСТ ПОМЕЃУ МОРАЛНОТО РАСУДУВАЊЕ И ПОЛИТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА

Долготрајна амбиција на психолозите е да ги идентификуваат психолошките детерминанти на политичките преференции. Да утврдат што е тоа што ги тера луѓето да поддржуваат определена партија или да припаѓаат на определна политичка идеологија.

Во 70-тите години се појавил нов вид на психолошко објаснување кој произлегува од индивидуалните разлики во политичката ориентација, а е базиран на когнитивно-развојната теорија на Kohlberg. Централен предуслов во овие истражувања е дека лево-десно поддржувачите се разликуваат во однос на нивото на морално расудување. Така, либералите во споредба со конзервативците судат согласно со постконвенционалното ниво на морално расудување, додека конзервативците најчесто судат од ниво на конвенционален морал.

Истражувачите од областа на психологија на моралот и социјалната правда истражувале, дебатирале и при тоа утврдиле дека моралноста се однесува на три главни категории: „грижа”, „право” и „правда”.

Во САД се спроведени серија истражувања кои настојуваат да ја утврдат поврзаноста на моралното расудување со политичката идеологија.

Haidt и Graham (2006) ја испитувале разликата помеѓу моралното расудување кај либералите и конзервативците. Во ова истражување авторите настојувале да ја истакнат разликата помеѓу моралноста кај либералите и конзервативците во прилог на конзервативците. Нивниот модел е сочинет од пет поларитетни морални варијабли (грижа/повреда; фер однос/реципроцитет, авторитет/респект, пуританство/светост, интимна група/лојалност). Согласно со направениот модел, авторите посочиле дека конзервативците донесуваат морални одлуки употребувајќи ги сите пет морални варијабли, додека либералите користат само две варијабли (грижа/повреда, фер однос/реципроцитет)

Анализата на резултатите од спроведеното истражување била сумирана во три главни точки:

1. Човековата моралност ја сочинуваат повеќе домени отколку оние кои биле констатирани од Kohlberg и Gilligan (според Haidt и Graham, 2006). Kohlberg ја определил правдата како главен морален домен, а за Gilligan грижата претставува главен морален домен.

2. Либералниот морал е базиран на домените кои ги посочиле Kohlberg и Gilligan, а истиот, кај Haidt и Graham е определен од следниве две поларитетни варијабли: фер/реципроцитет и повреда/грижа.
3. Конзервативците својата моралност ја базираат врз сите пет домени според Haidt и Graham (грижа/повреда; фер однос/реципроцитет, авторитет/респект, пуританство/светост, интимна група/лојалност).

Haidt и Graham истражувањето го спровеле во САД и притоа посочиле дека гео-историските фактори доведуваат до појава на засилен конзервативизам кај етнички хомогените заедници, додека кај етнички хетерогените заедници доминира либералната политичка идеологија.

Haan (1968) го испитувал нивото на морално судење на учесниците на „Движењето за слободен говор” (Free Movement Speach). Тој открил дека поголемиот дел од политички активните студенти донесувале суд врз основа на пост и на пред-конвенционално ниво на морално расудување, додека оние кои суделе врз основа на конвенционално ниво биле во малцинство. Овие податоци покажуваат дека оние кои судат од конвенционално ниво соодветствуваат на конзервативна политичка идеологија, каде главната тенденција е структурата на општеството да остане таква каква што е. Уште една студија на Haan (според Van Ijzendoorn, 1983) покажува дека испитаниците со порадикални политички ставови донесуваат суд врз основа на пост или на пре-конвенционално ниво на морално расудување. Fiskin (1973) нашол висока корелација помеѓу политичкиот конзервативизам и конвенционалниот морал. Sullivan (1972) покажал дека моралноста има позитивна линерана поврзаност со прогресивноста во политичките ставови. Dobert (според Van Ijzendoorn, 1983) покажал дека пост-конвенционалната моралност има позитивна линеарна корелација со политичките ставови. Eisenberg-Berg (1979) утврдил позитивна корелација помеѓу прогресивноста кај политичките ставови и моралното резонирање кај женските испитаници, но не и кај машките. Isuimoto (според Van Ijzendoorn, 1983) открил дека конвенционалистите ја персонифицираат социјалната неправда, односно кај нив постои тенденција да ги обвинуваат индивидуите за политичко-социјалните проблеми.

Кај една студија спроведена од Van Ijzendoorn (1983) во Берлин била вклучена попрецизна операционализација на терминот политички ставови и поедноставно излегло дека, е да се покаже линерана поврзаност помеѓу нивото на морално расудување и прогресивноста на политичките ставови. Од прегледот на посочените истражувања може да се заклучи, дека нивото на морално расудување е поврзано со политичката свесност: колку е повисоко нивото на морален развој толку се покритични адолесцентите во однос на социјалните прашања.

Во истражувањето на Emler и Stace (1999) биле споредени одговорите кои американските и британските студенти ги давале на различни морални дилеми. Нивните одговори најчесто кореспондирале на стадиумите 4 (Авторитети одржување на ред) или 5 (Општествен договор) дефинирани според

Kohlberg. Перцепцијата на политичките атрибути варирала постојано и значајно како функција од моралното резонирање. Добиените резултатите се интерпретирани како поддршка на поврзаноста на моралното расудување со политичката ориентација.

Овие податоци, заедно со оние на Emler, Renwick и Malone; Markoulis Reicher и Emler, (Emler, Stace, 1999) водат кон понатамошна поддршка на социо-комуникациската интерпретација на релацијата помеѓу моралното резонирање и политичката ориентација. Се покажало дека оние кои морално расудуваат врз основа на стадиум пет се политички активни, што може да води кон констатција дека достигнатиот стадиум пет од моралниот развој може да се земе предвид како предикција за политички активизам. Но, истовремено, нема докази дека политичкиот активизам сам по себе е фактор кој го стимулира моралниот развој (Haan, 1968).

Sparks и Durkin (според Emler, Stace, 1999) емпириски покажале дека некои луѓе би преферирале постконвенционални аргументи при залагањето за промени кои соодветствуваат на нивната политика, но истите преферирале аргументи кои соодветствуваат на конвенционалното ниво на морално расудување-кога сакале да се задржи позиција на статус кво кај определени политички сегменти.

На теоретско ниво постои потврда дека когнитивно-развојните теоретски варијабли се важни за политичката свесност, па така, формалните операции се неопходни за критичко мислење. Докажано е дека пост-конвенционалниот морал е неопходен услов за фундаментален критицизам на општествениот систем, кој е заснован врз принципи кои се релативно независни од кој било социјален систем.

Иако овие истражување покажале поврзаност на политичката идеологија со моралното расудување, сепак, едноставната редукција на политиката на моралност е спротивна на емпирискиот материјал кој е добиен од други истражувања.

## 6. ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА СПОРЕД КОИ НЕ ПОСТОИ ПОВРЗАНОСТ ПОМЕЃУ МОРАЛНОТО РАСУДУВАЊЕ И ПОЛИТИЧКАТА ИДЕОЛОГИЈА

Со цел да се испита, дали може да се предвиди видот на политичка идеологија, спроведено е истражување (Perkins,2007) каде биле употребени четири скали: „Арлин тестот за формално расудување" (Арлин test of Formal Reasoning), „Скалата за морален развој" (Moral Developmental Scale), „Скалата за религиозна идеологија" (Religious Ideology Scale), „Скалата за родителска лутина" (Parental Anger Scale) и пол. Резултатите покажале дека политичката идеологија може да се предвиди преку варијаблите: пол, религиозност и формално резонирање, но не и преку нивото на морално расудување.

За да утврдат кои персонални детерминанти корелираат со моралното расудување, Matsuba i Walker (1998) ја испитувале поврзаноста на моралното расудување со его-функциите. Нивната студија покажала дека функцијата на егото да се справува со проблемите влијае позитивно врз моралниот развој, за разлика од примената на одбранбените механизми. Справувањето се карактеризира со ефективно разрешување на проблемите, отвореност за нови идеи, флексибилност, препознавање на ограниченоста и слабоста на сопственото размислување и слично.

Релацијата помеѓу моралното расудување и политичките ставови е испитувана на репрезентативен примерок од 2520 адолесценти и млади во Холандија (Raaijmakers, 2006). Оваа студија е повторена на втор селектиран примерок од 210 холандски студенти. Кај втората студија, моралното резонирање и политичките ставови биле корелирани со евалуација на 30 членови од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП). Моралното расудување било мерено со „Тест кој ги дефинира аспектите" (Defining Issues Test; Rest.1979). Политичките ставови биле мерени со мултиајтемска скала од Ликертов тип, која ги одразува културните и економските димензии на политичката идеологија. Општата морална мисла била идентификувана преку евалуација на 30 членови од УДЧП. Теоретски се претпоставува дека моралното расудување е когнитивна структура која управува со општата морална мисла.

Податоците од истражувањето покажале дека моралното расудување е различно од политичката идеологија, односно, дека двете појави немаат заеднички сегменти. Се покажало дека само мал дел од варијансата кај скоровите на морално расудување можат да бидат предвидени преку комбинирање на ефектите на политичките ставови.

Истражувањето покажало дека индивидуалната политичка идеологија претставува позиционираност кон две суштински вредности на политичката идеологија: еднаквост и слобода. Изгледа дека моралното расудување упатува на уште една димензија, а тоа е правдата. Ова истражување не идентификувало постоење на заеднички фактор кој е во основата на моралното расудување и политичките ставови.

Добиените емпириски податоци даваат можност да се тврди дека политичката идеологија има сопствена динамика на развој која може директно да биде стимулирана од специфични личносни аспекти, и индиректно преку стимулирање на когнитивниот и моралниот развој .

## 7. СУМАРНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од добиените истражувачки податоци може да се заклучи, дека когнитивно-развојната варијабла „морално расудување" не може да објасни повеќе од дел од варијансата на варијаблата „политичка идеологија" Корелацијата се движи од 0.20 до 0.50, со исклучоци, во нагорна и во надолна линија. Со други зборови, тешко дека ќе се најдат случаи каде што повеќе од 25% од варијан-

сата на политичка идеологија се објаснуваат со морално расудување (според Van Ijzendoorn, 1983). Тоа значи дека политичките ставови не можат да бидат објаснувани само со морално резонирање, туку, Sarat (1975) согледал дека еден од факторите кој влијае врз развојот на политичкото расудување е самодовербата. Во берлинската студија, авторот Van Ijzendoorn (1983) покажал дека развојот на идентитетот, прикажан според Erikson, влијае врз политчките ставови kај адолесцентите. Merelman (според Van Ijzendoorn, 1983) утврдил дека психодинамските фактори, психосексуалниот развој, контролата на импулсите и емоционалната дистанца од нуклеарното семејство, заедно со когнитивните фактори, се тие кои ја обликуваат политичката идеологија.

## 8. ИЗЛЕЗНИ РЕШЕНИЈА

Добиените емпириски податоци покажаа дека моралноста и когницијата можат да постигнат „ceiling effect", односно „ефект на максимален развој". Пониското ниво на когнитивен и морален развој може да влијае врз поедноставување на сложеноста на политичкиот критицизам, односно, конкретно-операционалното и конвенционалното размислување може да го попречи развојот на критичките политички ставови. Преку стимулација на моралниот и когнитивниот развој може да се создадат неопходни услови за развој на политичката идеологија, која инаку без нив брзо би го достигнала својот лимит и нејзиниот понатамошен развој би бил спречен.

Истражувањата на Faust (1978) и Walker и Richards (според Van Ijzendoorn, 1983) покажале дека ваквиот ефект не е нереалистичен. Овие истражувачи утврдиле дека моралната едукација ја губи својата ефективност при попреченост на когнитивниот развој кој, пак, е услов за постигнување на повисоко ниво на морален развој. Faust открил дека учесниците кои морално расудуваат врз основа на стадиум три („добро момче-добро девојче" според Колберговата теорија) и нивниот ментален развој соодветствува на конкретно-операционално ниво, не биле во можност да ги следат развојните морални наставни програми. Од друга страна, оние кои биле на ниво на формална логика добиле многу од овие програми. Кај првата група немало резултати од програмата бидејќи групата не го имала постигнато максималниот когнитивен ефект.

Истиот ефект бил детектиран од Walker и Richards. Тие стимулирале морален развој преку едукативни програми и заклучиле, дека нема да се постигне премин во следно ниво на морален развој доколку не бидат постигнати когнитивните предуслови. Станува јасно дека моралноста и когницијата имаат иста релација како и политичката идеологија со когницијата. Па така, сличен „ceiling effect" може да се очекува и при примена на политички едукативни програми. Согласно со сознанието за дејствувањето на максималниот ефект, за да биде успешна политичката едукација, истата треба да содржи програми со кои ќе се стимулира когнитивниот и моралниот развој.

## 9. СТИМУЛИРАЊЕ НА МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ КАКО УСЛОВ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ХУМАНО-ОРИЕНТИРАНО ОПШТЕСТВО

Од презентираните емпириски податоци во областа на политичката идеологија, а во врска со моралното расудување, се поставува прашањето: Како добиените согледувања можат да се втемелат во политичката едукација?

Иако истражувањата покажаа релативно слаба поврзаност на појавите, што се објаснува со разликите во општествените услови на живеење, но и од употребените инструменти, сепак истражувачите се согласуваат, дека без постигнување на определно ниво на когнитивен и на морален развој, невозможен е развој на либерална идеологија.

Согласно со сознанијата дека моралното расудување нема директно влијание врз политичката идеологија, оптимализација на демократијата е возможна преку воведување на добро осмислени наставни програми во училиштата. Ваквите програми во себе би имале вклучено стимулирање на когнитивниот развој, но истовремено би влијаеле и врз стимулирање на капацитетите за донесување на морален суд и дејствување согласно со донесениот морален суд.

Еден од начините за развој на демократска свест е примена на методот „Дискусија за моралните дилеми" (Lind,1999). Овој метод се применува во училишни услови и го спроведуваат едуцирани наставници. Утврдено е дека овој метод е најефикасен кај учениците од петто одделение, до втора година средно образование. До сега овој метод не е употребен во Република Македонија, но пожелно е да се започне со негова експериментална примена.

## Литература

Eysenck.J.H. (1968) *The psychology of politics*. London: RoutledgeйKegan Paul

Eisenberg-Berg, N.1979. *Relationship of prosocial moral reasoning to altruism, political liberalism, and intelligence*. Developmental psychology, 15: 87-89

Emler, N. & Stace, K. (1999) *What does principled versus conventional moral reasoning convey to others about the politics and psychology of the reasoner?* European Journal of Social Psychology, 29, 455-468

Faust, D. (1978). *Realtionship between moral and Piagetian reasoning and the effectiveness of moral education*. Developmental psychology, 14: 435-436

Haidt,J.& J Graham, J. (2006) *When morality opposes justice: Conservatives have moral intuitions that liberals may not recognize*. University of Virginia.

Haan, N. (1968) *Moral reasoning of young adults: Political-social behavior, family background and personality correlates.* Journal of Personality and social Psychology

Jost, J.T. (2006) *The End of the End of Ideology*. New York University. American psychologist, vol 61, No.7, 651-670,

Kuhmerker, L. (1991) *The Kohlberg legacy for the helping professions.* Birmingham: R.E.P. Books

Lind, G. (1999) *Moral dilemma discussion (goals, Time table, Activities).* University of Konstanz, Germany

Mirić, J. (2001). *Razvoj moralnog misljenja*. Beograd: NIGP Kalekom

Perkins,J.E. (2007) *Political ideology as predicted by parental punishment, formal versus concrete reasoning, moral development.* Department of Psychology Northeastern State University.

Sarat, A. (1975) *Reasoning in politics, the social, political and psychological bases of principled thought*. American Journal of political science, 19: 247-259

Sullivan, E. and Quarter, J. (1972) Psychological correlates of certain postconvential moral types: a perspective oh hybrid types. Journal of Personality, 40:149-161

Van Ijzendoorn, M. H. (1983) *Moral and political education: A case for integration.* International Journal of Political education. 6, 25-41

Vukasović, A. (1993). *Etika, moral, osobnost*. Zagreb: Skolska knjiga

Šusnjić, Đ. (1993). *Ideologija. Enciklopedija politicke kulture*. Beograd: Savremena administracija

Социологија на религија
Sociology of Religion

UDK/UDC 316.74:2(497.7)
Научен текст / Scientific Paper

***Д-р Цацаноска Ружица***
Научен советник

# РЕЛИГИОЗНИТЕ ТЕКОВИ НА МАКЕДОНСКОТО ОПШТЕСТВО

РЕЗИМЕ

Посткомунистичкиот период го одбележува развивањето на процесот на ревитализација на религијата. Тоа бележи свои специфики низ личната верска идентификација, низ верската практика и верското (знаење) образование.
Личната верска идентификација се дистрибуира низ голема стапка вериичка популација. Националниот ентитет соодветно ја колорира верската идентификација.
Верската практика се развива низ прагматичното практикување на верските обичаи кои ги проследуваат главните верски празници.

***Клучни зборови:*** јавна религија, лична верска идентификација, верска практика.

***Cacanoska Ruzica, Ph.D.***
Senior Research Fellow

# THE RELIGIOUS TRENDS IN THE MACEDONIAN SOCIETY

ABSTRACT

The post-communist period marks the development of the process of revitalization of religion. It underlines its own specific qualities through the personal religious identification, the religious practice and the religious (knowledge) education.
The personal religious identification is distributed through numerous religious congregations. The national entity appropriately colorizes the religious identification.
The religious practice develops through pragmatic practice of the religious customs and traditions which accompany the major religious celebrations.

**Key words**: public religion, personal religious identification, religious practice.

...Религијата не е само израз, односно симптом на општествените промени, туку една од неговите најзначајни причини...

Hubert Knoblauch

## ЈАВНА РЕЛИГИЈА, ЦИВИЛНО ОПШТЕСТВО...

Религијата во новиот милениум е видно изменета и со уште поголема брзина продолжува да се менува. Предвидувањата на творците и поборниците на теоријата за секуларизација, дека развојот на модернизацијата ќе придонесе религијата постепено да исчезнува од светската сцена, едноставно не се обистинуваат. Религиозната мапа на светот, покрај традиционалната верска база, ја сочинуваат и многу нови религиозни движења, разновидни типови на хибридни религиозни форми, неконзизтенти мозаични форми, синкретизам, еклектицизам, new age, пост-new age. Многу впечатливо на ниво на религија во светски размери претставува аспектирањето на, во моментов најбрзорастечките релгиозни колективитети - исламскиот и пентекосталниот. Светот, наместо да се секуларизира, тој напротив се „десекуларизира”, и денешниов свет е се повеќе религиозен. Религијата се пробива во сите сфери на општествениот живот. Со доза на „сензационализам” медиумите ги преплавуваат настаните поврзани со данските карикатури, сатанските стихови, носењето на шамии на ученичките-муслиманки во Франција, погребот на францускиот претседател Франсоа Митеран, погребот на принцезата Дајана… Религиозните институции се обидуваат да го ограничат „дострелот” на новите научни истражувања, па повикуваат на сериозни ограничувања во овој контекст, повлекувајќи кон себе, дел од влијателните политички елити. Етичките дилеми, моралната паника, кризата и дезорганизацијата на семјеството, особено развивањето на неговите алтернативни облици, се само дел од прашањата на коишто религиозните авторитети особено се „задржуваат”. Ні помалку значајни се прашањата околу работата во неделите, верското образование во државниот образовен систем, христијанската „референца” на европскиот устав. Сите овие теми и полемики недвосмислено стануваат повеќе од сериозен предизвик за поконструктивно и попрагматично дејствување на современата религија на јавната сцена.

Религијата е доминантно вткаена во американскиот живот, но кога станува збор за Европа, нејзината „позиција” е послаба, па вообичаено таа се смета за исклучок и генерално се атрибуира како „евросекуларизам”. Овој термин ги апсорбира секуларните тенденции коишто европските простори ги надвладуваат подолг период, создаваат слика во која европската современа религиозност ја одбележува постоењето на ослабената традиционална рели-

гиозна рамка, а од друга страна развој на цел спектар нови религиозни движења, со позитивен и негативен предзнак. Но, она што ја прави европската религиозна мапа специфична и „склона” кон промени тоа е, неспорно, присуството на „религиозната другост”, олицетворена во најбрзорастечкиот исламски верски колективитет и помалиот раст на евангелските, односно пентекосталните заедници.

Во европската реалност сé повеќе се актуелизира прашањето за христијанска референца во Европскиот устав. Јасната социолошка емпирија, надополнета со богатата историска „меморија”, политиколошките анализи, ја предочуваат религиозната стварност, во овој дел напомената низ неколку карактеристични синтагми како: „верување без припаѓање”, „припаѓање без верување”, „амнезиско општество”, „bricolage”... Имајќи ја предвид општествената рамка, проследена низ сликата на општествената мисла, реално се предочува на малата веројатност, христијанската референца да се најде во европските основни акти. Од друга страна, Унијата „смета” на реалната моќ, којашто во моментов ја имаат верските институции, но исто така и влијанието што на моменти многу забрзано го остваруваат, преточени во нејзината јавна моќ. Постоењето на цела категорија религиозни „интересни групи” и асоцијации во нејзиното седиште во Брисел, претставува јасна манифестација на јавната функција на религијата. Колку влијанието на овие интересни групи е важно и значајно, зборува нивното „силно” дејствување во насока, на пример, на ограничување на финансирањето на истражувањата на матичните клетки, клонирањето и слично, експерименти коишто можат сериозно да ја „развијат” фармацевтската индустрија, а таа индустрија е значаен столб на финансискиот капитал на Унијата. Токму нивното присуство, нивното влијание на „дизајнирањето” на јавната политика и практика, зацврстени во регулативата, го аспектираат отворениот, транспарентниот и редовниот дијалог на Унијата со верските инстанци.

Во рамките на јавната улога на религијата не треба да се заобиколи ниту тенденцијата кон нејзина сé поголема индивидуализација. Тоа значи поголем степен на индивидуално, засебно верско живеење, верски поглед кој зборува за потребата индивидуата постепено да се одвојува од колективитетот. Доживувањето на религијата како индивидуален чин, како себебарање, како потрага и потреба од личен идентитет, ја создава индивидуата подложна на мисионерското влијание на религиозни движења, од поблиското или од подалечното опкружување. Секако дека ваквиот тренд на индивидуализација на религијата ја прави Европа привлечно место за многу култови, секти, религиозни групи, збогатувајќи го нејзиниот „диверзитет”.

Религииозните институции во Европа, без разлика дали се посматраат индивидуално во локалните заедници или пошироко, на ниво на Унија, се легитимираат и дејствуваат сé „посигурно”. На ова треба да се додаде моќта на надворешните фактори, претставени секако во ликот на религијата преку Атлантикот, без разлика дали како „модел”, како конкуренција или, пак,

како „дијаспора"... Не би требало да се занемари ниту фактот, на одредени брзорастечки религиозните институции, на обликувањето на религиозни асоцијации, особено оние дефинирани како големи имагинарни, детереиторијализирани колективитети, наднационално профилирани, распослани на целата земјина топка. Претставниците на дел од овие огромни религии или асоцијации, склони се со многу оптимизам да ја „претскажуваат" својата блиска иднина. Но, сепак религиозната динамичност на дваесет и првиот век, едноставно им оди во прилог.

Етичкиот ареал е прашање кое се повеќе се аспектира и актуелизира, особено низ реалното утврдување на моќта и позицијата што ја добиваат или што во нив ја проектираат граѓаните индивидуално или општествената заедница.

Социјалната политика е поле кое, следејќи ја европската стварност (Шведска, Норвешка, Италија, Хрватска…) сé позначајно се наметнува како дел од јавната промоција на верските колективитети. Се очекува во блиска иднина верските институции да се јават како многу поактивни партиципиенти во остварувањето на социјалната политика, почнувајќи од локално ниво.

Теоретско-емпириската рамка на проучување на религијата на европските простори, претставува теоријата на секуларизација, според која, развојот на модернизацијата го намалува влијанието на религијата во општеството. Оваа теза аналитички се развива низ три подтези. Првата укажува на процесот на функционална диференцијација, според кој секуларните „дејности„ од областа на политиката, економијата и науката се развиваат вон доменот и влијанието на религијата.[1] Втората и третата подтеза, го објаснуваат всушност, намалувањето на влијанието на религијата во општеството, преку опаѓањето на религиозната практика, односно преку миграција на религијата од јавната сцена во приватната.

Но, наместо движење кон пиетизам, расцепкана индивидуализација, напредна маргинализација, која ќе води кон постепено „атрофирање" на религијата, заживува обратна тенденција, насловена како деприватизација. Деприватизацијата претставува нов глобален тренд, според кој „религијата го напушта своето определно место во приватната сфера и преминува во неиздиференцираната сфера на цивилното општество, партиципирајќи во заживеаниот процес на натпревар, испрекинат легитимитет и повторно одбележување на нејзините граници." (Casanova,1994,65) Аспектирањето на религијата како јавна, претпоставува активна партиципација на верските колективитети на три нивоа и тоа: на ниво на држава, политички систем и цивилно општество. Државата ги определува законските рамки и можности на постоењето и развојот, едноставно животот на „религијата". На ниво на политика, религиозните колективитети може да се изборат за определени позиции, според коишто би можеле да влијаат на политичките случувања. Вообичаено, главната одредница на првите две нивоа укажува на базичната одбрана и движење околу стекнатите привилегии, додека третото ниво врз развива на принципот на социјална правда и одбрана на човековата личност.

Базичната секуларизациска парадигма, развиена на европско тло, има мала апликативна вредност за современата конкретност, како предмет на социологијата на религијата. Па, во таа смисла, прашањето за јавната улога на религијата, како што вообичаено се вели, во европските предели, останува помалку „замаглено".

Историскиот европски кумулатив го карактеризира долгата традиција на „близина" на црквата и државата, додека сосема спротивно, преку Атланитокот, виталноста на религијата се развива на јасната одвоеност на црквата од државата. Цивилниот сектор е погодно место за религијата во современото општество, подвлекува шпанско-американскиот социолог Хосе Касанова. Јавното дејствување на религиозните колективитети, теоретско-емпириски се одредува како дел од цивилниот сектор, развивајќи го како една рамковна одредница на општествената наука во демократското општество. Јавната религија во американското општество се фундира во рамките на цивилното општеството и волонтерскиот сектор, а ги покрива прашањата од доменот на правото и јавната политика. Ваквата поставка ја подвлекува линијата на одвојување и немешање на религиозните и нерелигиозните „прашања", односно доменот и природата на интерес.

Концептот на цивилното општество фунцкионално ја одредува позицијата на религиозните колективитети во современото општество. Позиционирањето во цивилниот сектор и овозможува да се развива самостојно, да дејствува независно, и од таа позиција да може критички да се осврнува кон реалноста, со што може да ја стекне и задржи довербата кај поширокото опкружување. Овој концепт, според зборовите на Касанова, претставува аналитичко-теоретски и нормативен предизвик на либералните теориии за позиционирањето на религијата во современото општество како ексклузивно приватна. Концептот на религиозните колективитети како дел од цивилното општество има повеќе интерпретативна функција, но на моменти таа преминува во нормативна. Во тој контекст, имајќи ја предвид емпириската „стварност", која го потврдува фактот дека државните цркви се сé помалку подготвени да влијаат на општеството во целина или да дејствуваат како негово свето „небо" (Davie, 2000), религиозните организации од сите видови, не само да можат туку и би требале да дејствуваат во јавниот простор. Така, концептот на религијата како дел од цивилното општество, теоретската мисла го наметнува како норматив и низ таа призма се обидува да ги „вреднува" религиозните случувања вон нејзините простори.

Главни столбови, на коишто се потпира религијата во цивилниот сектор се индивидуализацијата на верата и религиозниот плурализам. Индивидуализацијата е клучниот сегмент на градење на религиозната личност, која поседува религиозна култура, првенствено сознанија (знаења за верата), но и соодветно ниво на практика (индивидуална и групна). Третирањето на религијата како приватно прашање на граѓаните е начелно решение на односот на државата кон религијата во цивилното општество. (Cvitkovic, 2007)

Модернизацијата го условува плурализмот, како „коегзистенција на различни погледи и вредносни системи, во услови на граѓански мир и во услови во коишто луѓето се здружуваат".(Berger, 2006). Модернизацијата го интензивира процесот на плурализација на религиозната сцена. Плурализмот значи можност да се избира и ја отежнува состојбата на една монополска црква да ја задржи својата „позиција" во однос на повеќе прашања. Религиозниот плурализам се темели врз постоењето на повеќе верски колективитети, каде што поединецот може да ја избере својата верска определба. Дали тоа ќе биде религијата на неговите предци или на неговите соседи или на некој друг ентитет, зависи од него лично. Религиозниот плурализам го физиономира верскиот пазар,[2] како централно место кое го регулира верскиот живот. Плурализмот честопати може да добие синкретична димензија, да го проследи еклектицизам, да се развива низ новите религиозни движења, да ги укине територијалните богови, да остави простор за конверзија[3] и слично.

Поимот јавна религија станува многу фрекфентен, посебно во последнава деценија. Јавната религија го апострофира јавниот живот на религијата, насочувајќи го главно кон етичките прашања и кон партиципација во социјалната политика.

Давид Херберт го проучува односот на религијата и модернизацијата, секуларизацијата, цивилното општество, јавната религија, либерализмот, правото. Тој, во неговата студија посебно ја апострофира „изненадувачки големата моќ на религијата да се адаптира на променливите општествени услови." (Herbert, : 2003) Херберт издвојува три облици на таква адаптација. Религијата се адаптира, функционирајќи во рамките на доминантните инструментални системи на модернизацијата, особено во здравството, социјалната заштита и секако во приватниот волонтерски сектор. Религиозните симболи и говор се адаптираат на новите услови и стануваат моќен фактор во медиумската комуникација, мобилизирајќи голем дел од популацијата, насочена кон остварување на цели, некогаш дефинирани како добри, некогаш како лоши. Религијата може да стане моќен критичар на доминантната општествена стварност, како што тоа било случај во поновата полска историја, со улогата на Католичката црква во уривањето на комунистичкиот режим. Денес, критичкиот тон се согледува низ растечкиот број на дебати кои го оспоруваат етичкиот „дигнитет" на дел од јавната американска мировна политика или на европските движења за заштита на животната средина. (Herbert, : 2003, 291)

Враќањето на религијата во јавната сфера, во дел од европските научни кругови се определува како пост-секуларизам. Во периодот на секуларизмот, религијата преминува во приватната сфера. Верниците ја практикуваат религијата индивидуално и во помали или поголеми групи. Во оваа смисла таа се „дефинира" како приватна, „невидлива" за јавноста. Но, пост-секуларизмот ја нагласува токму јавната улога на религијата, нејзиното јавно практикување, јавно „институционализирање", воопшто нејзината моќ во јавниот живот, како во локалната заедница така и на повисока инстанца.

Но, нејзиниот јавен живот е неодвоив од нејзините позиции во општеството, односно од главно одредената религиозна матрица на живот. Владејачката религиозна статика и динамика, непосредно ќе го скицираат активирањето на религиозните колективитети во јавниот живот.

## МАКЕДОНСКИ КОНТЕКСТ

Во конститутивниот акт на Република Македонија, црквите, верските заедници и религиозни групи се дел од непрофитниот сектор. Тие имаат можност да основаат верски училишта, како и да дејствуваат во сферата на социјалната политика, преку отварање на социјални и добротворни установи. Во Уставот се споменати Македонската православна црква, Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница.

Посткомунистичката реалност ја карактеризира процесот на ревитализација на религијата, развивана на ниво на идеолошка опозиција, на ниво на национален и културен идентитет, односно на процес на трасирање на местото и улогата на религиозните колективитети во сегашниот систем и, секако, неговото позиционирање во непосредната и подалечната иднина. Процесот на ревитализација, кој го опфаќа ревитализирањето и зајакнувањето на позицијата на религиозните субјекти, првенствено на историски присутните, доминантни колективитети, кој може да се следи на ниво на верски колективитет, од една страна, и на индивидуално ниво, преку религиозните убедувања и индивидуалната практика. Враќањето на јавната сцена, на религиозниот меинстрим, непосредно и многу јасно, се огледа, низ застапеноста во медиумскиот простор, пројавувајќи ги своите аспирации кон „верското образование", преземање на одреден степен социјални активности, побарување на конфискуваниот имот...

Емпириската евиденција[4], верничката популација ја определува според личната верска идентификација како високо религиозна. Прашањето на личната верска идентификација, првенствено претставува одраз на индивидуалниот став на испитаникот кон неговото индивидуално верско „припаѓање". Изјаснувањето на верската припадност во исто време го „следи" и прашањето за семејната традиционална верска припадност, која многу често испитаниците ја истакнуваат како значајна. Во испитуваниот примерок, на православната и исламската вера припаѓаат вкупно 92,8% од испитаниците. Стапката на протестанти е само 0,5%, додека стапката на лица кои се определиле како неверници е на скромните 2,4%. Верскиот идентитет, изразен низ индивидуалното определување на верската припадност, се јавува како супстрат на руинираниот секуларен вредносен систем. Руинирањето на световните колективитети се супституира со „верност", а во некои случаи со „цврста емотивна и духовна поврзаност" со верскиот колективитет. Големите верски колективитети се ревитализираат, расте бројот на верниците, на верските објекти, се зголемува

фрекфентноста на верските теми во медиумите, а сходно на тоа се развива “нормирањето” на оваа сфера, во контекст на регионалните односно глобални трендови. Од друга страна , во овој период, се повеќе се анимира малцинскиот верски субјект придонесувајќи, меѓу другото за „зајакнување” на верскиот плурализам.

Според емпириските податоци, кои се однесуваат на личната верска идентификација, стапката на верници бележи голем пораст, за сметка на стапката на неверници или атеисти. (Табела број. 1 и 2 во прилог). Според добиените одговори на прашањето за личната верска идентификација, јасно се бележи високата дистрибуција (93,5%), која зборува за големо акумулирање на верници во верскиот колективитет, односно за намалување на стапката на атеисти, како и неопределени. Вака големата стапка на верници во верските колективитети, зборува за ревитилизирање на индивидуалната религиозност. Но, исто така овој верски “ревивализам” ја продуцира големиот развоен чекор на институционалната религиозност, на “полнењето” на верските објекти со верници, развивањето и отворањето на верските заедници и слично. Ревитализирањето на верските колективитети ја зајакнува нивната позиција и можност поцврсто и појасно да дејствуваат на јавната сцена, анимирајќи бројни прашања и теми, во чиешто развивање може да партиципираат.

Споредувајќи ги податоците за личната верска идентификација, во периодот пред конфликтот, забележливо е значајно зголемување на стапката на верници. Макар и беглото споредување на податоците зборува за особено голем скок на категоријата верник - од 65,13% на повеќе од 90%. Речиси педесетпроцентното зголемување на стапката на верништвото упатува на размислување за активната верска парадигма, на диференцирање на категоријата на верници и нивно колективно влијание. Вообичаено, во периоди на етнички конфликти, каде што религијата се промовира во содејство со етничкиот колективитет, доаѓа до извесна симбиоза, која на моменти резултира со замаглување на поставеното ограничување меѓу овие два ентитета.

Личната верска идентификација соодветно ја надополнува етничката база. Така, 90,1% од припадниците на православната вера се изјасниле како Македонци, додека пак 99,6% од испитуванта албанска популација се изјасниле како припадници на исламската вера. Емпириските податоци зборуваат нé за испреплетување, туку можеби повеќе за „поистоветување” на етничкото и националното. Секако дека ваквата дистрибуција се должи на вкупноста на конфликтните случувања, при што развивањето на вооружениот судир ги конфронтира етничките, односно верските колективитети. Иако конфликтот од 2001 година не се определува како верски конфликт, оваа дистрибуција зборува сепак за фактот дека населението го перципира (макар и индиректно) со верски “вокабулар”.

Во Р. Македонија, како и во останатите југословенски држави, религијата се ревитализира и добива своја промоција во рамки на нацијата. Во посткомунистичкиот период, религијата станува идентификационен маркер на

нацијата. Политичките случувања во регионот, религијата ја инволвираат во политиката, покривајќи значајно ниво на легитимитет на националната политика.

Националниот маркер на религијата, вгнезден во идентитетските рамки, развива цврста рамка која придонесува да се обликува постепено цврста национално-конфесионална дистанца, во рамките на заедницата, што ќе рече, сé што е македонско е православно, или исламското станува албанско. Националниот маркер исто така придонесува да се развијат цврсти и јасни мрежи кои имаат поврзувачки социјален капитал, капитал кој се темели на сличноста.

Високите стапки на индивидуалната религиозна определба не се „проследуват" во верската практика. Имено, во однос на практиката, македонското население се определува како доминантно обичајно, проследено низ практикување на најзначајните верски празници, (коишто стануваат неработни денови), како и одбележување на главните настани од нивниот живот. Според двата индикатора на религиозноста, личната верска идентификација и верската практика, македонското население се приближува, делумно, кон „европскиот стил". Верската практика, во овој труд се аспектира низ индивидуалниот чин на молитвата. (Табела бр. 4) Секојдневното практикување на молитвата претставува карактеристична парадигма за активната верничка популација. Практикувањето на молитвата го одразува сензибилитетот на индивидуалната религиозна определба, но во исто време претставува и одраз на групното практикување на молитвата, како верска практика на групата, согледлива од табела бр. 5.

Повеќе од половина од испитаниците претпочитаат молитва во верскиот објект, додека, пак, 23,3%, и даваат индивидуална конотација, определувајЌ и го својот дом како најпријатно место за молење. Специфичноста на молитвата, одредена како специјален однос на верникот кон Севишниот, зборува за индивидуално доживување, кое може да се реализира и во верскиот објект, заедно со останатите верници.

Големите верски празници ги проследуваат практикувањето на соодветни верски обичаи. Тоа е случај и со православните верници и со верниците од исламска провинциенција. Доминантните стапки упатуваат на заклучок дека македонското верништво е претежно обичајно.

Во постконфликтниот период се развива интеррелигискиот дијалог. Забележливо е развивање на дијалог на ниво на невладин сектор, но и на највисоко ниво, преку Претседателог на државата. Покрај Дијалогот на цивилизациите, претседателот Борис Трајковски започнува практика на молитвени вечери, првенствено во неговиот матичен протестатнски круг.[5] Интеррелигискиот дијалог, како на локално исто така и на повисоко ниво, треба да продуцира поголем степен на социјални мрежи на соработка, заемна доверба, кои ќе ја чинат основата на „квалитетниот" премостувачки социјален капитал.

Следејќи ги емпириските показатели од неколку истражувања во последниве години, по опаѓањето на „рејтингот" на повеќе општествени институ-

ции, јасно се издвојува довербата што граѓаните им ја даваат на религиозните институции.

Користена литература


1. Bruce, S. (2001), *Christianity in Britain, R.I.P.*, Sociology of Religion, 62 (2): 191-203.
2. Casanova, Jose, (1994.), *Public Religions in the Modern World*. Chicago\ London, University of Chicago Press.
3. Cvitkovic, I. (2007), *Socijalna naucavanja u religijama*, Edicija Memoria M1undi, Sarajevo.
4. Davie, G. (2005), *Religjja u suvremenoj Evropi - mutacija sjecanja*, Golden marketing – Tehnicka knjiga, Zagreb.
5. Fukujama, F. (2000), *Povjerenje – drustvene vrline i stvaranje blagostanja,* Izvori, Zagreb.
6. Gill, R. (1992), *Moral Communities*, Exeter: Exeter University Press. / Gill, R. (1999), *Churchgoing and Christian Ethics*, Cambridge: Cambrige University Press.
7. Hamilton, Malkom, (2003), *Sociologija religije*, Beograd, Clio.
8. Herbert, D., (2003), *Religion and Civil Society, Rethinking Public Religion in the Contemporary World*, Aldershot, Ashagate Publishing Limited.
9. Hervieu-Leger, D, (2000), *Religion as a Chain of Memory*, New Jersey, Rutgers University Press.
10. Knoblauch, H. (2004), *Sociologija religije*, Zagreb, Demetra, Filozofska biblioteka.
11. Norris, P. and Inglehart, R., (2004), *Religious Organizations and Social Capital*, The International Journal of Non-for-Profit Law, Volume 6, Issue 4, September 2004.
12. Simpson, J. H. 1988. *Religion and the churches. In Understanding Canadian society*, edited by J. Curtis and L. Tepperman, 345-69. Toronto: McGraw-Hill Ryerson.
13. Stark, R. and Bainbridge, W.S. (1987) *A Theory of Religion – Secularization, Revival and Cult Formation*, Berkeley – University of California Press.
14. Stark, R., and W. S. Bainbridge. 1985. *The future of religion: Secularization, revival, and cult formation.* Berkeley: University of California Press.
15. Verweij, J., P. Ester, and R. Nauta. 1997. *Secularization as an economic and cultural phenomenon: A cross-national analysis. Journal for the Scientific Study of Religion 36:* 309-24.
16. Vrcan, S. (1986), *Od krize religije k religiji krize*, Skolska kjniga, Zagreb.
17. Wallace, A. F. C. 1966. *Religion: An anthropological view.* New York:Random House.
18. Wilson, B. 1966. *Religion in secular society: A sociological comment*. London: C.A. Watts

# ПРИЛОГ

**Табела. бр. 1.**

| На која вера припаѓате | Број на испитаници | % | Кумулативна стапка |
|---|---|---|---|
| 1. Православна | 798 | 66,5 | 66,5 |
| 2. Исламска | 316 | 26,3 | 92,8 |
| 3. Католичка | 2 | ,2 | 93,0 |
| 4. Протестантска | 6 | ,5 | 93,5 |
| 5. Друга | 8 | ,7 | 94,2 |
| 6. Не сум верник | 29 | 2,4 | 96,6 |
| 7. Без одговор | 41 | 3,4 | 100,0 |
| ВКУПНО | 1200 | 100,0 | |

**Табела. бр. 2.**

| Дали себе си би може-ле да се одредите како | | Број на испитаници | % | Кумулати-вен процент |
|---|---|---|---|---|
| Верник | 1 | 1122 | 93,5 | 93,5 |
| Неверник | 2 | 13 | 1,1 | 94,6 |
| Атеист | 3 | 24 | 2,0 | 96,6 |
| Неопределен | 4 | 41 | 3,4 | 100,0 |
| Вкупно | | 1200 | 100,0 | |

**Табела бр. 3.**

| Ве молиме да се изјасни-те, дали сте | Број на испитаници | % |
|---|---|---|
| Верник | 977 | 65,13% |
| Не сум верник | 139 | 9,26% |
| Сум нешто помеѓу (Б.О.) | 384 | 25,60% |
| Вкупно | 1500 | 100,00% |

* Податоците за личната верска идентификација се пренесени од истражувањето „Социјалното раслојување и квалитетот на животот во периодот на транзиција”, (1999-2000), ИСППИ, Скопје.

**Табела бр. 4.**

| Колку често се молите | Број на испитаници | % | Кумулативна стапка |
|---|---|---|---|
| 1. Секојдневно | 428 | 35,7 | 35,7 |
| 2. Само за верски празници | 249 | 20,8 | 56,4 |
| 3. Само за верски празници и тогаш кога имам проблем | 274 | 22,8 | 79,3 |
| 4. Само кога имам некој проблем | 77 | 6,4 | 85,7 |
| 5. Кога можам да се молам со мој близок | 28 | 2,3 | 88,0 |
| 6. Не се молам | 107 | 8,9 | 96,9 |
| 7. Без одговор | 37 | 3,1 | 100,0 |
| ВКУПНО | 1200 | 100,0 | |

**Табела. бр. 5.**

| Каде попријатно се чувствувате кога се молите | Број на испитаници | % | Кумулативна стапка |
|---|---|---|---|
| 1. Дома | 279 | 23,3 | 23,3 |
| 2. Во верски објект | 635 | 52,9 | 76,2 |
| 3. Сеедно ми е | 231 | 19,3 | 95,4 |
| 4. Без одговор | 18 | 1,5 | 96,9 |
| 5. Не се молам | 37 | 3,1 | 100,0 |
| ВКУПНО | 1200 | 100,0 | |

**Табела бр. 6.**

| Дали за некој голем верски празник практикувате некој верски обичај, типичен за тој голем верски празник? | Број на испитаници | % | Кумулативна стапка |
|---|---|---|---|
| 1. Да | 1145 | 95,4 | 95,4 |
| 2. Не | 55 | 4,6 | 100,0 |
| ВКУПНО | 1200 | 100,0 | |

**Белешки**

1. Процесот на диференцијација се развива и во рамките на религиозните колективитети.
3. Конверзијата е прашање кое значајно се актуелизира.
4. Во трудот се користени податоци од проектот „Десекуларизација на македонското општество", реализиран во периодот 2003-2005, во ИСППИ, Скопје.
5. Борис Трајковски, Претседателот на Република Македонија припаѓаше на Евангелско-методистичката црква. Тој беше лаички проповедник и се обидуваше позитивните практики да ги применува во своето претседателствување. Загина во авионска несреќа, во 2004 година, и дел од тие практики останаа во зародиш.

Правно-економска област

UDK/UDC 316.346.32-053.6-057.8(497.7)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Љубица Чонева*

# СОЦИО-ОПШТЕСТВЕНАТА ПОЛОЖБА НА УЧЕНИЧКАТА МЛАДИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕЗИМЕ

Во трудот се разгледани актуелната состојба и проблемите на ученичката младина во доменот на социо-општествената сфера, како значајни аспекти за нивниот развој. Во тој контекст, акцентот е ставен на нивното образование, семејното влијание на воспитувањето и социјализаторскиот фактор, материјалната положба како основа на егзистенцијалната сигурност, и нивното однесување со сите специфичности на денешните прилики.Според сондажата на наведените прашања кај оваа целна група млади во македонското општество, се потврди дека неповолниот материјален статус на нивните семејства се наметнува како најтежок социјален проблем за нивната положба. Во тој контекст,

*Ljubica Choneva, Ph.D.*

# THE SOCIO-ECONOMIC POSITION OF THE STUDENT'S YOUTH IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ABSTRACT

This work considers the current state and the problems of the student's youth in the domain of the socio-economic sphere as significant aspects for their development. In this context, emphasis is made to their education, the influence of the family on the upbringing and the socialization factor, the financial position as a basis of existence security as well as their behavior with all specific qualities in current circumstances. In accordance with the questions from the survey aimed at the target group of youngsters in the Macedonian society, it was acknowledged that the unfavorable financial status of their families prevails as the gravest social issue for their position. In this context, the impoverishment of the family does

осиромашувањето на семејството, реално, не им овозможува да ги задоволат основните животни потреби од значење за нивниот психо-физички развој. Резултатите од овие аналитички согледувања треба да послужат за фокусирање на мерките на социјалната политика спрема семејствата со деца на училиштна возраст, во превентивни и стимулативни цели.

**Клучни зборови:** ученичка младина, социјална положба,општествен статус, адолесцентна возраст.

not allow them to meet their essential existential requirements which are of crucial importance for their psychophysical development. The results derived from these analytical considerations are aimed at focusing the social policy measures on families with school age children for the purposes of attaining preventive and stimulating objectives.

**Key words:** student's youth, social position, social status, adolescent age.

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Оцената за состојбите, проблемите и потребите на учениците во Република Македонија, тргнува од многу познатата реалност дека се работи за млади личности на адолесцентна возраст, кои се во фаза на созревање и формирање на воспитна матрица за позитивно дејствување во секој правец.

Во суштина се работи за биопсихички, социјално и емоционално недоволно созреани личности, кои не можат да ги сообразат своите желби и однесување со важечките општествени норми, меѓу другото и поради се уште неоформениот систем на вредности. Оттаму, тие не се способни да оценат што е добро, а што лошо, недоволно ги познаваат нормите и не знаат што е дозволено морално однесување. Темпото на живот,исто така, несигурноста и неизвесноста кај младиот на таа возраст се повеЌе го зајакнува уверувањето дека потребите треба брзо и адекватно да се задоволат по секоја цена, без одлагање на задоволството, што ја слабее неговата одговорност во правна и морална смисла.

Спротивно на ова, современото македонско општество не и нуди на младата личност поголеми шанси за иднината,за позитивна идентификација и самореализација, па оттаму за голем број малолетници деструктивните поведенија стануваат и единствено можниот пат за реализирање на нивните цели. Меѓутоа, во ситуација кога општеството е во транзиција, односно реформски промени и кога постои расчекор помеѓу идеалите и реалноста, младиот човек е се повеќе отуѓен и со чувство на морална празнина.

# ИСТРАЖУВАЧКИ СОГЛЕДУВАЊА

## 1. Реализирање на истражувањето

Со цел подлабински да се навлезе во претходно наведените прашања на целната група млади кај нас, во истражувачкиот зафат беше спроведена анкета со вкупно 107 ученици од неколку средни училишта меѓу кои :

- 56 од Економското училиште «Арсени Јовков»од Скопје, со паралелки на македонски и албански наставен јазик;
- 27 ученици од гимназијата «Ќирил Пејчиновиќ» од Тетово, исто така со двојазични паралелки; и
- 24 ученици од гимназијата «Добри Даскалот» од Кавадарци, со паралелки само на македонски наставен јазик.

Половата структура на групата се состои од 74(69,2%) машки и 33(30,8) од женски пол, а според националноста 63(58,9)се Македонци, 43(40,2) Албанци, а само 1(0,9) ученик е Ром.

Возрасната структура на оваа група средношколци е од 15- 18 години: 25(23,4) се ученици во втори клас, 40(37,4)во трети клас и 42(39,3)во четврти клас.

Поголемиот дел од нив имаат постојано место на живеење во град 82(76,6) а 25(23,4) во село.

Исто така користени беа и податоци од СОС телефоните за млади од НВО каде што се отворени такви линии и нивните сознанија за проблемите на оваа популациона група во Република Македонија.

## 2. Влијанието на образованието кај ученичката младина

При конципирањето на прашалникот го имавме предвид значењето на училиштето за развојот на детската личност,средина значајна колку и семејството.Задача на училиштето е секој ученик да се научи на работа, на создавање ред и дисциплина, на одговорност и преземање на обврски што ја сочинуваат воспитната дејност.Но,за жал, оваа дејност секогаш не се остварува успешно, согласно со очекувањата.Во таквите случаи,училиштната средина наместо како превентивен фактор, се јавува како фактор на насилно однесување на поголем број ученици.

Со оглед на тоа што анкетираната група се се уште ученици, може да се зборува само за нивниот однос и заинтересираноста за учење. Во врска со ова им го поставивме прашањето „**Каков успех имаше во последната година”**, на кое ги добивме следните одговори:

**Таб. бр. 1.** Учениците според успехот

| | **Успех** | **Број** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1 | Слаб | 1 | 0.9 |
| 2 | Доволен | 5 | 4.7 |
| 3 | Добар | 11 | 10.3 |
| 4 | Мн. добар | 34 | 31.8 |
| 5 | Одличен | 54 | 50.5 |
| 6 | Без одговор | 2 | 1.9 |
| | Вкупно | 107 | 100.00 |

Изнесените податоци недвосмислено гонаметнуваат заклучокот дека околу 90% од учениците имаат солиден успех, а дури половината од нив се одлични. Во прилог на оваа констатација е и податокот дека само двајца имаат повторувано. Ако се работи за објективност во одговорите,имајки ја предвид нивната возраст и желбата за самодокажување,ќе констатираме дека најголемиот дел од овие средношколци се заинтересирани да постигнат подобар успех. Ова и поради фактот што определбата за гимназиско образование, па и за економската и правната струка, значи продолжување со студии за определената струка, а при запишувањето на факултет постигнатиот успех од средното училиште има значење при формирање на бодовната листа на ученикот.

Мотивираноста за стекнување на соодветно образование кај овие генерации млади, претпоставуваме дека е согледана како убедување дека преставува единствениот излез од економската несигурност и сиромаштијата. Покрај тоа, нашата младина на оваа возраст е исто така информирана за потребата од образован кадар за новите технолошки процеси и компјутерската технологија.

Исто така, во ориентацијата кон повисок степен на образование, значаен поттик на децата им даваат нивните родители, па дури и оние без образование. Транзицијата во Република Македонија покажа дека без работа најпрво останаа работниците без образование и квалификација, но и барањето излез на младите надвор од државата бара високо образование и професии кои одговараат на пазарната економија и информатичкото општество.Оваа позитивност оди во прилог на ненаследување на образовното ниво на нискообразованите родители од страна на нивните деца. За жал, практиката покажува дека многу работи се и поинакви. Имено, денес со сигурност може да се тврди дека се уште постои наследување на социјалното ниво на родителите и наследување на нивното образовно ниво. Децата на општите работници и со најнизок степен на образование,односно на сиромашните родители, се принудени да се запишуваат во училиштата за занимања со покус рок на образование(тригодишни),со цел побрзо да дојдат до егзистенција и до подобрување на економската положба на нивните семејства.

Наспроти нив, децата на родителите кои припаѓаат на т.н. општествена елита, речиси редовно изнајдуваат можности да се стекнат со високо образование.Поради тоа, може да се констатира дека не постојат еднакви шанси за сите деца за вклучување во општествениот живот и стекнување на добар социјален статус.Во таа смисла и подобностите за бесплатно образование, стипендиите,студентските кредити и слободниот упис на факултетите, чија цел е изедначување на шансите за образование на сите млади, во целост не ги постигнуваат саканите очекувања.Овие состојби исто така покажуваат дека најсиромашните ученици не можат да ги остварат уставнте права за еднакви услови и можности за образование на сите. Тоа се согледува преку скапите учебници и други помагала и давачки за услуги во средното образование. Меѓутоа,во периодот на транзицијата, и поранешните средни слоеви од населението не се во состојба да ги поднесат трошоците за образование на нивните деца, за што говори и податокот дека во продолжената транзиција кај нас имаме забрзана надолна социјална подвижност на над 80%од населението.[1]

### 3. Семејното воспитување на средношколската младина

Големата важност на семејството, како основна референтна група кај формирањето на младата личност, ја прави неопходна потребата од согледување на околностите кои го овозможуваат или попречуваат неговото хармонично функционирање. Ова и поради карактерот на природните односи и силните емоционални врски меѓу родителите и децата во него.Но, непобитен е фактот дека современото семејство денес повеќе од било кога остварува поголемо влијание на родителите врз севкупниот развиток и формирање на децата во која и да е област од животот.

Податоците за семејната структура на овие ученици според ои 97,2% од нив живеат во комплетни семејства т.е. со двата родитела, даваат позитивна вредност на условите за нивниот развој. Половината од групата испитаници живеат во четиричлени семејства, кои се состојат од двајцата родители и две деца, што се совпаѓа со семејниот состав на денешното македонско општество. Значи анкетата покажа дека овие ученици растат со уште еден брат или сестра, и со потребното внимание и задоволства, а родителите им се пример на идентификација.

Живеење во проширени семејства со поголем број на деца, е подеднакво карактеристично за анкетираните ученици од албанските семејства од градот и од селските средини. Имено, во составот на овие семејства најбројни (28.0%) се петочлените,а во приближно ист процент се семејствата со четири члена(23.3% до 25.6%). Меѓутоа, кај оваа етничка група не е занемарлив и бројот на ученици(16.3%) од семејства со по седум и повеќе члена.Кај нив побројни (14.0%)се семејствата со по три и четири деца, каде можностите за

1 Социо-економската структура и проблеми на населението во Република Македонија, истражување на ИСППИ,група автори, Скопје, 2001, стр.51

посветување на соодветно внимание и пружање задоволства се многу помали поради немање на доволно средства, време и ангажираност од родителите. Во овие семејства се уште е задржан патријархалниот модел на живеење, со авторитарност на постарите. Тоа во одредена мера го намалува квалитетот на потребното внимание на родителите кон децата. Тука воспитувањето се движи во рамките на старата генерациска матрица:послушност и исполнителност на младите и недоволнен слух на средината за потребите на младите што ги носи модерното време.

### 4. Социјално-економската положба на младите на средношколска возраст

Социјалните кризи во економската сфера што ја погодија Република Македонија во изминатата еднаипол деценија на транзицијата, предизвикаа значајни промени во егзистенцијалната положба на населението, што значајно се одрази и на животот на младите генерации.Тие беа проследени со невработеност, мали и нередовни плати, низок износ на социјалната помош и другите примања врз основа на социјалниот статус на семејството и намалување на квалитетот на исхраната.Покрај тоа, уште помалку може да се одделува за облека,обувки, џепарлак за излегување и разонода, на што особено се ранливи младите, бидејќи се чувствуваат инфериорно меѓу врсниците и другарите. За овие негативни случувања, кои резултираа со загрозување на личната потрошувачка на младите им поставивме неколку прашања на учениците, со цел да се видат нивните размислувања за истите.Едно од прашањата беше за материјалната положба на нивното семејство, и на што ги добивме следните одговори:

**Таб. бр. 2.** Материјалната положба на семејството

| | **Одговори** | **Број на ученици** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1. | Многу богато семејство | 1 | 0.9 |
| 2. | Богато семејство | 13 | 12.1 |
| 3. | Просечно,како повеќето семејства | 88 | 82.2 |
| 4. | Сиромашно семејство | 4 | 3.7 |
| 5. | Не може да процени | 1 | 0.9 |
| | Вкупно | | |

Добиените податоци покажуваат дека оваа целна група млади, објективно ја оценува материјалната положба на нивните семејства.Тие сметаат дека таа е иста со социјалната положба на поголемиот дел од населението во Република Македонија. Тука може да се забележи на објективноста во одговорите на 12.1% од анкетираните,кои ценат дека нивните семејства се богати,

сакајки со тоа да дадат подобра слика за својот статус пред своите соученици, отколку да се стават во просечните, а најмалку во сиромашните.Одговорите на ова прашање, гледано од агол на националната припадност, покажаа дека учениците од албанска националност се прикажаа во категоријата богати (28.0%) и просечни(70.0%), а учениците Македонци главно како просечни(90.5%) и мал процент сиромашни(4.8%). Одредена разлика на личниот став кон ова прашање може да се регистрира и кај учениците кои живеат на село: кај нив нема сиромашни, а дури секој четврти е богат. Исто така не знаеме дали е реална оцената на децата од трочлените(25.0%) и четиричлените(75.0%) семејства дека се сиромашни, а повеќечлените се просечни и богати.

Пореална претстава за материјалниот статус на децата на училиштна возраст кај просечните семејства во Република Македонија добивме преку одговорите на прашањето **"Од што се издржува нивното семејство",** кои и претставуваме во следниот преглед:

**Таб. бр. 3.** Извори на приходи на семејството

| | **Одговори** | **Број** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1. | Работат двајцата родители | 40 | 37.4 |
| 2. | Работи само таткото | 41 | 38.3 |
| 3 | Работи само мајката | 6 | 5.6 |
| 4. | Работи друг член од семејството | 2 | 1.9 |
| 5. | Од пензија на постарите членови | 1 | 0.9 |
| 6. | Од социјална помош | 3 | 2.8 |
| 7. | Од помош за невработеност | 1 | 0.9 |
| 8. | Од земјоделство | 1 | 0.9 |
| 9. | Од семеен бизнис | 9 | 8.4 |
| 10. | Без приходи | 1 | 0.9 |
| 11. | Без одговор | 2 | 1.9 |
| | Вкупно | 107 | 100.00 |

Од показателите дека на секој трет ученик работат и двата родитела,а на 44.0% работи само еден, најчесто таткото, можеме да констатираме дека најголемиот дел семејства од оваа група ученици имаат постојани примања. Претпоставуваме дека учениците кои се изјаснија дека имаат семеен бизнис, се оние кои одговорија дека се од богати семејства. Нивниот број е сосема мал, за разлика од најголемиот број ученици кои имаат просечен и низок животен стандард.

За структурата на основната потрошувачка на овие ученици ги добивме следните податоци:

**Таб. бр. 4.** Кои потреби можат да ги обезбедат

| | Одговори | Број | % |
|---|---|---|---|
| 1 | Појадок | 74 | 69.2 |
| 2 | Книги и училиштен прибор | 21 | 19.6 |
| 3 | Облека и обувки | 6 | 5.6 |
| 4 | Излегување во диско | 4 | 3.7 |
| 5 | Без одговор | 2 | 1.9 |
| | Вкупно | 107 | 100.00 |

Евидентно е дека, од оваа група ученици најмногу, (2/3)поредовно можат да си купат појадок, а на второ место е купување на книги и училиштен прибор кој е достапен само за секој петти ученик. За купување на облека и обувки речиси сите немаат можност, а диско клуб или кафуле не посетуваат поради неможноста да платат.Исто така, според анализата на одговорите на ова прашање, децата од семејствата кои користат социјална помош од државата не задоволуваат ниту една од наведените потреби. Во контекст на ова, повеќе истражувања спроведени во ИСППИ покажаа дека овие семејства не се во можност да ја задоволат потребата ниту за основната храна, со оглед на тоа што немаат други приходи[2]. Ова покажува дека младите испитаници од целната група немаат свој џепарлак, ниту парична можност да ги задоволат основните потреби, а тоа ги фрустрира во нивната тинејџерска возраст. Иако истите нивната положба ја имаат прифатено како реалност, а образованието како своја задача,не може да се исклучи фактот дека материјалниот ризик на недостаток од она што им треба, нема да ги однесе во деликвентно поведение за стекнување на пари за лични задоволства.

### *5.* Социјалните комуникации на учениците

Познато е, дека од начините на кои детето се воспитува и ги усвојува општествените норми, ја стекнува во животот основната доверба во луѓето околу себе. Во тој контекст од овие услови во голем дел ќе зависи дали кај младата личност ќе преовладува надеж, оптимизам, волја или непријателски став кон другите и околината.Така, на пример,позитивните особини како што се довербата, љубовта и другарството, доколку се научат во детството,најверојатно ќе израснат во квалитетни способности и изграден став за социјалните контакти на личноста.

За односот кон другарите и контактите со нив ги добивме следните податоци:

2 Љ.Чонева, Социјалните проблеми во контекст на сиромаштијата во Република Македонија, во книгата"Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино надминување"Фондација Фридрих Еберт, Скопје, стр. 52

**Таб. бр. 5.** Со кои другари најчесто се дружат

| | **Одговори** | **Број** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1. | Со другари од училиштето-врсници | 42 | 39.3 |
| 2. | Со другари од соседството | 18 | 16.8 |
| 3. | Од училиштето и соседството | 40 | 37.4 |
| 4. | Од други делови на градот | 3 | 2.8 |
| 5. | Нема постојани другари | 2 | 1.9 |
| 6. | Почесто е сам/а | 1 | 0.9 |
| 7. | Без одговор | 1 | 0.9 |
| | Вкупно | 107 | 100.0 |

Според презентираните податоци, 68.2% од анкетираните ученици имаат другари и од училиштето и од соседството, што покажува дека се дружељубиви и истите ги избираат без никаков интерес.Оваа особина ја покажуваат и преку блискост и со роднини, покрај со членовите од семејството.

Социјалните контакти на овие ученици се насочени и кон членување во формални организации од спортски, хуманитарен, културно- забавен и верски карактер, како и во политички партии. Тоа може да се види и од следниот табеларен преглед:

**Таб. бр. 6.** Членување на учениците во организации

| | **Вид на организација** | **Број** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1. | Спортска | 20 | 18.7 |
| 2. | Хуманитарна | 7 | 6.5 |
| 3. | Верска | 6 | 5.6 |
| 4. | Културно-уметничка | 8 | 7.5 |
| 5. | Невладина | 11 | 10.3 |
| 6. | Политичка партија | 8 | 7.5 |
| 7. | Не членува | 45 | 42.1 |
| 8. | Без одговор | 2 | 1.9 |
| | Вкупно | 107 | 100.0 |

Членувањето на учениците во наведените организации има позитивно значење за нив, бидејќи произлегува од потребата за културно издигнување и рекреативни и интелектуални задоволства на современиот човек, кои како вредности се учат уште во детството. Наспроти тоа е тврдењето, дека оние млади кои не го ценат и прифаЌаат дружењето во организирани групи,

се повлекуваат во себе и не ретко се прифатени од другари со сомнително поведение. Поради тоа, детето во школскиот период, покрај семејството и училиштето, има потреба и од контакти со други луѓе од средината, кои можат да придонесат за неговиот здрав психо-физички развој и интерес за повеќе области од општествениот живот.

***6.* Ставот на учениците за однесувањето на младите**

Комплексноста на воспитувањето на младите и големата важност на срединските фактори во тој процес, ја наметнува потребата од согледување на сите појави што го отежнуват или попречуваат тој процес, бидејки тие директно или индиректно се одразуваат врз напредокот и општественото формирање на младите.

Второто ниво на истражувањето на положбата на ученичката младина во Република Македонија го насочивме на размислувањата на учениците за насилничкото однесување кое денес не е ретка појава, особено меѓу учениците во средите училишта.

Значајно е дека актуелните неповолни состојби што ги предизвика транзицијата во Р Македонија се наоѓаат во тесна врска со многуте форми на деструктивно однесување кај популацијата на тинејџерска возраст. Тука треба да се има предвид и фактот дека се работи за био-физички,интелектуално и социјално несозреани личности, кои емоционално-нагонското во себе често пати не се способни да го контролираат и насочуваат, во согласност со владејачките норми во општеството.

Однесување на младите со негативни карактеристики од различен вид, ги следат зголемена толеранција на општеството и намалените можности на неговите институции (полицијата, социјалните служби и училиштата) на соодветен начин да реагираат на причините и последиците на овие појави.Исто така, ваквите состојби се должат главно на ограничените можности за задоволување на многубројните потреби и кризата на општествените вредности кај овие генерации, кои ги поместуваат границите на толеранција. Тоа повратно го поттикнува девијантното однесување, особено кај младите, што во многу случаи станува се поширена појава со долгорочни и несогледливи последици.

За овие проблеми сакавме да го согледаме и мислењето на анкетираните ученици преку прашањето: »**Кои деструктивни однесувања најчести ги загрижуваат?”**

**Таб. бр. 7.** Облици на деструктивно однесување на ученичката младина

| | **Вид на деструктивно однесување** | **Број** | **%** |
|---|---|---|---|
| 1. | Употрба на алкохол | 50 | 46.7 |
| 2. | Употреба на дрога | 45 | 42.1 |
| 3. | Бегање од часови | 2 | 1.9 |
| 4. | Тепачки во кафулиња и диско | 1 | 0.9 |
| 5. | Тепачки во градските автобуси | 1 | 0.9 |
| 6. | Тепачки меѓу групи во училиштето | 1 | 0.9 |
| 7. | Носење на пиштол нож и друго оружје | 5 | 4.7 |
| 8. | Без одговор | 2 | 1.9 |
| | Вкупно | 107 | 100.0 |

Речиси 90.0% од анкетираните ученици и од машкиот и од женскиот пол, за најсериозни деструктивни однесувања на својата генерација ги сметаат земањето на алкохол и дрога.Присуството на другите од наведените однесувања, според нив, е помало, а спред некои дури и безначајно, освен носењето на пиштол, нож и друго оружје за 5.0% ученици.

Од аспект на националната припадност на анкетираните, се констатира дека учениците од сите етнички групи имаат идентичен став за штетноста на алкохолот и дрогата.Притоа, треба да се забележи дека децата од македонска националност (7.9%) како опасно го сметаат исто така и носењето на пиштол, нож и друго оружје, што учениците Албанци не го согледуваат како опасност.

## 7. Проблемите на младите согледани од Невладините организации

По осамостојувањето на Република Македонија или поточно од последната деценија на минатиот век, невладините организации остваруваат проектни активности за проблемите што ги оптоваруваат младите луѓе.Овие потфати, иако се со доста скромни можности,се цени дека се доста корисни, бидејки нивното вклучување е во функција на сензибилирање и пореално оценување на истите. Покрај тоа, некои од овие организации имаат отворено и С.О.С. телефонска линија за млади, со цел младите да можат да ги искажат своите проблеми и да добијат совети за нивно надминување.Меѓу таквите НВО се Сојузот на организации на жени на Македонија и Првата детска амбасада- Меѓаши. СОС -линијата е отворена за сите возрасни групи. Најфрекфрентни соговорници, според волонтерите на овие телефони, се адолесцентите, посебно од женски пол.

Според согледувањето на овие организации, младите се отвораат во комуникацијата со нивните волонтери и од нив очекуваат најмногу поддршка за она што сакаат да го остварат.

Од контактите со младите и помошта која е барана притоа, сметаат дека младите се соочени со поголем број психолошки, социолошки, педагошки и други проблеми, како што се отуѓеноста и чувството на безнадежност.Покрај тоа тие забележуваат, дека во последниве години загрижува зголемениот степен на агресивно однесување меѓу младите,што не ретко се изродува во разни форми на насилство.

Загрижувачки проблем кај училиштната младина, според невладините организации е и точењето на алкохол во кафулињата на деца под 18 години, иако за тоа постои законска забрана која не се почитува од сопствениците на овие угостителски објекти.Опасноста од оваа појава за младите на тинејџерска возраст е создавањето на навика за пиење и зависност од алкохол.

Еден од проблемите кај оваа популациска група е поврзан со формирањето создавањето на сопствениот идентитет, кои младите не ретко «го решаваат» со приклучување кон некоја група на врсници со асоцијални поведенија. Во ваквите групи почесто се употребуваат најразлични психоактивни супстанции, а цигарите се неодминливо задоволство. Зависностите од наведените задоволства носат дополнително компликување на проблемите за чие разрешување е потребен посебен третман, па дури и подолго лечење, сметаат активистите од овие НВО.

Во соочувањето, пак, со семејните и финансиските проблеми, според нив, поради неповолниот статус младите денес често имаат инфериорно чувство, незадоволни се од целокупниот општествен систем, а некои дури се соочуваат со депресивни кризи. Токму поради тоа, често се јавуваат на СОС- линиите, а кога ќе одлучат да побараат помош разговараат во строга доверба и настојуваат да останат анонимни .

Значајно е да се забележи дека во последниве во однос на првите години на отворањето на СОС телефонот за деца и млади, бројот на повиците и разговорите е намален (сега изнесува 414, за разлика од почетоците во 1995-1996 година кога изнесувал преку 3000) .

«Младите збунети и без искуство, како и без соодветен пријателски соговорник, ни се обраќаат со цел со нас да ги поделат своите љубовни проблеми (прва симпатија, вљубеност, интимни односи, несакана бременост и заштита, разочарувања, неверства, напуштеност и сл)».- вели една волонтерка на СОС-телефонот. Таа објаснува дека најчесто се јавуваат млади на тинејџерска возраст на кои за своите интимни проблеми полесно им е да поразговараат со анонимно лице. Самиот факт што решиле да се јават на овој телефон зборува за постоење на некој емотивен вакум во семејството, училиштето или партнерскиот однос. Сметаме дека кога овие млади би ги решавале своите проблеми на вистинското место, СОС повиците ќе станат многу поретки. Но, за жал се случува спротивното. Имено, факт е дека опаѓа квалитетот на емотивните

контакти на младите со средината во којашто живеат ( дом, училиште, работа, група на врсници).

Според стручњаците по медицинска психологија, очекувањата на децата од СОС волонтерот се дифузни и непрецизни. Тие не бараат совет, почесто бараат спасител. Овој телефон го доживуваат како “надродител”, односно како нешто што треба да влијае на нивните родители и да ги промени.

«Се јавив на СОС телефонот за да се информирам дали е можно да забременам ако со својот дечко имам односи во неплодни денови. Прво ми беше тешко да се отворам и да им кажам дека со него имав односи без да користам презерватив, но пријатниот глас од другата страна на линијата ме опушти и тогаш раскажав се. Ме советуваа да направам тест за бременост. Благодарна сум им што ми помогнаа да не се измачувам со лоши мисли», вели една средношколка.

Едно момче на иста возраст побарало совет од СОС телефонот во момент кога било во криза и се чувствувало депресивно: «Се повеќе почнав да се повлекувам во себе и да се оддалечувам од моите пријатели. Волонтерите што работат таму многу ми помогнаа, бидејки ги доживеав како добра комбинација на најдобар пријател и психолог. Ме насочуваа спонтано да си го најдам решението на мојот проблем».

Стручните лица кои им помагаат на овие организации сметаат дека училиштето, родителите и врсниците, односно општествените механизми, треба да поседуваат модел според кој ќе се воспитува младата популација. Западните општества со поголемо искуство за овие прашања, енергијата на младите ја насочуваат кон разни форми на креативност,спортување, музика, извидништво, планинарење. Факт е дека и ние го имаме тој механизам, односно модел, само треба поинтензивно да го примениме со опфат на многу поголем дел од младата популација, објаснуваат тие. Според нив, проблемите што ги засегнуваат младите во суштина се проблеми на државата, а нивното решавање им ја олеснува позицијата на младите во општеството. Со оглед на тоа што станува збор за популациска група која е малолетна и со се уште незавршен психофизички развој, одговорот на овие проблеми првенствено треба да се бара кај родителите, училиштето и надлежните институци. Воспитувањето, секако, преставува многу сложен процес, кј треба да биде подобро организиран од она што е денес, за да создаде основа за здрав и без проблеми  напредок на нашата млада популација.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесеното, генерално може да се оцени дека во постојните услови на македонското општество, ученичката младина се соочува со повеќе проблеми од современото живеење и со нагласен товар и своевиден притисок д неповолните прилики на таканаречената транзиција.

Многубројните односи коишто се воспоставуваат меѓу субјектите кои се носители на социјално-општествената положба на учениците во Република Македонија (училиштето, семејството, институциите и други)претставуваат една од најзначајните, а воедно и најсложените сфери од значење за здравиот психички и социјален развој на нашите млади генерации. Во овој контекст, се покажа дека семејството во постојните услови кај нас, се уште го држи приматот на поголемиот дел од овие функции за децата.Тие во него, покрај основните егзистенцијални потреби, ги добиваат и основните примери за своето воспитување и однесување и надвор од семејството, во општеството. Меѓутоа, со право тука се поставува прашање: во која мера семејството може да ја извршува двојната улога- хармонично и адекватно влијание и пружање на потребна заштита на своите млади членови.

Стратешката цел за подобрување на положбата на школската младина во Република Македонијана наметнува потреба за конзистентни мерки на социјалната политика за пораст на економскиот и социјалниот развој и создавање на солидна институционална структура за следење на состојбите кај овој сегмент од популацијата во Република Македонија.

Литература


1. Чонева Љубица: Социјалните проблеми во контекст на сиромаштијата во Р. Македонија, Зборник, «Тенденциите на сиромаштијата и можностите за нејзино намалување», Фридрих Еберт - Скопје, 2001
2. Социо- економска структура и проблеми на населението во Република Македонија, студија, ИСППИ, Скопје, 2001
3. Малолетничкиот криминалитет во транзицијата во Република Македонија, студија, ИСППИ,Скопје, 2007
4. Heinrich Hans- Georg, Institution Building in the New Democracies: Studies in post-Commuism, Budapest 1999
5. Young Brigitte, Discipliary Neoliberalizm in the European Union and Gender Politics, New Political Economy, vol. 5. No.1, 2000
6. Gal Susan and Kligman Gail, The Politics of Gender After Socialism, Princeton University Press, Princeton, New Jersey, 2000
7. Beck, U. Risikogselschaft, Auf dem Weg in eine andere Moderne, Frankfurt/M: Suhrkamp, 2001

Социјална политика, Социјално право
Social Policy, Social Law

UDK/UDC 304(497.7)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Мирјана Сланинка -Динева*

*Mirjana Slaninka-Dineva, Ph.D.*

# СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО РАМКИТЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# THE SOCIAL POLICY WITHIN THE FRAMEWORK OF THE CONTEMPORARY LEGAL SYSTEM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

РЕЗИМЕ

Авторката се залага за проучување на поврзаноста на социјалната политика со социјалното право и другите гранки на правото, бидејќи таа релација има поново историско потекло и не е доволно научноистражувачки третирана.

Со појавата на концептот за преобразување на јавното право во системот на јавните служби (дејности) кој се базира на највисоката социјална норма во која преовладува солидарноста, се наметна потреба, покрај социјалната политика и социјалната заштита (како теорија и практика) да се конституира една сосема нова

SUMMARY

The authoress stands for study of the interrelatedness of the social policy and the social law and the other branches of law since this relation is of more recent historical origin and has not been researched sufficiently.

With the occurrence of the concept of transformation of the public law into the public services system which is based on the highest social norm in which solidarity prevails, the requirement of establishing a completely new branch of law both in theory and practice, i.e. the social law was imposed, in addition to social policy and social protection. Elements of economic,

гранка на правото- социјално право - во која се испреплетуваат елементите на економскиот, политичкиот и социјалниот систем (со имплементирани норми на меѓународното и европското социјално право).

**Клучни зборови:** социјална држава; социјално право; социјална политика; социјална заштита; социјална потреба.

political and social system (with implemented norms of both the international and European social law) are intertwined in his new branch of law.

**Key words:** social state, social law, social policy, social protection, social requirement.

## ВОВЕД

Генерално гледано, неспорен факт е дека постои поврзаност на социјалната политика со правото. Таа е различно димензионирана и се однесува на следните аспекти (одделно за двата феномена): на теорискиот аспект, на нормативно- институционалниот аспект и на социјално-политичкиот аспект. Поврзаноста на двата феномена (на социјалната политика со правото) изобилува со различни материјалноправни и формалноправни содржини, како и со други премиси (религиозни, обичајни, политички, идеолошки). Испреплетеноста на социјалната политика со правото доаѓа до израз при воспоставувањето на соодветни врски на двата феномена каде што е тоа присутно, со одредени јавноправни и приватноправни субјекти (државата, власта, корисниците, социјалните партнери во областа на капиталот и трудот итн.).

Кога се расправа за поврзаноста на социјалната политика со правото, треба да се има предвид дека се работи за две различни категории (т.е. за социјалната политика и за правото), кои имаат сопствени дефиниции (теориски и емпириски), но и различно историско минато.

За разлика од социјалната политика, правото како феномен има исклучително долга традиција. Теолошкото учење за правото потекнува од античките држави, додека теоријата за социјалните функции настанала кон крајот на XIX век (во рамките на буржоаските држави) кога на политичката сцена се појавува слободниот граѓанин, кој има определени социјални права, кои најчесто произлегуваат од работниот однос.

Според Солидаристичката школа, (или учењето за социјалните функции на државата),чиј основач е Леон Диги, правната теорија и практика се

сфаќаат како израз на највисоката социјална норма која произлегла од социјалната солидарност. Всушност, тоа правно учење претставува зародиш на идејата за социјалната држава.

Современиот концепт на социјалната држава (како титулар на социјалните функции на сите модерни западноевропски држави), од крајот на 20-тиот век, запаѓа во криза, односно се губи под притисокот на новите економии засновани врз принципите на глобализацијата и на информатичкото општество. Концептот на социјалната држава се преобразува согласно со постулатите на моделот пазарно- социјално стопанство.

Според еволуцијата на правото, чиј главен протагонист е Александар Кожев, правото не се сфаќа строго нормативистички, туку тоа се испреплетува со различни елементи, меѓу кои најглавни се: економските, социјалните и политичките.

Социјалната политика како теорија и вештина се повеќе е присутна во правото. Таа е основа за конституирањето на социјалното право како нова гранка на правото, која се повеќе ги санкционира социјалноправните односи кои претставуваат основа за остварувањето на социјалната заштита на различни делови на популацијата.

## 1. СОЦИЈАЛНИТЕ ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА И ПРАВОТО

Постојат бројни правни школи, посебно од минатиот век, коишто со различна широчина го третирале проблемот на поврзаноста на социјалната политика со правото. Овојпат, анализата ќе се фокусира само на сфаќањата на двајца автори кои дејствувале во Франција, која во научните кругови се третира како “лулка на јавните служби”.

За прв пат во историјата на правните учења, Леон Диги, францускиот јурист почнал да расправа за преобразување на јавното право во право на јавните служби. Се чини дека таквиот однос на Диги кон правото се должи, пред се,на растежот на функциите што државата ги презема од капиталистите (од граѓанското право и дел од социјалното осигурување на наемните работници), кон крајот на XIX век, кога и се бришат границите меѓу јавното и приватното право (традиционална поделба којашто постоела уште во Римското право). Од тој период па натаму, и правото се дефинира на поинаков начин.

Имено, творецот на солидаристичката теорија, Леон Диги (Duguit, 1929,1997) правел разлика меѓу јавното и приватното право во следнава смисла:”јавното право е збир на правилата коишто се поставуваат во врска со уредувањето и извршувањето на јавните служби”. Според него, секој закон се донесува со цел да се уреди и обезбеди извршувањето на голем број на јавни служби. Секој закон е, пред се, закон за една јавна служба”. Се чини дека овој принцип е општовачечки во правната технологија кај нас, ценејќи ја ситуацијата во легислативата денес, па и порано (во периодот од пред половина век).

Според Диги, системот на јавното право еволуира во системот на јавните служби. Исто така, авторот смета дека модерното јавно право треба да се сфати на реалистички и на социјалистички начин. Тој смета дека законот не претставува заповед на државата, туку статут на една служба или група.

За правната еволуција и неговата се поголема универзализација и растечката унификација и хомогеност прв од филозофите и антрополозите расправаше Александар Кожев во книгата „Феноменологија права". Според него, (Kojeve, 1981,1984), "правото е во функција на специфичните општествени или политички интереси". Тој смета дека правото е специфично човечки феномен. Тоа претставува примена на извесната идеја на правдата врз дадените општествени судири. Правото не може да постои без општеството и не може да се актеализира во државата доколку не е државно право. Правото мора да ги усвои интересите и на општеството и на државата. За да постои правото мораат истовремено да постојат и општеството и државата. Од даденото "позитивно" право се издвојуваат неговите правни елементи, притоа запоставувајќи се што е во него морално, религиозно, политичко итн. Во правото постојат различни интереси:економски, социјално-заштитни, политички. Но, авторот Кожев смета дека е многу тешко да се "оддели" правното од политичкото законодавство. Притоа, правдата (идејата) станува право (стварност) само доколку државата,т.е. владата ја применува (преку извршната и управната власт). Инаку, Александар Кожев е прв од филозофите и антрополозите кој расправал за правната еволуција и неговата се поголема универзализација и растечка унификација и хомогеност.

Во рамките на европските држави се развил концептот на социјална држава (за време на Втората светска војна) кој во деведесеттите години на минатиот век се повеќе "запаѓа во криза".

Функциите на социјалната држава според обемот и квалитетот на услугите можат да бидат различниЧ во зависност од конкретната социјална политика и социјалната заштита кои се водат на различни нивоа, а со нив се опфатени различни категории на населението, односно граѓаните.

Социјалната држава како социјално-правен концепт од крајот на 20-тиот век западнал во "криза", бидејќи неговите принципи се под притисок на економската криза, но и на соодветните политички настани, симболично кажано "со уривањето на Берлинскиот ѕид", кога всушност и започна првата фаза на создавањето на иновираниот модел на социјална држава- моделот на "социјално-пазарно".

Според анализираните сфаќања, кои и денес имаат своја вредност, се гледа дека правото не претставува теократска творба, ниту пак се сфаќа како "чисто право", односно дека тоа содржи извесни премиси на обичаите, политиката, религијата и слично.

Ценејќи ги постулатите на анализираните правни школи (преку правната еволуција) не треба да се запостави нивната емпириска примена, која доаѓа до израз во следните концепти:1. во концептот на правната држава,којшто

е најмалку развиен во доменот на јавната управа;2.во концептот на социјалната држава, којшто е "во криза"; и, 3.во концептот на "правно-политичкото законодавство"(којшто најчесто се јавува во случај на социјално-регулаторна функција на правото, како израз на соодветен компромис на страните во економскиот систем).

Конкретно, при реализацијата на концептот на правната држава (нејзината примена) најмногу доаѓа до израз самоволието на јавната управа.

Со кодификацијата на општата управна постапка и со воведувањето на управно-судската заштита во рамките на управното судство (се мисли на Република Македонија) делумно ќе се намали тоа самоволие, што впрочем го има насекаде, а најмногу во државите на транзиција на сите нивоа (централно и локално).

Кај нас не е јасно дефинирано што се се опфаќа со поимот "социјална држава", па затоа ќе се послужиме со дефиницијата на германскиот автор д-р Еберхард Бек, кој се занимава со овој проблем и од аспект на синдикалното движење.

Всушност, авторот (Beck,1998),социјалната држава ја дефинира како "компромис на полето на напнатоста помеѓу трудот, капиталот и државното дејствување, односно таа е социјално регулираниот капитализам".

Тој смета дека постојат неколку столбови на социјалната држава, а тоа се: материјалното обезбедување на секојдневието, здравстваната заштита и сигурноста во староста, образованието, усовршувањето, правото на работа, обезбедени станбени услови и сеопфатното право за содејство и соодлучување на сите општествени нивоа." Еберхард Бек смета дека "социјалната држава е во криза", односно дека постоењето и создавањето на социјалната држава се загрозени, најчесто поради интернационализацијата на производството и трговијата, како и со глобализацијата на финансиските пазари. Се случува социјално-државните регулативи да бидат атакирани. Овој атак секогаш има иста шема: "се скусуваат државните трошоци, платите паѓаат, се укинуваат социјалните услуги на државата.Последиците се непредвидливи:богатите се уште побогати,сиромашните стануваат се посиромашни...Секој седми Европеец веќе живее под прагот на сиромаштијата. Сопствениците на капиталот, кои сега оперираат низ целиот свет, се чуствуваат доволно силни да ја укинаат социјалната држава... Во климата на распаѓање на солидарните социјални односи започнува ограничувањето на законот".

Понатаму, авторот смета дека иднината на социјалната држава се состои во нејзината интернационализација, а во нејзиното возобновување треба да учествуваат различни субјекти и движења (не само синдикатите).

Како што видовме, социјалната држава и во рамките на државите на ЕУ е во криза, што ќе има соодветни импликации врз законодавната примена во Република Македонија.

Социјалната политика и социјалното право се категории преку кои најмногу доаѓаат до израз начелата на социјалната држава., односно преку кои се

штитат социјалните и социјално-заштитните права на поединците и нивните примарни групи.

Социјалната политика, преку нормите на социјалното и други гранки на правото, кај нас се европеизира веќе 17 години, но за жал недоволно транспарентно и со минимални ефекти во поглед на заштитата на следните категории: на работноспособно население кое е без работа, на децата,на семејствата кои немаат ниту еден вработен, и на други групи од населението.Иако постојат соодветни научноистражувачки проекти, нивните резултати недоволно се користат при градењето на соодветни стратегии кои можат да се инплементираат во социјално-правниот систем на Република Македонија.

## 2. СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО КОНТЕКСТ НА СОЦИЈАЛНО-ПРАВНИТЕ НОРМИ

Познато е дека правото на одделни држави сфатено во смисла на национално (или, т.н. домашно право) се преобразува под притисок на меѓународното, односно европското право (правото создадено од институциите на Европската унија). Оваа особено важи за државите кои се уште се во процесот на транзиција, но преферираат да станаат членки на Европската унија, како што е, на пример, Република Македонија. На примерот на државите од Средна и Источна Европа кои во 2004 година станаа членки на Европската унија, (меѓу кои спаѓа и Република Словенија како една од поранешните федерални единици на СФР Југославија), може да се согледа во кои домени беше неопходна хармонизација на националното законодавство во однос на европското законодавство.

На примерот на државите на СЕИ треба да се угледаат и државите-аспиранти за членство во евро-атланските структури, меѓу кои спаѓа и Република Македонија.

Европската унија од државите коишто правеле сопственичка трансформација во економијата бараат креирање на социјалната политика преку нормите на законодавството, преку кои треба да се преземаат и остварат следните реформи:реформа на пензискиот систем;реформа на здравствениот систем;реформа во семејните додатоци;реформа на политиката за домување;реформа на образовниот систем;реформа во политиката за вработување и за невработеноста;и,реформа во социјалната исклученост и сиромаштијата.

Кај нас е неопходно да се изврши хармонизација на правото со европското право во повеќе од 80 закони, во кои спаѓаат и законите од доменот на социјалната политика и социјалната заштита (во рамките на позитивното социјално право).При реформирањето неопходни се експлицитни програми кои ќе бидат засновани на соодветни правни правила од домашното законодавство, но под мониторингот на претставниците на ЕУ.

Всушност, со новелираното законодавство се тендира кон зацврстување на елементите на правната држава, и кон видоизменување на елементите

на социјалната држава. Притоа, правото во политиката воведува извесен ред и законитост, почитување на хиерархијата, и се јавува како самостоен политички фактор. Правото има сопствени внатрешни и технички законитости. Постојат универзални елементи на правото кои се одредени со универзалните елементи на секое поделено општество, и секоја политика, па и кога се работи за социјалната политика.

Правото е израз на политиката, на политичките односи, израз на стоко-паричните односи и на поделбата на оние кои се сопственици, кои се управувачи и на оние со кои се управува.

Познато е дека социјалната политика е од понова дата, дека се сфаќа како практична дејност, но и како наука.

Со индустријализацијата таа беше наметната како императив. Социјалната политика се сфаќа како јавна политика во која се испреплетуваат:правото, економијата, менаџментот, социологијата, итн. Таа најмногу е поврзана со социјалното право, со семејното право; со здравственото и социјалното осигурување; со образованието. Но, исто така, таа содржи елементи коишто имаат социјално-заштитен карактер.

Социјалното право како позитивно право претставува нормативна рамка од која тргнува и произлегува целокупниот систем на социјалното осигурување и социјалната заштита. Притоа, социјалното право има три значења:социјалното право како позитивно право; социјалното право како научна дисциплина; и, социјалното право како наставна дисциплина.

Социјалното право има различни аспекти во рамките на социјалната дисциплина:социолошки, психолошки и социјално-заштитни.

Социјалното право е најблиску до следните гранки на правото:трудовото право;семејното право;административното (или управното) право, и, хуманитарното право.

Генерално гледано, социјалното право ги опфаќа нормите и институциите, потоа корисниците на правата и на престациите (преку изразена волја да станат субјекти на социјалниот однос). Социјалното право е супституција за различните видови на права, како што се на пример, правото на социјална заштита, правото на пензиско и инвалидско осигурување и правото на здравствено осигурување. Во него се содржани елементи на социјалната политика, како една од посебните политики кои придонесуваат за одржување на животниот стандард. Социјалната политика, покрај конкретните социјални програми содржи и програми за едукација на кадрите.

Секој социјалноправен однос е законски нормиран и инкорпорира општоважечки принципи на националното право и на меѓународното социјално право (вклучувајќи го и европското социјално право).

Социјалното право ги инкорпорира следниве видови на социјално обезбедување: пензиско и инвалидско обезбедување; здравствено осигурување и здравствена заштита; боречка заштита; социјална заштита и детска заштита. Република Македонија како држава се јавува во улога на гарант за социјал-

ните права на граѓаните, односно во улога на социјална држава која се базира врз темелните вредности на уставниот поредок кои се прокламирани како “хуманизам, социјална правда и солидарност”. Врз овие вредности треба да се базираат социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните, посебно во нивното законско нормирање и во примената.

## 3. СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА-СОЦИЈАЛНО-ЗАШТИТНИ ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ

Бидејќи социјалната и детската заштита како јавни дејности се остваруваат во рамките на локалната заедница според делокругот на ЕЛС, при градењето на стратегиите примарно е да се тргне од основните проблеми и потреби на локалното население.Локалното население, односно жителите на општините и градот Скопје имаат лични и семејни проблеми и потреби, за кои најчесто се смета дека локалната самоуправа, но и државата, треба да им помогне во нивното разрешување и надминување. Во овој дел само накусо ќе бидат презентирани резултатите од две анкетни истражувања(со дистанца од 7 години) од кои се гледа што сметат анкетираните полнолетни жители на локалните заедници за примарно, односно како основни проблеми и потреби.

Според објавените резултати во рамките на студијата за “Функционирањето на јавните установи во Република Македонија” (2006) и од Документацијата на Проектот “Граѓаните во одлучувањето за областите од локално ниво и значење”( 2007 година), се гледа дека постојат одредени разлики, ценејќи ги тогашните и сегашните услови (степенот на безбедноста, стапката на вработеност, животниот стандард и слично).

Најпрво ќе се осврнеме на резултатите од анкетата спроведена на крајот на календарската 2007 година (25.11 - 25.12.2007 година), а потоа, добиените резултати ќе ги компарираме со анкетата што беше спроведена во 2001 година (непосредно по воениот конфликт во државата), со цел да се видат промените во однос на проблемите и потребите на локалното население. Во презентацијата на резултатите ќе биде користена само општата дистрибуција, без да се навлегува детално, според соодветни атрибути на испитуваната популација. Всушност, со таквиот пристап треба да се поттикнат компетентните научни институции и поединци да преземаат продлабочени истражувања коишто треба да бидат со интердисциплинарен пристап, а не да останат само на детекција и перцепција за проучуваните проблеми и потреби.

**Прво,** се работи за тоа, кои основни проблеми ги имаат испитаниците лично, како и заедно со нивните семејства/домаќинства.

Резултатите(според фреквентноста) се гледат од табелата 1 (со графикони).Сегашните резултати со оние од пред седум години се разликуваат по тоа што проблемот невработеност тогаш беше на трето место, а сега е на прво место (Сланинка-Динева, 2006). Според истоимената студија, на второ место како основен проблем се јавува модалитетот: ”мир, спокојство, сигурност,

стабилна држава, правна држава", за разлика од денес, кога тој модалитет е речиси на најниско ниво.

На поставеното прашање „Со кои основни проблеми вие и вашето семејство сте се сретнувале во последните неколку години?"(со можност за повеќе одговори) ги добивме следните резултати:

**Табела 1: (состојба:декември, 2007 година):**

| Основни проблеми | Жителите на Скопје | Жители-те на 13-те ЕЛС | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Невработеност | 90 | 160 | 250 |
| Мали плати | 83 | 156 | 239 |
| Сиромаштија/несоодветни семејни буџети | 87 | 156 | 243 |
| Неадекватно задоволување на јавните услуги(образование, здравство, култура, соц.зашт., одмор и рекр., детска зашт. сл.) | 28 | 65 | 93 |
| Неадекватно задоволување на комун. услуги (вода, струја, лок.пат, превоз, хигиена и сл.) | 56 | 75 | 131 |
| Незадоволство од управно-правни работи (матич.служба, катастар, даночна служ. и сл.) | 16 | 28 | 44 |
| Несоодветна еко- заштита | 26 | 38 | 64 |
| Нешто друго, што? | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 386 | 678 | 1064 |

Дијаграм I




Вкупно анкетирани се 510 респоденти (200 во Скопје и 310 во 13 ЕЛС во РМ).Извор: Документација на проектот:„Граѓаните во одлучувањето за областите од локално ниво и значење” (Анкета-07), Скопје, Институт за социолошки и политичко- правни истражувања.

**Второ.** Се работи за искажаните најакутни потреби (еден одговор во форма на т.н. отворено прашање) од страна на респодентите, што се однесуваат на нив лично и на нивните семејства/домаќинства.

Резултатите (според фреквентноста) се гледат од табелата 2 (со графикони).

На поставеното прашање„Во овој миг што Вам и на Вашето семејство Ви е најпотребно?” (отворено прашање) ги добивме следните резултати:

**Табела 2 (состојба: декември, 2007 година):**

| Акутни основни потреби | Жителите на Скопје | Жителите на 13-те ЕЛС | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Повеќе пари (плата, пензија, семеен буџет, животен стандард) | 239 | 361 | 600 |
| Вработување; подобра работа и работни услови | 101 | 167 | 268 |
| Други работи(подобри јавни услуги на локално ниво,подобра екологија, локален економ.развој, поволни кредити) | 26 | 62 | 88 |
| Потреби кои зависат од применетата политика (рамноправност,поголемо влијание на лок.самоуправа, мир, слобода, среќа и љубов) | 13 | 12 | 25 |
| Ништо не ми треба, добро е | 13 | 6 | 19 |
| Се ми е потребно (не се наведува што) | 3 | 6 | 9 |
| Не сум размислувал за тоа | 5 | 6 | 11 |
| Вкупно | 400 | 620 | 1020 |

Дијаграм II




Извор: Ибид.

Според редоследот на потребите, сегашните резултати , се разликуваат од резултатите од блиското минато (2001/02 година).

Тогаш на прво место беше модалитетот:поголем семеен буџет; на второ место:вработување (на децата и на член на семејството); на трето место:социјална сигурност; здравје; услови за нормално живеење (ибид,2006).

Значи, континуирано како "основни проблеми на поединците и нивните семејства" се јавуваат : невработеноста, недостигот на пари и сиромаштијата, а како потреби: вработување, поголем семеен буџет и поголема плата/пензија. Мошне ретко се појавуваат модалитетите како што се: "немам никакви проблеми" и "се ми е добро" (што се гледа од приложените податоци).

Несомнено дека државата како најголем социјален партнер со својата популација (иако тие не можат да бидат рамноправни), треба да се грижи (до определен степен) за својата популација. За тоа се потребни многу инструменти кои произлегуваат од позитивното право и од водењето на соодветната социјална политика, која треба да се темели на Уставот и на органските закони (на законите кои се однесуваат на јавните служби сфатени во Дигиевата смисла на зборот). Се чини дека е неопходно државата да се наврати на еден мошне значаен инструмент: на социјалната карта (во која, покрај другото, би се инкорпорирала приходната и расходната страна што ја имаат нејзините носители). Со т.н. "кошничка" може да се оценуваат само трошоците за храна, но и не за лековите и образованието, кои се повеќе паѓаат на товар на поединецот и неговото семејство/домаќинство.

Да не се толерираат договорите за работа во чија примена не се остварува правото на вработените на здравствено и пензиско осигурување. Да се активира работата на Бирото за привремено вработени лица, со цел тоа да биде контролирано од аспект на трудовата, здравствената и социјалната инспекција. Оваа посебно се однесува на категоријата "млади" (кои моментално имаат околу 40 години, а само по неколку месеци од пензиски работен стаж). Мерките на социјалната политика треба да се засновуваат врз позитивното, пред се врз социјалното право. Неопходни се потранспарентни апликативни истражувања во однос на работната сила, децата, младите, старите и инвалидизираните лица. Треба да се прави разлика во однос на положбата на населението кое живее во градски локални заедници од населението што живее на село. Потребна е интерполација на населението кое претставува т.н. "полутани" ("со една нога се во град, а со дуга на село"), бидејќи нивната социо-економска положба се разликува од другите две категории во однос на местото на живеење.

Да се утврди висината на најниската и на највисоката плата, односно пензија, со цел лицата да бидат ставени во подеднаква и порамноправна положба, посебно во староста. Сиромаштијата да добие свои објективизирани параметри.

Тоа се само некои видувања што произлегуваат од реалното, што никогаш не може да биде еднакво со правните ситуации, но треба да се тендира кон соодветно приближување.

## ЗАКЛУЧОК

Не е спорно дека современото право содржи елементи на социјалната политика. Тоа посебно доаѓа до израз во системските закони за чија примена се потребни најчесто соодветни подзаконски акти- како акти на Владата.

Дали самото постоење на правните норми без нивната адекватна примена се гаранција за социјалната сигурност и животниот стандард на граѓаните? Секако, не.

Достапноста на јавните служби кои имаат социјален карактер, посебно на локално ниво, е нов предизвик за корисниците на јавните услуги, кои не треба да се субординирани во однос на јавните служби, туку да имаат можности да бидат соодветно заштитени (освен ако не е во прашање остварувањето на пренесените надлежности од државата со кои се штити јавниот интерес на целокупната популација (на пример, во случај на епидемии и слично).

Информираноста за правата, за облиците на социјалната заштита, како и за управно-судската заштита, претставуваат новини за корисниците на Република Македонија, за разлика од државите на современа Европа. Тие новини се застапени во правото, но отсуствува нивната адекватна примена, која треба перманентно да се следи преку континуирани научни проекти со конкретни апликативни цели.

## Користена литература

1. Бек, Еберхард (1998). Тези за ситуацијата на социјалната држава во Европа. Во: Социјалната држава помеѓу концептот и практиката, стр. 99-110 (Научен собир, 30.09. 1997 г.). Скопје:Фондација Фридрих Еберт,Канцеларија Скопје, цит:106,106 (193 стр.).

2. Gitter, Wolfang (1996). Socialrecht, Munchen: Verlag C.H. Beck(s.449).

3.Диги, Леон:” Преображаји јавног права”(1928, 1997-превод), Београд: Геца Кон; Плато и Фонд за отворено друштво,цит.од стр. 34-72 (изд. 1929, стр.206).

4.Кожев, Александар:”Феноменологија права”(1981, 1984 прев.). Београд: Нолит. Службени лист СФРЈ,цит.206 .(прев. 1984, стр. 343).

5.Мирјани¢, Жељко, Сави¢, Снежана:(2003).Социјално право са основама права. Бањалука: Филозофски факултет.

6.Public Policy in Central and Eastern Europe(2003).Theories, Methods, Practices: NISPA cee.

7. Ружин, Нано (2001). Европско социјално право. Скопје: Фондација Фридрих Еберт(стр.491)

8.Сланинка-Динева, Мирјана(1991/1).Некои аспекти на социјалното право. Во: Дефектолошка теорија и практика, Скопје, стр. 125-130.

9. Сланинка-Динева, Мирјана (2006). Јавните установи во Република Македонија. Во: Функционирањето на установите на локално ниво (студија, повеќе автори). Скопје:ИСППИ(51,52-цит), стр. 1-105.

10. Социјалната положба на населението во Република Македонија(2003).Скопје:ИСППИ, Friedrich Ebert Stiftung,ЗОР (три научни собири).

11.Трајковски, Димитрија (2006/1).Примена на принципите на општата управна постапка во Република Македонија. Во:Годишник на ИСППИ. Скопје: ИСППИ,од стр. 229-236,стр.296.

12. Чонева, Љубица (2007).Социјалната политика во Република Македонија и нејзината европска концепција (стр.155-160). Во:Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ -состојби и перспективи (зборник на трудови). Скопје: ФОН (стр.357).

Криминолошка област
Kriminology

UDK/UDC 364.63-027.553(497.7) "2006"
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Виолета Чачева*

# МУЛТИФАКТОРСКАТА ДЕТЕРМИНИРАНОСТ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО[1]

АПСТРАКТ

Статијата е посветена на семејното насилство во Република Македонија. Овој општествено - негативен феномен е разгледуван од повеќе аспекти: теоретски, нормативен и емпириски. Во фокусот на статијата е мултифакторската условеност на семејното наслство која авторката ја аргументира со истражувачки сознанија од реализирано истражвање во 2006 година. Покрај искуството со семејното насилство, во статијата внимание му е посветено и на проблемот на жртвите, поточно на ин-

1 Статијата се темели на сознанијата од спроведено истражување за семејното насилство од страна на ЕСЕ, Авторот на статујата беше и раководител емпирискиот дел од истражувањето. Исражувачките сознанија се објавени: В. Чачева, Ј. Фришчиќ. С. Мишев: ЖИВОТ ВО СЕНКА, ЕСЕ, Скопје 2007, 196 стр.

*Violeta Chacheva, Ph.D.*

# THE MULTIFACTOR CONDITIONALITY OF DOMESTIC VIOLENCE[1]

ABSTRACT

This paper is devoted to the issue of domestic violence in the Republic of Macedonia. This socially adverse phenomenon is considered from several aspects such as theoretical, normative and empirical ones. The focal point of the paper is the multifactor conditionality of the domestic violence which the authoress substantiates with research findings from the conducted research in the year 2006. Apart from the domestic violence experience, the paper carefully elaborates on the issue of victims, in particular the institutional measures and

1 The paper dwells on the findings from the conducted research on domestic violence by ESE. The author of the paper was the head of the empirical part of the research. The research findings were published: V. Chacheva, J. Frishchikj, S. Mishev: ZIVOT VO SENKA (LIFE IN SHADOW), ESE, Skopje 2007, page 196

ституционалните мерко и помош на жртвите на семејното насилство чии носител е државата.

Клучни зборови: семејство, жена, насилство, патријахална матрица на оредување на односите во бракот и семејството

the assistance provided by the state to the victims of domestic violence.

**Key words**: family, woman, violence, patriarchal matrix of governing the relations in matrimony and family.

## 1. ВОВЕД

Во современите типологии за криминалитетот, семејното насилство се третира како современ облик на насилничкиот криминалитет[2]. Овој факт упатува на тоа, дека се работи за појава од понов датум, со висок степен на општествена опасност или, пак, за појава од постар датум, која во последно време добива карактеристики што значат зголемување на општествената опасност до степен да биде инкриминирана како кривично дело и категоризирана како современ облик на насилнички криминалитет. Меѓутоа, кога е во прашање семејното насилство може да се констатира следната состојба: прво,: семејното насилство го следи човекот, односно човештвото во неговото вековно постоење, и, второ, тоа не може да се поврзе само со една нација, култура, раса, вера или друго општествено обележје, што, пак, на појавата и го обезбедуваат атрибутот универзална. Наспроти на универзалноста на појавата, од една страна, стои и фактот дека во последно време не постојат сознанија кои укажуваат на значајни промени на манифестните облици и на обемот на семејното насилство.

Фактот што семејното насилство се инкриминира во последните децении преставува значаен индикатор за бавниот продор на правното регулирање на односите во бракот и семејството (се третира како приватна сфера на граѓаните во која државата не се смета за повикана да ги регулира односите), кога е во прашање насилството, како на национално, така и на меѓународно ниво.[3]

2 Љ.Арнаудовски; Криминологија, 2-ри Август – Штип, Скопје 2007, стр.328; Ignjatovik, Kriminologija, str. 264

3 Семејното насилство како кривично дело кај нас е инкриминирано во 2004 година со промените на Кривичниот законик. Од најголемо значење за справување со семејното насилство е Меѓународната конвенција за елеминирање на сите форми на дискриминација врз жените, на ОН од 1979 год. стапила на сила во 1981.

# 2. ТЕОРЕТСКИ КОНЦЕПТИ ЗА ОБЈАСНУВАЊЕ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

Објаснувањето на причинноста на семејното насилство е прашање на кое се' повеќе му се посветува внимание. Зголемениот интерес за оваа појава резултира со обликувањето на повеќе теории, кои, преку различни пристапи и со различни фактори ја објаснуваат појавата. Овие теории се систематизираат, главно во два теоретски пристапи за објаснување на насилството во семејството, посебно во бракот - како индивидуална и како општествена појава.

Според првиот пристап, насилството во бракот и семејството се третира како индивидуална појава и се објаснува со поединечни причини за нејзиното настанување. Во овој пристап поистакнати се био-психолошката, медицинската и социо-психолошката теорија.

Карактеристично за вториот пристап е дека, насилството во семејството се третира како општествена појава, чии корени се наоѓаат во општествената структура, а се детерминирани од голем број на фактори кои, во крајна линија, го определуваат односот на општеството кон жената. Во рамките на овој пристап најзначајни се социолошкиот и феминистичкиот концепт.

## 2.1. Семејното насилство како индивидуална појава

### *2.1.1.Психолошки пристап*

Веке спомнавме дека во рамките на овој пристап насилството во бракот, односно во семејството, се третира како индивидуална појава, која е резултат на дејствувањето на определени психолошки и психопатолошки особини на сторителот (насилникот) и на жртвата (жената). Како такви особини се истакнуваат: слабата контрола, неразвиеното его и фрустрациите во детството кај мажот (насилникот) и мазохизмот кај жената (жртвата).

Во поновите психолошки теории се истакнуваат теоријата на научена беспомошност и теоријата на преживувања.

Теоријата на научена беспомошност го дава објаснувањето: зошто жените стануваат жртви на насилство и, како процесот на виктимизација ги спречува да излезат од насилничкиот однос. Објаснувањето е во изостанувањето на ефекти од нивното реагирање на насилството, кое предизвикува состојба на депресија и страв, односно состојба на немоќост, што резултира со убедувањето дека жената не може да има контрола врз сопствениот живот. Оваа состојба е потенцирана и со фактот на социјализацијата на жената според модели на патријархалното уредување на односите во бракот и семејството, чиј резултат е и верувањето на жените дека немаат контрола врз сопствениот живот.

Теоријата на преживување се јавува како резултат на критиката на теоријата на научена беспомошност. Суштината на оваа теорија е дека жените активно одговараат на насилството, бараат помош, односно ја изразуваат потребата од општествена поддршка и помош. Изостанувањето на општестве-

ната помош и поддршка ја прави жената пасивна во однос на прекинувањето на насилната врска. Ескалацијата на насилството ја тера жената да бара помош. Значи, не се работи за пасивен однос на жртвата на насилството., туку за отсуство на помош и поддршка.Во тоа се состои и основната разлика на оваа со теоријата на научената беспомошност.

Во рамките на индивидуалистичкиот пристап се наоѓа и објаснувањето на насилството во бракот и семејството со **медицинската теорија**, која се занимава со поврзаноста и улогата на алкохолот во насилството во семејството. Помеѓу приврзаниците на оваа теорија се исполаризирани две основни гледишта: едното смета дека алкохолот е причина за насилството во бракот, додека пак другата група автори сметаат дека алкохолот влијае ,односно придонесува за насилството, но не може да се смета за негова причина.

## 2.2. Семејното насилство како општествена појава

Во рамките на вториот пристап, насилството во семејството и во бракот се третира како општествена појава мултифакторски детерминирана. Позначајни теории во рамките на овој пристап се: економската теорија, социолошкиот и феминистичкиот концепт.

### *2.2.1. Економската теорија*

Според **економската теорија,** причините за насилството во бракот се врзуваат за лошите материјални услови: невработеноста, лошата материјална состојба, лошите станбени услови, голем број на деца итн. Основна слабост на оваа теорија е што не е во состојба да го објасни насилството во услови на благосостојба, како и фактот дека лошите материјални услови не секогаш произведуваат насилството во бракот и семејството

### *2.2.2. Социолошка теорија*

Појдовна позиција на приврзаниците на социолошката теорија е дека, семејството е општествена институција врз која , како впрочем и врз секоја друга институција, влијаат голем број општествени фактори. Во тие рамки, семејното насилство како општествена појава е резултат на дејствувањето на бројни општествени фактори. Согласно со таквиот основен пристап, а во врска со објаснувањето на насилството во семејството, се сретнуваат четири концепти:

а) **Општа системска теорија -** насилството во семејството го третира како производ на дејствувањето на голем број општествени фактори, меѓу кои се истакнуваат нормативната структура, цртите или особините на личноста , конфликтите и фрустрациите;

б) **Теорија на ресурси -** семејството како и сите останати општествени системи се темели на закани со сила од страна на тој што ги контролира ресурсите (општествени, економски) и е во позиција да контролира и наредува , па дури и да користи сила. Во рамките

на семејството, мажот е тој којштo ги контролира семејните ресурси, а тоа му дава можност во одредени ситуации тоа контролирање да го прави и преку користење на сила.

ц) **Теорија на суб култура -** појдовна позиција на оваа теорија е дека општествените норми и вредности упатуваат на насилство во семејството. Тоа значи дека насилството е одобрено, односно покриено со вредности кои се фаворизирани од определени делови од културата на некое општество.

д) **Теорија на размена и социјална контрола -** оваа теорија претставува спој на две теории, преку кој насилството во семејството се третира како размена на агресија, во чија основа лежи принципот на награди и трошоци. Тоа значи дека насилството се случува тогаш кога наградата (користа што се добива) од насилството за насилникот е поголема од загубата (трошоците).

### 2.2.3. Теорија на еволиција

Оваа теорија се позиционира на ставот дека, како резлтат на промените и развојот на општествените односи од едноставни до комплексни, семејствата по форма стануваат помали, а со тоа односите воспоставени со нив поструктуирани и повеќе значајни. Овие промени предизвикуваат разлики во родителската грижа и воспитување на децата, па така, на пример, во одредени семејства се дава помала независност на децата и се применува физичко казнување за непослушност. Оваа теорија смета дека послушноста е значајна вредност која овозможува постоење на насилство само како резултат на причините кои постојат надвор од семејството, а не и во него.

### 2.2.4. Феминистички пристап

Овој пристап се засновува врз критиките на постојните теории. Појдовна позиција е дека, семејното насилство е општествена појава , чие настанување и опстојувуање се објаснува со неколку основни категории: разлики помеѓу родот и полот, моќ, контрола, влијание и патријархат.

Имено, овој пристап се темели на четири постулати: 1. мажите како резултат на доминанатната положба имаат непречен пристап до ресурси, што пак жената ја става во инфериорна и подредена положба; 2. меѓупартнеското насилство може да се предвиди и е составен дел на животот на жената; 3. инфериорната позиција на жените во сите сегементи на општественото живеење; и 4. феминисттичката перспектива е посветена на застапување на интересите на жените.

***Од прегледот на најприсутните теории,*** независно од појдовниот пристап, може да се констатира дека не се во состојба во целост да го објаснат насилството. Ниту една теорија поединечно не дава одговор на сите прашања што се поставуваат и го објаснуваат насилството во семејството во целина. Секоја од нив објаснува и дава одговор на по еден или повеке аспекти на поја-

вата, но не и на појавата во целина. Ова говори за комплексноста и сложеноста на семејното насилство, но и за потребата од таков пристап при неговото истражување..

Согласно со тоа, при конципирањето на истражување за семејното насилство или насилството во бракот, пристапот треба да се темели на различни теоретски концепти, за да може да се дадат што повеќе објаснувања за самата појава.

## 3. ШТО Е СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО?

Вообичаено, насилството во семејството подразбира континуирана примена на физичка и психичка сила насочена од и кон членовите на семејството, а се манифестира преку телесно повредување, загрозување на односите на доверба, како и преку изразување на контрола и моќ над членовите на семејството, независно од тоа дали таквото однесување е предвидено како кривично дело и дали сторителот е пријавен на органите за прогон.

Насилството во семејството може да биде насочено само кон еден или кон повеќе негови членови. Согласно на субјектот кон кој е насочено насилството постојат повеќе видови:: насилство врз жената, кој е и најчест облик на насилство што се сретнува во практиката (најчесто како насилство во бракот); насилство кон други членови на семејството (вообичаено се проширува и се однесува на заедничко домаќинство, во тој контекст насилството најчесто е насочено кон најстарите членови на домаќинството-родителите) и насилство врз децата.

За прв пат семејното насилство кај нас е инкриминирано во 2004 година со промените на Кривичниот законик. Во чл.122 т. 19 од КЗ, стои дека, под семејно насилство се подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство,како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.. Значи, Законот санкционира три вида на насилство - психичко, физичко и сексуално, а ги определува и субјектите што можат да се јават во улога на сторител или жртва.

Покрај кривично-правното дефирање на семејното насилство, постои и негово дефинирање во Законот за семејство од 2004 година. Во него е предвидено дека под семејно насилство се смета однесување на член на смејството кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување наа друг член на семејството. Во однос на лицата кон кои е насочено семејното насилство се определени брачните и вонбрачните другари (актуелни и поранешни); браќа и сестри и полубраќа и полусестри; деца,

постари членови на семејството и лица - членови на семејството чија деловна способност целосно или делмно е одземена

Присутниот дуализам во законското дефинирање на семејното насилство (во кривичното и во семејното право) кој се однесува на опфатот на појавата и на субјектите на заштита, треба да биде надминат. На ова прашање не се задржуваме подетално, од причина што не е предмет на непосреден интерес на оваа статија.

## 4. ИСТРАЖУВАЧКИ СОЗНАНИЈА ЗА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО Р. МАКЕДОНИЈА

### 4.1. Основни елементи на истражувањето

Веќе споменавме дека статијата се темели на сознанијата од истражувањето за семејното насилство спроведено од страна на ЕСЕ, кое воедно е и последно научно истражување за оваа појава реализирано во нашата земја. Оттука, во овој дел, најнапред, сосема накусо, ќе бидат претставени основните елементи на истражувањето:

**Предметот** на истражувањето се темелеше на кривично-правната дефиниција на семеното насилство, а тоа значи дека во фокусот на истражувањето беа трите (законски предвидени) вида на семејно насилство: физичко, психичко и сексуално насилство.

Истражувањето по својот карактер беше **виктимолошко истражување.** Значи, беше насочено кон потенцијалните жртви - полнолетните жени од државата. Од нив се бараше да се изјаснат дали биле жртви на одредени однесувања, кои, според дефиницијата, претставуваат компонента на семејното насилство. Изборот на виктимолошко истражување беше направен од причина што на таков начин се доаѓа до најрелевантни податоци кои доближуваат до вистински извршениот криминалитет и до неговите специфични карактеристики.

Истражувањето беше спроведено врз репрезентативен **примерок** составен од **1432** испитанички - полнолетни лица од женски пол, што е околу 2 промила од вкупната полнолетна женска популација во државата.

Истражувањето беше спроведено во урбаните и рурралните средини во државата, поконкретно, се спроведе во 21 град и во 25 села.

**Анекетирањето** беше непосредно - лице в лице

**Време** на реализација на истражувањето - месец јули 2006 година

### 4.2. Основни наоди од истражувањето

Глобалната констатација што произлезе од истражувачките резултати е: широка распространетост на трите вида насилство врз жените на нашите простори. Притоа, треба да се истакне дека постои различен степен на распространетост на посебните видови на семејно насилство. Констатирано е дека,

највисок пријавен обем е кај психичкото насилство - 56.4% од испитаничките се изјасниле дека имаат лично искуство со некоја од содржините на психичкото насилство. Помалку од испитаничките, поточно 17.7% од нив, потврдија дека биле жртви на физичко насилство, а најмалку од испитаничките - 10.8%, што беше и во рамките на очекувањата, се изјаснија дека им бил нарушен сексуалниот интегритет.

Посебните облици на семејно насилство беа истражувани преку нивните различни видови на манифестирање:

### А. Обем и видови на психичко насилство

Конститутивни елементи на психичкото насилство, според определувањето во истражувањето беа: контролата на движењето и контактите на жените, изолацијата, љубомората и емоционалните страдања на жената - сопруга или партнерка. Овие димензии на психичкото насилство беа операционализирани преку дванаесет модалитети (видови) на психичко насилството

Истражувачките сознанија покажаа дека, психичкото насилство, како најчест облик на семејно насилство присутен на територијата на нашата држава, се манифестира низ различни и бројни модалитети:

**Табела бр. 1** Облици на психичко насилство

| Вид на психичко насилство | % |
|---|---|
| И забранува да се гледа со пријателите | 11,3 |
| Ја навредил и направил да се чувствува лошо | 25,6 |
| Се обидел да ги ограничи контактите со семејството | 5,5 |
| Инсистира да знае каде е и со кого е цело време | 36,5 |
| Ја игнорира и кон неа се однесува индиферентно | 7,2 |
| Се лути кога зборува со други мажи | 23,5 |
| Често се сомнева дека го изневерува | 5,7 |
| Очекува да го праша за дозвола за барање здравствена заштита | 9,9 |
| Ја омаловажува и ја понижува пред други | 10,5 |
| Намерно прави нешто да ја заплаши | 13,9 |
| Се заканува дека ке ја повреди неа или блиски луѓе | 7,0 |
| Неговиот збор е последен | 28,0 |
| Ја спречува да работи надвор од дома | 12,3 |

Најчест облик на психичко насилство во нашата земја е контролата на движењето и на контактите што ги остварува жената. На тоа се пожалила секоја трета жена (36,5%). Втор по застапеност облик на психичко насилство, во кој доаѓа до израз доминацијата на мажот и инфериорната положба на жената во семејството, беше операционализиран низ „Неговиот збор треба да е

последен". Дека тоа било практика во нивното семејство, се изјаснија 28% од жените. Потоа следи состојбата - што жената ја навредува или пак сопругот се однесува кон неа на начин таа да се чувствува лошо - однесување на кое се пожалила секоја четверта жена (25,6%), а речиси исто толку се пожалиле на љубомората на партнерот, изразено преку „Се лути кога зборува со друг маж" - на тоа посочиле 23,3% од жените. Како облици на психичко насилство, со помал интензитет, што ги пријавиле испитаничките се: „Намерно направил нешто да ја заплаши" (13,9%); „Ја спречува да работи надвор од домот" (12,3%); и „Забранува да се гледа со пријателите" (11,3%); „Ја омаловажува или ја понижува пред другите" (10,5%), и „Очекува да бара дозвола да побара заштита на здравствена заштита" (9,9%).

### Б. Физичко насилство

Физичкото насилство како една од компонентите на семејното насилство беше истражувано преку повеќе негови манифестни облици.
Предмет на истражување беше и интензитетот/ застапеноста на секој од нив.:

**Табела бр. 2.** Облици на физичко насилство

| Вид на физичко насилство | . % |
|---|---|
| Закана за употреба на физичка сила | 70.1 |
| Фрлал со нешто што можело да ја повреди | 53.1 |
| Зграпчување, туркање | 63.9 |
| Удрил шлаканица | 87.5 |
| Клоцал, гризел | 34.0 |
| Давење, затнување на уста | 23.6 |
| Тепање | 41.5 |
| Удирање со предмети | 32.3 |
| Ја изгорел, попарил | 2.5 |
| Употребил пиштол | 9.9 |

Освен за големата зачестеност на физичкото насилство, истражувачките сознанија зборуваат и за фактот, дека жените се жртви на повеќе различни облици низ кои се манифестира ова насилство. Според пријавените облици на насилство, секоја од жените - жртви била изложена на повеќе различни облици на насилство, во просек, на 4.3 различни облици на насилство.

Најчести облици низ кои се манифестира физичкото насилство се шлаканиците (87.5%), заканите за употреба на физичка сила (70.1%), зграпчувањето и туркањето (63.9%). Најретко се застапени најтешките облици на насилство - горење или попарување (2.5%) и употреба на нож или пиштол (9.9%).

## В. Сексуално ннасилство

*Манифестни облици низ кои е испитувно сексуалното насилство се: силувањето, несакан сексуален однос, учество во гледање на порнографски филмови, понижувачки сексуален однос, подведвуање, чија распространетост беше утврдена на следниот начин:*

**Табела бр. 3.** Облици на сексуалното насилство

| Облици на сексуалното насилство | % |
|---|---|
| 1. Силување | 3.9 |
| 2. Несакан сексуален однос | 85.5 |
| 3. Присила на гледање на порноградски филмови | 1.3 |
| 4. Понижувачки сексуален однос | 6.6 |
| 5. Подведување | 2.0 |
| 6. Друго | 0.6 |
| Вкупно | 100.0 |

Како што покажуваат истражувачките сознанија, доминантен облик на сексуално насилство е несакан сексуален однос, на што припаѓа 85,5% од пријавеното сексуално насилство. Сите останати облици на сексуално насилство се многу помалку застапени од доминантниот облик - несакан сексуален однос. Понижувачкиот сексуален однос е застапен, односно пријавен во 6,6%, а силувањето во 3,9% случаи. Најмалку се застапени подведувањето и присилно гледање на порнографски филмови. Иако овие облици на семејно насилство се малку застапени (вкупно 13.8%), во својата суштина тие претставуваат тешки нарушувања на достоинството на жената.

## Г. Фактори кои влијаат врз настанувањето на семејното насилство

Појдовниот пристап во истражувањето - повеќефакторската условеност на семејното насилство - поради сложеноста и комплексноста на појавата, беше потврден и со сознанијата добиени во истражувањето. Со оглед на ограниченоста на обемот на статијата, само сумарно ќе се осврнеме на некои од најопштте сознанија:

Ранливоста на жената да стане жртва на некој облик на семејно насилство ја зголемуваат следните карактеристики и фактори:

- жените со пониско ниво на образование, особено ако нејзиното обрзование е пониско од образованието на сопругот/партнерот нешто повеќе се подложни да станат жртви на семејно насилство;
- за жените што имаат помлад сопруг/партнер од себе се зголемува ризикот за да станат жртви на некој облик на семејно насилство;
- ако сопругот/партнерот нема постојано вработување или е со нере-

шен работен статус е состојба што може да ја зголеми ранливоста на жената за семејно насилство;
- живеат во заедница со неговите или нејзините родители - ја прави жената поподложна на насилство;
- доколку изборот на сопругот/партнерот и го направил друг - нејзиното или неговото семејство - почесто може да стане жртва на некој облик на насилсво во семејството;
- кога меѓупартнерската комуникација е многу редуцирана или воопшто не се остварува, жените почесто пријавуваат дека се жртви на семејно насилство;
- жените што ја прифаќаат патријархалната матрица на вредности на уредување на односите во бракот и семејството, особено кога тоа значи одобрување на физичко насилство врз жената во одредени околности, почесто пријавиле дека и самите биле жртви на некој облик на семејно насилство;
- кога жената е исклучена од располагањето со некои од семејните ресурси - тоа може да биде причина за нејзина поголема ранливост за семејно насилство;
- кога сопругот/партнерот бил виктимизиран во периодот на детството или пак бил сведок на насилство во неговото примарно семејство - почесто се јавува во улога на насилник во рамките на своето семејство.

Во рамките на претставувањето на дел од околностите и факторите што влијаеле врз појавата на семејното насилство се наметнуваатт две општи констатации:
**Прво**, семејното насилство е условено од бројни фактори, што е и потврда на појдовниот пристап во истражувањето. Во овој контекст треба да се спомене дека, во идни истражувања за семејното насилство треба повеќе да се обрне внимание, иако е тоа потешко и посложено за истражување, на сторителот односно насилникот. На таков начин ќе се комплетира и ќе се збогати претставата за семејното насилство, но и ќе се дојде до повеќе објаснувања за истата.
**Второ**, во истражувањето не се издвои ниту еден фактор кој со својот интензитет се наметнува како доминантен и пресуден за оваа појава. Оттука, за семејното насилство се значајни повеќе фактори, кои при една одредена констелација на односи го произведуваат истото.

Соодветна на комплексноста и сложеноста на појавата трба да биде и политиката на сузбивањето и спречувањето на семејното насилство.

При креирањето на политиката за сузбивање, спречување и помош на жртвите на семејно насилство (се однесува само на делот од проблемите што се обработени во статијата) треба да се настојува да бидат опфатени активности што ќе доведуваат до елиминирање или барем намалување на дејствува-

њето на факторите што придонесуваат за појавата на семејното насилство. Во овој контекст мошне значајно е напуштањето на патријархалниот систем на вредности во врска со уредувањето на односите во бракот и семејството. Тоа претпоставува:

- зголемување на нивото на образование на жените;
- стимулирање на жените за поголемо вклучување во политичките и невладините организации;
- воведување на содржини во образовниот процес кои ќе значат менување на вредносната матрица за уредување на односите во бракот и семејството;
- континуирана едукација за човековите права, особено за правата на жената;
- потенцирање и позасилени активности за едукација и сензибилизација во руралните средини и во етничките заедници на Албанките, Ромките и Турчинките.

Користена литература

1. Љ. Арнаудовски; Криминологија, 2-ри Август - Штип, Скопје 2007, 777 стр.
2. Ignjatovik, Kriminologija, Sluzben glasnik, Beograd 2007, 497 str.
3. Vilic; Nikolic- Ristanovic:Kriminologija, Centar za publikacije Pravnog fakulteta, Nis, 2003
4. Н. Рот, Психологија групе, Београд 1986

Правни науки, човекови права
Political Sciences, Human Rights

UDK/UDC 341.231.14(094.2)
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Мирјана Најчевска*

# МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НАЦИОНАЛНИ ТЕЛА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ПОТРЕБАТА ОД ФОРМИРАЊЕ ВАКВО ТЕЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПСТРАКТ

Националните институции за човекови права претставуваат нов фактор на меѓеународната сцена. Стандардизацијата на нивната структура и мандат во Париските принципи ја зајакнува нивната улога како на национален така и на меѓународен план. Во Република Македонија постои потреба од формирање на ваква институција, а нејзиното формирање би претставувало голем исчекор во насока на соодветна имплементација на меѓународните стандарди за човековите права на национално ни-

*Mirjana Najchevska, Ph.D.*

# INTERNATIONAL STANDARDS FOR ESTABLISHMENT OF NATIONAL BODIES FOR PROTECTION OF HUMAN RIGHTS AND THE REQUIREMENT OF ESTABLISHMENT OF SUCH A BODY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ABSTRACT

The national human rights institutions represent a new factor at the international stage. The standardization of their structure and term of office in the Paris Conventions strengthens their role at both national and international plan. The requirement in terms of an establishment of such an institution is evident in the Republic of Macedonia. Its establishment would represent a major step concerning appropriate implementation of the human rights international standards at a national level, as a means of connecting with

во, и начин за поврзување со меѓународните мрежи на овие институции.

***Клучни зборови:*** човекови права, заштита, институции, стандарди

the international networks of these institutions.

**Key words**: human rights, protection, institutions, standards.

Е-маил: najce2000@yahoo.com

## I. ЗОШТО НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА?

Човековите права и слободи претставуваат ново кредо на 20-от и 21-от век. Синусоидата која го одбележува нивото на интерес на пошироката меѓународна заедница за човековите права е тесно испреплетена со позицијата којашто и се доделува на државата во нивното прифаќање, промоција и заштита. Во одредени моменти од својот развој, концептот за основните човекови права и слободи се издигнува до ниво на суштински составен елемент на современата демократија, за во следниот момент да завладее своевидна апатија и да биде запоставена неговата имплементација во практиката. Според некои аналитичари (R. Silberman Abella, 1998)[1], амбивалентноста на моменталната состојба се карактеризира со доминантно присуство на линијата на еден нов пуританизам, од една страна, и на растечкиот фундаментализам, од друга. Според авторот, и едниот и другиот се базираат на религијата и ревитализираната улога на религиозните догми и вредности што опасно го загрозува концептот за човекови права по сите линии на неговото базично дефинирање (достоинство, индивидуалност, универзалност, слобода, избор, еднаквост и различност).

Префрлањето на топката на одговорноста помеѓу меѓународната заедница и државата, го забавува придвижувањето напред, а на моменти предизвикува и потполн застој. Многу видлива манифестација на оваа ситуација е замената на првобитниот ентузијазам на младите демократии по завршувањето на “студената војна”, со апатија и губење на темпото на трансформација и прифаќање на меѓународните стандарди за човековите права.

Со цел извлекување од своевидниот мртов од во кој се западна кон крајот на 20-от и почетокот на 21-от век, промовирана е нова перцепција на развојот на демократијата како суплементарна со концептот за човековите права и основни слободи. Во ова ново видување, не е доволно државата да декларира прифаќање на стандардите на концептот за човековите права, или, дури и да пристапи кон базичните меѓународни договори кои ги регулираат. Државата којашто претендира да биде идентификувана како демократска, мора да покаже спремност за имплементација на стандардите за човековите права во наци-

оналното законодавство, решеност да се преземат сите потребни активности во насока на фактичко практикување на правата од страна на граѓаните, и успешност во создавањето систем од контролни механизми и механизми на заштита заради превенција и санкционирање на случаите на повреда и прекршување на човековите права и слободи.

Во генералното димензионирање на базичните човекови права како права коишто се дефинираат во меѓународните документи и во процедура што се одвива на меѓународно ниво, меѓутоа, коишто можат да би имплементирани, практикувани и заштитени пред се на национално ниво, се редефинира и прецизира улогата на националната држава. Тргнувајќи од Преамбулата на Универзалната декларација за човекови права, според која "суштетсвено е човековите права да бидат заштитени со закон, а човекот да не биде принуден последен излез да бара во побуната против тиранијата и угнетувањето", целокупниот развој на концептот за човекови права се поставува во динамичен сооднос со државата. Во овој сооднос многу конкретно се дефинира преодот од нивото на чиста вредносна димензионираност на стандардите за човекови права (систематизирана во декларации и заложби), кон правна детерминираност (обликувана во норми и институции). Ова се одвива во две комплементарни развојни линии: развој на механизмите на меѓународното право и меѓународната заедница и развој на националните механизми (нормативни и институционални).

Трансформацијата на човековите права од политички заложби во правно детерминирани и заштитени права, и претворањето на меѓународната реторика во конкретно практикување на правата во секојдневниот живот, е возможно единствено во услови кога се градат и соодветни структури, институции и механизми кои ќе ја гарантираат одржливоста на овој процес.

Во напорите да се изгради што е можно поефикасен национален систем којшто ќе ја обезбеди оваа трансформација, дизајнирана е идејата за постоење на Национални институции за човекови права (понатаму во текстот скратено: НИЧП)[2].

НИЧП претставуваат спој на меѓународните заложби за национално структурно-институционално покривање на договорната материја за човековите права, и напорите на националните држави да обезбедат имплементацija на меѓународните стандарди и да бидат препознаени како демократски држави во новата перцепција на современата демократија. Оттука, НИЧП се димензионираат, и како специфични структури и дел од националните системи на заштита на човековите права, но и како поврзочна структура со меѓународниот систем на заштита создадена врз основа и со примена на меѓународно дефинирани стандарди.

НИЧП се формираат уште од самиот почеток на формулирањето на меѓународните стандарди за човекови права, меѓутоа, дури во почетокот на 90-тите, ООН започнува активности со кои се поддржува и стимулира создавањето на независни национални тела за човекови права од страна на државата,

или во тесна соработка со државата, коишто би ја вршеле оваа функција. Во 1990 се идентификувани осум НИЧП во целиот свет, во 2002 година овој број е подигнат на 55, денес се акредитирани над 110 НИЧП, а постојат многу поголем број кои од различни причини не се/не можат да бидат акредитирани според Парисиките принципи, меѓутоа, имаат многу слична улога и мандат[3].

Значењето на НИЧП, нивната можна функција во натамошната изградба на целокупниот концепт и посебно улогата во оживотворувањето на меѓународните стандарди на национално ниво, се потенцирани со одржувањето на Првата меѓународна работилница на Национални институции за промоција и заштита на човековите права одржана 1991 година во Париз. Оваа работилница претставува и своевидна пресвртница во третманот на НИЧП од страна на ООН и, во исто време, е искористена за натамошна промоција и диссеменација на идејата. Целокупната акција е зајакната со дефинирањето на збир од посебни принципи (понатаму познати како Париски принципи), коишто подоцна се прифатени и од страна на Комисијата за човекови права при ООН - со Резолуцијата 1992/54, 1992 , и од Генералното собрание на ООН - со Резолуцијата 48/134, 1993. [4]

Во изминатиот седумнаесетгодишен период (од одржувањето на првата работилница во Париз и формулирањето на Парисиките принципи) прашањето на улогата, местотот и контраверзите поврзани со НИЧП, претставуваат предмет на многубројни анализи. Данскиот институт за човекови права има направено две многу комплексни анализи на експанзијата и значењето на НИЧП во светски размери и посебно на тлото на Европа. Во 2003 година издадена е студијата "Национални институции за човекови права- имплементирање на човековите права" (Kjaerum, M., 2003).[5] Во 2006 е издадена вторaта анализа направена од страна на Данскиот институт за човекови права - Еволуцијата на Институциите за човекови права – Улогата на ООН (Pohjolainen, A., 2006)[6]. Целта на двете анализи е да се покаже дека формирањето на Национални институции за човекови права како постојани и независни тела, кои ги формираат државите заради промовирање и заштита на човековите права, претставува позитивен процес кој зема се поголем замав и покажува позитивни резултати. Меѓутоа, во исто време, со овие анализи се отвораат и низа прашања кои се поврзани како со формирањето и акредитацијата на НИЧП, така и со нивното практично дејствување.

Natamo{niot легитимитет НИЧП го градат со проширувањето на важењето на Парисиките принципи и надвор од ООН. Прифаќањето на овие принципи (и натамошното развиавње) во регионалните системи на промоција и заштита на човековите права го поттикнува создавањето НИЧП и ја потенцира нивната важност во глобалниот демократски развој (Препорака no. R (97) 14 и Препорака (97) 11 на Совет на Европа).[7] На долниот графикон (M.Kj?rum, 2003) е многу јасно видлива исклучително големата промена што настанува токму од 1990 година наваму (односно од моментот на поставување на принципите и јасно дефинирање на интересот на меѓународната заедница).

Може да се каже дека своевидно заокружување на процесот на формирање на овие институции претставува формирањето и почетокот на функционирањето на Агенцијата за основни човекови права, како центар за експертиза на прашањата поврзани со човековите права на ниво на Европска унија.[8] Во предлогот за донесување регулатива со која ќе се формира специјална агенција за човекови права во ЕУ, се објаснува дека: обезбедувањето на основните слободи зависи од постоењето на соодветни управувачки механизми кои овозможуваат овие права да бидат земени во целост во предвид во градењето на политиките и во одлучувањето во Унијата. Ова подразбира не само адекватна нормативна рамка туку и соодветни структури и соодветни ресурси кои ќе бидат издвоени за оваа намена.[9]

## II. ШТО ПРЕТСТАВУВА НАЦИОНАЛНАТА ИНСТИТУЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА?

Наједноставна дефиниција е дека: НИЧП се државни структури (агенции) чија основна цел е имплементација на меѓународните норми за човековите права на национално ниво. (C.Cardenas, 2001)[10] Тоа се организации спонзорирани и финансирани од државата, со уставно или законски дефинирана структура и мандат, и со овластувања кои им овозможуваат промовирање и заштита на човековите права на национално ниво. НИЧП е механизам преку којшто државата ја исполнува својата обврска „да ги преземе сите соодветни активности" за да обезбеди практикување на сите меѓународно признаени човекови права на национално ниво. Создавањето на НИЧП и нејзиното акредитирање согласно со Париските принципи, само по себе е знак дека земјата сериозно ги сфаќа своите одговорности поврзани со човековите права, а силата на оваа посветеност се мери преку степенот на независност на НИЧП кој е обезбеден во државата и распонот на овластувањата и средствата коишто и се дадени со цел постигнување максимална ефикасност во своето дејствување.

Значењето на збирот од правила дефиниран во Париз може да се побара, како во измерливоста и компаративноста којашто ја овозможува своевидната унификација на структурата и дејствувањето на различните национални институции, така и во поттикнувањето на државите да го применат збирот од стандарди, како минимум кој гарантира соодветна имплементација на меѓународните договори за човекови права.

Самиот документ е изработен во форма на многу прецизен прирачник за формирање на НИЧП. Во структурата на документот се опфатени:

1. Компетенциите и одговорностите коишто треба да ги имаат овие институции
2. Составот и гаранциите за независност и плурализам
3. Методите на работа
4. Принципите поврзани со статусот на комисијата доколку има квази-правосудни компетенции

Според Париските принципи, за да може една НИЧП да биде акредитирана во рамките на ООН, односно, во регионалните структури на НИЧП, таа треба да поседува:

1. Независност гарантирана со устав и/или со закон – подразбира не само втемеленост на формирањето на овие институции во Уставот или специјализиран закон, туку и јасна дефиниција на компетенции кои треба да овозможат промоција и заштита на човековите права. Независноста на персоналот што ја сочинува оваа институција се постигнува со дефинирање на такви процедури на избор/именување кои ќе обезбедат непартијност и дејствување во лично својство;
2. Автономија во дејствувањето – се постигнува со воспоставување на однос на одговорност и отчетност пред највисокото законодавно тело на државата (Парламент, Собрание);
3. Плурализам – се стимулира воспоставување на колективно раководно тело, меѓутоа се однесува и на составот на сите вклучени во работата на НИЧП. Во работата на институцијата треба да се обезбеди релевантна партиципација на претставници на општетсвените структури ангажирани во промовирањето и заштитата на човековите права (НВО, професионални организации, водечки претставници на филозофската и религиозна мисла, универзитети, експерти поединци од различни области). Во работата на овие институции можат да бидат вклучени и претставници на Парламентот и на владини структури, меѓутоа само во советодавна/консултативна улога.
4. Широки овластувања кои почиваат на универзалните стандарди за човекови права – мандатот на овие институции треба да биде што е можно поширок (како во смисла на областите што се покриваат, така и во однос на формата на сопственото дејствување). Работата на индивидуални случаи и постапките по жалби на граѓани треба да биде второстепена во однос на другите активности што се поврзани со промоцијата и застапувањето на човековите права;
5. Соодветни ресурси - обезбедување материјална самостојност (со дефинирање на посебна буџетска ставка за нивното функционирање и можност за самостојно располагање со доделените средства);
6. Соодветно овластување кое ќе овозможи достап до документи, органи и личности.

Како што веќе спомнавме, Париските принципи се промовираат како минимум стандарди коишто треба да бидат почитувани во структуирањето на НИЧП (Pohjolainen A., 2006), односно, како ориентациона рамка во која државите можат да ги формираат своите сопствени институции. Во оваа смисла, на Париските принципи, може да гледаме и како на компромисни решенија кои би требало да акомодираат различни влади (во многу разновидни политички, економски, историски и култрурни опкружувања), а не како на правила кои би ги уплашиле и дестимулирале државите во процесот на формирање на ва-

кви институции. Главна цел на НИЧП е да и овозможат на државата да работи поефикасно во гарантирањето на човековите права во рамките на сопствениот правен систем, односно, формирањето на НИЧП треба да го зајакне имплементирањето на обврските и ветувањата кои ги дале државите во врска со човековите права и слободи.

Задачите кои треба да ги има предвид НИЧП формирана според Париските принципи (http://www.nhri.net/pdf/ParisPrinciples.english.pdf) можат да се систематизираат во неколку области:

1. Ги промовира и штити човековите права;
2. Доставува мислење, препораки, предлози и извештаи кои се однесуваат на промоцијата и заштитата на човековите права до Владата, Парламентот и било кој друг релевантен државен орган;
3. Ги анализира постоечките закони и предлозите за нови закони или измени на закони, подзаконските акти и сите останати документи (посебно од областа на правосудството), од аспект на човековите права, и дава предлози во насока на соодветна имплементација на принципите на концептот за човековите права во сите нормативни решенија во државата;
4. Предлага донесување на нови закони, промени на закони и промени во административните мерки;
5. Реагира на секоја ситуација на повреда на човековите права и подготвува посебни извештаи за глобална ситуација со човековите права во државата и за состојбите во одделни области од посебен интерес;
6. Го насочува вниманието на власта кон повреди на човековите права во одредени области и во одделни делови од државата и предлага решенија за надминување на ситуациите на повреда на човековите права;
7. Промовира и обезбедува хармионизација на националната легислатива и практика со меѓународните инструменти за човекови права кои ги има ратификувано државата;
8. Поттикнува ратификација на меѓународни документи кои уште не се ратификувани и создава услови за нивна имплементација на национално ниво;
9. Помага во подготовката на извештаите кои државата има обврска да ги доставува на регуларна и ad hock основа до телата на ООН и до други регионални тела и институции, и го изразува своето издвоено мислење доколку е потребно;
10. Соработува со ООН и другите организации во рамките на ООН системот, со регионалните структури и со националните институции на други држави во сферата на човековите права;
11. Помага во подготовката на програми за обука за човекови права и истражувања поврзани со човековите права, и го помага остварува-

њето на овие програми на сите нивоа од образовниот процес;

12. Ги афирмира човековите права и ги поддржува сите напори насочени кон борба со сите форми на дискриминација, со подигање на свеста на населението и мобилизирање на медиумите;

Во Париските принципи не е дефиниран конкретен модел на НИЧП, ниту пак е изразена преференција кон одрден вид на ваква институција. Кој модел ќе го избере една држава не претставува суштинско прашање и зависи во голема мера од нејзиниот правен систем, поранешните традиции, политичката ситуација, историските искуства, економските состојби и општетсвените потреби, како и од примерот и искуствата на соседните држави или други за нив важни држави. Во практиката, овие институции имаат прифатено многу различни форми и функции кои зависат од националниот контекст во кој се развиваат и дејствуваат.[11] Името на НИЧП исто така не е суштинско во однос на можноста една институција да се акредитира според Париските принципи. Флексибилноста на составот, структурата и надлежностите на НИЧП е од исклучителна важност во диссеменацијата на идејата и тие не се поврзани со поддршката којашто НИЧП ја добиваат од страна на Високиот комесар за човекови права и од другите меѓународни организации. Меѓутоа, и покрај прифатените разлики, од овие институции се очекува да споделуваат одредени заеднички елементи: да работат независно од власта, да соработуваат со релевантните актери на национално и на меѓународно ниво, да придонесуваат во имплементацијата на меѓународните стандарди за човековите права на национално и меѓународно ниво и да ја остваруваат улогата на заштитник, експерт и едукатор за човекови права.

Суштински за формирањето на НИЧП е недвосмисленото манифестирање на определеноста на власта да стане дел од државите кои живеат врз основа на почитување на човековите права, што го потврдува со самиот акт на прифаќање и примена на меѓународните стандарди во формирањето на сопствените национални институции во оваа област. Овој пристап е посебно важен од аспект на можноста којашто стои пред НИЧП директно да соработува со Обединетите Нации, со регионални институции, како и со НИЧП од други земји кои се надлежни на полето на заштита и промовирање на човековите права.

Сериозноста на заложбата на меѓународната заедница и поддршката на формирањето НИЧП е потврдена со формирање на репрезентативно тело на националните институции за човекови права. Ова тело има за цел, поддршка на креирање и зајакнување на националните институции кои се формират врз основа на Париските принципи.

Вака отворено искажаниот интерес и поддршка која меѓународните структури ја даваат на НИЧП, има исклучително значење за нивното функционирање. Меѓутоа, уште позначајно е тоа дека ваквиот однос на меѓународната заедница ги поттикнува и самите држави на транснационално комуни-

цирање и развој на транснационални процеси поврзани со промоцијата и заштитата на човековите права. Од многу практични причини (привлекување на што е можно поголем број држави во овој процес на меѓусебна комуникација), дел од меѓународните организации прифаќаат многу пофлексибилен приод во процените за соодветноста на одделни НИЧП, и не се придржуваат стриктно до барањата на Париските принципи. Кон истата практика се приклонува и Меѓународниот координативен комитет на НИЧП, којшто го отворил своето членство на широк дијапазон институции за кои не може да се рече дека во стриктни термини се структуирани по Париските принципи. Без овој пристап голем број Омбудсмани во Европа и Латинска Америка не би можеле да бидат препознаени и регистрирани како НИЧП.

Едно од можните прашања кои се поставуваат во врска со етаблирањето на НИЧП (посебно во контекстот на нивното меѓународно и регионално поврзување) е нивниот однос со цивилното општетсво. Искуствата покажуваат дека постои евидентна опасност државата да ги идентификува овие институции како доволни за промоцијата и заштитата на човековите права, и да ја негира улогата на невладините организации кои се занимаваат со човекови права (односно, да не чувствува обврска за обезбедување поддршка и развој на овие организации). Не е случајна загрижата дека овие институции можат да узурпираат и дел од средствата и просторот кој, инаку, би го заземале невладините организации. Од друга страна, постоењето на НИЧП во една држава може да значи отворање нови можности за остварување на континуирано влијание на невладините организации врз државата. Соодветната поставеност на НИЧП може да отвори нови канали за иницијативи кои доаѓаат од страна на НВО или за сугестии и заеднички настап на НВО и државните структури.[12]

Второто прашање кое често се поставува е нивната моженост да одговорат на очекувањата на граѓаните кога станува збор за прекршување на човековите права. Постоењето на една ваква институција вообичаено кај граѓаните создава очекување дека е тоа местото каде што ќе можат да реагираат и каде што ќе може да им се пружи соодветна помош во решавањето на нивните конкретни, поединечни проблеми. Структурата и поставеноста на овие тела вообичаено не обезбедуваат и директна заштита при конкретни повреди на човековите права, односно директна интервенција пред државните органи, што кај граѓаните предизвикува незадоволство и чувство на осуетеност.

Третото прашање е поврзано со двојната улога во која се појавуваат државите: како бранители на човековите права и како повредувачи на истите тие права. Можноста државата да создаде тело кое ќе има такво ниво на независност и моќ за да се спротистави токму на случаите на прекршување на правата од страна на државата претставува голем предизвик, кој не секоја држава може да го исполни на потребното ниво.

Меѓутоа, токму оваа нивна поставеност (на независни државни структури), ја претставува всушност и основната предност на НИЧП. Имено, тие не само што се појавуваат како медијатори меѓу државата и општеството (граѓа-

ните), туку и меѓу државата и меѓународната заедница. Имено, како што веќ е спомнавме, транснационалните поврзувања на овие институции овозможуваат идеите и заложбите кои не успеваат да се пробијат на национално ниво да добијат меѓународна поддршка и да придонесат не само за менување на практиката, туку и за менување на целокупната легислатива којашто стои зад одредена активност. Трансдржавните мрежи кои ги градат овие институции ги става во улога на значаен меѓународен играч и промотор на концептот за човековите права.

## III. СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПОТРЕБАТА ОД ФОРМИРАЊЕ НИЧП ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Изградбата на демократскиот систем во Република Македонија и прифаќањето на владеењето на правото како принцип на функционирање на државата се директно поврзани со нивото на разбирање на човековите права и слободи, застапеноста на перспективата на човековите права и слободи во легислативата и создавањето соодветни механизми за заштита на човековите права и слободи.

Во актуелниот момент, во Република Македонија постојат три уставни тела за заштита на човековите права:

- Народен правобранител (чиј мандат е  заштита на уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога тие се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања);
- Постојана парламентарна анкетна комисија за заштита на човековите права (чиј мандат е поврзан со утврдување на одговорност на носителите на јавните функции);
- Комитет за односи меѓу заедниците.[13]

Со закон се формирани и неколку други тела кои имаат специфична (пред се посредна) улога во заштитата на човековите права (како што е Државната комисија за спречување на корупција[14]).

Како најблиска институција до принципите врз кои се формираат НИЧП може да се смета Народниот правобранител (Омудсман). Меѓутоа, и во Уставот и во  Законот за народен правобранител[15], оваа институција е дефинирана на начин кој во голема мера отстапува од определбите дадени со Париските принципи.  Мандатот на Народниот правобранител е дефиниран во членот 2 од Законот

Народниот правобранител, според кој: “Народниот правобранител е орган на Република Македонија кој ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања и кој презема дејствија и мерки за за-

штита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби".

Мандатот на Народниот правобранител покрива само една димензија која би можела да се поврзе со НИЧП (заштита на правата на граѓаните кога се тие поврзани со дејствувањето на државните органи). Делумно зафаќа во некои од останатите димензии (како ограничен мониторинг и ограничена советодавна функција), меѓутоа во основа не опфаќа ниту една од областите во кои би требало да функционира НИЧП структуирана врз основа на Париските принципи.

Од изнесеното следува заклучокот дека, во моментот, во Република Македонија нема национална институција која би била формирана врз основа на Париските принципи, односно која е или може да биде акредитирана врз основа на овие принципи. Ова произлегува од таму што мандатот на постојните институции за човекови права не ги опфаќа:

- заштитата на човековите права надвор од државните органи и органите со јавни овластувања;
- мониторингот на глобалната ситуација со човековите права и ситуацијата по области;
- истражувања, анализи и градење бази на податоци поврзани со човековите права;
- едукација, тренинзи и кампањи за човековите права;
- работа на хармонизација на домашната легислатива и практика со меѓународните стандарди.

Отсуството на ваква институција се манифестира во повеќе области и педизвикува синџир од меѓусебно поврзани последици. Прво, една од значајните последици од отсуството на НИЧП е недостатокот од бази на податоци за глобалната состојба со човековите права во државата,и за состојбата со човековите права во одделни области. Поради ова, политиките и активностите кои наводно се прават во функција на подобрување на состојбата со човековите права, всушност не се потпираат врз релевантно засновани заклучоци, туку врз претпоставки и процена на надворешни манифестации. Во синџирестатат поврзаност, ова понатаму резултира и со отсуство на разработена стартегија за промоција на човековите права и слободи (во насока на подигање на свеста на граѓаните за нивните права, и подигање на капацитетите на државните органи во насока на почитување, застапување и заштита на човековите права), како и во недостаток од соодветни алатки со кои државните органи ќ е обезбедат присуство на перспективата на човековите права во изработката на законските и подзаконските акти, како и во дефинирањето на заштитните механизми што им стојат на располагање на граѓаните за заштита на нивните права.

Од друга страна, активностите поврзани со асоцијацијата кон Европската Унија (реформата на правосудниот систем, реформата на полицијата, про-

мените во легислативата) се непосредно поврзани со барање за постоење на високо ниво на свест за концептот на човековите права и слободи и постоење на практични алатки тој концепт да биде имплементиран како составен дел на овие процеси.

Создавањето на НИЧП според Париските принципи може да има повеќ екратно позитивно значење за Република Македонија:

1. Да претставува нов поттикнувачки елемент во имплементацијата на принципите на човековите права којшто ќе обезбеди јасна перспектива на развојот на демократијата и одржливост на институционалните и нормативните промени кои се во тек.
2. Да се појави како додатна позитивна референца во започнатите интеграциски процеси.
3. Да обезбеди соодветно имплементирање на ратификуваните меѓународни договори и соодветно извршување на договорните и извештајните обврски на државата.

Поконкретно, потребата од постоење на ваква институција може да ја лоцираме во:

1. Потреба од соодветни податоци за човековите права кои ќе имаат таков квалитет кој ќе овозможи соодветно информирање на релевантните политички фактори и ќе го подобри процесот на донесување одлуки во сферата на човековите права;
2. Потреба од систематско и континуирано набљудување на состојбата со човековите права во сите сфери од општетсвениот живот (работењето на државните органи, на јавните служби и на приватниот сектор), со цел релевантно идентификување на приоритетните области на дејствување;
3. Потреба од континуирано промовирање на човековите права, дисеменација на знаењето и соодветно информирање на граѓаните за правата и механизмите  што им стојат на располагање за нина заштита;
4. Потреба од координација со соодветните институции на регионално и на светско ниво и воспоставување цврсти канали на соработка и влијание во меѓународните организации (ООН, Советот на Европа, ЕУ);
5. Потреба од усогласен настап со настапот на регионалните и меѓународни организации и хармонизација со стандардите на ЕУ.

Како можни цели за формирање на една ваква институција може да ги посочиме:

1. Подобрување на дефинициите, остварувањето и компаративноста на податоците за човековите права на национално ниво, а во рамките на исти (слични) такви податоци на регионално и на светско ниво;
2. Изработка на објективни анализи и извештаи, студии, процени и друга евиденција поврзана со човековите права;
3. Развој на аналитички капацитети кои ќе обезбедат соодветна имплементација на меѓународните стандарди, подобрување на условите на национално ниво за нивно практикување и промоција на иницијативи и идеи за нивно натамошно надградување и развој (на национално и на меѓународно ниво)
4. Лоцирање на проблемите и на позитивните практики во имплементацијата на човековите права и нивното практикување на национално и на меѓународно ниво

Ова се само прелиминарни и обопштени заклучоци дадени на ниво на претпоставки. Формирањето на ваква институција бара претходно продлабочено истражување како во однос на мандатот кој би го имала институцијата така и во однос на можниот импакт во натамошниот развој на демократијата во Република Македонија. Во секој случај, ваков вид институција подразбира постоење на Уставна одредба со којашто ќе се гарантира нејзиниот мандат и положбата во рамките на другите државни структури, или, во најмала рака, постоење на посебен закон со кој ќе се регулираат овие прашања.

## Консултирани извори:

**(Endnotes)**


1 R. Silberman Abella, A generation of human rights: Looking back to the future, Osgoode Hall Law School of York University on October 7, 1998.

2 Интересот за овие институции е како од академски така и од многу практичен карактер. Само како илустрација во прилог е дел од анализите на ова прашање: Human Rights Watch, Protectors or Pretenders? Government Human Rights Commissions in Africa (New York: Human Rights Watch, 2001); Linda Reif, "Building Democratic Institutions: The Role of National Human Rights Institutions in Good Governance and Human Rights Protection," Harvard Human Rights Journal 13 (Spring 2000): 1-69; International Council on Human Rights Policy, Performance and Legitimacy: National Human Rights Institutions (Switzerland: ICHRP, 2000); Anne Gallagher, "Making Human Rights Treaty Obligations a Reality: Working with New Actors and Partners," in Philip Alston and James Crawford, eds., The Future of UN Human Rights Treaty Monitoring (Cambridge: Cambridge University Press, 2000); Paulo Sergio Pinheiro and David Carlos Baluarte, "National Strategies – Human Rights Commissions, Ombudsmen, and National Action Plans," Background Paper for Human Development Report 2000; Robert Brian Howe and David Johnson, eds., Restraining Equality: Human Rights Commissions in Canada (Toronto: Toronto University Press, 2000); Brian Burdekin and Anne Gallagher, "The United Nations and National Human Rights Institutions," Quarterly Review of the United Nations High Commissioner for Human Rights 1 (Spring 1998); John Hatchard, "National Human Rights Commissions in the Commonwealth." Background Paper for the Conference on Commonwealth Human Rights Initiative/ Institute for Public Policy Research (London, 16-17 October 1997); and George Zdenkowski, "The Role of National Commissions on Human Rights," A Paper Presented at a Workshop Organized by the International Bar Association (London: IBA, December 1996).

3 Види: http://www.nhri.net/nationaldatalist.asp

4 Сите документи поврзани со НИЧП може да се најдаат на http://www.nhri.net

5 M.Kjærum, (2003), National human rights institutions implementing human rights, Danish Institute for Human Rights, Martinus Nijhoff Publishers

6 Anna- Elina Pohjolainen, The Evolution of National Human Rights Institutions - The Role of the United Nations, The Danish Institute for Human Rights 2006

7 Recommendation no. R (97) 14 Council of Europe; Resolution (97) 11 Council of Europe; European Policy Evaluation Consortium (EPEC), Ppreparatory study for impact assessment and exante Evaluation of fundamental rights agency (Annexes to the final report), Brussels, February 2005 (www.epec.info)

8 http://eumc.europa.eu/fra/index.php

9 Commission of the european communities, Proposal for a Council regulation (establishing a European Union Agency for Fundamental Rights), COM(2005) 280 final, 2005/0124 (CNS), 2005/0125 (CNS), Brussels, 30.06.2005

10 Cardenas, Sonia (2001), Adaptive States: The Proliferation of National Human Rights Institutions. Carr Center for Human Rights Policy Working Paper T-01-04.

11 За различните видови НИЧП види: M.Kjærum, (2003)

12 Дискусијата за интернационализацијата на нормите за човекови права може да се види кај: Louis Henkin, The Age of Rights, 2d ed. (New York: Columbia University Press, 1996).

13 Устав на Република Македонија (чл. 76, 77 и 78)

14 Закон за спречување на корупцијата (2004)

15 "Сл. весник на Р Македонија" бр.60/03 од 22.09.2003 година

Политикологија
Politicology

UDK/UDC 342.81-055.2
Научен текст / Scientific Paper

***Дијана Стојановиќ Ѓорѓевиќ***

***Dijana Stojanovich Djordjevich***

# АФИРМАТИВНА АКЦИЈА - МЕХАНИЗАМ ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА РОДОВИОТ АСПЕКТ ВО ПОЛИТИКАТА И ПОСТИГНУВАЊЕ НА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ

# AN AFFIRMATIVE ACTION – A MECHANISM FOR INTEGRATION OF THE GENDER ASPECT IN POLITICS AND ACHIEVEMENT OF GENDER EQUALITY

АПСТРАКТ

Интегрирањето на родовиот аспект во јавната политика претставува стратегија за постигнување на родова рамноправност, која повеќе не се третира како “женско”, туку како важно општествено прашање со големо влијание врз развојот на општеството. Родовата рамноправност е повеќе од потребна, бидејќи единствено преку неа се постигнува правична застапеност на обата пола во сите структури на власта. Присуството на жените во политиката директно е условено од изборниот

ABSTRACT

The integration of the gender aspect in public politics represents a strategy aimed at achievement of gender equality, which is no longer treated as a ‘feminine’ issue, but rather as a significant social issue with major impact on the development of the society. The gender equality is more than required since it is the only way of attaining fair representation of both genders in all authority structures. The presence of women in politics is directly conditioned by the electoral system as well as by the (non)-existence of electoral quotas in it.

систем, како и од (не)постоењето на изборните квоти во него.

Клучни зборови: жени, политика, gender mainstreaming, родова рамноправност, изборни квоти, изборен систем

**Key words:** women, politics, gender mainstreaming, gender equality, electoral quotas, electoral system

stojanovic@isppi.ukim.edu.mk

## 1. ВОВЕД

Полот, како биолошка и релативно трајна категорија, ги определува природните разлики на човекот уште од неговото раѓање. Луѓето се раѓаат или како жени или како мажи и оваа нивна категоризација е «релативно» непроменлива. Важна улога во репродукцијата и опстанокот на човечкиот вид имаат разликите меѓу половите, и поради тоа тие се потребни за опстанокот на човештвото.

Различните улоги на жените и мажите во општеството се резултат на родовата определба, која ги определува социјалните односи помеѓу мажите и жените. Овие односи се разликуваат од половите, по тоа што зависат од одреден контекст, имаат одредени заеднички работи со другите социјални односи (класа, етникум, раса, возраст, религија), потребно е да се менуваат, но како резултат на тоа постои и извесен отпор кон нивното менување. Родот претставува збир на културните идентитети на полот, па така "... поделбата пол/род му оди во прилог на аргументот, дека без оглед на биолошката нескротливост на полот, родот е културно конструиран: оттука, родот не е ниту каузална причина на полот, ниту толку божемно фиксиран, како што е полот" (Батлер, 2002). Културната матрица којашто владее со нашите животи налага да препознаваме само два рода, кои се идентични со двата биолошки пола и кои всушност произлегуваат од нив. Културните закони, на кои што им робуваме, својата моќ ја црпат од политиката на препознавање само на формите што ја обезбедуваат кохерентноста и континуитетот меѓу родот и полот.

Дефинирањето на термините пол и род и укажувањето на нивните различности овозможува оправдано да се бара рамноправност меѓу родовите. Родовата рамноправност е во спротивност со родовата нееднаквост, а не со родовите разлики, а нејзината цел е промовирање и заштита на основните човекови права, што би довело до потполно и рамноправно учество на жените и мажите во општеството. "Родовата рамноправност значи еднаква присутност, јакнење и учество на обата пола во сите сфери на јавниот и приватниот живот" (Докмановиќ, 2002).

## 2. (НЕ) РАМНОПРАВНОСТ

Многу луѓе се склони кон негирање на реалната нерамноправност на жените, а со самото тоа и кон потребите на жените да се организираат или самостојно да се борат против таа нерамноправност. “Рамноправноста помеѓу мажите и жените (родовата рамноправност) се однесува на еднакви права, одговорности и можности за жените и мажите, девојчињата и момчињата. Еднаквоста не значи дека жените и мажите ќе станат исто, туку дека правата на жените и правата на мажите, одговорностите и можностите - не зависат од тоа дали се тие родени како жени или мажи” (Докмановиќ, 2002).

Навидум логичната и праведна распределба на работите помеѓу мажите и жените, како и долгото опстојување на традиционалното, патријахално семејство во кое само мажот одлучува, а жената е должна да им се покори на неговите одлуки, влијае на создавањето и зацврстувањето на стереотипите и прерасудите за поделбата на работите помеѓу мажите и жените. Поделбата на улогите на жената и мажот во куќата, а оттаму и во општеството, е определена пред многу милениуми, уште кога древните грчки филозофи и теоретичари жената воопшто и не ја сметале за граѓанин, па затоа и го одземале правото рамноправно со мажот да учествува во донесувањето на одлуките кои го засегале полисот. Таа се наоѓала во ист кош со робовите и децата, без никакво право на глас. Дека плодната клима за угнетување на жената траела со векови и безмалку до денешни дни, говорат повеќе факти од различни области на животот. “Врз основа на податоците на ООН, жените на планетата главно не поседуваат земја, но главно ја обработуваат; немаат капитал, но работат повеќе за помалку пари, особено кога ќе се земе предвид бесплатната работа, која во светската историја непогрешно се поистоветува со робовската работа; според бројноста, тие се мнозинство од бирачите, а несоодветно се застапени во власта; имаат помал пристап до културните добра и медиумите, иако ликот на жените во тие области масовно се злоупотребува; просветните, здравствените и академските институции нудат помалку пропустливост за жените” (Слапшак, 2003). Иако жените макотрпно се избориле за „високи” позиции во некои области, сепак сѐ уште областите коишто подразбираат централизација на работата и хиерархија на работните места, како што се полицијата, војската и на нив слични области се запечатени за влез на жените.

## 3. РОДОВА ИНТЕГРАЦИЈА

Во 1995 година, на Четвртата светска конференција на Обединетите нации за жените одржана во Пекинг, разработена е стратегија за третирање на родовата рамноправност како општествено прашање, со цел gender mainstreaming т.е. интегрирањето на родовиот аспект во јавната политика да доведе до постигнување на родова рамноправност. “Родовата рамноправност ја нагласу-

ва потребата да се (ре)организираат, унапредат, развијат и проценат политичките процеси” (Докмановиќ, 2002).

Со интеграцијата на родовиот аспект во јавниот живот родовата рамноправност станува дел од јавната политика. “Интеграцијата на родовиот аспект во јавниот живот претставува реорганизирање, унапредување, развој и евалуација на политичките процеси” (Докмановиќ, 2002). Нејзиното исклучително значење се гледа во тоа што ги поставува луѓето во центарот на политиката, што укажува на еден похуман пристап во управувањето со современите општества. Истовремено, поголемата информираност за тоа дека политиката не е родово неутрална, би требало да овозможи подобро управување. Взаемната вклученост и на жените и на мажите во креирањето и спроведувањето на политичките одлуки би довело до потполно искористување на човечките ресурси. Имајќи ги предвид различностите коишто постојат помеѓу жените и мажите, интегрирањето на родовиот аспект во политиката, треба да отвори нова дебата за родовата рамноправност и да ја направи нерамноправноста повеќе видлива за главните општествени текови. “Воведувањето на родовиот аспект во јавната политика ќе покаже дека родовата рамноправност не е само “луксуз”, туку и важно општествено прашање со опсежни импликации за забрзан развој на општеството” (Докмановиќ, 2002). Крајната цел на овој процес е рамноправно учество на жените во процесите на донесување на одлуки, било формални, било неформални, во врска со општествените вредности, правците на развој на општеството и распределба на ресурсите.

Интегрирањето на родовиот аспект подразбира додавање на “женска компонента” на постоечките активности и опфаќа многу повеќе од обична партиципација на жените. “Вградувањето на родовиот аспект во политиката ја поставува родовата рамноправност во центарот на донесување на одлуките, среднорочните планови, програмите на буџетот, институционалните структури и постапки” (Докмановиќ, 2002).

Во политичките процеси на планирање и одлучување повеќе не се вградуват перцепциите, искуствата, знаењата и интересите само на мажите, туку и на жените. “Родовиот аспект укажува на потребата од промена на целите, стратегиите и акциите за да се обезбеди подеднакво влијание, учествување и корист од развојните процеси како на жените, така и на мажите” (Докмановиќ, 2002).

Водењето политика на интегрирање на родовиот аспект во сите видови општествени активности не е цел сама по себе, туку средство за постигнување на една цел - ***родова рамноправност***.

## 4. МЕХАНИЗАМ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ

Принципот на недискриминација е камен-темелник и основа за промоција на родовата рамноправност. "Механизмот за постигнување на родова рамноправност опфаќа институционална, владина, и во некои случаи, и парламентарна структура создадена да го промовира женското унапредување и да го осигура уживањето на жените во нивните човекови права" (Тестолин, 2001). Всушност, главната улога на овој механизам е да го мониторира и осигура имплементирањето на принципите на недискриминација и рамноправност помеѓу жените и мажите. За таа цел потребно е остварување на два основни принципа: надлежност (accountability) и автономија (autonomy), кои одат исклучиво заедно.

**Надлежноста** е основна за националниот механизам, бидејќи важноста од воспоставувањето на национален механизам произлегува од неговата умешност да ги адресира различните интереси на жените и мажите и социјалните односи помеѓу нив. "Националниот механизам функционира на различни нивоа на управување: локално, регионално, национално и интернационално. Тој ги артикулира интересите на жените и ги претставува групите на цивилното општество пред Владата, Парламентот, регионалните и меѓународните тела" (Тестолин, 2001). Дијалогот со овие групи, како и нивната поддршка, растат поради легитимитетот на националниот механизам кој истовремено го прави посилен. Основните актери, кои постојано работат на остварување на родовиот баланс во процесот на донесување на одлуки, се 'женските групи'. "Нивната поддршка на овие цели обезбедува демократски легитимитет на напорите за промовирање на родова рамноправност, преку нови аргументи и стратегии" (Тестолин, 2001).

Актерите одговорни за остварување на националниот механизам треба да бидат ослободени од строгите форми на политичка наделжност и одговорност, за да можат послободно да интервенираат. Тука стапува на сцена вториот принцип на остварување на националниот механизам, **автономијата**. "Демократската практика подразбира одредено ниво на автономија за претставниците на овие интереси, што им дозволува промена на нивните позиции. Без автономија не може да постои флексибилност, и како резултат на тоа практичната примена на политиката станува невозможна" (Тестолин, 2001).

## 5. КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕЛИМИНАЦИЈА НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ЖЕНАТА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ АФИРМАТИВНАТА АКЦИЈА

Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (CEDAW) е усвоена во 1976 година од страна на земјите-членки на ОН, а стапува на сила во 1981 година. Поради фактот што, иако Универзалната

декларација за правата на човекот го потврдува начелото на недозволеност на дискриминацијата и прогласува дека сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви без разлики во поглед на полот, и поради тоа што и покрај сите инструменти и понатаму постои широка дискриминација на жените, државите-членки на ОН ја донесуваат оваа Конвенција.

Во членот еден од оваа Конвенција се дефинира терминот дискриминација на жените: "За целта на оваа конвенција изразот 'дискриминација на жените' означува секое разликување, исклучување или ограничување во поглед на полот, што има за последица или цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или вршењето на човековите права на жените и основни слободи на политичко, економско, општествено, културно, граѓанско или друго поле, без оглед на нивната брачна состојба врз основа на рамноправноста на мажите и жените" (Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената, член 1).

Чекор напред во обидот за елиминација на дискриминацијата е дефинирањето на афирмативната акција во членот четири на Конвенцијата: "Усвојувањето на посебни привремени мерки од страна на државите - членки чија цел е да се забрза остварувањето на рамноправноста на мажите и жените де факто не се смета за дискриминација како е дефинирано во оваа конвенција, меѓутоа не смее на кој и да е начин да има како последица нееднакви или различни мерила, а овие мерки ќе престанат да важат кога ќе се оствари целта на сите да им се пружат еднакви можности и третман....". (Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената, член 4).

Постоењето на афирмативна акција подразбира активност од страна на државата за отстранување на дисбалансот кој со векови опстојува помеѓу жените и мажите. Оваа активност вклучува промоција и создавање на еднакви можности за оние кои се идентификувани како дискриминирани. Програмата на афирмативна акција е создадена со цел да се исправи неправдата нанесена врз основа на родова дискриминација. "Афирмативната акција се состои во привиегиран третман втемелен врз основа на пол, или со други зборови, дискриминирање на мажите во корист на жените со цел изедначување на нивните положби" (Пријиќ - Самаржија, 2003). Поради тоа за афирмативната акција се користи и терминот позитивна дискриминација. Аргументите кои се во корист на програмата за афирмативната акција може да се поделат на: аргументи насочени кон минатото (backward looking) и аргументи насочени кон иднината (forward looking). "Првите аргументи ја нагласуваат потребата од компензација на штетата нанесена на поединци или групи која произлегла од родовата дискриминација во минатото, додека другата аргументација е насочена кон воспоставување на идно општество во кое нема да постои дискриминација или, пак, таа ќе биде значително помала" (Пријиќ - Самаржија, 2003).

Пристапот кој е насочен кон минатото подразбира компензациска правда, која оштетената страна ќе ја обесштети на начин на кој ќе и биде надоместена штетата. Дискриминацијата на жените во минатото ќе биде надоместена

преку овозможување на сето она од што жените биле лишени, преку привилегирани вработувања или слични погодности.

Пристапот кој е насочен кон иднината се нарекува и утилитаристички етички пристап, поради тоа што тој настојува да создаде одредени идни добра: "... и тоа како непосредно морални добра (повеќе еднаквост, повеќе праведност) и како пруденцијални добра (повеќе можности за сите)" (Пријиќ - Самаржија, 2003). И покрај фактот што примената на афирмативната акција кон некои поединци се однесува неправедно, нејзините добри последици ги надминуваат лошите и тоа преку два специфични аргумента: аргументот на пример (role-model) и аргументот на разновидност (diversity).

"Аргументот на пример произлегува од претпоставката дека сите имаме потреба за пример бидејќи нè охрабрува сознанието дека и други како нас можат да бидат успешни" (Пријиќ - Самаржија, 2003). Овој аргумент им овозможува на жените да се борат за подобро платени позиции и да успеат во својата цел, со што би се зголемила разновидноста и плуралитетот, посебно во доменот на претставувањето и застапувањето. "Разновидноста е нужна во политиката, полицијата и социјалните служби, бидејќи жените поавторитативно можат да ги застапуваат интересите на другите жени, полесно ја добиваат нивната доверба и поделотворно може да ги решат нивните проблеми" (Пријиќ - Самаржија, 2003) .

Афирмативната акција мора да биде комбинација од добрите страни на компензацискиот пристап и пристапот насочен кон иднината. Не може да се работи само на надоместување на штетата, туку преку практиката треба да се неутрализираат постоечките несогласувања на шансите дадени на жените и оние дадени на мажите, со што би се создале цврсти основи за поправедно и подобро општество. Долготрајните ефекти од употребата на афирмативната акција би требало да доведат до создавање на атмосфера во која обврските на мажите и жените повеќе нема да бидат поделени вра основа на „природните закони", туку врз основа на можностите и преференциите на секоја индивидуа оделно без оглед на полот.

## 6. КВОТИТЕ - ЗАГАРАНТИРАН ВЛЕЗ ВО ПОЛИТИКАТА

Изборниот систем претставува збир на норми со кои се регулираат изборните процедури и односи, како и збир на постапки и дејства со коишто се врши избор на државните и други органи, односно „начин преку кој гласовите се преобразуваат во 'седишта'" (Larserud and Taphorn, 2005), Дел од изборната техника, која ги опфаќа дејствата и инструментите за примена на избирачкото право во изборниот процес, е и распределбата на мандати што директно влијае врз партиципацијата на жените во политиката*. Во зависност од големината на изборната единица, формулата според која се пресметуваат гласовите, како и тоа дали се гласа за кандидат или за партија, зависи и бројот на избрани жени - кандидатки.

За да бидат избрани, жените прво треба да се изборат во сопствената партија, а за да се најдат на изборните листи мора да учествуваат во нивното креирање, бидејќи тие како „главна причина за недоволната ангажираност во политиката, го ставаат фактот дека изборните листи се прават од мажите" (Јаќимовски, 2004). Целата постапка е дополнително олеснета доколку постои т.н. позитивна дискриминација или употреба на изборни квоти. „Квотите за жени се форма на афирмативна акција која им помага на жените да ги надминат опструкциите што ги спречуваат да влезат во политиката на ист начин како и нивните машки колеги" (Larserud and Taphorn, 2005). Тие претставуваат механизам на зголемување на бројот и заштита на присуството на жените во политиката.

Постојат два вида на квоти: правно регулирани и правно нерегулирани или волонтерски квоти. За разлика од волонтерските квоти кои ги усвојуваат самите политички партии како гаранција за учество на одреден број на жени во нивните органи, уставните и законодавните квоти се заштитени од уставот, изборните закони, законите за политичките партии и другите закони со кои државата го дефинира изборниот систем и го регулира изборниот процес. „По дефиниција, овие две форми се базирани на правни прописи, со обврска сите политички ентитети кои учествуваат во изборите да ги аплицираат еднакво" (Larserud and Taphorn, 2005). Ваквата условеност повлекува правна санкција за нивно неисполнување, за разлика од партиите кои употребуваат волонтерски квоти на кои никој не може да ги принуди.

За да биде поуспешна употребата на квоти, таа најпрво треба да се аплицира во процесот на номинирање на кандидатите за што повеќе жени да се најдат на високи позиции на изборните листи, со што се зголемуваат шансите за нивно избирање, но треба да се напомене дека номинирањето на жени не подразбира и нивен автоматски избор. 'Послободното' рангирање овозможува манипулација на тој начин што се определува процентот на кандидати коишто треба да бидат жени, но нема и обврска на кое место да се најдат тие, па така жените кандидатки се наоѓаат на места кои не им овозможуваат мандат[1].

1 Во Република Македонија, Законот за избор на пратеници од 2002 година, иако доведе до 'драстично' зголемување на бројот на жени во парламентот од 9 (1998-2002) на 24 (2002-2004), беше изманипулиран од многу партии кои своите кандидатки ги ставаа во долната половина од листата. Партиите кои на овие избори имаа добиено свои претставници во Парламентот имаа кандидирано вкупно 196 жени, од кои само 55 помеѓу првите 10 места, а од нив на парламентарните столчиња седнаа само 24 (http://www.izbori.gov.mk/par2002/kandidatski%20listi/kandidatski%20listi.html). На првите пет места беа ставени само 4.53% женски кандидати, од шестото до десетото место 7,81% и, секако, најмногу жени беа ставени од единаесеттото до дваесеттото место на изборната листа, 19,84% (http://www.quotaproject.org/CS/Macedonia.pdf) Под притисок на женските лоби групи, овој недостаток се допрецизира со Кодификацијата на изборниот законик 2006, каде децидно се регулира дека: „Во поднесената листа на кандидати за пратеници од ставот 2 на овој член и за членови на совет на општина и градот Скопје од ставот 3 на овој член, на секои три места на листата најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол" (Службен весник на Република Македонија,број 40 од 31.03.2006 година, член 64, алинеја 5) Употребата на овој член уште повеќе го зголеми бројот на жени пратенички, кој во актуелниот состав изнесува 36 (2006-2010).

‘Поцврстото’ рангирање може да се јави како “....**’систем на зебра’,** каде секој друг кандидат на листата мора да биде жена” (Larserud and Taphorn, 2005) или „....**’систем на плафон’,** каде во првата половина на кандидатската листа, минималниот број на секој пол е една третина од вкупниот број на кандидати” (Larserud and Taphorn, 2005).

Квотите, исто така, можат да бидат засновани на „...одреден процент (пр. 20 проценти) или одреден број (пр. 20 од 100) на мандати кои се резервирани за жените” (Larserud and Taphorn, 2005). Овие т.н квоти базирани врз резултати се јавуваат во две форми. Првата форма подразбира посебни ‘женски листи’ или изборни единици, што овозможува освојување на предодредените мандати од страна на жени, додека втората е наречена систем на ‘најдобар губитник’ и според неа „...помеѓу жените кандидатки, оние кои освоиле најмногу гласови, во рамките на бројот предвиден со квотата се избрани дури и во случај кога мажите кандидати имаат освоено повеќе гласови” (Larserud and Taphorn, 2005).

Врз учеството на жените во изборниот процес директно влијаат неколку фактори:

- *големина на изборниот реон.* Ако партиите можат да номинираат повеќе од еден кандидат, поголеми се шансите да кандидираат кандидати од обата пола. „Доколку може да се номинира само еден кандидат, тоа секако би бил маж, бидејќи неговото заменување со женски кандидат би довело до тензии во партијата” (Larserud and Taphorn, 2005). Се разбира дека ваков проблем би изостанал доколку се работи за поголема изборна единица, каде што партиите би можеле да кандидираат по повеќе кандидати, а со тоа се зголемува и веројатноста одреден број на жени да се најдат на добитни позиции.
- *големина на партијата.* „Бидејќи првите редови на кандидатските листи или во партиската хиерархија најчесто се мажи, поголемата партија нуди подобри шанси за жените, затоа што партиите тогаш ги пополнуваат своите втори и наредни места со кандидати кои не спаѓаат во ‘апсолутните врвни кандидати’” (Larserud and Taphorn, 2005). Во малите политички партии, кои неретко не освојуваат ниту еден мандат, потешко е учеството на жените, освен доколку тие не се претседателки на партијата или носителки на изборните листи.
- *изборна формула.* Изборната формула којашто се користи може да:
  а) доведе до многу партии во законодавниот дом, и доколку партиите се блиски едни со други, гласачите може полесно да ги променат. „Тоа е како дозволен обид на партиите да ‘изгледаат фер’ и родово балансирани со цел да не ги изгубат гласовите од ниедна партија чијашто политика е блиска до нивната” (Larserud and Taphorn, 2005);
  б) доведе до ‘изгубени гласови’. “Ако е потребно мнозинство за да се добие мандат, нема бонус за партиите кои имаат повеќе гласови отколку потребното мнозинство (вишокот на гласови се изгубени) и

нема претставување за партиите коишто имаат помалку гласови од победникот (сите гласови на таа партија се изгубени), партиите ќе им дадат приоритет на нивните целни групи на гласачи и нема да бидат стимулирани да се обидат да привлечат гласачи надвор од таа група" (Larserud and Taphorn, 2005);

- *структура на гласање* која укажува на начинот преку кој гласачите го изразуваат својот избор т.е дали гласаат за кандидат или за партија. "Полесно е да се аплицираат квоти во изборните системи кои се пропорционални со затворени избирачки листи, бидејќи кандидатите избрани од секоја партија ќе бидат одредени од партиите во моментот на номинација повеќе отколку од гласачите на денот на изборите" (Larserud and Taphorn, 2005).

Денес, употребата на квоти има за цел да осигура еден вид на 'критично малцинство' на жени во политиката од минимум 30%-40%, иако се тежнее кон воспоставување на потполн родов баланс. Женското претставување преку употреба на квоти е повеќе од потребно, бидејќи "....жените сочинуваат повеќ е од 50% од популацијата во повеќето држави, но држат помалку од 1% од парламентарните места' (Ballington and Karam, 2005).

Системот на квоти може да биде и родово неутрален, и наместо бројчано да го ограничува само машкото претставување, ваквиот вид на квоти нуди ограничување и за машките и за женските претставници. "Во ваков случај, на пример, условот би бил дека ниеден род не би смеел да заземе повеќе од 60% или помалку од 40% од позициите на партиските листи или во органите каде што се донесуваат одлуките"(Ballington and Karam, 2005). Исто така, за родово неутрална квота се смета и 'квотата 50-50', која овозможува максимум во женското претставување.

За да може подобро да се открие најдобриот начин за што поголемо и поефикасно присуството на жените во политиката треба да се види како влијаат различните видови на изборни квоти врз изборниот систем.

| Изборен систем / Тип на квота | Пропорционален систем | Мнозински Систем | Мешовит систем |
|---|---|---|---|
| Без квота | Овој систем ги стимулира жените да се номинираат и според тоа расте веројатноста жените да бидат избрани на различни начини. Тие можат да бидат номинирани заедно со мажите, но бидејќи повеќе гласови и носат на партијата уште едно место, за партијата е важно да учествува во кампања со цел привлекување на гласачи и надвор од сопствената целна група. Бидејќ и во ваквиот систем има многу 'блиски' партии, тие не ризикуваат да бидат "фер" кон жените и да ги изгубат гласачите. Сепак, поголемите изборни единици и поголемите партии, нудат и поголема веројатност за жените да бидат избрани | Не постои некоја специфична стимулација за избор на жени. Избраните кандидати се најчесто мажи и бидејќи само една личност може да биде избрана од партијата, поголема е веројатноста партијата да настапи со широко прифатениот кандидат (што најчесто е маж) | Пропорционалниот дел од системот стимулира номинација и избор на жени, но вториот елемент, мнозинскиот, често не нуди таква стимулација – како резултат постојат само средни ефекти врз изборот на жени |
| Резервирани места: одредени изборни единици само за женски кандидати | Можно е, но само, или во одредени делови на државата или пак на ротирачка основа | Можно е, но само во одредени делови на државата, или пак на ротирачка основа (пример Индија на суб-национално ниво) | Можно е, но само, или во одредени делови на државата или пак на ротирачка основа |
| Резервирани места: одредени места на изборната листа само за женски кандидати | Резервирани места на изборната листа само за жени е гаранција дека ќе бидат избрани онолку жени колку што квотата предвидува | Резервирани места на изборната листа само за жени е гаранција дека ќе бидат избрани онолку жени колку што квотата предвидува | Резервирани места на изборната листа само за жени е гаранција дека ќе бидат избрани онолку жени колку што квотата предвидува (пример, Пакистан) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Резервирани места: систем на “најдобар губитник” | Можно е, но само со отворени листи. Ако листите се затворени, не може да има “најдобар губитник”, бидејќи гласовите не се доделуваат на посакуваниот кандидат. Ова може да функционира само во случај ако нема доволно жени кандидатки на изборната листа | Не е можно бидејќи од секоја изборна единица се бира само една личност | Можно е само за пропорционалните листи и само доколку листите се отворени |
| Номинација: пропишани проценти без редоследно одредени мандати или непостоење на одредени правила за редоследот на изборните места | Значително се зголемува веројатноста дека жени кандидатки ќе бидат избрани доколку се работи за поголеми партии, бидејќи, иако жените можат да бидат поставени прилично ниско на листата, постои тенденција да бидат избрани доколку се употребуваат отворени листи (примери, Перу, Парагвај и Република Македонија) | Не е можно бидејќи во секоја изборна единици се избира само по еден кандидат. Ако повеќ е од еден кандидат се номинира поради квотата, тоа би било против интересите на партијата, бидејќ и се зголемува ризикот да се поделат гласовите на двајца кандидати, и затоа е можно партијата да кандидира слаба жена, со цел да ја максимизира поддршката за кандидатот број еден. Можно е партиите кои не се “алчни” за мандати да кандидираат жени само во изборни единици каде што е голема веројатноста за победа на конкурентската партија (пример, Непал - избори 1999) | Можно е за пропорционалниот дел од системот. Ефективноста зависи од тоа дали се работи за отворени или за затворени листи, како и од големината на партиите (пример, Ерменија 5% квота избори 2003 и Република Кореја) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Номинација: пропишани проценти со редоследно одредени мандати и постоење на правила за редоследот на изборните места (рангирање на врвот или т.н. "zipper quotas") | Гарантиран успех при затворени листи. Доколку листите се отворени, редоследот може да се промени, и така да се поткопува предодреденото рангирање. Незначително помала ефикасност има во мали реони отколку во големи реони, бидејќи таму постои веројатност партиите да се помали и можно е повеќе мажи (кои се вообичаено рангирани на врвот) да бидат избрани според т.н. "zipper quotas" (примери Доминиканска Република, Еквадор Коста Рика, Аргентина, Белгија, Португалија и Ирак - избори 2005) | Не е можно бидејќи рангирањето не може да биде одредено однапред | Можно е за пропорционалниот дел од системот. Ефективноста зависи од тоа дали се работи за отворени или за затворени листи, како и од големината на партиите (пример Палестина) |

Табела број I: Проект за постигнување на еднаквост[2]

Од горенаведената табела може да се заклучи, дека резервираните места на изборната листа само за женски кандидати доведуваат до најдобри резултати и кај пропорционалниот и кај мнозинскиот и кај мешовитиот систем. Пропорционалниот изборен систем нуди олеснет влез на жените во политиката и при употреба на одреден 'загарантиран' процент и тоа: доколку не е одреден редоследот на мандатите, туку само процентот за женските кандидати подобро е изборните листи да се отворени, па така, дури и кога би се нашле на долните места од изборната листа, поголеми би биле шансите да бидат избрани, а доколку е одреден редоследот на изборните места, во тој случај подобро е листите да бидат затворени, за да не дојде до самостојно рангирање на кандидатите од страна на гласачите, при што поголема е веројатноста женските кандидати да се изоставaт.

Непостоењето на квота кај пропорционалниот и мешовитиот систем (делот на кандидатите кои се избираат според пропорционална листа) може да доведе до релативно добри резултати, и бидејќи ваквиот изборен систем подразбира гласање за партија, а не за кандидат, битката којашто жените треба да ја извојуваат е во рамките на партијата, со цел да се најдат на изборните листи. Постоењето на одредени изборни единици само за женски кандидати

2 Табелата е преземена од (Larserud and Taphorn, 2005) и во неа се опфатени само пропорционалниот, мнозинскиот и мешовитиот изборен систем. За повеќе види на http://www.idea.int/publications/designing_for_equality/upload/Idea_Design_low.pdf

исто така дава релативно добри резултати и кај пропорционалниот и кај мнозинскиот и кај мешовитиот систем, бидејќи можно е да се изберат женски кандидати само во одделни делови на државата, но не и на целата територија. Вакви резултати уште се можни кај пропорционалниот систем и кај мешовитиот (делот на кандидатите кои се избираат според пропорционална листа) при употреба на системот на 'најдобар губитник', но само доколку листите се отворени и гласачот сам одредува за кој кандидат ќе го даде својот глас. Кај мнозинскиот изборен систем и кај мешовитиот систем (делот на кандидатите кои се избираат според мнозинска листа) релативно добри резултати може да се очекуваат при употреба на изборни квоти кои го регулираат процентот, но не и местото на кандидатите на изборната листа. Послаби ќе бидат резултатите кај мнозинскиот систем, бидејќи во интерес на партијата е да кандидира јак машки кандидат, а слаб женски, додека кај мешовитиот систем резултатите ќ е зависат од големината на партиите, како и од тоа дали се работи за отворени или за затворени листи.

Бидејќи мнозинскиот изборен систем подразбира гласање за кандидати, а не за партија, непостоењето на квота во ваквиот систем, како и во мешовитиот систем (делот на кандидатите кои се избираат според мнозинска листа) ретко или воопшто не доведува до мандат за женскиот кандидат, бидејќ и партиите настапуваат со своите фаворити - кои најчесто се мажи. Истото се случува и во мнозинските изборни системи, кадешто воопшто не е можен системот на 'најдобар губитник' бидејќи во секоја изборна единица се избира само по еден кандидат. Не е можно ниту пропишување на одредени проценти и загарантирани места за жените, бидејќи кај мнозинскиот систем не е можно рангирањето однапред да се одреди.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Не постои ‘неутрален’ изборен систем кој гласовите ги трансформира во мандати, бидејќи од тоа каков ќе биде изборниот систем зависи степенот на репрезентација на жените. Како најнаклонет систем кон женското претставување во политиката се јавува пропорционалниот систем, поради две причини: „.....бидејќи секогаш подразбира изборни единици во кои се избираат повеќе кандидати, и важноста на партијата при употреба на пропорционалните избори најчесто е голема” (Larserud and Taphorn, 2005). Она што ја отежнува имплементацијата на квотите се најчесто малите изборни единици, како и постоењето на мали политички партии и затоа мнозинскиот систем е најмалку наклонет кон присуството на жените во политиката, освен во случај кога постојат резервирани места на изборните листи само за женски кандидати. Бидејќи квотите можат да се аплицираат и при процесот на номинација на кандидатите, многу е важно жените да се изборат и во сопствените партии за место на изборните листи. Овој процес е отежнат, дури и неупотреблив кај независните

кандидати доколку не е законски регулиран, и тоа со т.н. “zipper quotas”. Сепак, за да се добијат подобри резултати од употребата на квотите, тие треба повеќ е да бидат насочени кон изборните резултати, а помалку кон процесот на номинација, освен во оние држави каде што квотите базирани врз резултатите се спорни. „Во таков случај изборот е помеѓу ефективни, но контроверзни квоти од една страна, и помалку ефективни, но и помалку контроверзни квоти, од друга” (Larserud and Taphorn, 2005). Конечниот заклучок на овој труд е, дека не постои изборен систем во кој е оневозможено аплицирање на изборна квота, и таквото “оправдување” на родовата дискриминација во политиката е неприфатливо, затоа што е можно да се “дизајнира” квота дури и во системи за кои се смета дека се максимално ненаклонети кон жените.

Литература:


1. Батлер, Џ. (2002), Проблеми со родот, феминизмот и поткопувањето на идентитетот, ЕвроБалкан Пресс, 1-60
2. Ballington, J. and Karam, A. (2005), Women in Parliament: Beyond Numbers, (A Revised Edition), http://www.idea.int/publications/ wip2/upload/WiP_inlay.pdf, 141-187
3. Dimitrievska, D. (2004), Quotas: The Case of Macedonia, http://www.quotaproject.org/CS/Macedonia.pdf
4. Докмановиќ, М. (2002), Родна рамноправност и јавна политика, Женски центар за демократију и људска права, 5-35
5. Јаќимовски, Ј. (2004), Женска парламентарна визија, Сојуз на организации на жени на Македонија, Женски родови студии
6. Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената
7. Larserud, S. and Taphorn, R. (2005), Designing for Equality, Best-fit, medium-fit and non-favourable combinations of electoral systems and gender quotas, http://www.idea.int/publications/esigning_for_equality/ upload/Idea_Design_low.pdf
8. Пријиќ-Самарџија, С. (2003), Програми афирмативне акције - за или против (Темељи преференцијалног третмана жена), http://www.zinfo.hr/hrvatski/stranice/izdavastvo/kruhiruze/kir17/17afirmativna.htm
9. Слапшак, С. (2003), Женски икони на XX век, Темплум, 310-315
10. Службен весник на Република Македонија,број 40 од 31.03.2006 година
11. Testolin, G. (2001), Handbook from Regional Programme on Human Rights of Woman, Raoul Wallenberg Institute of Human Rights and Humanitarian Law, Lund University, Handbook on National machinery to promote gender equality and action plans, 1-10
12. http://www.izbori.gov.mk/par2002/kandidatski%20listi/kandidatski%20listi.html

| Политички науки<br>Political Science | UDK/UDC 342.8(497.7)<br>Научен текст / Scientific Paper |
| --- | --- |

*Д-р Наташа Габер и*
*Д-р Анета Јовевска*

# ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - АКТУЕЛНИ ДИЛЕМИ

РЕЗИМЕ

Кај нас, стана правило за изборите да се говори само низ призмата на нерегуларноста на изборниот процес, а речиси воопшто не се отвори компетентна расправа за системските решенија во Законот за избори и нивно вреднување од аспект на ефектите кои ги имаат врз двете клучни цели кои треба да ги оствари еден изборен систем, а тоа се стабилна влада и репрезентативен парламет. Во целиот овој период вклучувањето на научната јавност е само реакција на дебатите меѓу партиите, а не на посериозни промислувања на квалификуваната експертска јавност која се занимава со оваа тема.
Во таа смисла овој труд се фокусира на актуелната дебата што се води за две нови предложени решенија

**D-r Natasha Gaber &**
**D-r Aneta Jovevska**

# THE ELECTORAL SYSTEM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA - ACTUAL DILEMMAS

**ABSTRACT**

In our society it has become a rule to talk about elections merely through the prism of the issue of irregularity of the election process, without hardly ever opening a competent discussion regarding the systematic decisions contained in the Law on Elections and their appraisal from the aspect of effects they make on the two key objectives which an electoral system is to accomplish, namely a stable government and a representative parliament. Throughout this entire period the inclusion of the scientific public seems to be solely a reaction to the debates among the parties, and not any more profound considerations by the qualified expert public which treats this issue.
In line with the aforementioned, this work focuses on the current debate

кои, по својот карактер, имаат импликации врз конечната дистрибуција на мандатите во парламентот, а со тоа и врз формирањето на владата и донесувањето на одлуките. Станува збор, од една страна, за можноста македонските иселеници (дијаспората) да се вклучи во изборниот процес, а од друга страна, се предлагат дополнителни мандати за партиите на помалите етнички зедници. Тоа се прашања кои беа силна провокација за и онака исполаризираната партиска сцена. Истовремено, во сите овие дебати, забележливо е избегнувањето на "вистинските" теми кои означуваат чекор напред во развојот на демократијата, кај нас. Имено, една од таквите теми е и преференцијалното гласање, како единствена реална опција за демократизација на македонскиот изборен систем, која за жал, не се покажа "интересна" за ниту една од политичките партии.

**Клучни зборови:** избори, изборни системи, преференцијално гласање, дијаспора, дополнителни мандати, политичко претставување, политички партии

on the two new proposed decisions which have implications on the final distribution of the terms of office in the parliament, and thus on the formation of the government and reaching of decisions. On one hand, this refers to the likelihood of including the Macedonian immigrants (the Diaspora) in the election process, whereas, on the other hand, it proposes additional terms of office for the parties of the minor ethnic communities. These are issues which have seriously provoked the already polarized party stage. Simultaneously, the avoidance of the 'real' topics which bring about the development of our democracy is evident in such debates. Namely, one of these topics is the preferential voting, as the unique real option for democratization of the Macedonian electoral system, which unfortunately did not prove 'appealing' for any political party.

**Key words:** elections, election systems, preferential voting, Diaspora, additional terms of office, political representation, political parties

## 1. ВОВЕД

Несомнено, политичката теорија ја нема ексклузивноста во дебатите поврзани за изборите, бидејќи овој феномен е подеднакво провокативен за поширок круг на субјекти. Ова не е случајно затоа што изборите (покрај референдумот) се единствениот облик кој им стои на располагање на граѓаните за директно учество во политичкиот живот. Иако изборите претпоставуваат натпревар врз прецизно дефинирани правила на игра, сепак, станува вообичаено по изборите да се отвора расправа и за промена на веќе востановените правила. Ваквата атмосфера, веќе подолго време, е практика и кај нас. Ова, меѓу другото, се должи на фактот што легитимитетот на власта не произлегува само од исходот на изборите, туку и од однесувањето на клучните политички сили во текот на изборите, односно од нивното почитување на законски утврдената процедура. Респектирањето на правилата на игра резултираат со легитимен парламент и легитимна политичка елита кои ја презентираат волјата на избирачите. Спротивното, повлекува дубиози кои обично се користат од страна на политичките субјекти во нивните дневни пресметки, што може, во одредени околности, да го загрози и функционирањето на политичкиот систем.

Секако изборните системи не се составени само од изборни правила, туку вклучваат и определена политичка култура, како амбиент во кој се остварува изборниот процес. Ова подразбира извесна загриженост за стабилноста и традицијата на сопствениот поредок, бидејќи сведувањето на изборите на чин "по секоја цена да се добие власт", па дури и да се нерегуларни, влијае поразително за демократијата на една држава и политичката култура на нејзините граѓани. Затоа, изборите, како комлексен политички чин, се индикатор и катализатор на видот и степенот на политичката социјализација и политичката култура на субјектите во една средина. На вонинституционален план, тие се битни за создавање на поволна психолошка клима, за стабилност на политичката заедница и за идентификација на граѓаните со неа, а на институционално-политички план, резултатот од изборите, доколку тие се слободни и непосредни, е легитимно претставничко тело.

Каков ќе биде еден изборен систем, кои содржини и функции ќе ги има, пред се зависи од карактерот на политичкиот систем и неговите особености. Меѓутоа, изборниот систем не е пасивна, изведена политичка категорија која еднонасочно се исцрпува според потребите на определен политички систем, туку, тој врши и повратно влијание врз другите сегменти и институции на политичкиот систем, па дури тоа влијание во определени моменти може да е пресудно во трансформирањето на политиката и нејзините институции[1]. Особено

1 Овој став го потврдуват и искуствата од изборите во 1998 година и ефектите од тогаш избраниот мнозински изборен модел, но и ефектите на партиска претставеност во Собранието на РМ, која ќе беше поинаква во случај да се избереше модел со 50% мнозински пратенички места и 50% пропорционално избрани места (наместо тогаш постојните 2/3

во услови кога политиката е нестабилна и кревка еден релативно несоодветно димензиониран изборен систем може да биде еден од факторите кој ја генерира кризата. Затоа, изборните правила треба да го поминат тестот на времето, за да може за изборниот систем да говориме како за стабилен елемент на еден демократски поредок. Во таа смисла, од посебна важност е континуираната примена на изборните правила, и тоа во неколку изборни циклуси, како еден од факторите кои влијаат врз обликувањето на политичката култура и изборното однесување на политичките актери, како и врз градењето стратегија за нивниот изборен настап.

Во секој случај, кај нас стана правило за изборите да се говори само низ призмата на нерегуларноста на изборниот процес, а речиси воопшто не се отвори компетентна расправа за системските решенија во Законот за избори и нивно вреднување од аспект на ефектите што ги имаат врз двете клучни цели кои треба да ги оствари еден изборен систем, а тоа се стабилна влада и репрезентативен парламет. А, и во колку се дебатира за ова прашање, најчесто тоа се сведува на меѓупартиска комуникација и калкулација, а не на некои посериозни расправи иницирани во научните кругови. За жал, во целиот овој период вклучувањето на научната јавност е само реакција на дебатите меѓу партиите, а не на посериозни промислувања на квалификуваната експертска јавност која се занимава со оваа тема[2]. Секако ова остава простор за конфузни и паушални толкувања на постојните решенија и креирање на предлози кои најчесто кореспондираат единствено со дневнопартиските интереси. Поради тоа, е нужно студиозно приоѓање кон евентуалните промени и изграден концепт, за тоа, како тие би функционирале во практиката, кои би биле политичките импликации на таквите измени (составот на владата, како ќе се донесуваат одлуките во собранието, реализација на Бадентеровото мнозинство и сл.). Притоа, во валоризацијата на тие измени, особено важно е каде ќе биде позициониран обичниот граѓанин и неговата изборна волја. Ова посебно, за да се избегне сведувањето на избирачот на обичен верификатор на партиски поставените кадровски приоритети.

Следејќи ја хронологијата на изборните реформи во Република Македонија, во која главниот збор го имале релевантните политички партии, се забележува дека промените во изборното законодавство се одвивале од мнозинскиот изборен систем во два круга, преку комбинирањето на мнозинскиот

мнозински и 1/3 пропорционални листи), со што се доби партиски распоред на силите, кој практично го одреди текот на настаните подоцна.

2 Ова не значи дека од донесувањето на првиот Закон за избор на пратеници и одборници од 1990г. до денес не се направени промени, туку дека посериозните реформи во изборниот систем биле резултат на проценките и потребите на политичките партии кои имаа клучна улога на македонската политичка сцена. Инаку, Министерството за правда, како надлежна институција која ги менаџира изборните реформи, формираше и работни групи (по правило составени од претставници на одделни политички партиите и експерти, а од 2002г. и од претставници на ОБСЕ и МОСТ) во речиси сите изборни циклуси, што резултираше со донесување на неколку нови изборни закони (1998г.,2002г., 2006г.).

со елементи на пропорционалниот изборен систем, па во исклучиво пропорционален. Всушност, наспроти досегашната практика во фокусот да се ставаат интересите на политичките партии, најмногу би требало да се размислува за суштината на демократското претставување, и акцентот да се става на избирачот и неговата волја. Токму овој аспект е во фокусот на овој труд.

Демократското претставување е особено важно, бидејќи ако се гледаат постојните општествени расцепи (различни линии на поларизации- религиски, јазични, етички итн.) кои постојат во Република Македонија и нивното политичко изразување и позиционирање преку политичките партии, повеќе од јасно е дека тие, како експоненти на тие општествени разлики, настојуваат да остварат политичка артикулација и претставување во Собранието. Неспорно е дека тоа е единствено можно преку пропорционалниот изборен модел, но кој може да се корегира или адаптира на демократските потреби на избирачот. Впрочем, во услови на т.н. длабоки расцепи мнозинските избори фактички ги заоструваат центрифугалните односи и имаат дезинтеграциска сила (Nohlen, D. 90: 198). Очигледно во дизајнирањето на изборните решенија законодавецот не може да го пренебрегне фактот “субкултурен плурализам” како белег на македонската држава (Goati, V. 1991: 55). Затоа, кај нас, било кое друго решение освен пропорционалниот модел би било несоодветно и би имплицирало ефекти кои нема да ги амортизираат конфликтите, туку напротив, можно е да ги интензивираат.

## 2. АКТУЕЛНА ДЕБАТА ЗА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Следејќи го трендот на измените во изборното законодавство кај нас, се забележува дека ниту овој изборен цилкус не го одминаа партиските дебати за реформа на изборниот процес. Имено, во овој момент освен извесните помали интервенции за промена на некои одредби на постојниот Изборен законик (во делот на финансирањето на политичките партии, заштитата на избирачкото право и вклучувањето на ДИК во водењето на Избирачкиот список), кои се во тек, се отвори расправа и за две нови решенија кои, по својот карактер, имаат импликации врз конечната дистрибуција на мандатите во парламентот, а со тоа и врз формирањето на владата и донесувањето на одлуките. Станува збор, од една страна, за можноста  македонските иселеници (дијаспората) да се вклучи во изборниот процес, а од друга страна, се предлагат дополнителни мандати за партиите на помалите етнички зедници. Тоа се прашања кои беа силна провокација за и онака исполаризираната партиска сцена.

Истовремено, во сите овие дебати, забележливо е избегнувањето на “вистинските” теми кои означуваат чекор напред во развојот на демократијата, кај нас. Имено, една од таквите теми е и преференцијалното гласање, како единствена реална опција за демократизација на македонскиот изборен систем, која за жал не се покажа “интересна” за ниту една од политичките

партии. Логично, се поставува прашањето: На што се должи нивната индиферентност? Дали тоа значи дека немаат сознание за една таква можност или, пак, не им одговара ваквото решение, знаејќи што тоа имплицира (првенствено за внатрепартиската демократија, но и „презентирањето" на кадровските решенија на тест пред јавноста) и во каква позиција ги става партиските челници, наспроти дистрибуцијата на моќта во рамките на партијата. Најверојатно, тоа е и вистинската причина за постоењето премолчен консензус, меѓу сите партии, оваа тема да не се отвора и за една таква можност да не се говори во јавноста.

## 2.1. Дополнителни места за партиите на помалите заедници

Можноста на граѓаните да влијаат врз процесот на политичкото одлучување секогаш била клучен елемент во валоризацијата на еден поредок како демократски. Ова прашање секако добива нова конотација денеска кога поимањето на демократијата не може да се толкува низ призмата на „волјата на народот". Настојувањето да се идентификува и имплементира "општата волја" е пред се само теоретско прашање поврзано со одреден политички концепт, па оттука нејзиното поимање и операционализирање зависи од тоа дали во фокусот на политичката заедница е народот како хомогена група- колективитет или индивидуата како  автономна единка свесна за својот политички субјективитет. Всушност, тука ја лоцираме и суштинската разлика во начинот на кој единките можат да го операционализираат сопствениот политички субјективитет. Во таа смисла, историјата на политичката мисла упатува на заклучокот, дека не постои формула со која може да се идентификува волјата на народот, туку дека листата на можните толкувања е отворена и во голем степен детерминирана од начинот на кој се дистрибуира моќта во една заедница. Она што е општоприфатен стандард на демократијата денес е, дека секоја одлука донесена од мнозинството ќе биде демократска само во колку е почитувана и од малцинските групи или заедници, или пак ако таа е резултат на поширок консензус. Разликите се јавуват во начинот на кој се обезбедуват претпоставки за да се задоволи оваа заложба. Впрочем, од ова може да се изведе дистинкцијата меѓу еднаквост во пристапот и еднаквост во можностите, при што второто е стожерниот елемент на дефинирањето на демократијата денес. (Hoffman, J.; Graham, P. 2006: 72- 73)

Очигледно образецот „победникот добива сè" веќе не ги задоволува стандардите што ги наметнува современиот концепт на демократијата и функционирањето на модерната држава. Во овој контекст може да се актуелизира темата за дополнителните места за партиите на помалите етнички заедници во парламентот на Република Македонија, како начин да се редизајнира парадигмата на неговото компонирање.

Анализирајќи го изборното однесување на избирачите во Република Македонија, се забележува дека интересот на одделна етничка заедница е до-

минантната оска на интеграција на интересите во политичката сфера, односно сè уште има одлучувачко влијание во обликувањето на политичките ставови на граѓаните. Аналогно, евидентна е високата поларизација меѓу партиите на линијата на етничката поделеност. Така, бројните анкети, а и изборните резултати од првите избори во 1990 година до денес, овозможуваат да се забележат определени шаблони на партиска преференција карактеристична за определени делови од изборното тело. Имено, со оглед на етничката припадност, а со неа се совпаѓа и верската, евидентно е дека групата анкетирани Албанци од муслиманска вероисповед, во најголемиот број случаи ги преферираат партиите на својата етничка група. Притоа, и во рамките на сопствениот политички блок се забележуваат значителни промени, ако ги споредиме изборите меѓу различни изборни циклуси. Наспроти ова другите помали етнички групи тендираат да гласаат не само партии кои припаѓаат на нивната етничка или верска група, туку покажуваат преференција и кон политичките партии со поизразена граѓанска ориентација.

Токму сите овие аспекти се особено важни во моделирањето на одреден изборен систем. Имено, „изборните инженери" при „дизајнирањето" на пософистицирани форми на демократија, кои би ги рефлектирале постојните поделби и карактеристики на одредено општество, неопходно е внимателно да ги комбинираат изборните димензии, кои им стојат на располагање. Само на тој начин е возможно да се моделираат адекватни облици на претставување и влијание на постојните расцепи. Ваквиот пристап го насочува општеството да ги развие следниве четири клучни капацитети (Tronconi, F. 2006):

1. институционално да ги апсорбира и да ги разрешува конфликтите на мирен начин;
2. да поттикнува соработка низ политичките партиски линии;
3. да развива инклузивна агенда за заедничка акција;
4. за стимулирање на граѓанската партиципација, како коректор на политиката што ја спроведуват носителите на власта.

Всушност, станува збор за препорачливи процеси на донесување на одлуки и системско функционирање во хетерогените општества, со цел во донесувањето на одлуките да се обезбеди поширок консезус[3]. Во тој контекст, со обезбедување статус на легислативни партии, на помалите заедници, им се овозможува да бидат активни и одлучувачки учесници во процесот на преговарање и размена на мислења како единствен прифатен образец на политичко дејствување. Појдовна претпоставка е дека институционалните решенија кои поттикнуваат консензуални, а не мнозински обрасци на релации меѓу елитите, корелираат со мирно решавање на конфликтите. Важно е што на согласноста се гледа како на стратегија на управување со конфликтот со помош на соработка и договор меѓу заинтесираните страни.

3 Веќе постојат бројни документи кои се прифатени на ниво на ЕУ како и искуства во други држави кои се обидуваат да ги интензивираат процесите на граѓанска партиципација при донесувањето на одлуки и политики

Секако, интересно за расправа е дали сите расцепи во една заедница имаат еднаква тежина и дали нивото на политичката култура, односно дискрепанцијата во нивото на културата на сегментите, ја доведуват во прашање нивната соработка. Ова укажување е особено актуелно за Република Македонија, со оглед на карактерот и природата на расцепите меѓу нејзини одделни сегменти.

Принципелно гледано, со оглед на тоа дека македонското општество се определува себеси како мултиетничко, а не бинационално, потребата постојните помали етнички заедници, без разлика на нивната бројност, да остварат свое претставување во законодавниот дом, изгледа сосем логична и природна. Овде мора да се напомене, дека можност за ваквото претставување постои и сега, но главно преку широките предизборни коалиции со партии кои имаат помасовна поддршка кај избирачите, и кои често кореспондираат и со идеолошката преференција на гласачите кои припаѓаат на помалите етнички заедници, па затоа, кај дел од нив "кумулативно" се задоволува нивната изборна преференција.

Сепак, веќе се говори за обезбедување на загарантирани пратенички места за секоја заединица посебно. Поради фактот дека постојат одредени искуства  во земјите во регионот, упатно е да се размисли за една ваква можност и кај нас, но потребна е внимателност, бидејќи ова прашање провоцира бројни дилеми и размислувања. Несомнено, проблемот не е поврзан само со неговата нормативна димензија, односно не се сведува само на гарантирање на правото на политичко здружување на помалите етнички заедници, туку има пошироки импликации и претпоставува свест за интересот на заедницата и нејзиното функционирање. Поточно, една од резервите кон една ваква можност е тоа што малцинските партии, во одредена констелација на партиски прегрупирања, можат да ја предимензионираат сопствената политичка позиција и со ултиматуми, во процесот на одлучување, да наметнуват задоволување на некои нивни нереални барања. Дури, не е исклучена и нивната пресудна улога во одредени ситуации кога е ставено на тест парламентарното мнозинство[4]. Од друга страна, и овие партии, се судираат со проблемот на демократизацијата во сопствените партиски редови. Всушност, компаративното искуство покажува дека токму тоа е слабата страна на малите партии, кои ги претставуваат помалите заедници во едно општество.

Во секој случај она што ова прашање го актуелизира во овој момент е фактот што станува збор за партии на оние малцински заедници, кои, во колку настапуват самостојно на изборите, не можат да обезбедат влез во Парламентот. Ова не значи дека можноста за самостоен настап им е ограничена, туку

4 Впрочем и оваа иницијатива ја актуелизира Владата на Никола Груевски, кога во практицирањето на политиката, политичкиот дијалог навлезе во криза, па, за да се избегне блокирањето на процесот на одлучување, се отвори прашањето на компонирањето на Комитетот на заедниците и принципот на Бандитер во одлучувањето, но не од принципиелни, туку од прагматични побуди.

дека било каков изборен модел не би одел во прилог на нивно соодветно претставување. Имено, фактот дека овие заедници се територијално дисперзирани во сите региони (што им оневозможува да заработат мандат со самостоен настап), е доволна причина да се размислува како да се избегне нивната трајна миноризација, односно малцинска позиција. Горенаведените укажувања, секако, би требало да се земат предвид при дизајнирањето на евентуални законски решенија. При тоа, упатно е да се посвети внимание и на следново:

- На релацијата изборно однесување- етничка припадност, не мора да се гледа како на единствен образец на изборно одлучување, односно дискутабилно е тврдењето дека само претставникот на заедницата го има ексклузивното право да ги претставува интересите на сопствената етничка група. Токму во ова е суштината на дилемата, дали Република Македонија ќе прераснува во граѓанско општество или ќе остане “заробена” во постојните етнички колективитети.
- Дали и колку решението однапред фиксно да се резервираат определени пратенички места за секоја од овие помали етнички заедници, е среќно избрано, без притоа да се води сметка колкава ќе биде реалната гласовна поддршка за овие места, т.е. на кој начин да се одмери квотата за секоја заедница и за секое пратеничко место. Само на таков начин партиите ќе бидат ставени во услови на компетиција, во кои ќе треба да се изборат за својата изборна поддршка.
- Исто така, треба да се вклучи и механизмот на “минусирање” на овие загарантирани места (било дел или пак сите) во колку претставници од соодветната етничка заедница успеат да добијат пратеничко место во рамките на 120-те пратенички места (било партијата на конкретната етничка заедница да е во коалиција со некоја друга политичка партија или пак како кандидат на друга партија, но со соодветната етничка припадност).
- Како што спомнавме веќе во генерален контекст, но и во контекстот на истакнување на партиските листи на овие партии, треба сериозно да се размисли за воведување на преференцијалното гласање како реална опција за изразување на приврзаноста кон својот етникум, но во рамките на една т.н. поширика граѓанска листа.
- Останува отворено прашањето, како да се сумираат гласовите на овие етнички заедници (дали на национално или на ниво на изборни единици, со едно избирачко ливче или две, како ќе се води евиденцијата во избирачкиот список и сл.).

Компаративниот преглед на одредени искуства е интересен показател за начините на кои ова прашање е решено во некои, за нас, референтни држави (види табела бр.1), како и за можните ефекти од една ваква солуција. (Bieber, F. 2003)

**Табела бр.1**

| ДРЖАВА | ИЗБОРЕН СИСТЕМ | БРОЈ НА ДОМОВИ | РЕЗЕРВИРАНИ МЕСТА | ПРАГ |
|---|---|---|---|---|
| БиХ (2002) | ПР | 2 | 15 (по 5 за Срби, Бошњаци, Хрвати) | 3% |
| БиХ Федерација (2002) | ПР | 2 | Горен дом (98 места) резервирани минимум по 4 за Срби, Бошњаци и Хрвати; Долен дом 58 места), по 17 Срби, Бошњаци и Хрвати и 7 други | 3% |
| Република Српска (2002) | ПР | 2 | Горен дом (83) резервирани места минимум Срби, Бошњаци и Хрвати; Долен дом (28 места) резервирани по 8 места за Срби, Бошњаци и Хрвати и 4 други | 3% |
| Хрватска (2002) | ПР | 1 | Резервирани места (5-8) | 5% |
| Косово (2001) | ПР | 1 | Резервирани места (10 Срби, 10 други) | |
| Македонија (2002) | ПР | 1 | | |
| Црна Гора (2002) | ПР | 1 | Резервирани места (3 Албанци) | 3% |
| Србија (2000) | ПР | 1 | | 5% |

Очигледно, можни се различни решенија преку кои може да се операционализира една ваква заложба, но важно е да се согледаат и имликациите од нивната примена. Така, како индикативен случај, се издвојува искуството на Сојузна Република Германија. Имено, изборниот систем на Германија, на пример, го штити „пасивното„ избирачко право на данските малцински партии. Иако за германските политички партии е неопходно да остварат праг од 5% на национално ниво или 3 директни манадати, за да стекнат право за учество во дистрибуцијата на мандатите, данското малцинство, има право на свој претставник во Парламентот, без да го исполнува овој услов. Значи, нивното активно избирачко право не се разликува од нивните сограѓани- Германци, туку нивното пасивно право е дополнително заштитено со тоа што не се применува предвидениот законски праг. Ова право данското малцинство го искористило само во еден изборен циклус (1949г.). Поточно, гласот на данскиот пратеник во Парламентот бил пресуден во изборот на канцеларот Конрад Аденауер, кој добил само еден глас повеќе од својот противник. Поради „обвинувањата„ дека данскиот малцински пратеник бил клучен во арбитрирањето на победникот, Данците одлучиле дека и покрај неспорната заложба нивните малцински права да бидат заштитени, сепак сметале дека немаат право како малцинство да му одредуват на мнозинството кој да ја врши власта. Затоа, оваа етничка група практично се откажала од ова свое право. Слична ситуација е регистрирана и во Словенија во 1996г., кога италијанскиот и унгарскиот пратеник, со еден глас повеќе, ја обезбедиле победата на Јанез Дрновшек. (Gjenero, D. 2004: 6-10)

Од друга страна, изборните системи на Романија и Словенија, дополнително го штитат „активното» избирачко право. Така, на пример, на италијанското и на унгарското малцинство во Словенија, не им припаѓа само заштита на пасивното избирачко право, туку и секој припадник на тие малцинства располага и со дополнителен глас. Покрај редовното избирачко ливче, декларираните претставници на овие две малцинства може да добијат и дополнително (второ) ливче за избор на малцински пратеник. На овој начин, законодавецот сметал дека се избегнува опасноста од «притисок врз малцинствата да изберат» гетоизација (ако гласат само за листата на своите малцински кандидати) или асимилација (ако одлучат да избират само за кандидати на редовните листи). Хрватскиот изборен систем, слично како и Германскиот, го штити само пасивното избирачко право на припадниците на малцинствата кои живеат во Хрватска, односно избирачот нема право на два гласа, туку гласа само за партиски листи, со што тие се присилени на гетоизација или асимилација. Ова мислење се базира на фактот што гласачите кои се од не-хрватско етничко потекло се водат на посебни избирачки листи, поради што, тие лица кога пристапуваат кон гласање, треба на самото избирачко место да се изјаснат за кое од ливчињата ќе го дадат својот глас: дали за листата на малцинските кандидати или пак за «обичните» избирачки листи. Исто така, како недостаток се смета и однапред резервираниот фиксен број на места за овие партии, со што

практично потенцијалните гласачи се дестимулирани да гласаат за «сопствените» кандидати бидејќи тие ионака го имаат својот резервиран број на места. Наспроти тоа, овие гласачи повеќе се мотивирани да гласаат за другите листи на кандидати, со што ќе имаат поголем удел во тоа кој ќе владее во Хрватска во наредниот мандат.

Очигледно, споредбените искуства се особено важни во анализата и креирањето решенија преку кои би се операционализирала заложбата за гарантирано присуство на политичките партии на малцинските заедници во Република Македонија. Само на тој начин ќе се избегнат несаканите ефекти на одделни решенија кои, дури, може да бидат во спротивност со воспоставените стандарди на демократијата.

**2.2. Гласање на дијаспората**

Несомнено е правото на македонските државјани, без разлика дали живеат во Република Македонија или не, да партиципираат во националните или во претседателските избори. Уставот на РМ и Изборниот законик, генерално, го гарантира ова право, но досега не беа создадени услови, ниту пак подетално беше разработено како ова право ќе се остварува надвор од границите на Република Македонија. Според постојните законски решенија, оваа катеогорија граѓани, кои се експлицитно државјани на Република Македонија, во колку се затекнат на денот на изборите во Република Македонија можат да го остварат ова свое право, во местото каде што било нивното последно живеалиште пред заминувањето во странство. Овој момент е особено важен, бидејќи правото на глас го имаат единствено лицата кои имаат државјанство на РМ, согласно со меѓународните стандарди, и овој услов ќе се задржи и во идните законски решенија.

Проблемот, е всушност, како да им се обезбедат услови на овие граѓани да гласат и надвор од границите на Македонија. Доказ дека постои извесен тренд на овозможување на гласање во странство е документот подготвен од IDEA (International Institute for Democracy and Electoral Assistance), според кој, од 214 независни држави и територии кои биле истражувани, повеќе од 100 пројавуваат некаква форма на ваков облик на гласање. Најширока ваква практика постои во Европа (40%), но и во другите региони: Африка (21%), Америка (14%), Азија (16%) и Пацифик (6%).

Постојат различни светски искуства за тоа на кој начин гласовите на дијаспората би можеле да се пресметаат или трансферираат во мандати:

- гласовите да се слеваат во една, национална изборна единица;
- гласовите да се слеваат во постојните регионални изборни единици, во зависност од тоа кое е последното живеалиште на иселеникот пред да се исели од земјата;
- гласовите да се пресметуваат само за однапред утврдениот број на мандати во Собранието, кои ќе се пополнуваат од страна на дијаспората.

Постојат само десет држави (види Табела бр.2) во светот кои го прифатиле третиот модел, односно предвидуват резервирани пратенички места за иселениците. (Bartulac-Blanc, T. 2007:16)

**Табела бр.2**

| ДРЖАВА | БРОЈ НА РЕЗЕРВИРАНИ МЕСТА | ВКУПЕН БРОЈ НА МЕСТА | ПРОЦЕНТ НА РЕЗЕРВИРАНИ МЕСТА | КОМЕНТАРИ |
|---|---|---|---|---|
| Алжир | 8 | 389 | 2.0 | |
| Ангола | 3 | 220 | 1.4 | Сеуште не е реализирано |
| Зеленортски острови | 6 | 72 | 8.3 | 3 ИЕ со ПО 2 места секоја, за Америка, Африка и Европа |
| Колумбија | 1 | 166 | 0.6 | 1 ИЕ |
| Хрватска | Бројот не е фиксен, до 14 места | 160 максимум | | Види коментар во текстот |
| Еквадор | 6 | 130 | 4.6 | |
| Франција | 12 | 331 | 3.6 | Се гласа само за Сенатот, преку гласање на електорите (индиректно) |
| Италија | 12 | 630 | 1.9 | По 6 места за двата дома |
| Мозамбик | 2 | 250 | 0.8 | 1 ИЕ за Африка и 1 за остатокот од светот |
| Панама | 6 | 130 | 4.6 | Сеуште не е реализирано |
| Португалија | 4 | 230 | 1.7 | 2 ИЕ по 2 мандата ако гласачите се над 55.000, во спротивно само по 1 мандат |

Исто така, не смее да се заборави дека во колку постои мала разлика во поддршката во гласови помеѓу главните натпреварувачи во изборната трка, може да се случи токму овие гласови или мандати кои ги избира дијаспората да бидат пресудни (Bartulac-Blanc, T. 2007: 10) за тоа кој политички субјект ќе ја креира новата влада. Во оваа смисла, искуството на Хрватска регистрира позитивни, но и негативни аспекти во практицирањето на ова право. Факт е дека Хрватите кои живеат надвор од Хрватска во принцип почесто гласаат за десната партија ХДЗ и благодарејќи на нивната поддршка ХДЗ успеала веќ е неколку пати да ја состави владејачката коалиција во државата. Посебно индикативни беа последните парламентарни избори, во кои решавачки беше повторно гласот на дијаспората од БиХ (Табела бр.3).

**Табела бр.3**

| Парламентарни избори во Хрватска/ изборна година | Мандати на дијаспората/ Вкупен број на мандати на Парламентот | Според партии |
|---|---|---|
| 1995 | 12/ 127 | ХДЗ |
| 2000 | 6/ 151 | ХДЗ |
| 2003 | 4/ 152 | ХДЗ |
| 2007 | 5/ 153 | ХДЗ |

Во Хрватска, всушност, можноста лицата кои престојуват во странство да гласат, се однесува на две категории граѓани: (1) оние кои живеат во странство на денот на изборите, но имаат и место на живеење во Хрватска; и (2) оние кои живеат во странство но немаат живеалиште во Хрватска. Првата група гласа за својата изборна единица, но од странство, а втората група има своја "изборна единица за дијаспората" за која и гласа.

Секако, ваквата можност претпоставува прецизна евиденција и изградени критериуми за дистинкција на овие две категории граѓани. Ова е особено важно да се напомене, бидејќи проблемот со евидентирањето на граѓаните кои навистина и понатаму живеат во Република Македонија, наспроти оние кои живеат во странство, а поседуваат државјанство на РМ, ја отежнува контролата на регуларното гласање, и покрај заложбите за посоодветна евиденција[5]. Затоа, секогаш се провлекуват сомневања од одредена политичка партија (обично таа која е во опозиција во тој момент или која ги губи изборите) дека се манипулира со гласовите на овие избирачи и дека фиктивно се полнат избирачките кутии. Затоа, навистина е потребна *една веродостојна евиденци-*

5 Во моментот лицата кои живеат во странство се обележени со ѕвездичка во избирачкиот список, според Изборниот законик на РМ од 2005г.

*ја која ќе го исчисти домашниот избирачки список од лицата кои моментално не живеат во државата и истовремено ќе им се оствари демократското право на иселениците да гласаат во дипломатско- конзуларните претставништва во државите каде што, во моментот престојуваат.* Станува збор за документ кој е официјален регистер на евидентирани избирачи за конкретни изборни единици и кој детерминира дали граѓанинот ќе може да го оствари своето избирачко право или не.

Несомнено во разгледувањето на можноста да гласа дијаспората, кај нас, неопходно е, прво, да се разграничат и расчистат некои оправдани дилеми:

- кое лице избирач ќе има статус "привремено вработен во странство", поточно, кој е тој временски рок по кој статусот "привремен" би преминал во „траен" (пример е Велика Британија која временски ова го лимитира на 15 години, така што после тој период тие лица го губат правото да гласат) или пак тоа нема да биде временски лимитирано. Поточно, секој кој поседува македонски пасош, независно дали некогаш бил во Република Македонија или планира да се врати, едноставно располага со избирачкото право;
- дали ќе постојат различни избирачки списоци во нашите амбасади. Еден список би се однесувал на лицата кои би гласале за изборните единици каде што имаат живеалиште, а другиот би ги опфаќал оние кои немаат веќе живеалиште во Република Македонија, а би гласале за резервираните пратенички места за таа намена;
- каков ќе биде статусот на гласачите кои престојуваат во странство заради работни задолженија;
- како ќе се воспостави механизмот на контрола за оние лица кои живеат во соседните држави на Република Македонија и постои опасност (некои од нив) да го злоупотребат ова право гласајќи двапати: на денот на изборите во Македонија и на денот на гласањето во државата во која престојуваат;
- дали ќе постои коректна евиденција на оние лица кои имаат живеалиште во РМ и кои би гласале во странство, во смисла на нивно минусирање од избирачките списоци кои се користат во државата за секоја изборна единица одделно. Ова е најсигурниот начин да се избегнат евентуални злоупотреби на гласовите на овие луѓе или манипулации преку овозможување на двојно гласање;
- дали Република Македонија има доволно ресурси и капацитети да одговори соодветно на ваквата задача и да ја овозможи еднаквоста и тајноста на гласот. Значи, каков е капацитетот на државата да го менаџира изборниот процес во сите фази на неговото остварување;
- дали овие лица ќе можат во иднина да гласаат и на референдум;
- на крајот се поставува прашање, колку и дали е исплатливо за само три пратенички места (секое од трите места кореспондира на еден од

континентите од кои живеат наши иселеници: Америка, Европа и Австралија) во Собранието да се преземе таков потфат кој ангажира бројни и човечки и материјални ресурси.

Очигледно, реализацијата на вакво едно решение не е едноставна и бара во креирањето на решенијата да се расчистат сите горенаведени недоумици. Кон овој предлог на Владата извесна резерва изрази и Венецијанската комисија, која оценила дека Република Македонија нема административен, инфраструктурен и буџетски капацитет за да организира гласање надвор од границите. Имено, со својот ограничен број на дипломатски претставништва- само 45, земјата ги става во нерамноправна положба сите оние граѓани кои живеат во земји каде што не постои дипломатско-конзуларно претставништво, или пак нивните места на живеење се физички мошне оддалечени од тоа претставништво, за да можат непречено да го остварат своето право на глас. Затоа, треба да се размисли за можноста од гласање по пошта (како што е примерот на Шведска) или пак за заштитено гласање по Интернет. Се препорачува да се предвиди во Изборниот законик потенцијалните гласачи да можат да ја најават својата желба да гласаат однапред, со што тој граѓанин ќе биде минусиран од изводите на избирачките списоци кои важат за изборните единици на територијата на Република Македонија. На ваков начин би се спречиле евентуалните малверзации и злоупотреби со избирачките списоци. Со цел да се координираат напорите, во МНР е формирано специјално работно тело чија задача е да ги разгледа можностите за реализација на оваа идеја.

Во моментот се уште не може да се утврди конечната бројка на лицата кои се македонски државјани и кои изразуваат желба да гласаат. Само во тој случај (ако се знае бројката) ќе имаме ориентациона слика за бројот и дисперзираноста на нашите граѓани низ светот и ќе може да се направи јасна финансиска конструкција за целиот проект. Во овој момент, Агенцијата за иселеници ги зема податоците од надлежните институции на прекуокеанските и европските држави во кои се регистрирани македонски иселеници, според кои, Македонија има околу 330.000 иселеници, но сепак се уште нема прецизна евиденција колку од нив имаат македонско државјанство и колку од нив би сакале да гласаат. Од друга страна, според избирачките списоци од последните парламентарни избори кај нас, со ѕвездичка беа евидентирани околу 60.000 избирачи кои се во странство помалку од 1 година.

**2.3 Преференцијално гласање**

Согласно со постојната законска регулатива, кај нас, избирачот гласа само за една од партиските листи на кандидати без да има можност да изрази преференциска интервенција врз редоследот на кандидатите утврден од страна на партиите. Фактот што листата е фиксна, односно избирачите не можат да интервенираат во неа, е само потврда на високиот степен на контрола што го имаат лидерите врз рангирањето на партиските колеги- кандидати во

гласачките ливчиња. Имено, партиските челници се тие кои ја контролираат номинацијата, што подразбира дека во кругот на тесното партиско раководство се одлучува за тоа на кого од членовите на партијата ќи им биде укажана „честа" да бидат кандидати во изборите. Значи, статусот „кандидат" е условен или привилигиран со благослов на партискиот врв. При тоа, партиските лидери го детерминираат и редоследот во листата, и врз тој редослед избирачите не може да влијаат. Оттука, избирачите избираат меѓу партии, а не меѓу кандидати. Со тоа вредноста на личната репутација на кандидатот е минимизирана. Во овие случаи на т.н. фиксно гласање партиската репутација има многу повисока вредност (Carey, J.M. and Shugart, M. 1993: 416- 420), односно не го поттикнува ангажирањето на кандидатите во сопственото промовирање.

Интересно е и тоа што афирмирањето на регионалната листа им овозможува на партиските лидери да го ескивираат непосредниот тест на сопствената популарност. Всушност тие самите претпочитаат да бидат номинирани како носители на листата што им овозможува, без оглед на изборниот исход, влезот во парламентот да го направат извесен (Taagepera, R. 1995: 329).

Сепак, практиката во постарите демократии на Западна Европа, но и новите продори на демократизацијата на политичките партии и нивното отворање кон гласачите, што се случува и во земјите на Средна и Источна Европа, не би смеело да биде пренебрегнато во Република Македонија. За илустрација: западноевропските држави како Белгија, Финска, Грција, Италија, Норвешка, Австрија и Шведска овозможуваат подвижни (преференцијални) пропорционални листи каде што гласачот сепак има автономија при изјаснувањето за неговиот најпретпочитан кандидат во рамки на партијата која ја гласа. Сличен метод, кој овозможува дури и комбинирање на преференциите на гласачот од различни партиски листи (наречено панашаж) се применува во Швајцарија и во Луксембург. Друг комбиниран систем кој исто така е пропрционален, но кој има јасна персонализирана метода на пресметување на гласовите има и Ирска (Single Transferrable Vote), а тој модел се применува и во Естонија. Дури и оние држави кои останале на солуцијата на крути партиски листи, сепак, со други решенија (како Германија со комбиниран изборен модел, или пак Израел со широка вклученост на граѓаните во фазата на номинирање и пласман на кандидатите во предизборната фаза) обезбедуваат своевидна компензација на недостатокот од демократичност од крутата партиска листа. За жал, кај нас се уште не се ни размислува за ваков тип на промени, кои секако ќе ги стави во една поинаква позиција партиските кандидати. Впечаток е дека, можеби ова решение може да им помогне на партиите да излезат од кризата со која се соочени веќе подолго време, а воедно можеби повторно ќе се поттикнеше поголем изборен одзив на граѓаните. Конкретно во Република Македонија веќ е подолго време на анкетите[6] значителен дел од испитаниците вели дека би апстинирале во случај на избори (околу 25% на национално ниво) или пак де-

6 Истражувања во рамките на јавното мислење, реализирани од ИСППИ во изминатите две години

ка “не знае” за која политичка партија ќе го даде својот глас (повторно околу 25%). Сумарно гледано, еден ваков процент потенцијално може да го доведе во прашање и легитимитетот на избраните претставници, воколку во изборите не партиципираат толкав голем процент на избирачи.

Препорака е, ако постои волја да се внесат вакви промени во иднина, тоа да се стори инцијално за следните локални избори, каде логиката на такво непосредно претставување заради личното познавање на кандидатите од страна на гласачите би дало позитивни резултати. Дури подоцна, по овој првичен тест, овој принцип би можел да се примени и на партиските листи на национално ниво.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Ако Република Македонија посакува да биде стабилна демократска држава  нужно е да имплементира правила кои подолгорочно ќе функционираат и ќе создадат едно постабилно системско милје во кое политичките субјекти ќ е изградат изградат соодветна стратегија на дејствување, но и соодветна политичка култура. Во такви услови, и оние политички сили кои се “онеправдани” со некои од елементите на изборниот систем, постепено се адаптираат градејќ и стратегија со која ги минимизираат несаканите ефекти што секако ги редуцира пројавените фрустрации. Затоа, се препорачува внимателност и постепеност во промените, односно дозирани корекции на постојниот систем, а не радикално менување на принципите на претставувањето.

Неспорна е иницијативата за пронаоѓање на системски решенија за овозможување на претставување на помалите етнички заедници и иселениците. Сепак, овие прашања се мошне комплексни, и за да се пронајдат коректни и издржани солуции, потребно е прецизно и детално операционализирање на решенијата кои ќе бидат содржани во Законот. Во спротивно, може да се влезе во стапицата на паушалноста и импровизацијата и да ја искарикира добрата намера на законодавецот. Токму поради ваквата чувствителност на ова прашање, неопходни се научни и стручни елаборации од кои ќе произлезат конкретните механизми кои ќе го озвозможат очекуваниот ефект.

Истовремено, при моделирањето на конкретните решенија за претставувањето на помалите етнички заедници би морало да се води сметка за баланс меѓу потребата заедницата да биде претставена, наспрема реално – со дадени гласови- заработеното (заслуженото) место, како израз на вистинската дадена поддршка. Во никој случај решението не би требало понатаму да го “дроби” и уништува “граѓанскиот” елемент, кој за среќа се уште опстојува во македонското општество, и треба и понатаму да му се даде шанса да се развива.

Што се однесува до гласањето на иселениците со државјанство на Република Македонија, круцијален чекор во оваа насока е конечното обезбеду-

вање на реален и меродавен избирачки список, бидејќи од евиденцијата на тој докумен зависи кој, каде и како ќе го даде својот глас.

На крај, особено се препорачува понатамошно зреење на политичкиот и изборниот систем преку воведување на преференцијалното гласање за пропорционалните листи. Се очекува дека ваквата промена ќе биде позитивен поттстрек особено за граѓаните, но и за политичките партии кои конечно мораат да се соочат со демократските процеси, пред се во рамките на сопствените партии. Понатамошното инсистирање на затворените листи (без разлика од кои причини) е само доказ дека партиите се уште ги ставаат сопствените интереси на преден план, отуѓувајќи го гласачот од чувството дека реално партиципра во изборниот процес.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Bartulac-Blanc, T. New Borders and Anomalies in the Balkans: Croatia's Diaspora. Constituency Special Report, December 2007
2. Bieber, F. Electoral Engineering: The Balkan Record Managing Interethnic Relations through Elections. Paper to be presented at the Panel "Ethnopolitics and Elections" of the ASN Convention, 3-5 April 2003
3. Carey, M. J. and Shugart, M. (1993) *Incentives to Cultivate a Personal Vote: a Rank Ordering of Electoral Formulas*. Washington: Annual Meeting of American Political Science Association, Sep.
4. Gjenero, D. Edukativno- informativni servis za prava manjina i meDuetnicku toleranciju, zastita manjinskih prava u postkonfliktnih drustvima. Br..9/ 23.08.2004 http://www.stina.hr
5. Goati, V. Jugoslavija na prekretnici. Jugoslovenski institut za novinarstvo Beograd, 1991. str. 55
6. Hoffman, J., Graham, P. Introduction to Political Concepts. Pearson, Longman, London, 2006, pp 72- 73)
7. The International IDEA Handbook on External Voting, p. 28.
8. Nohlen, D. Ve}inski izbori i razmerni izbori, Politicka misao, br. 4/90
9. Tronconi , F. Ethnic Identity and Party Competition. An Analysis of the Electoral Performance of Ethnoregionalist Parties in Western Europe, *Volume* 2, *Issue* 2 2006 *Article* 2
10. Taagepera, R. (1995) *Estonia Parliamentary Elections*. Electoral Studies No 3.

| | |
|---|---|
| Политички науки<br>Political Sciences | UDK/UDC 342.8(497.7)<br>Научен текст / Scientific Paper |

*Бојана Наумовска*

# ИЗБОРНИТЕ СИСТЕМИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И МАЛИТЕ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ВО НИВ

АПСТРАКТ

Учеството на помалите политички партии на секои парламентарни избори е различно: тие настапуваат или самостојно или во коалиција. Иако пропорционалниот модел според дефиниција најмногу им одговара на овие партии, сепак само на последните парламентарни избори 83.951 избирачи кои гласале за помалите партии не се претставени во Собранието.

**Клучни зборови**: политички партии, изборни системи, парламентарни избори, мандати.

*Bojana Naumovska*

# THE ELECTORAL SYSTEMS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE MINOR POLITICAL PARTIES IN THEM

ABSTRACT

The participation of the minor political parties in every parliamentary election is different: they either act individually or in coalition. Although by definition the proportional method is most adequate for the aforementioned parties, the 83.951 electorates who voted for the minor parties at the latest parliamentary elections are not represented in the Assembly.

**Key words**: political parties, electoral systems, parliamentary elections, terms of office.

e-mail: bojana@isppi.ukim.edu.mk
bojananaumovska@yahoo.com

Првите партии во Република Македонија настанале по победата на Младотурската револуција (1908). Најрано е оформена партијата на Обединување и напредок, како одраз на интересите на владејачката (турска) нација во земјата. Интересите на македонското население ги застапувала Народната федеративна партија формирана во 1909 година. Поради младотурските прогонувања оваа партија постоела до 1910 година.

Иако од тој период до денес во Република Македонија постоеле и дејствувале политички партии, сепак периодот од значење за помасовно појавување, развој и дејствување за политичките партии се деведесеттите години на минатиот век, односно од излегувањето на македонскиот народ од југословенската федерација и формирањето на своја, самостојна, суверена и демократска држава - Република Македонија.

Во Уставот дефинирана како демократска држава, во Република Македонија требаше да се организираат избори преку кои на демократски начин народот ќе ги изгласа своите претставници. Овие моменти позитивно влијаеа на формирањето на повеќето партии.

Во овој текст посветен на помалите политички партии, на почетокот ќе бидат дефинирани термините политички партии и изборни системи, а потоа преку разгледување на резултатите, а врз основа на дадениот изборен систем ќе се прикаже влијанието на изборниот систем врз учеството на помалите политички партии на парламентарните избори, а посебно внимание ќе се посвети на релацијата изборен систем – освоени пратенички мандати.

Оттука, предмет на истражување на овој текст ќе бидат помалите политички партии, а целта е, да се покаже релацијата изборен систем - освоени мандати.

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ

Терминот партија, кој етимолошки значи дел од поширокаta целина, започнал да се употребува во првата половина на деветнаесеттиот век, заменувајќи го постепено терминот factio (група која се занимава со сомнителни работи) како и терминот секта. Кон крајот на осумнаесеттиот век овие термини се напуштаат и со терминот партија почнуваат да се означуваат облиците на политичко организирање. (Goati, 1984).

Според проф. Ванковска, политичките организации се форми на организирано здружување на граѓаните и групите заради изразување на своите заеднички интереси и нивно упатување до центрите на политичко одлучување. Најчесто среќавани политички организации се политичките партии. (Ванковска, 2007) Улогата на партиите може, главно, да се лоцира во три сегменти. Како прва улога на партијата е, таа да ги поврзува власта и граѓаните, како втора, претставува облик преку кој граѓаните учествуваат во политичкиот живот, и како трет сегмент, партијата исто така претставува и средство за селекција и создавање на елити.

Изборниот систем претставува збир на норми со кои се регулираат изборните принципи и односи, како и збир на постапки и дејствија со коишто се врши избор на државните и другите органи. Дел од изборната техника која ги опфаќа дејствата и инструментите за примена на избирачкото право во изборниот процес, е и распределбата на пратеничките мандати. Мандатите можат да бидат распределени според мнозинскиот, пропорционалниот и мешовитиот систем на распределба на мандатите. Република Македонија во досегашната 18-годишна демократија имаше искуство со сите три изборни системи. Така, во 1990 и 1994 година Парламентарните избори беа спроведени според мнозинскиот систем во два круга, на изборите во 1998 година мнозинскиот систем беше заменет со мешовитиот, а на изборите организирани во 2002-та и 2006 година беше практикуван пропорционалниот систем.

Партискиот систем (според Пулишелиќ) ги означува генералните физиономии на политичко-партискиот живот во една земје (Goati, 1984). Бројот на политичките партии може да укажува на степенот на концентрација и фрагментација на политичката моќ во општеството. Силата на политичката партија во систем во кој е дозволена политичка опозиција се мери преку бројот на пратенички места, односно според бројот на гласовите на избори. На бројот на политичките партии влијае и карактерот на изборниот систем. Според Диверже, мнозинското гласање во еден круг води кон двопартиски систем, пропорционалниот систем води кон повеќепартиски систем, додека, пак, мнозинското гласање во два круга води кон повеќепартиски систем со ублажени сојузи. Мнозинскиот систем, според Диверже, го отежнува опстојувањето на помалите политички партии бидејки бирачите свесни за пропаѓањето на нивниот глас доколку го дадат за една од помалите партии гласаат за партиите кои имаат реална моќ да победат на изборите. Меѓутоа, поврзаноста на изборниот систем со учеството на партиите не оди секогаш по дадениот редослед. За тоа сме сведоци преку првите парламентарни избори одржани во Република Македонија во 1990 година. Во овие избори покрај мнозинскиот систем во два круга, во парламентот влегоа повеќе политички партии со свои претставници, како и неколку независни кандидати.

## 2. ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 1990 ГОДИНА

Во суверена, самостојна демократска Република Македонија за прв пат се одржаа слободни и демократски избори во 1990 година. Изборите беа реализирани според мнозинскиот систем[1]. Што се однесува до малите политички партии, потребно е да се спомене и првиот недостаток на овој изборен систем. Така, според теоријата, како прв недостаток на мнозинскиот систем се наве-

1 Карактеристики на мнозинскиот изборен систем: 1) конституирање на стабилна и ефикасна влада, 2) поефикасна опозиција, 3) линијата на отчетност и одговорност меѓу избраниот и избирачот е јасна, 4) едноставност на системот, 5) елиминирање на партиската фрагментација, 6)подобрување на квалитетот на кандидатите.

**Табела 1** Избори 1990год. (Габер, Јовевска 1997)

| Име на партијата | Освоени места во Собранието | Учество (%) |
|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 38 | 31,67 |
| СКМ-ПДП | 31 | 25,83 |
| ПДП | 17 | 14,17 |
| Сојуз на реформски си. | 11 | 9.17 |
| Сојуз на реформски сили и млада демок. Прогресивна странка | 6 | 5 |
| Странка на југословените | 2 | 1,67 |
| Соц. Партија СРСМ и Млада прог. Дем. Странка | 1 | 0,83 |
| Социјалистичка партија | 4 | 3,33 |
| НДП | 1 | 0,83 |
| ПДП-НДП | 5 | 4,17 |
| ПЦЕР | 1 | 0,83 |
| Независни кандидати | 3 | 2,50 |

дува дека, помалите групи (и партии) во општеството се доведуваат во позиција на аутсајдери, па свеста дека тешко или никогаш нема да имаат влијание врз власта може да ги обесхрабри да не учествуваат во изборите. (Ванковска, 2007) Иако вака дефиниран мнозинскиот систем, сепак добиените резултати по завршувањето на овие први избори во РМ не го покажуваат тоа. (види табела 1)

Политичките ефекти од примената на мнозинското начело во дистрибуирањето на пратеничките места  во Собранието на РМ , во првите повеќепартиски избори беа дивергирани на претпоставениот модел. Така, наместо двопартиски имаме полицентричен парламент од малцински партии. (Габер, Јовевска, 1997)

Парламентарните избори во Република Македонија во 1990 година беа карактеристични по многу нешта. Одзивот на гласачите во првиот изборен круг беше 84,82%. Како една од причините за вака големиот одзив на гласачите може да се претпостави волјата и желбата на народот за формирање на свое Собрание изгласано за прв пат на слободни и демократски избори.

По двата завршени круга на изборите, состојбите беа следни: ниедна партија во Парламентот не успеа да обезбеди апсолутно мнозинство на гла-

сови, најголем број на пратенички места имаше освоено ВМРО-ДПМНЕ 38, а ВМРО-ДПМНЕ заедно со СКМ-ПДП имаа освоено само 57,8% од пратеничките места, во Собранието влегоа вкупно 11 партии и 3 независни кандидати.

Од приложеното во табелата 1 може да се заклучи дека и покрај мнозинскиот изборен модел кој според своите карактеристики не им остава многу простор за дејствување на помалите политички партии, сепак на првите парламентарни избори во 1990 и покрај ваквиот модел во Собранието на РМ свои претставници обезбедија (покрај големите партии ВМРО-ДПМНЕ и СКМ-ПДП, и ПДП како партија од албанскиот блок) 8 помали партии, со вкупно 31 пратеник. Иако во тој период законодавците сметаа дека токму овој модел одговара на актуелните општествени, економски, социјални и политички состојби во државата и дека тој е нужен услов за македонскиот демократски политички поредок, сепак реалноста отсликуваше нешто сосема спротивно, за што говори и структурата на тогашното собрание.

## 3. ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 1994 ГОДИНА

Во 1994 година во Република Македонија беа одржани вторите по ред парламентарни избори. На изборите во првиот круг беа излезени 77,29% од гласачите евидентирани во Општиот избирачки список. На овие избори се појавиа нови политички партии, како и голем број на независни кандидати (дури 284). И на овие избори пратениците се избираа според мнозинскиот изборен модел.

На овие избори, веќе именувана како Социјал демократски сојуз на Македонија, официјално беше во коалиција со Либералната партија и одделно со Социјалистичката партија, но исто така одеше и одделно со Либералната и оделно со Социјалистичката партија, а имаше и самостоен настап со петмина кандидати. И Социјалистичката партија на три места одеше само со свои кандидати, а Либералната со 7 свои кандидати. (Веригиќ, 2000)

Карактеристично за овие избори е повлекувањето на ВМРО-ДПМНЕ односно опозицијата, по првиот изборен круг. Со тоа се создаде ситуација на несоодветствување на процентот на освоените гласови на парламентарните партии и нивното процентуално учество во Парламентот. Повлекувањето на оваа партија заедно со Демократската партија остави простор за влегување на други помали политички партии во Парламентот, како и за поголемо учество на независните кандидати.

Поддршката од дваесетина проценти на избирачите од првиот круг, односно триесетина во вториот круг, за СДСМ и коалициските партнери значеше осумдесетина проценти во пратенички места. (Габер, Јовевска, 1997)

На овие избори, за 120 пратенички места се кандидираа 1766 кандидати, или во просек по 14,7 кандидати за едно место. Од 37 политички партии беа кандидирани 1482 кандидати, а 284 беа независни.

**Табела 2** Избори 1994год. (Габер, Јовевска 1997)

| Име на партијата | Освоени места во Собранието | Учество (%) |
|---|---|---|
| Сојуз за Македонија | 87 | 72,50 |
| ПДП | 10 | 8,33 |
| Сојуз на реформски сили | 11 | 9.17 |
| Сојуз на реформски сили и млада демок. Прогресивна странка | 6 | 5 |
| Странка на југословените | 2 | 1,67 |
| Либерална партија | 5 | 4,17 |
| Социјалистичка партија | 1 | 0,83 |
| НДП | 5 | 3,33 |
| ПЦЕР | 1 | 0,83 |
| Независни кандидати | 7 | 5,83 |
| ДПТ и Партија на исламски пат | 1 | 0,83 |
| СДС и Либерална партија | 1 | 0,83 |

Според податоците добиени од сајтот на Собранието на РМ за овој претставнички состав, како Социјалдемократи се декларирале 62 пратеници, Либерал-демократи 26 пратеници, од Партијата за демократски просперирет на Албанците 4, Народна демократска партија 2, ДП на Турците и Исламскиот пат 1 пратеник, Демократскиот сојуз на Албанците-Либерална партија 1, ДП на Македонија 1, Социјал-демократска партија на Македонија 1, Партија за целосна еманципација на Ромите 1, Партија за демократски просперитет 11, Социјалистичка партија 6 пратеници и во евиденцијата од Собранието како независни за овој период се запишани 4 пратеници.

Може да се каже дека во овој пратенички состав доаѓа до појавување на помали политички партии кај помалите етнички заедници. Така, од вкупно 8 (во овој број не спаѓа ПДП која во тој период е најбројна партија на Албанците во Македонија) помали политички партии 5 се помали партии на помалите заедници претставени преку 9 пратеници. Од македонскиот блок, од помалите партии во овој состав се спомнуваат ДП на Македонија, Социјал-демократска партија на Македонија и Социјалистичката партија, претставени преку 8 пратеници.

## 4. ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 1998 ГОДИНА

Третите по ред парламентарни избори беа организирани на начин којшто претходно не беше практика на нашиот избирачки систем. На изборите во 1998 година беше воведен мешовитиот изборен модел[2], односно, од вкупно 120 пратеници 35 беа бирани според пропорционалниот модел, а 85 според мнозинскиот (целата територија беше поделена на 85 изборни единици, а од секоја требаше да се избере по еден пратеник).

Што се однесува до пропорционалниот дел, беше воведен праг од 5% освоени гласови во однос на вкупниот број избирачи кои гласале на изборите. Иако со пропорционалниот дел требаше да се ублажи учеството на помалите политички партии, односно со овој модел нивното учество во Собранието да биде подостапно, со воведувањето на прагот од 5% малите партии ја загубија можноста да бидат претставени преку свои пратеници.

Од пропорционалните 35 пратенички мандати, ВМРО-ДПМНЕ освои 11, СДСМ освои 10, ПДП ПДПА-НДП освоија 8, новоформираната ДА освои 4 мандати и Либерал демократите освоија 2 мандати. (Собрание на РМ).

Според вкупните податоци, ВМРО-ДМПНЕ освои 49 мандати, СДСМ 27, ПДП 14, ДА 13, ПДПА-НДП 11, ЛДП ДПМ 4, СПМ 1 мандат и СРМ 1 мандат. За попрегледно прикажување, наведените податоци се претставени и табеларно. Овие податоци претставуваат збир од пропорционалниот и од мнозинскиот систем.

Партијата за демократски просперитет и Партијата за демократски просперитет на Албанците настапија во коалиција за пропорционалниот дел, а за мнозинскиот настапуваа поединечно. ВМРО-ДПМНЕ, Демократската алтернатива и Либералната партија настапија самостојно во пропорционалниот а во коалиција во мнозинскиот дел ( во некои изборни единици со заедничка поддршка на нивните единствени кандидати, а во некои изборни единици  самостојно но без конкуренција на нивните коалициски партнери (Веригиќ, 2000).

Карактеристично за овој мандатен состав е прекројувањето на политичките партии, односно создавање на нови политички партии.

Во Табела 3 (крај на мандатот) ја нема Демократската алтернатива. Нејзините пратеници ја формираа Нова демократија и Демократскиот центар, а дел од нив преминаа и во ВМРО-ДПМНЕ или станаа независни пратеници. Иако стартуваше со 13 мандати, на крајот Демократската алтернатива остана без пратеници.

ВМРО-ВМРО и ВМРО-Македонска беа создадени главно од пратениците од редовите на ВМРО-ДПМНЕ.

2 Предности на мешовитиот модел се: 1) конституирање на мобилна и ефикасна влада, 2) поефикасна опозиција, 3)линија на очетност и одговорност меѓу избраниот и избирачот, 4) едноставност на системот, 5)елиминирање на партиската фрагментација, 6)подобрување на квалитетот на кандидатите

Заедничко за новоформираните партии во овој период е дека тие, на наредните избори кај што можеа да настапат самостојно не остварија некој поголем успех.

**Табела 3** Освоени места (на почетокот и крајот на мандатот), Избори 1998
**Почеток на мандатот** **Крај на мандатот**

| Име на политичката партија | Број на распределени места | Име на политичката партија | Број на распределени места |
|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 49 | ВМРО-ДПМНЕ | 45 |
| СДСМ | 27 | СДСМ | 28 |
| ПДП | 14 | ПДП | 11 |
| ДА | 13 | ДА | / |
| ПДПА-НДП | 11 | ПДПА-НДП | 10 |
| ЛДП ДПМ | 4 | ЛДП ДПМ | 1 |
| СПМ | 1 | СПМ | 1 |
| СРМ | 1 | СРМ | 1 |
| | | ВМРО-ВМРО | 1 |
| | | Нова Демократија | 4 |
| | | Либерална Партија | 3 |
| | | ВМРО- македонска | 5 |
| | | Демократски центар | 3 |
| | | Независни пратеници | 6 |

## 5. ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2002 ГОДИНА

Со парламентарните избори од 2002 година за прв пат во македонскиот избирачки систем беше целосно воведен пропорционалниот модел[3]. Територијата на Република Македонија беше поделена на 6 изборни единици од кои требаше да се изберат по 20 пратеници.

Примената на Донтовата метода во распределувањето на мандатите доведе до фаворизирање на поголемите партии и коалиции, како и до залудно трошење на гласови. На пример, на овие парламентарните избори, над 90 илјади гласа дадени на помали партии беа изгубени, односно не добија свое политичко претставување во парламентот. (Ванковска, 2007)

Како резултат на претходното неуспешно дејствување, малите политички партии на овие избори покажаа простор за меѓусебна соработка. Партиите предизборно коалицираа се со цел да ја зголемат својата моќ, а со тоа и шансите за влез во Собранието. На овие избори настапија 7 коалиции, 26 самостојни политички партии и 5 листи на група граѓани со нивни носители.

ВМРО-ДПМНЕ за прв пат во коалиција влегува со Либералите на Андов, СДСМ ја продолжува соработката со ЛДП, но коалицијата ја проширува со помали партии како што се Обединета партија на Ромите, Демократска лига на Бошњаците, Демократски сојуз на Власите, Демократска партија на Србите, ДП на Турците, Работничка земјоделска партија, Социјалистичка христијанска партија на Македонија и со Зелената партија на Македонија. Но, покрај трендот на привлекување и коалицирање со големите партии, помалите партии и сами се здружуваа меѓусебно.

Иако за овие избори постоеше поголема желба и ангажираност на помалите партии сѐ со цел да можат да бидат претставени во Собранието, сепак мандатите беа повторно распределени помеѓу поголемите партии.

Од аспект на структурата, исто така карактеристично за овој мандатен состав е повторното оделување и создавање на нови партии. По промената на Законот за пратеници и давањето на можноста доколку сметаат за потребно пратениците да можат да ја напуштат партијата, да преминат во друга, да формираат нова или да станат независни кандидати, пратеничките мандати повторно се реорганизираа (Види табела 4)

Во овој период за прв пат имаме делење на партиите од левицата. Така, од СДСМ со водство на Тито Петковски се одвои НСДП, а од Либералите се одвои ДОМ, со водство на Лилјана Поповска. Поголема поделба настана и во опозицијата каде беше создадена ВМРО-НП и Земјоделската партија, и двете произлезени од ВМРО-ДПМНЕ.

3 Предности на пропорционалниот модел се: 1) репрезентативност; 2) зголемена партиципација; 3)правична репрезентација; 4) зголемена политичка понуда

**Табела 4** Освоени места (на почеток и на крај на мандатот), Избори 2002
**Почеток на мандатот** **Крај на мандатот**

| **Име на политичката партија** | **Број на распределени места** | **Име на политичката партија** | **Број на распределени места** |
|---|---|---|---|
| СДСМ (За Македонија заедно) | 60 | СДСМ | 44 |
| ВМРО-ДПМНЕ и ЛП | 33 | ЛДП | 9 |
| ДУИ | 16 | ДУИ | 15 |
| ДПА | 7 | ДПА | 7 |
| ПДП | 2 | ВМРО-ДПМНЕ | 10 |
| НДП | 1 | ЛП | 5 |
| СПМ | 1 | ВМРО-НП | 13 |
| | | Земјоделска НПМ | 3 |
| | | СПМ | 1 |
| | | НСДП | 5 |
| | | ДОМ | 3 |
| | | ПД на Турците | 1 |
| | | НДП | 1 |
| | | Нови демок сили | 1 |

## 6. ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2006 ГОДИНА

Последните парламентарни избори се одржаа во јули 2006 година. Овие избори за помалите партии беа позначајни бидејќи и дел од нив успеаа да обезбедат место во собранискатата сала (табела 5).

На овие избори учествуваа четири коалиции, а 29 партии настапија самостојно. За прв пат ВМРО-ДПМНЕ ја прошири коалицијата; така, покрај со Либералната партија таа коалицираше со уште 12 помали партии (Соопштение за конечни збирни резултати од гласањето).

Она по што се разликуваат партиите основани во текот на мандатот 2002-2006 од оние основани во мандатот 1998-2002 (се мисли на партиите кои со одвојување и преименување обезбедија место во Собранието) се изборните

резултати по изборите 2006. Со ислкучок на Земјоделската партија сите новосоздадени партии освоија мандати. Изненадување на овие избори претставуваше влегувањето на Партијата за европска иднина, која иако основана неколку месеци пред изборите (на 05. 03 2006г) успеа да освои 11.255 гласови и со тоа да обезбеди едно пратеничко место во Собранието.

**Табела 5** Парламентарни избори, 2006 година

| Име на политичките партии | Освоени мандати |
|---|---|
| Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 45 |
| Коалиција За Македонија заедно | 32 |
| ДУИ – ПДП | 17 |
| ДПА | 11 |
| НСДП | 7 |
| ВМРО-НП | 6 |
| ДОМ | 1 |
| ПЕИ | 1 |

Иако од изборите до денес не е поминат голем период, сепак настанати се промени на прикажаниот состав. Нова партија не е создадена, но има неколку независни кандидати.

## ЗАКЛУЧОК

Македонското парламентарно искуство се состои од пет одржани парламентарни избори и три различни изборни системи.

Најголема поларизација на гласачкото тело кај македонските партии е прикажана на изборите во 1998 и 2002 година, иако на изборите излегоа многу коалиции и помали партии. Најголемо раздвижување може да се забележи на изборите 2006г. кога, покрај помалите партии што го обезбедија своето учество преку коалицирање, во Собранието влегоа и како самостојни. Значи помалите политички партии најмногу се присутни во последниот состав, бидејќи покрај самостојно влезените четри партии, само во Коалицијата со ВМРО-ДПМНЕ се претставени уште 13.

Во компетитивните системи, важноста на партијата се гледа и според нејзиното место во партискиот „спектар" од што зависи нејзината можност да

стапи во коалиција со други партии. Во тој поглед, најширок простор за дејствување имаат оние партии кои се наоѓаат на централната позиција на идеолошкиот „спектар" чии краеви означуваат екстремно лево и екстремно десно определување. Партиите сместени во центарот, тоа важи и кога станува збор за помалите политички партии, остваруваат понекогаш и несразмерно влијание во политичкиот живот, бидејќи од нивното определување пресудно зависи која од големите партии ќе дојде на власт. Тоа се таканаречени коалициски партии чие политичко влијание и моќ се многу поголеми отколку нивната изборна сила. (Goati 1984)

Кога од овој аспект би се разгледала македонската политичка сцена и би се разгледале настанувањето и одржувањето на помалите политички партии, би можело да се заклучи, дека најдолго и најуспешно опстануваат помалите партии кои се декларираат како центар или како поблиски до центарот.

Помалите партии кои и припаѓаат на екстремната левица или десница во македонскиот политички систем не постојат долго, или доколку постојат немаат никаква политичка моќ, односно нивната поддржаност од граѓаните не резултива со добивање на мандати во Собранието на Република Македонија.

Во досегашната историја, покрај големите македонски партии како ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ присутни се само ЛДП, ЛП и СПМ. Само во последниот состав свое место обезбедија НСДП, ВМРО-НП, ДОМ и ПЕИ. Од овие податоци може да се заклучи дека пропорционалниот модел на подолг рок влијае кон охрабрување на помалите партии да учествуваат на изборите.

На првите парламентарни избори одржани во 1990год, од помалите политички партии место обезбедија 8 - со 31 мандат, како и 3 независни пратеници.

Во вториот мандатен состав ситуацијата малку е променета, но тоа се должи на откажувањето на ВМРО-ДПМНЕ од вториот круг. На овие избори одржани 1994 година, 33 мандати освоија 9 помали партии, а бројот на независните кандидати изнесуваше 7.

За пресметување на ваков начин на учеството на помалите партии проблем претставуваат изборите 1998 и 2002 год. поради коалициски податоци во првите две колони од табела 3 и 4, и разделените податоци прикажани во вторите две колони. Сепак, за 1998 година може да се изведе заклучок дека во парламентарниот состав учествувале 5 помали партии преку 19 мандати. Во составот ниеден независен пратеник не е влезен.

На изборите во 2002 година вкупно се освоени 28 мандати преку 9 партии. Во последните избори спроведени во 2006 година, претставување во Собранието обезбедија (според табела 5) четири помали партии, но тука не смее да се заборави дека двете најголеми македонски партии настапија како коалиции (само во коалицијата ВМРО-ДПМНЕ покрај оваа партија имаше уште 13 други).

Може да се заклучи дека, во однос на изборите и присутноста на помалите партии, најкритични избори според нивната застапеност се изборите од 1998година, односно според мешовитиот изборен модел.

За Република Македонија е карактеристично што, за многу краток период, од само 16 години, на неколку пати го измени својот изборен модел. Пред да се премине кон наредните заклучоци треба да се спомене дека искуствата со изборните системи се само краткотрајни (2 мнозински избори, 1 мешовит, 2 пропорционални избори).

Примената на мнозинскиот модел наместо, како што било планирано, да доведе до окрупнување на партиската сцена, доведе до фрагментација, и на некој начин до политичка нестабилност.

Со пропорционалниот дел од мешовитиот модел од парламентарните избори 98 год. требаше да се прикаже најсоодветно волјата на гласачкото тело, но со воведувањето на изборниот праг од 5%, тие 35 мандати ги поделија поголемите политички партии, а од помалите ДА освои 4 а ЛДП 2 мандати.

Целта, пак, на пропорционалниот модел е адекватно претставување, но тука пак со употреба на Донтовиот модел дојде до фаворизирање на поголемите политички партии и коалиции. Исто така, бидејќи територијата беше поделена на 6 изборни единици, вкупно освоените гласови кај некои партии не соодветствуваа на добиените мандати. Така, иако ВМРО-НП вкупно освои 57.077 гласа, а НСДП 56.625 гласа, сепак во Собранието НСДП е претставена преку 7 а ВМРО-НП преку 6 пратеници.

Со истиот овој проблем се соочија и други помали партии кои не влегоа во Собранието. Тие, иако вкупно имаа повеќе или приближно исто гласови (ПЕО со 12.718, ЗНПМ со 12.628, а ДА приближно исто со 11.067), сепак ПЕИ со своите 11.255 гласа успеа да обезбеди едно пратеничко место. (Ваквиот резултат се должи на концентрираноста на гласовите во една изборна единица, во овој случај во 5 ИЕ)

Токму поради ваквите недостатоци се остава простор за размислување во иднина да се задржи пропорционалниот систем, а територијата на Република Македонија да претставува една изборна единица. На тој начин бројот на добиените гласови ќе соодветствува со волјата на гласачите.

**Користена литература:**


- Ванковска, Б. (2007). Политички систем. Скопје: Бомат графикс
- Goati, V. (1984). Savremene politicke partije. Beograd: Partizanska knjiga
- Габер, Н., Јовевска. А. (1997). Дизајнирање изборен систем на Република Македонија. Скопје: Фридрих Еберт
- Веригиќ, Д. (2000). Изборни прогнози. Скопје: Институт за социолошки и политичко правни истражувања
- www.sobranie.mk (податоци за секој мандатен состав)
- www.dik.mk
- www.izbori98.gov.mk

Политички науки, меѓународни односи
Political Science, International Relations

UDK/UDC 321.011.7
Научен текст / Scientific Paper

*Анета Цекиќ*

# ТЕОРИЈАТА ЗА ГЛОБАЛНО УПРАВУВАЊЕ И СУВЕРЕНИТЕТОТ ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

АПСТРАКТ

Концептот за глобално управување е нов концепт во рамките на дисциплината на Меѓународните односи. Настанат како специфична перспектива на глобализацијата и крајот на Студената војна, го преобмислува суверенитетот и местото на државите во новиот, глобален свет. Традициите на теориите за меѓународните режими и меѓународните организации, како и на транснационализмот и невладините форми на делување, се основа за тврдењето дека државите повеќе не се единствени актери на домашната и светската политичка сцена и дека не само што се можни, туку се неопходни нови облици на управување отаде државата.

*Aneta Cekik*

# THE GLOBAL GOVERMANCE THEORY AND SOVEREIGNTY IN GLOBALIZATION CONDITIONS

ABSTRACT

The concept of global govermance is a new concept within the framework of the discipline of International Relations. It has emerged as a specific perspective of globalization and the end of the Cold War giving a different sense to sovereignty and the position of the states in the new global world. The traditions of the theories of international regimes and international organizations, as well as the transnationalism and the nongovernmental forms of acting, constitute the foundations of the claim that the states are no longer unique actors on the domestic and international political stage, and that new forms of govermance beyond the state are both likely and essential.

Реалокацијата на власта (фрагментација и интеграција) на субнационално (локално и регионално) и транснационално ниво, на нови области на власт (spheres of authority) е во центарот на анализата на авторите кои овој концепт го употребуваат како релевантна аналитичка алатка.
Во кратки црти е прикажана неговата употреба и во нормативна смисла- како политичка програма и хегемонистички дискурс.

**Клучни зборови**: глобално управување, глобализација, суверенитет научни концепти

The relocation of authority (fragmentation and integration) at a subnational (local and regional) and transnational level to new spheres of authority is in the very core of the analysis of the authors who have been applying this concept as a relevant analytical tool.
This work briefly presents its application in normative sense - as a political programme and a hegemonic discurse.

**Key words:** global management, globalization, sovereignty, scientific concepts.

anetac@isppi.ukim.edu.mk

Падот на социјализмот на почетокот од 90-тите години од минатиот век и рушењето на биполарниот светски поредок, е настан кој ги промени не само политичките и економските услови во земјите што го отфрлија тој систем, туку и целосно ја измени сликата на дотогаш биполарниот свет. Рушењето на еден од двата хегемонистички системи на политичка и економска организација на општеството во четириесет и петгодишниот период по завршувањето на Втората Светска Војна, самиот по себе беше огромна пресвртница, но тоа што се случи во услови кога технолошкиот напредок, меѓузависноста и особено комуникациските можности беа развиени до тој степен, го прави неговото значење исклучително и неспоредливо со претходни искуства.

Големината и значењето на оваа промена, секако, беше можност на сцена да стапат теоретичари кои овие случувања ги разгледуваа во широки, светски рамки и од аспект на нивното место и улога во целокупната човечка историја. Сега се веќе класични и неодминливо се спомнуваат позициите на Фукујама и на Хантингтон, како две крајно спротивставени, за изгледот на светот во иднината, за едниот стабилен и организиран по теркот на повоените западни либерални демократии, а за другиот поделен на неколку цивилизациски спротивставени блокови со културно непомирливи разлики кои неизбежно водат до судир.

Овие тези беа изречени бргу по падот на комунизмот и беа напишани со класичниот речник на меѓународната политика и меѓународните односи. Тие се занимаваа со односите на моќ во светската политика во тој момент и во иднината, па губењето на моќта на едниот пол во дотогаш биполарниот свет значеше целосно ново преструктуирање на светскиот систем во кој единствени субјекти се државите. Широката дебата која ги следи провокативните тези поврзани со светската политика не изостана и траеше во целата последна декада на минатиот век.

Паралелно со овие две најпопуларни стојалишта во анализата на постстудениот свет, се развија и некои други помалку познати и не толку гласни, кои својата релевантност не ја црпеа само од променетите односи на моќ, туку и од промените во другите општествени потсистеми, новите начини на одвивање на производствениот процес кој порано се одвиваше во државните граници, зголемената меѓузависност, новите и побрзи облици на комуникација, новите начини на задоволување на социјалните потреби на граѓаните и нивното самоорганизирање итн.

Станува збор за еден новоизграден концепт за анализа во општествените науки- во дисциплината за меѓународни односи, кој им се спротивставува на доминантните претпоставки на етаблираните научни дисциплини кои политиката ја анализираат преку однесувањето на државите како единствени актери на домашната и на светската политичка сцена.

Според застапниците на овој концепт, политиката веќе одамна не е активност само на државите или помеѓу државите, а границите помеѓу традиционално поделените надворешна и внарешна политика се избришани: во последните декади од дваесетиот век, политиката се одвива на повеќе нивоа и вклучува не само државни, туку и суб-национални, интернационални и транснационални актери.

Авторите кои се застапници на овој пристап особено значење и даваат на глобализацијата како сеопфатен процес (во економската, социјалната, еколошката, културната сфера), кој како таков постои од многу одамна и кој посебен замав почна да завзема од седумдесетите години на минатиот век, а кој во деведесетите доби најголем интензитет и стана особено видлив. Рушењето на комунистичките режими беше рушење на последната голема пречка кон отвореноста и се поголемата поврзаност меѓу општествата и луѓето на прагот на дваесет и првиот век.

## НАСТАНУВАЊЕ И ОСНОВНИ СТОЈАЛИШТА НА ТЕОРИЈАТА ЗА ГЛОБАЛНО УПРАВУВАЊЕ

Дебатата за „глобално управување” се разви на почетокот на деведесетите години од минатиот век, и како нов концепт во дисциплината на меѓународните односи ги ревидираше нејзините основни/класични појдовни пози-

ции развиени од двете главни теоретски школи -реализмот и либерализмот. Истакнувајќи дека реализмот останува релевантен само во смисла дека политиката е борба за моќ, и критикувајќи го ограничениот опфат на либералниот институционализам, критичарите на традиционалниот пристап ја истакнаа потребата од „нова онтологија" (Rosenau, 1999) при анализата на новата епоха.

Самиот термин „глобално управување" заедно со терминот глобализација се користи многу често, со различни значења и поради тоа е извор на конфузија. Додека под „глобално" може да се сфати или „највисокото ниво на човечка активност" или „збирот на сите нивоа на човекова активност", терминот „управување" се користи во најмалку десет различни значења- како делување на „минималната држава" редефинирајќи ја јавната одговорност и приватните интереси во обезбедувањето на јавните добра и услуги, како име за новите стратегии во работата на јавниот сектор инспирирани од менаџмент практиките во приватниот сектор, како нов процес на координација и соработка во децентрализираните мрежи, како начин на делување со кој се обезбедува работењето на големите корпорации итн (Pattberg: 2006: 3-4). Сепак, авторите кои го промовираат овој концепт како корисен за општествените науки, се обидуваат прецизно да ги лоцираат неговите корени и појмовен апарат.

Застапниците на овој пристап, главно беа инспирирани од **„глобалната промена"** која пред сé се однесува на крајот на Студената војна и сé поголемото значење и видливост на глобализацијата, но исто така се повикуваа и на други научни традиции во рамките на дисциплината за меѓународните односи како **транснационализмот** (или литературата за меѓународните режими) и литературата за **светските организации** (Hewson & Sinclair 1999, Pattberg, 2006).

## ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ГЛОБАЛНАТА ПРОМЕНА И ТЕОРИЈАТА ЗА ГЛОБАЛНО УПРАВУВАЊЕ

Секоја анализа на светот по деведесетите неодминливо ја вкучува глобализацијата како процес. Ставовите се движат од тоа дека после глобализацијата ништо не е како порано, до распространетото тврдење дека глобализацијата не е ништо ново, туку напротив, со зборовите на Милтон Фридман, "светот е во секоја непосредна, релевантна и дотична смисла помалку интернационализиран отколку што бил во 1913 или 1929 година" (кај Cirn, 2003: 10).

Иако се напишани многу дефиниции, според многу цитираната дефиниција на Хелд глобализацијата може да се опише како „ширење, продлабочување и забрзување на светската меѓуповрзаност во сите аспекти на современиот општествен живот, од културни до криминални, од финансиски до духовни"(кај Pattberg, 2006: 6).

Концептот за глобално управување најпрво треба да се разграничи од онаа перспектива која глобализацијата ја објаснува главно со економски термини. Иако од дискусиите во рамките на економските теории за глобализа-

цијата, станува јасно дека она што значително се променило, освен селењето на производството, не е обемот на странските директни инвестиции или обемот на светската трговија, туку експанзијата на светските финансиски пазари (Ariggi, 1997: 2), економскиот пристап е редукционистички и најчесто го превидува глобализирањето на загадувањето на животната средина, културните добра, луѓето и военото загрозување (Cirn, 2003: 10). Авторите кои глобализацијата ја објаснуваат со економски термини, акцент ставаат на т.н. „леместување" од државите кон пазарите, или трендот на сé поголема дерегулација на пазарите на национално и супранационално ниво како главна карактеристика на современата нео-либерална економска реалност.

За разлика од економскиот перспектива, концептот за глобално управување се сфаќа како посложена перспектива на она што се нарекува „глобална промена", а чии главни компоненти се глобализацијата и крајот на Студената војна. Хјусон и Синклер издвојуваат четири елементи на оваа перспектива :

- реалокација на власта од државата во повеќе насоки (интеграција и фрагментација);
- настанување на глобално граѓанско општество;
- реструктуирање на глобалната политичка економија и
- делувањето на интелектуалните (епистемолошки) елити кои се глобално ориентирани.

Најважната компонента на глобалната промена околу која се согласуваат овие автори е **реалокацијата на власта на повеќе нивоа и на повеќе актери**. Иако е дискутабилно дали тој некогаш се остварувал во апсолутна форма и колку од државите фактички располагале со истиот, суверенитетот како својство на државите неограничено и апсолутно да практикуваат власт е доведен во прашање.

Сфатен во класична смисла, поимот суверенитет аналитички е поделен на внатрешен и надворешен суверенитет. Внатрешниот суверенитет, во најширока смисла на зборот, се однесува на моќта на државите да носат и спроведуваат закони, додека надворешниот суверенитет означува независност и слобода на државата да ги остварува своте интереси во системот на независни држави.

Глобализацијата и зголемената меѓузависност ги прави државите немоќни на неколку фронта: глобалното селење на капиталот во региони каде цената на работната сила е пониска ги соочува државите со невработеност и неможност да спроведуваат ефективна социјална политика (ова пред сé се однесува на богатите западни економии); кога загадувањето на животната средина е предизвикано од надвор, државите не можат да го спречат со никакви класични мерки; Интернетот и олеснетата комуникација ги спречува државите да наметнуваат цензура, истите неповратно ги отвораат вратите на инаку затворените политички режими и делуваат ослободувачки за нивните граѓани; културната глобализација (културниот империјализам) е далеку навлезена во секое општество итн.

По опсежната емпириска анализа на промените кои глобализацијата (или денационализацијата) ги предизвикала во функционирањето на државата, Михаел Цирн (Cirn, 2003) промените во суверенитетот ги илустрира со јазикот на класичната политичка и социолошка наука.

Следејќи го Карл Шмит, Цирн истакнува дека класичниот поим за суверенитетот е врзан со постоење на определена територија, народ и државна власт, т.е. државата (суверено) управува на територија која е прецизно разграничена од секоја друга. Како петпоставка на ефикасното управување на државата е просторот на кој се згуснале општествените односи на размена и стопански врски да не биде поголем од просторот кој е опфатен со политичкото уредување: „додека економските активности, поштенскиот и телефонскиот сообраќај, загадувањето на животната средина, производството и употребата на културата се одвиваат претежно во рамките на националните граници, таквите активности можат да бидат уредени со мерките на националната држава" (Cirn, 2003: 11).

Поклопувањето на енкономско-социјалниот и политичкиот простор на една теритприја го означува како „услов на конгруенција" и укажува дека овој основен услов за ефикасно управување на државата, во услови на глобализација, фундаментално и неповратно е нарушен.

Иако Цирн не го употребува терминот „глобално управување", неговиот поим за „комплексно управување" во новоизменетите услови на глобализација и анализата на според него, три модели на управување во услови на глобализација- управување од, со и без власт (governance by, with and without government)- го сместува во теоретичарите кои ја надминале аскиомата за државите како единствени актери на светската политичка сцена.

Џејмс Н. Розено го воведува поимот „области на власт" (spheres of authoriry) за да ги означи оние „политички актери, структури, процеси и институции кои ги иницираат, одржуваат и одговараат на силите на глобализацијата", но „кои не се неопходно поврзани со територијална поделба и кои се предмет на постојана промена" (Hewson & Sinclair eds. 1999: 7).

Слично како и Цирн, и Росено тврди дека денес и во иднината, „многу од управувањето несомнено ќе се врши од државите и нивните влади кои ќе иницираат и спроведуваат политики во согласност со нивните правни рамки – и во некои инстанци националните влади ќе се согласни да управуваат заедно со системи за управување од друго ниво- но ефективноста на нивните политики ќе биде поткопана од распространувањето на настанувачки контролни механизми под и надвор од нивна јурисдикција" (Rosenau, 2006: 125). Она што во практиката се случува е реалокација на власта: интеграција на транснационално и фрагментација на субнационално (локално и регионално) ниво.

Новите механизми и „единици на управување" се контролни механизми, без командна функција (по што најмногу се разликуваат од државните механизми за управување) и најчесто без хиерархиски односи во внатрешната структура. Тие меѓу себе се разликуваат по форма и структура во зависност од тоа:

дали се создадени од повисоко (државно) ниво (top-down) или самите настанале еволутивно преку разни начини на задоволување на јавни и економски потреби на граѓаните кои самостојно се органзирале (bottom-up), на кое ниво на управување дејствуваат, дали поминале одреден пат на институционализација, дали и какви односи на хиерархија постојат во нив итн. Росено дава преглед на цела лепеза релевантни „единици на управување" земајќи ги во предвид степенот на институционализација и нивото на дејствување:

**Табела 1.**
Поддржување и институционализација на контролни механизми

| | **самонастанувачки** | **институционализирани** |
|---|---|---|
| **транснационални** | - невладини организации | - Интернет |
| **недржавно поддржани** | - општествени движења<br>- епистемолошки заедници<br>- мултинационални компании | - Европско Еколошко Биро<br>- кредитно-проценувачки агенции<br>- Американски Еврејски Конгрес |
| **субнационални** | - етнички малцинства<br>- микро региони<br>- градови | - Грчко Лоби<br>- криминални организации |
| **државно поддржани** | - макро региони<br>- Европска Заедница<br>- ГАТТ | - системот на ООН<br>- Европска Унија<br>- Светска Трговска Организаци |
| **заеднички поддржани** | - прекугранични коалиции<br>- проблемски режими | - мониторинг на избори<br>- режимот на Човекови права |

Извор: Rosenau, 2006: 126-127.

Освен реалокацијата на власта од државата кон други актери, постоењето на **глобално граѓанско општество** е исто така доказ дека сувереното делување на државата е предизвикано од други глобални актери. Градењето на транснационалните идеолошки трендови (тенденции) на глобално ниво, светските движења за човекови права, за родова еднаквост, пацифистичките движења, еколошките организации, движењата на домородните луѓе и меѓународните невладини асоцијации се само дел од примерите.

Улогата на невладините организации во Источна Европа при рушењето на комунистичките режими е исто така доказ за значењето на овие демократски форми на самоорганизирање на граѓаните, а растечкиот тренд во западните земји голем дел од социјалните услуги за граѓаните да ги обезбедуваат невладини и непрофитни организации, независно дали истите функционираат на волонтерска основа или не, ги прави граѓанските организации компетентни и докажани извршувачи на најразлични социјални услуги претходно обезбедувани од државата (Давитковски, Габер, Ратсен, 2001).

Современите процеси на **реструктуирање на глобалната политичка економија** се друг важен елемент на глобалната промена. Според Хјусон и Синклер, кучна улога во реструктуирањето на истата одигра реориентацијата на клучните интелектуални, бизнис и политички елити во Г-7 зоната. Хипер-либералистите организирани според принципот на глобализација, на почетокот од деведесетите добија превласт врз елитите кои го подржуваат државно-регулираниот капитализам организиран според територијален принцип (Hewson & Sinclair 1999: 10). Кризата на Државата на благосостојбата и опаѓањето на моќта на државната регулација во економската сфера како последица на економската глобализација, и отвори пат на идеологијата на нео-либерализмот која стана доминантна.

Управувањето со глобалните економски текови е секако издржан пример за управување надвор од рамките на националните држави, бидејќи наместо централна структура на власт, која би била пандан на државно регулираната економија на светско ниво, управувањето го врши мрежа од институции кои функционираат како форум за формирање консензус помеѓу светските економски сили: годишните економски форуми во Давос, Трилатералната комисија и состаноците на Г-7 групата.

Економското управување во услови на глобализација, или управувањето со глобалните економски текови, е поле на кое се вкрстуваат копјата на теоретичарите од нео-марксистичка провиниенција и пост-марксистите, според кои глобализацијата е најнова фаза во развојот на капитализмот и начин да се прекрие нееднаквата дистрибуција на профитот во и помеѓу државите на „глобалниот (богат) Север и (сиромашниот) Југ" и неолибералистите кои инсистираат на неефикасноста на државните економски политики и ја слават пазарната логика.

Хјусон и Синклер истакнуваат уште еден сегмент на теоријата за глобално управување кој ја прави релевантна во проучувањето на глобалната промена, а тоа е значењето на **глобално ориентираните епистемолошки елити и власти.** Во свет кој е базиран на знаење и во кој знаењето и информациите значат моќ, важна е политичката ориентација на глобалните епистемолошки елити во кои се концентрирани огромен обем на информации и знаење. Според овие автори, политичката ориентација на овие епистемолошки елити денес е глобална и тие делуваат во насока на прифаќање на новите облици на управување отаде државата.

## МЕЃУНАРОДНИТЕ РЕЖИМИ, СВЕТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И РАЗЛИЧНАТА УПОТРЕБА НА КОНЦЕПТОТ ЗА ГЛОБАЛНО УПРАВУВАЊЕ

Други релевантни извори на теоријата за глобално управување произлегоа од традициите на транснационализмот и теоријата за меѓународни режими која имаше особено значење во 1980-тите години, и искуството на ООН и други меѓународни организации.

Транснационални се оние односи кои вклучуваат барем еден актер кој не е државен, а транснационалната политика се сфаќа како „систем на институционални поврзувања помеѓу општествата- вклучувајќи широк опсег на невладини општествени актери- кои влијаат врз домашната политика без вклучување на меѓувладини односи" (Pattberg 2006: 7). Најзначаен исход од овие транснационални поврзувања е креирањето на меѓународни режими, кои во понапредните фази на развиток и евентуална институционализација ги вклучуваат и државните актери.

Меѓународните режими се втемелени врз бројни принципи, норми и правила, како и на процедури на одлучување и програми кои му припаѓаат, а кои се меѓународно договорени (governance with government) и кои однесувањето на актерите трајно го уредуват, усогласувајќи ги взаемно очекуваните однесувања (Cirn, 2003: 130). Меѓународните режими се профилираат по области (екологија, човекови права, култура, економија) и обично регулираат само една сфера од предметната област на делување, а не областа во целост. Според авторите кои го промовираат концептот за глобално управување, целото тело на меѓународни режими-економски, безбедносни, еколошки може да се смета за систем на меѓународно управување (Cirn, 2003, Rattberg 2006, Hewson & Sinclair 1999).

Во опширната анализа на еколошките режими, Михаел Цирн прави разлика помеѓу „негативни" и „позитивни" уредувања, при што негативни се „оние уредувања кои овозможуваат нови, поголеми социјални и економски односи, кои политичките граници ги прават пропустливи и ги спречуваат протекционистички мотивираните државни интервенции", додека позитивни се „сите политики кои ги подредуваат дадените социјални односи на дејствување на колективното уредување, со цел да ги спречат несаканите ефекти на интеракција"(Cirn, 2003: 137). Несомнено е значењето на негативните режими како зачетоци на праксата на глобално управување, а уште повеќе на позитивните режими, кои со тоа што извршуваат регулативна и редистрибутивна функција на односи кои не се внатре државни, се особено значајни модели и извори на глобално управување.

Праксата на меѓународните организации е исто така важен извор корисен за теоријата за глобално управување. Иако меѓународните режими произлегуваат, се преплетуваат, или служат како основа за создавање на меѓународни организации, основната разлика помеѓу меѓународните режими и

меѓународните организации е тоа што првите немаат квалитет на актери. Најилустративен е примерот на ГАТТ, кој откако помина фаза на формализација и институционализација се вообличи во СТО.

Најзначаен извор за теоријата за глобално управување е секако на најинституционализаиранaта и најголемата меѓународна (глобална) организација- ООН. Концептот за глобално управување е поврзан со искуството на ООН од две причини: прво, како вистинска глобална организација, вклучувајќи ја скоро секоја држава како член, ООН управува со голем обем на организациони ресурси неопходни за управување со светските работи; второ, преку сеопфатната мрежа на специјализирани агенции, организации и комисии, допира огромно мнозинство од современите глобални проблеми (Pattberg 2006: 8).

Литературата која се создаде околу праксата на ООН, се темели на искуствата со управување во скоро сите предметни области на делување, на сите континенти и со формализаирање и согласност од државите. Не само што е огромно значењето на ООН за минатите искуства на глобално управување, туку, според некои автори и активисти, во неа лежи иднината на проектот за глобално управување кој се темели на силен космополитски морал и заедничка одговорност при справувањето со глобалните проблеми на човештвото.

Иако не е стара колку и ООН и не е глобална, туку регионална организација, Европската заедница во последната декада од XX век се издигна како прва супранационална структура без претходник во досегашната историја и е особен предмет на интерес на авторите кои ги истражуваат новите облици на управување. Според Ричард Хигот, Европската Унија поседува интегриран систем на управување, поврзани институционални структури, политики и правни инструменти кои овозможуваат поврзување на националното и супранационалното ниво на донесување одлуки и спроведување на политики (Higgott 2005: 18). Искуството на ЕУ, според овој автор е најважен извор при обликувањето на систем на глобално управување кој ќе биде истовремено ефикасен и праведен.

Овде доаѓаме до една поинаква употреба на концептот за глобално управување во современата теоретска литература. За разлика од авторите кои го употребуваат овој концепт пред сé како аналитичка алатка при анализата на светската политика во услови на глобализација, и кои најголемо внимание посветуваат на улогата на недржавните актери, новите просторни и функционални нивоа на кои се одвива политиката и различните механизми на управување и контрола, друга група автори и практичари исто така го користат овој концепт, но во поинаква, нормативна смисла.

Во нормативна смисла овој концепт се употребува „за да означи специфична политичка програма, која претставува или нормативна перспектива како политичките институции треба да реагираат поради редуцираните капацитети за управување на националните политички системи или како критичка перспектива која зборува за концептот за глобално управување како хегемонистички дискурс" (Dingwerth & Pattberg, 2006: 189).

За авторите кои бараат надминување на немоќта на националните политички системи во управувањето со економските и социјални промени, концептот за глобално управување е начин како да се управуваат процесите на глобализација политички (Pattberg, 2006: 13).

Според Комисијата за глобално управување и авторите кои ги проучуваат регионалните облици на интеграција (особено ЕУ), централно место во овој процес би имале Обединетите нации кои „управувањето со глобалните работи ќе ги вршат во согласност со интересите на сите луѓе за оддржлива иднина, водена од основните човекови вредности и која ги прави глобалните организации прилагодливи со реалноста на глобалната различност". Важно е да се напомене дека овие пристапи не вклучуваат и барања за формирање на Светска влада која глобално ќе управува, туку истите им ја признаваат релевантноста и придонесот и на НВО. Исто така особено значење му се придава и на проблемот на демократијата и демократичноста на глобалните институции во процесот на глобално управување. Во извештајот на Комисијата за глобално управување се истакнува дека новоформализираните начини на глобално управување мора да бидат поинклузивни и повеќе партиципирачки отколку во минатото.

Авторите од нео и пост-марксистичка провиниенција на концептот за глобално управување гледаат како на хегемонистички дискурс со кој се врши замаглување на негативните ефекти што актуелната фаза на капитализмот ги има врз дистрибуцијата на ресурсите во и помеѓу државите. Марксистичката перспектива на глобализацијата одрекува дека таа е нешто ново; според истата, овие процеси се продолжение на трендовите кои долго време ја придружуваат експанзијата на капитализмот, нова е само свеста за истите.

Една многу значајна последица од неисториските и некритичките сфаќања на глобализацијата е што тие всушност стануваат идеологија во рацете на бизнис и политичките елити. Според Марксистичките теоретичари, глобализацијата денес редовно се наведува како причина да се промовираат мерки кои ќе ги редуцираат работничките права и ќе ги отстранат другите пречки на бизнисот. И во современата епоха политиката и користи на интересите на економски доминатната класа, а владеењето или (денес) управувањето секогаш ја следи капиталистичката логика.

Несомнено, моќта и просторот на делување на денешните корпорации е поголема од било кога, а неолибералните политики кои се денес доминантни им одат во прилог на бизнис елитите. Новиот комплексен свет во кој капиталистичкиот начин на производство се шири толку лесно на нови територии пред сé во Азија, чии културни, политички и историски контексти се толку различни од западноевропските, се чини дека им дава примат на економските аспекти на глобализацијата. Но, држењето само до овие објаснувања може да биде неоправдано ако се запостават дејствувањата на невладините активисти, борците за човекови права, глобалите криминални мрежи, будењето на кул-

турните и етнички идентитети и релативизирањето на концептот за државниот суверенитет во пракса како и во теоријата.

Во таа смисла, концептот за глобално управување и дискусијата која се разви во рамките на општествената теорија се корисни за да се согледа местото, улогата и дејствувањето на старите и новите политички субјекти на глобалната политичка сцена. При тоа, секако, не треба да се запостави критичката функција на науката во објаснувањето на новите процеси и да се промовира лажен објективизам. Предизвиците на глобализацијата и постстудениот свет се преголеми за да се препуштат на еднострано толкување на само една теорија, па и под услов истата прикриено да не застапува конкретни интереси.

Литература:


- Arrigi G. (1997). *Globalization, State Sovereinty, and the "Endless" Accumulation of Capital.* http://www.binghampton.edu/fbc/gairvn97.htm
- Baker R. (1999). *Challenges to traditional concepts of sovereinty.* http://www.classwebs.spea.indiana.edu/bakerr/challenges_to_sovereignty.htm
- Commission on Global governance (1995). *Our Global Neigbourhood. The Report of the Commission on Global Governance.*
- Давитковски Б., Габер Н., Ратсен Д. (2001) *„Здруженија на граѓани и фондации"*. Скопје: Правен факултет.
- Dingwerth, K., Pattberg, P. (2006). Global Governance as a Perspective on World Politics. *Globa Governance vol. 12, pp.185-203.*
- Held D. (2002). Law of States, Law of Peoples: Three models of sovereignty. http://www.lse.ac.uk/Debts/global
- Hewson M., Sinclair T. J. eds. (1999). *Approaches to global governance theory*. Albany: State University of New York Press.
- Higgot R. (2005). The theory and practice of global and regional governance: Accomodating American exeptionalism and European pluralism. *GARNET Working Parers No. 01/05.* www.garnet-eu.com
- Keohane R., Nye J.S.Jr.(2000) *Governance in a globalizing world*. http://www.ksg.harvard.edu/visions/publication/dlobalizing_intro.doc
- Pattberg P. (2006). Global governance: Reconstructing a contested social science concept. *GARNET Working Parers No. 04/06.* www.garnet-eu.com
- Rosenau J. N. ed. (2006). *The study of world politics. Vol. 2, Globalization and Governance.* London and New York: Taylor & Francis Routledge.
- Smith S., Baylis J. eds. (2003). *The globalization of world politics 2nd edition*. New York: Oxford University Press
- Cirn M. (2003). *Upravljanje sa one strane nacionalne države.* Beograd: Filip Visnjic.

UDK/UDC 174.4
Научен текст / Scientific Paper

*Д-р Мирјана Борота - Поповска*

# УЛОГАТА НА КОДЕКСИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВАТА ЕТИКА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА

АПСТРАКТ

Содржината на трудот е во насока на имплементирање на деловната етика во организацијата. Покрај актуелноста на деловната етика, ќе се разгледаат и улогата на кодексите, начинот на нивна подготовка и определување на потребните содржини, како и начинот на кој имплементирањето на кодексите треба да се поврзе со менаџерската практика.

**Клучни зборови:** деловна етика, корпоративна општествена одговорност, етички кодекси, имплементација, менаџмент

*Mirjana Borota – Popovska, Ph.D.*

# THE ROLE OF THE CODICES IN THE PROMOTION OF THE BUSINESS ETHICS IN THE ORGANIZATION

ABSTRACT

The contents of this work are aimed at implementation of the business ethics in the organization. Apart from the significance of the business ethics, the role of the codices, the manner of their preparation and the determination of the required contents shall be taken into consideration, apart from the manner by means of which the implementation of the codices is to be related to the managerial practice.

**Key words:** business ethics, corporate social responsibility, ethic codices, implementation, management

## АКТУЕЛНОСТА НА ДЕЛОВНАТА ЕТИКА

Деловната етика е дел од општата етика и претставува интеграција меѓу етиката и бизнисот. Со терминот “бизнис” (деловност) се означуваат збир на активности на ниво на индивидуи и организации во економскиот, социјалниот и политичкиот живот. Бизнисот е важен дел од општеството и во него се вклучени сите луѓе, купувајќи и продавајќи добра потребни за опстанок и за уживање. Вака гледано, оваа активност може да се истражува од морална гледна точка.

За да може да се одвива било каква работа треба да постои морална основа во општеството. Кога не би постоела моралната норма која го забранува лажењето и крадењето, тогаш ниту еден бизнис не би можел да се изведе до крај. Од луѓето што работат се очекува да ја кажуваат вистината, да ги почитуваат договорите и да ја работат работата за која се платени. Сите овие барања имаат основа во општествениот морал.

Според Соломон (1992) “Најголемиот број грешки во бизнисот се резултат на недоразбирањата што произлегуваат од погрешните концепции за бизнисот”.  Според него, деловната етика треба да создаде јасно чувство за целта на бизнисот и да ја нагласи важноста на добродетелта, чесноста и етиката. Не секогаш мноштвото проблеми со кои се соочуваат организациите се одредени како етички, но поголемиот дел од нив се етички и филозофски прашања за природата на бизнисот.

Деловната етика и во светски рамки е релативно нова тема на интерес, но забрзано се развива и прифаќа особено во последниве 20 години. На ниво на бизнис организации ја препознаваме и како корпоративна општествена одговорност, во чија основа е идејата дека корпорациите треба да бидат „морални агенти”. Идејата за деловните организации како морални агенти се должи на трансформацијата на начинот на мислењето и на работењето, во развиените капиталистички земји, што води кон нова парадигма на бизнисот.

Michael Ray (1993) вели дека, научната револуција се јавува тогаш кога има промена на парадигмата, кога старите претпоставки веќе не се доволни и кога определен дел од научниците почнуваат да изградуваат нова парадигма. Тој има изградено многу прецизно и холистичко гледиште за старата западна цивилизациска парадигма и за појдовните точки на пресвртот во мислењето, како можност која ќе даде одговор на прашањето: зошто е светот таков каков што е - праведен за едните, неправеден за другите, и каков ќе биде правецот на новата парадигма? Прашањата на кои авторот се обидува да одговори се од следниот тип: Која е суштината на модерното општество? Дали нашата добросостојба (се мисли на западната цивилизација) треба да се остварува на штета на другите, понеразвиени делови на планетата? Зошто луѓето не се едуцираат да ја пронајдат смислата на сопствениот живот и да научат да ги почитуваат вредностите на општеството?

Дека промената на парадигмата се рефлектира и во бизнисот може да се согледа и од примерот на „Starbucks coffee“, (www.starbucks.com.) компанија основано од Хауард Шулц во 1971 година, во САД. Во почетокот на своето работење, Старбакс имал задача да ги снабдува со најквалитетно кафе локалните кафулиња и ресторани. Денес Старбакс прераснува во водечки бренд за правење и продажба на кафе, со околу 11000 локации низ целиот свет. Во 1994 год. Старбакс се соочи со протести поради увозот од Гватемала, каде работниците беа плаќани 2,5 долари дневно. Продавниците беа преплавени со летоци кои ја осудуваа политиката на Старбакс и нејзините договори со увозните куќи, кои ги плаќаат гватемалските работници со многу ниска дневна заработувачка. Како одговор на оваа реакција на јавноста, на 20-ти октомври 1995 год. Старбакс кафе компанијата креираше «Кодекс на однесување». Во кодексот на Старбакс се истакнува:...»нивото на заработка и добивка треба да се однесува на основните потреби на работниците и нивните семејства»,»и луѓето имаат право слободно да бидат дел од која и да е организација...која ќ е ја изберат».

За да ги реализира принципите наведени во кодексот, Старбакс презеде низа активности во земјите од кои увезува кафе:

- Во Гватемала, Старбакс ќе ги истражува условите за работа на работниците кои се во директното производство на кафе и ќе дискутира за подобрување на индустриските стандарди во “Anacafe”, гватемалската производствена организација за кафе. Исто така, компанијата ќе продолжи да ги поддржува санитарните сервис програми во државата;
- Во Индонезија, Старбакс ќе работи со “Natural conservances” и “CARE” за да ја промовира агрокултурата;
- Во Сулавеси, остров во Индонезија, Старбакс ќе продолжи да ги снабдува децата со чевли за во училиште;
- Во Кенија, Старбакс ќе продолжи да го спонзорира печатењето на книги, на Pied Crow Magazine, кои се фокусираат на здравјето, агрокултурата, вработувањето, семејното планирање и образованието;
- Во Етипоија, Старбакс планира да помогне во релоцирање на земјиштата со кафе во Северозападна Етиопија.

Компанијата, покрај ориентираноста кон продажбата на најквалитетно кафе, е детерминирана да го води својот бизнис на начин кој резултира со социјални, општествени и економски придобивки за заедниците во кои работи.

Оваа промена на парадигмата се согледува и на светско ниво, со потпишувањето на повеќе од 1500 компании на “Global Compact”, документ на Обединетите Нации, кој претставува збир од етички начела што се однесуваат на човековите права, работата и на заштита на средината. (www.unglobalcompact.org).

Во САД The Ethics Officer Association има повеќе од 900 членови (www.eoa.org/home.asp). Центарот Markkula за применета етика има повеќе од 250 линкови за етички групи или вебсајтови (www.scu.edu/ethics/links/links.cfm?cat=BUS).

Во Европа, првата катедра за деловна етика беше формирана некаде во осумдесеттите години од минатиот век и тоа на два Универзитета: Sankt Gallen University Switzerland i Nyinrode University Netherland. Денес во Европа има повеќ е од 25 катедри за деловна етика. Во деведесеттите, интересот за оваа област порасна со објавувањето на книгата на Jack Mahoney „Business Ethics in the UK, Europe and the US".

Во сите европски земји од деведесеттите наваму, во подем е издавањето на публикации и списанија од оваа област.

Во 1987 е формирана European Business Ethics Network (EBEN) (http://www.eben-net.org/), асоцијација со претставници од академските кругови, бизнисот и професионалните здруженија. На нејзина иницијатива е основан и The European Institute for Business Ethics (http://www.nijenrode.nl/centers/eibe/index.cfm). The European business network for CSR (Корпоративна општествена одговорност) (http://www.csreurope.org/pages/en/history.html), во која членуваат повеке од 600 европски компании.

Европските иницијативи кои се во насока на поттикнување на КОО можат да се согледаат низ работните програми и резултатите произлезени од Лисабонскоит самит (2000), на кој лидерите поставија за цел Европа да стане најконкурентна и најдинамична економија во светот. Потоа, Коминикето од јули 2002 (ЦОМ 2002) 347) во кое комисијата препорачува стратегија фокусирана на следниве области:

- зголемување на знаењето за КОО меѓу претставниците на бизнисот и општеството, како во Европа така и пошироко, особено во земјите во развој;
- развивање на практика за размена на искуства и добри практики за КОО меѓу деловните субјекти;
- развивање и промоција на менаџерски вештини за КОО;
- зајакнување на КОО меѓу малите и средни претпријатија;
- фацилитирање на конвергенција и транспарентност на КОО практики и алатки; воспоставување на Форум на засегнати страни (Multi stakeholder forum) на КОО на европско ниво;
- интегрирање на КОО во општествените политики.

Форумот на засегнати страни (Multi stakeholder forum) беше основан во октомври 2002 и го креираше конечниот извештај во јули 2004.

Коминикето од 2002 година беше напишано врз основа на јавни консултации произлезени од Зелената книга на Европската комисија (2001) со наслов „Промовирање на европската рамка за КОО", при што беше отворена широка дебата за концептот на КОО и начинот како да се изградат партнерства за развој на европскиот приод кон КОО.

Комисијата за политика на КОО го публикуваше (22 март 2006) новото Комунике за КОО со наслов „Имплементирање на партнерство за раст и работни места: Европа како столб за КОО". Во ова коминике Комисијата ја поддржува Европската алијанса за КОО, чија цел е понатамошно промовирање и охрабрување на КОО. Алијансата претставува политичка амбрела за КОО, како за големи така и за средни и мали претпријатија. Тоа не е правен документ што треба да биде потпишан од претпријатијата, туку повеќе е водич за ресурсите и капацитетите на европските претпријатија и нивните засегнати страни за зајакнување на интересот за одржлив развој, економски раст и креирање нови работни места. Истакнато е дека претпријатијата се главните актери во КОО, но исто така значајна улога имаат и **засегнатите страни од не бизнис секторот.**

Нагласен е потенцијалот на КОО да учествува во **одржливиот развој на европскиот раст и стратегијата за креирање на работни места.**

Овие заклучоци се почеток на новата фаза на развој на КОО на европската политика.

Во Р. Макединија се повеќе станува актуелен концептот за КОО. Во декемри 2004 , Македонија официјално ги прифати принципите на Глобал компакт мерките од Обединетите нации. Членството на Глобал компакт мрежата се зголемува - до крајот на Мај 2006 бројот на македонски претпријатија е 47.

На 25 мај 2005 и на 30 ноември 2005 година се одржа конференцијата за „Корпоративна општествена одговорност", поддржана од УНДП и УСАИД. Во меѓувреме направена е обука на новинари за концептот на КОО. Самоиницијативно, во неколку НВО се направени сепаратни истражувања за КОО меѓу деловните субјекти во Македонија. Повторно сепаратно, спроведени се повеќе иницијативи од сферата на КОО од страна на Стопанските комори. Во периодот август – декември, од страна на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања и УНДП е спроведено истражување "Корпоративна општествена одговорност во РМакедонија"(2006). Целта на проектот беше, низ неколку фази на истражување да ја испита состојбата и трендовите во македонските претпријатија со општествената одговорност.

Од истражувањето произлегоа повеќе заклучоци. За нас е интерсно тоа што меѓу испитаните деловни субјекти, НВО и медиуми постои блискост со терминот КОО, но, сепак, не сите знаат адекватно да го дефинираат. Нешто подобри познавања од оваа област се забележаа кај компаниите кои имаат учество на странски капитал. Домашните компании, главно, импулсот за општествената одговорност го очекуваат однадвор, во вид на барање или молба за поддршка на одредени социјални збиднувања, и тогаш делуваат според него. Така што и оценката за сопственото дејствување во оваа сфера ја формираат во однос на тоа на колку барања (вообичаено за спонзорства на спортски и културни настани) одговориле позитивно.

Во однос на значењето на кодексите на однесување и нивно постоење во испитаните фирми во последниве две години кодекси се креирале во само 25%

случаи; само како за споредба, 48% поддржале спортски и културни активности во истиот период.

Потребата за деловна етика не се јавува само поради притисокот на јавноста, туку таа произлегува и од секојдневието на менаџерите и на работниците кои бараат можност за разрешување на конфликтите, дилемите, недоразбирањата со кои се соочуваат.

## ЗНАЧЕЊЕ НА КОДЕКСИТЕ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Улогата на етичките кодекси е да ги дефинира границите меѓу прифатливото и неприфатливото, да им помогне на луѓето да размислуваат за етичките прашања пред да се соочат со нив во реалноста. Кодексот е алатка која служи за охрабрување на дискусиите за етика и за подобрување на одговорот на вработените на етичките дилеми поврзани со работата.

Со цел да се обезбеди правилна и етичка изведба на работата и да се одржи довербата на јавноста, се очекува сите вработени, да бидат запознаени и да дејствуваат во согласност со стандардите пропишани во кодексите во сите аспекти на нивните активности, да дејствуваат во согласност со соодветните закони, правила и регулативи, и да избегнуваат секаков вид на неетичко однесување.

“Кодекс е систематизиран збир на релативно прецизно формулирани морални норми на еден одреден морал, утврден со пишан акт, изготвен од луѓе кои се претставници на одредена група.”( Socioloski Leksikon (Beograd: Savremena Administracija, 1983). Со кодексот точно се означуваат нормите и вредностите на групите. Ваквата форма овозможува, моралот кој се создава побрзо да навлезе во свеста на луѓето. Кодексите се битен механизам што организациите можат да го употребат како средство што ќе ја сигнализира етичката насока во организацијата. Во истражувањата што се спроведени од Ethics Resource Center (http://www.ethics.org/), кодексите се оценети како најдобар механизам кој го подобрува етичкото однесување.

Но, не е доволно само да се напише кодексот. Тој мора да биде адресиран на функционалните области од работењето на фирмата (маркетинг, финансии, вработени итн). Причина за посебното обраќање кон овие области е тоа што нивното работење се состои од различна визија, култура и потреби. Маркетингот, на пример, има однос со конзументите, за разлика од директното производство кадешто е позначаен односот меѓу вработените. Кодексот мора да ги рефлектира овие разлики. Тој ги дефинира односите меѓу вработените, покажува што вработените можат да очекуваат во смисла на компензации, промоција, тренинг, отстапување од правилата. Во него треба стриктно да се означи протокот на информации меѓу вработените и менаџерите, да се одредат условите за користење доверливи информации и за пристапот кон досиејата на вработените.

Создавањето на кодекси може да биде многу полезно за организацијата, бидејќи овозможува менаџерите од различни нивоа и одговорности да изнајдат начин и да ги артикулираат вредностите на организацијата. Во него се покажува целта на секоја менаџерска вештина, преку дефинирање и поврзување на секоја активност со заедничката цел на организацијата, при што се укажува на интегритетот и кооперативноста. Изградувањето треба да биде иницирано од топ - менаџментот. Интересот за создавање кодекс може да е поради организациската сигурност, јавното мислење, почитување на законот, но вистинскиот импулс мора да потекне од топ - менаџментот. Кога ќе се донесе одлука за создавање кодекс, мора да се опфатат сите структури на организацијата.

Пред да почне пишувањето на кодексот, мора да се одредат и разјаснат заедничките цели, мисијата и визијата од страна на врвниот менаџмент.

Особено е важно да се одреди како вработените ги перцепираат вредностите, во што веруваат, какви принципи и стандарди ги раководат, а воедно и да се определат областите кои се карактеризираат со етички ризик.

## КАКО СЕ КРЕИРА УСПЕШЕН ОРГАНИЗАЦИСКИ КОДЕКС

Според упатството на Ethics Resource Center (1990), за да се креира успешен организациски кодекс, најпрво е потребна :

1. **Одлука за тоа кој ќе биде инволвиран во задачата и одговорноста** што ќе ја понесе. Потребно е да се креира тим од претставници на сите оперативни делови, како од менаџерите така и од сите вработени .

2. Овој работен тим пред себе треба да постави јасни **Цели и задачи**. Има неколку можни цели на кодексот и тој може да биде наменет за една или за повеќе од нив. Избраните цели ќе влијаат на формата и на содржината на кодексот. Цели и задачи на кодексот можат да бидат:

- да ги инспирира вработените и да ги поттикнува да се раководат според високи морални принципи;
- да го регулира однесувањето, со тоа што ќе нагласи кое е дозволено, а кое е забрането;
- да го раководи донесувањето на одлуки;
- да послужи за зачувување на духот на организацијата, односно да ја заштитува културата;
- да се определи дали кодексот ќе се фокусира на менаџерската филозофија, политиката на организацијата, или на индивидуалното однесување.

**3.** На учесниците мора да им се обезбедат средства, адекватен буџет **и логистичка поддршка** за да можат да обезбедат информации од типот: кои се етичките теми, ризиците и дилемите за конкретната организација; информации за тоа што прават другите организации во овој поглед, кодекси од истите,

како ги спроведуваат; анализа на индустриски трендови; владини регулативи и закони.

4. Потоа тимот треба да **спроведе интервју со вработените од сите нивоа** на организацијата, и тоа во што поголем број. Овие интервјуа и/или анкети се наменети за прибирање информации и партиципација на сите вработени.

Прашањата можат да бидат во насока на :

Со кои етички проблеми најчесто се сретнувате? Зошто се јавуваат? Дали некои специфични правила или насоки би ги редуцирале овие проблеми? Дали постои потреба од појаснување на организациската политика и почеста комуникација со одредени засегнати страни (доставувачи, дистрибутери, консултанти, влада, интересни групи).

Кои етички проблеми се најтешки за разрешување? Каква е природата на тешкотијата? Дали има конфликт во деловните цели? Деловните цели и личните интереси? На кој начин кодексот може овие конфликти/недоразбирања да ги реши?

Колку се блиски вработените со постоечките политики или правила во организацијата кои можеби влијаат на етичките проблеми?

Значајно е да се определат каналите на комуникација, дали ги има и колку се тие функционални, односно, кому вработените му се обраќаат за совет или помош?

Кои принципи и вредности ги издвојуваат вработените како водичи во секојдневното работење?

Дали овие вредности и принципи што вработените ги издвојуваат се конзистентни со политиката на организацијата?

Дали има конфликт меѓу личните вредности и оперативните вредности на организацијата?

Доколку кодексот треба да послужи за достигање на надворешните интереси, пожелно е да се дискутира за обврските и за етичките проблеми кои се јавуваат при работењето со доставувачите, дистрибутерите, конзументите, јавноста, општеството, владата.

Ако е намената да се регулира однесувањето во организацијата преку забрани или одредување норми на однесување, тогаш многу е значајна што поголемата партиципација на вработените при изградувањето на кодексот. Доколку целта на кодексот е да инспирира и поттикнува, тогаш принципите и вредностите што ќе бидат артикулирани мора да бидат јасно одредени.

**5. Пишување на кодексот.** Откако се поминати сите наведени чекори: определен е работниот тим, определени се целите и задачите на кодексот, средствата и логистичката поддршка го подржале процесот, прибрани се информации по пат на интервју - се пристапува кон пишување на кодексот , кое треба да го определи следното:

- треба да се определи содржината и структурата на кодексот;
- стилот на пишување и организаирање на кодексот;
- јазикот кој треба да биде едноставен и разбирлив за сите нивоа на вработени.

***Структура на кодексот.*** Добриот кодекс може да се состои од четири дела:

1. Кредо, опис на организациските вредности и филозофија
2. Упатства за донесување одлуки
3. Правила кои забрануваат или бараат одредени однесувања
4. Дефиниции и илустрации

Овие четири елементи на кодексот се комплементарни. Содржината на кредото е определување на одговорностите што компанијата ги има кон конзументите, акционерите, вработените, доставувачите. Многу организации го користат кредото како форма на организациски идентитет или имиџ. Обидот да се дефинира организацискиот идентитет може да биде многу значаен не само за истапување на пазарот, туку и за вработените. Степенот до кој вработените ќе ги идентификуваат сопствените вредности и интереси со тие на компанијата е фактор кој придонесува за задоволството од работата, лојалноста и продуктивноста. Определувањето на вредностите на организацијата може да биде средство со кое ќе им се помогне на вработените да се чувствуваат како дел од семејството или како копартнери со менаџментот при постигнувањето на успехот во организацијата.

## КАКО ДА СЕ ИМПЛЕМЕНТИРА

За имплементирање на кодексите главно се користат формални методи како што се обука, информирање и комуникација на кодексот до сите вработени, со определување на личност /оддел кој е одговорен за политиката на спроведување на кодексите. Интерсно е истражувањето спроведено од страна на Adam i Rachman-moore (Journal of Business Ethics oct. 2004) на примерок од 812 вработени од израелски фирми од областа на висока технологија со претставништва во САД, во врска со тоа, кои методи на имплементација имаат најголемо влијание кај вработените. Резултатите упатуваат дека употребата на неформалните методи, како што е „менаџерот служи како пример“ и „истакнување на социјалните норми на организацијата“ се со поголемо влијание на посветеноста на вработените кон почитување на етичките кодекси отколку формалните методи. Несомнено е дека при имплементирањето на етичките кодекси значајна улога имаат менаџерите. Меѓутоа, можеби во најголема мера овде доаѓа до значење активирањето на лидерската функција, каде се очекува менаџерот да ги инспирира и мотивира вработените и да служи за пример или модел за етичко однесување.

## ЗАКЛУЧОК

Деловната етика е значајна за бизнисот. Анализата на подемот на интересот за оваа област во последните дваесет години, на примерот на Европа и САД укажува дека таа не е предмет на интерес само во академската средина, туку дека станува прифатена практика во бизнисот. Формата преку која се искажува во деловните субјекти е најчесто преку создавање на етички кодекси, чија најчеста намена е да го регулираат однесувањето на вработените и да го истакнат вредносниот аспект на организацијата и кон надворешното и кон внатрешното опкружување на организацијата. Меѓутоа, за да заживееат, етичките кодекси бараат соодветна имплементација, при што централна улога имаат менаџерите, кои треба со сопственото однесување да покажат дека ги почитуваат и спроведуваат етичките норми определени од организацијата.

**Литература**


- Solomon C. Robert (1992). *Ethics and Excellence*. Oxford, New York, London: Oxford University Press.
- Ray Michel & Rinzler Allan (1993). *The New Paradigm in Business*. New York: Jeremy P. Tarcher-Perigee Co.
- Jack Mahoney *„Business Ethics in the UK ,Europe and the US”*
- *Социолоски Лексикон* (1983)Београд: Савремена Администрација, 1983.
- *“ Implementing the partnership for Growth and Jobs: making Europe a pole of exellence on CSR”* (COM (2006) 136 final)
- *„Корпоративна општествена одговорност во РМ“* ,УНДП и ИСППИ, Скопје 2006
- *Старбуцкс* (www.starbucks.com.)
- *Global Compact* (www.unglobalcompact.org)
- The Ethics Officer Association (www.eoa.org/home.asp)
- Marrkula (www.scu.edu/ethics/links/links.cfm?cat=BUS).
- Ethics Resource Center (http://www.ethics.org/)
- Adam Avshalom i Rachman-moore Dalia (oct. 2004), The Methods Used to Implement an Ethical Code of Conduct and Employee Attitudes, *Journal of Business Ethics , 223-242, V54, N3*
- “Business Ethics a European Review” (London Business School i Oxford). (http://www.nijenrode.nl/centers/eibe/index.cfm)
- EBEN http://www.eben-net.org/
- CSR Europa (http://www.csreurope.org/pages/en/history.html)
- Crane Andrew and Matten Dirk,( 2004) *Business Ethics: A European Perspective*, Oxford University Press, Great Clarendon Street, Oxford OX2 6DP, published in US by Oxford University Press Inc., New York
- Boatright John R.(2007) *Ethics and the Conduct of Business,* PEARSON, Prentice Hall, Fifth edition.
- Brown Marvin T.(2005) *Corporate Integrity Rethinking Organizational Ethics and Leadership,* Cambridge University Press.
- Schein Edgar, (1991) *Organizational Culture and Leadership,* San Francisco: Jossey-Bass Pub.
- De Georgio Richard (1990) *Business Ethics* , New York: Macmillan.
- Chryssides George and Kaler John (1996) *Essentials of Business Ethics,* McGraw-Hill Book Co. London.

Менаџмент
Management

UDK/UDC 005.966
Научен текст / Scientific Paper

*Марија Топузовска*

# МЕНАЏМЕНТ НА КАРИЕРАТА И ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ КАКО ПРЕДУСЛОВИ ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

АПСТРАКТ

Глобалното опкружување, демографските промени, новите културни парадигми, незапирливиот прогрес на технологијата, дистрибуцијата на информацијата, промената во работните профили, напредокот во науката, секојдневното обновување на сознанијата - резултираат со интензивна динамика на дејствување и нужност од иновативен пристап за прилагодување и опстојување во современиот свет. Променливата природа на опкружувањето наметнува потреба од константно усовршување и обновување на знаењето и вештините. За одредена организација тоа, пред се, означува максимално искористување на човечките ресурси и зголемена ефикасност, како и обез-

*Marija Topuzovska*

# CAREER AND LIFE-LONG LEARNING MANAGEMENT AS PRECONDITIONS FOR CAREER DEVELOPMENT

ABSTRACT

The global environment, the demographic changes, the new cultural paradigms, the inexorable progress of technology, the information distribution, the modification of the job profiles, the advance of science and the restoration of knowledge result in intensive dynamics of acting and necessity of an innovative approach to adjustment and existence in the contemporary world. The changing nature of the environment imposes the need of constant excellence and updating of knowledge and skills. For a particular organization, this primarily means maximization of the human resources and increased efficiency as well as provision of competitive advantage, whereas for the employees

бедување на конкуретна предност, а за вработените, ефективност во работата, како и намалување на нивото на отпор кон промените. Оттаму, целта на текстот е да го приближи концептот на доживотното учење, кој претставува примарна цел на Лисабонската стратегија (European council, 2000), поблиску до аспектите на кариерниот развој, односно, ја детерминира и опишува улогата на доживотното учење во однос на менаџментот на кариерата и планирањето на кариерата.

***Клучни зборови:*** доживотно учење, кариерен развој, менаџмент на кариерата, планирање на кариерата.

it means work efficiency, as well as lowering the level of resistance to changes. Therefore, the objective of the text is to approach the concept of lifelong learning, which is actually the primary aim of the Lisbon Strategy (European Council 2000), to the aspects of career development, i.e. it determines and describes the role of the lifelong learning regarding career management and career planning.

**Key words:** lifelong learning, career development, career management, career planning.

## ВОВЕД

Современиот свет се соочува со радикални и динамични промени во сите сфери на дејствување. Како позначајни и најзабележливи карактеристики на променливото опкружување би се издвоиле:

- демографските промени, кои што се карактеризираат со намалена стапка на наталитет и морталитет, што особено се одразува во старосната структура на населението, поконкретно, резултира со стареење на населението;
- новите културни парадигми. Се забележуваат зачестени и масовни миграции на регионално и меѓународно ниво, со што настанува мешање на различните култури, при што едни се наметнуваат како водечки и супериорни, а останатите како подредени. Интеракцијата на културите го иницира процесот за развој на културниот идентитет, па оттаму некои луѓе се идентификуваат со новата култура и го отфрлааат сопственото потекло, а други, пак, уште посилно се врзуваат за сопственото потекло и култура, и негативно реагираат на останатите култури. Овие различни типови на развој на културен идентитет, влијаат врз однесувањето на индивидуите поврзано со кариерата (Leong & Serafica, 2001);

- континуираниот прогрес на технологијата и масовната употреба на електронските средства,
- засилената дистрибуција на информацијата,
- промената во работните профили и работните задачи,
- и глобализацијата како светски императив и мултидимензионален процес кој во себе ги обединува економијата, политиката, технологија и културата, а пред се, се одразува врз конкурентноста.

Овие промени водат кон губење на традиционалните економски модели и социјални релации. Стабилноста и предвидливоста се намалени, и до одреден степен сосема исчезнуваат. Соочувајќи се со овие промени, многумина веќ е забележуваат дека знаењето и вештините кои што ги поседувале низ целиот досегашен живот не се повеќе соодветни за справување со новонастанатите ситуации. Тоа особено важи за возрасните кај кои, пред се, треба да се развие свеста за потребата од промени, додека вообичаено, младите луѓе се повеќе отворени кон идејата за промени и побрзо се прилагодуваат кон новите предизвици (УНЕСКО, 2002). Подготвувањето за пресретнување на промените, е можно единствено преку доживотното учење. Доживотно учење зазема значајно место не само во едукативниот систем, туку во сите сфери воопшто. Учењето на работното место и при различните облици на работа исто така треба да се вреднува и признава како дел од процесот на доживотното учење. Неопходно е секоја индивидуа, не само да ја разбере потребата од доживотното учење, туку и да има слободен пристап кон него. Оттаму, преку доживотното учење ќе се овозможи постојано усовршување, доквалификација и прекфалификација, при што ќе се совладаат начините за користење на новите технолошки помагала, ќе се надминат бариерите за успешно извршување на новите работни задачи, ќе се зголемат можностите за вработување или промена на работното место и унапредување, работната сила подеднакво ќе ја сочинуваат сите старосни групи, и секако, поседувањето на потребната компетентност ќе го намали отпорот кон промените.

Локалните, националните и меѓународните надлежности се должни да ги мотивираат граѓаните да партиципираат во процесот на доживотното учење и да ги овозможат условите потребни за негова реализација и практика (УНЕСКО, 2002). Потребно е да и се посвети посебно внимание на онаа популација којашто е најризична, односно маргинализирана. Всушност, на оние чие искуство и базично образование не им се доволни, треба да им се укаже помош со цел да се вклучат во процесот на доживотно учење. Illeris (2003) констатира, дека во последните години мнозинството на партиципиенти во образованието на возрасни не го сочинуваат квалификувани и образовани лица кои сакаат да ги усовршат своите знаења, туку неквалификувани и невработени лица кои се приморани да се прилагодат - професионално, персонално и социјално - кон условите на новокреираниот пазар на трудот, што бара нов идентитет и начин на живот, со цел да се избегне социо-економската маргинализираност.

# КАРИЕРА И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

Кариерата е значаен сегмент од човековиот живот. За секоја индивидуа одделно, претставува еден засебен микрокосмос на каузално поврзани дејствија. Поимот кариера означува индивидуален след на ставови и однесувања поврзани со работата, низ работниот век, кои се пренесуваат и врз другите животни активности (Марушиќ, 1994). Поимот кариера исто така се утврдува и кога треба да се означи нагорно движење или напредување во работните улоги, под што се подразбира развивање и напредување во кариерата. Традиционално, поимот кариера може да се однесува само на оние вработени кои се наоѓаат на менаџерски позиции, но за кариерата најчесто се размислува како на придружен елемент за секој поединец во врска со неговата работна улога.

Преку работата се реализираат и задоволуваат речиси сите човечки потреби: егзистеницијалните потреби, потребата за социјална припадност, потребата за сигурност, потребата за развој и потребата за самоактуелизација. Поради тоа, примарна цел на кариерниот развој е поврзувањето на потребите, знаењата и вештините на вработените со постоечките и со претстојните потреби на организацијата.

Кариерниот развој е динамичен процес, којшто претставува резултат на два непосредно поврзани односи:

- *йланирање на кариерата;*
- *менаџменѿ на кариераѿа.*

Планирањето на кариерата претставува индивидуален процес во кој поединецот станува свесен за самиот себеси, за своите знаења, способности, вештини, ограничувања, аспирации, ги идентификува целите во својата кариера и го програмира и насочува сопственото надоградување и развој, со намера да ги оствари поставените цели; додека менаџментот на кариерата претставува процес низ кој организацијата врши селекција, процена, назначување и развој на вработените за избор на квалификувани луѓе кои што ќе ги остварат организациските цели. Менаџментот на кариерата има три главни цели (Armstrong, 2005):

1. да ги задоволи организациските потреби во однос на менаџментот;
2. да им обезбеди на вработените обука и искуство што ќе им биде потребно за успешно извршување на работните задачи и способност успешно да одговорат на функцијата којашто треба да ја остварат;
3. да ги охрабрува и поттикнува вработените да го искористат сопствениот потенцијал, со цел да им се овозможи кариерен развој во организацијата, во согласност со индивидуалните аспирации и можности.

Кариерниот развој на вработените е подеднакво значаен како за индивидуата, така и за организацијата. Кариерниот развој му овозможува на поединецот да ги реализира сопствените цели, што во позитивна смисла најчесто претставува исполнување и на организациските цели. Овозможувајќи го кари-

ерниот развој, организацијата постигнува самоисполнетост и задоволство од работата кај вработените, личен развој и квалитет на работниот живот. Додека, пак, за организацијата тоа значи зголемување на продуктивноста и креативноста, како и вработени коишто се посветени, компетентни за извршување на работните задачи и подготвени за понатамошни организациски промени (Dessler, 1984).

Менаџментот на кариерата, всушност, се состои од низа постапки кои им овозможуваат на вработените подобро да ги разберат и усовршат своите вештини и интереси во поглед на кариерата и успешно да ги искористат, не само во рамките на организацијата во која што работат, туку и вон неа. Менаџментот на кариерата не влијае единствено врз планирањето на кариерата, не подразбира единствено учество на семинари и обуки, туку и директно влијае врз индивидуалниот процес на кариерен развој и преземањето на индивидуални активности во таа насока и со таа цел, со тоа што укажува на перспективите коишто им се отворени на вработените, секако, во согласност со индивидуалниот потенцијал.

Планирањето на кариерата е значајно за вработените, бидејќи секоја индивидуа треба да биде свесна за нивото на компетентност коешто мора да го достигне за да може да постигне прогрес во кариерниот развој. Секој треба да знае на што точно треба да посвети внимание и да вложи труд, ако сака да напредува во организацијата. Тоа ќе му овозможи на секому поединечно да го планира сопствениот равој, покрај поддршката и помошта од менаџерите, специјалистите за човечки ресурси, консултантите или менторите. Улогата која што ја има вработениот во планирањето на кариерата, никако не би смеела да се запостави. Планирањето на кариерата претставува усогласување на индивидуалните предности и слабости, наспроти можностите и заканите. Секој вработен треба самостојно да донесува одлуки, и да презема одредени активности коишто се однесуваат на кариерниот развој.

Процесот на менаџмент на кариерата е секогаш базиран врз организациските потреби. Но, на сметка на организациските потреби, не треба да се запоставаат индивидуалните потреби на вработените (Armstrong, 2005):

- на сите членови на една организација им е потребно признание дека се засебни личности со посебни потреби, желби и способности;
- вработените се повеќе мотивирани во организација која одговара на нивните аспирации и потреби;
- вработените можат да се развиваат, менуваат и да се пренасочуваат, доколку им се укажува за можностите, доколку се охрабруваат и советуват.

Доколку организацијата посветува внимание на потребите на вработените и непречено го овозможува нивниот кариерен развој, што значи им овозожува да ги подобрат нивните вештини и да се здобијат со понатамошно образование за и понатаму да бидат успешни во работата, значи дека манифестира корпоративна општествена одговорност, што подразбира настојување

на една организација да функционира во социјално и економски одржливо опкружување, земајќи ги во предвид интересите на внатрешните и надворешните заинтересирани страни. Потребата на организациите да останат конкурентни е најубедлив мотив што би им помогнал на вработените да управуваат со прашањата поврзани со нивната кариера.

## КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ И ПОТРЕБАТА ОД ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во однос на можностите што ги нуди организацијата, на вработените честопати како нужност им се наметнува потребата од усовршување на знаењето, вештините и способностите. Вработените кои што се стремат кон напредување во кариерниот развој, во хоризонтална, вертикална или дијагонална линија, можат да биде условени од организацијата, или пак самоиницијативно да одлучат дека е пожелно да посетуваат одредена форма на доживотното учење (*Lifelong learning),* кое се понагласено се афирмира како долгорочна стратегија за развој на човечките ресурси, зајакнување на капацитетите, и пред се, стекнување на вештините, способностите и знаењата коишто се неопходни за успешно извршување на работните задачи.

Доживотното учење ја подразбира секоја активност, која е намерно превземена со цел да се подобрат знаењата, вештините и компетентноста, во индивидуален, граѓански, организациски, социјален контекст, или пак од аспект на вработувањето (Memorandum on Lifelong learning, 2000). Доживотното учење е континуиран процес на учење кој се одвива на три нивоа: формално (основно, средно и високо образование, магистерски и докторски студии), неформално (обуки, тренинзи, семинари, курсеви и сл.); и информално (учење од секојдневните активности), при што се користат најразлични методи.

Кариерниот развој и доживотното учење, во својата иманентност содржат неколку заеднички цели кон кои што се насочени и кадешто се пресретнуваат:

* **самоисполнетост** - што подразбира исполнување на личните аспирации и очекувања, со вложување на сопствен труд;

* **активно граѓанство** - препоставува дека членовите на една организација или воопшто, на едно општество, имаат одредена обврска и одговорност спрема општеството и опкружувањето. Подразбира активно учество во општествените сфери, односно партиципација во политичкиот живот, волонтерските и граѓанските здруженија, локалната самоуправа итн.

* **квалитет на животот** - образованието и кариерениот развој позитивно влијаат врз економскиот и социјалниот статус, ги подобруваат животните услови, и секако, се одразуваат позитивно врз иднината на следните генерации, преку зголемување на можностите за економска и социјална благосостојба (UNESCO Education sector, 2006).

Особено е битно да се обезбеди достапен пристап до доживотното учење за сите, што претставува значаен аспект од управувањето со еднакви можности и управувањето со различностите.

## БАЗИЧНИ ВЕШТИНИ И СПОСОБНОСТИ

Според документите на Европската комисија, клучните вештини и способности, коишто треба да се поседуваат и постојано да се подобруваат, можат да се поделат според следната класификација (European commission, 2004):

- ☐ **Традиционални способности и вештини:**
  - Основна писменост (на мајчин јазик)
  - Основни математички операции
  - Општо знаење
- ☐ **Социјални (хумани) вештини:**
  - Соработка со луѓе
  - Соработка со луѓе од друга земја/култура
  - Учење како се учи
  - Иницијативност
  - Преговарање
  - Управување со луѓе
  - Организациски способноти
- ☐ **Инструментални способности:**
  - Познавање на странски јазици
  - Користење на компјутер
  - Користење на интернет
  - Користење на технологија.

## СОВЕТУВАЊЕ ЗА КАРИЕРАТА

Советување за кариерата бара посебни вештини и знаења, и, иако се претпоставува дека линиските менаџери се запознаени со техниките и умеат да ги применуваат, сепак некои организации ангажираат надворешни експерти чија специјалност се токму овие услуги. Кај вработените, индивидуално се зголемува самосвесноста, се зголемува информираноста за кариерните можности и се подобруваат способностите за донесување на одлуки (Armstong, 2005).

Не е возможно целосно да се предвиди кариерниот развој, тоа повеќе претставува индивидуален процес, под влијание на опкружувањето, но секако дека е во зависност од поседувањето на потребните вештини и знаење. Па, оттаму, тоа е и примарната улога на советувањето за кариерата, не само да се насочуваат вработените како да се здобијат со вештините неопходни за спра-

вување со промените, туку и првенствено да им се помогне да ги детерминираат вештините и знаењето кои им се неопходни, потоа да се насочат кога, каде и како да се здобијат со нив и како да ги имплементирааат во проактивен начин. Во секоја фаза од кариерниот развој, на вработените им е потребна поддршка. На некои од нив им е потребна помош за да се справат со предизвиците на одредена фаза, на другите, пак, можно е да им е потребна поддршка за да ги надминат бариерите кои што ги спречуваат успешно да завршат и затворат една фаза и да навлезат во следната.

## ХОЛИСТИЧКИ ПРИСТАП НА СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ, СО ЦЕЛ КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

Според препораките од декларацијата на УНЕСКО, и документите од Европската комисија, како што е Меморандумот за доживотно учење (European commission, 2000), инициран од целите на Лисабонската стратегија (European council, 2000), пожелно е да се применува холистичкиот модел (Van Esbroeck, 1977) за кариерно советување и насочување за доживотно учење, кој е наменет за персонално советување и насочување (за лични, здравствени, социјални аспекти), како и за едукативно советување и насочување (избор на одредена форма на доживотното учење), заради кариерен развој.

Доживотното учење е област на којашто и е потребен еден единствен систем за поддршка, и всушност тоа е главната цел на холистичкиот пристап за советување за кариерата. На личноста која што се обраќа за помош, првенствено и е потребно самопроценување, повеќе алтернативи за продолжување на образованието и укажување на моменталните потреби на пазарот на трудот. Токму тоа настојува да го обезбеди ваквиот модел. Неопходно е оние коишто ќе ги даваат услугите од ваков карактер да бидат свесни дека покрај со аспектите поврзани со кариерниот развој, ќе се соочат и со други аспекти битни за индивидуата, односно за нејзиното опкружување. Во овој модел може е да се диференцираат три нивоа на дејствување.

Првото ниво се однесува на луѓето кои што имаат непосреден контакт со личноста на која и е потребна помош, на пример предавачите, професорите и супервизорите во работната средина. Овие личности вообичаено се лесно достапни и често се поставени на доверливи позиции. Нивната интервенција би се состоела од анализа на природата на проблемот и понатамошно насочување, односно давање на соодветни информации, советување и учење. Неопходно е да поседуваат способност за справување со проблеми од личен, кариерен и едукативен аспект, како и да ја имаат во предвид целокупноста на личноста и нејзината ситуација.

Второто ниво е систем за структурирано насочување и советување, кое функционира внатре во организацијата или средината на којашто личноста која што се обраќа за помош припаѓа. Луѓето кои се заслужни за дејствување

на второто ниво, се интерни експерти кои вообичаено се вклучени во други активности во организацијата, па, поради тоа се лесно достапни до оние на кои им е потребна помош. Главните аспекти на ова ниво би биле: програми за развој, програми за превенција и дијагностика.

Третото ниво го сочинуваат високо специјализирани експерти, коишто најчесто немаат директен контакт со личноста на која и е потребна помош и поддршка, туку работат во специјализирани организации независно од опкружувањето на клиентот. Потребата од ова ниво ја определуваат одговорните од првите две нивоа, при што главната активност е решавање на конкретен и изолиран проблем. Главните задачи на ова ниво се дијагноза и интервенција.

## ЗАКЛУЧОК

Влијанието на променливото опкружување, наметнува потреба од доживотно учење со цел кариерен развој, кој што е значаен како од аспект на индивидуата и нејзиниот личен развој, така и од аспект на организацијата, па, и за општеството во целост. Менаџментот на кариерата, како и советувањето за кариерата, треба да ги насочуваат вработените кон доживотното учење во сите негови облици, и спротивно, истото да го доближат поблиску до вработените и организацијата, со што ќе го помогнат и поттикнат планирањето на кариерата, и единствено на тој начин ќе се овозможи непречен кариерен развој. Развојот на човечките ресурси има исклучително важна улога за опстанокот на организацијата, а на национално ниво, им овозможува на граѓаните достоинствен живот и активна партиципација во општествените сфери.

Библиографија:
1. Armstrong M. (2005) *A handbook of Human Resource Management Practice*. London: Kogan Page.
2. Commission Of The European Communities. (2000) *A memorandum of lifelong learning*. Brussels.
3. Dessler G. (1984) *Personal management*. Reston Publishing Company, Inc.
4. Heaney, T. (2000) *Adult education and society.* Handbook of adult and continuing education. San Francisco: Jossey- Bass.
5. Illeris, K. (2006) *Lifelong learning and the low skilled*. International journal of lifelong education, vol.25.No1, ISSN 0260-1370.
6. Marusic S. (1994) *Upravljanje i razvoj ljudskih potencijala*. Ekonomski institut Zagreb.
7. The European civil society platform on lifelong learning. (2004) *Guide in good practice in basic skills in lifelong learning*.
8. UNESCO Education sector. (2006) *Education for sustainable development toolkit*.
9. UNESCO. (2002) *Technical and Vocational Education and Training in the Twenty – First Century, New Roles and Challenges for Guidance and Counselling*.

| Менџмент<br>Management | UDK/UDC 005(497.7)<br>Научен текст / Scientific Paper |
| --- | --- |

*Д-р Благоја Брајановски*

# МЕНАЏЕРСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПОСТПРЕОДНИОТ (ПОСТТРАНЗИЦИСКИОТ) ПЕРИОД

АПСТРАКТ

Преодот од договорна кон пазарна економија (транзицискиот период) се карактеризира со преобразба (трансформација) на општествениот капитал во приватен. Во овој период, може да се каже дека, преобразбата на општествениот капитал во приватен е речиси во целост е завршена.

Оттаму, во овој труд не се анализира периодот на преобразбата на општествениот капитал во приватен, туку постпреодниот (посттранзицискиот период), односно какви се можностите за намалување на невработеноста во државата од аспект на воспоставениот систем на менаџерство во правните субјекти во државата, како и она што ја очекува македонската економија по воспо-

***Blagoja Brajanovski, Ph.D.***

# THE MANAGERISM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA IN THE POST-TRANSITIONAL PERIOD

ABSTRACT

The transition from consensus to market economy (the transitional period) is characterized by transformation of the social to private capital. It may be said that in this period the transformation of the social to private capital has almost completely finished.

Therefore, this work does not analyze the period of transformation of the social to private capital, but it rather analyzes the post-transitional period, with particular emphasis to the likelihood of reducing the unemployment in the state from the aspect of the established system of managerism in the case of the legal entities in the state and the prosperity of the Macedonian economy upon the establishment of proper conditions for its normal functioning.

ставувањето на услови за нејзиното нормално функционирање.

*Клучни зборови*: преод, преобразба, невработеност, менаџерство, пост-преобразен период.

***Key words:*** transition, transformation, unemployment, managerism, post-transformative period.

brajan@ukim.edu.mk

## ВОВЕД

За *преодниот* (постранзицискиот) период) од договорна кон пазарна економија, главно, може да се каже дека е завршена работа.

Овдека нема да се задржувам на него, бидејќи постојат поголем број анализи и осврти на тој период, кој, за жал, е оценет како промашување. Во овој труд, ќе се задржам на постпреодниот период, но тоа не подразбира дека не треба да се има предвид негативниот одраз на тој (постпреодниот) период на сегашната состојба на општеството, туку - напротив. Меѓутоа, постојаното навраќање на преодниот период од договорна кон пазарна економија, од еднопартискиот систем кон повеќепартискиот (парламентарната демократија) би било само непотребно губење на време, од едноставната причина што негативниот одраз (рефлексијата) го чувствуваме токму сега.

## НАМАЛУВАЊЕТО НА БРОЈОТ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА

Со оглед на неспоредливо големиот број на невработени лица (околу 42% во Република Македонија), на прв поглед можеме да бидеме толку обесхрабрени, што во таа обесхрабреност да не бидеме во состојба да најдеме соодветно решение за намалување на невработеноста. Меѓутоа, и покрај сето ова, не треба да се обесхрабруваме до таа мера наполно да дигнеме раце и да се откажеме од настојувањата за намалување на невработеноста во нашата држава. Убеден сум дека сите поборници за подобрување на состојбата со невработеноста во Р. Македонија ќе се согласат со потребата од изнаоѓање средства и методи за решавање на овој горлив проблем.

Целта на овој труд е да укаже на местото и на (не)моќта на менаџментот во Р. Македонија во однос на намалувањето на невработеноста во нашата држава. Тоа значи дека, за да се навлезе во суштината на овој проблем од овој аспект (менаџерството), мора да се појде од тоа, каква е моменталната состојба на менаџерството, односно, што всушност би можел да стори менаџментот во оваа насока.

Иако периодот од прогласувањето на Република Македонија за независна држава за некои може може да изгледа кус, кога станува збор за преминот од договорната кон пазарната економија, тоа не ни дава за право тој факт да ни биде оправдување за недејствувањето на економските (пазарните) законитости во сета своја полнота.

Основните одлики на постпреодниот период од договорна кон пазарна економија би можеле накусо да се сведат на следното:

Прво, факт е дека, во однос на платите на вработените сѐ уште не можеме да се одвоиме од преодниот период кој, главно, се карактеризира со тенденцијата на намалување на платата на вработените, односно утврдувањето на ниски плати, доколку имаат среќа и тие редовно да им се исплатуваат, што пак, укажува на непостоење на структурно, вистинско менаџерство и менаџерско однесување во македонската економија, така што сега менаџерството може да се препознава само според номиналните постулати.

Второ, факт е дека една од најмаркантните одлики на менаџерството во Р. Македонија во овој (постпреоден) период се одликува, номинално сосема неоправдано, со енормното зголемување на овластувањата на менаџментот, така што вработените се ставени во целосната немоќ во системот на деловното одлучување (она што, се разбира, не е во најнепосредна надлежност на менаџментот утврден со позитивните законски прописи и други регулативи утврдени во односните правни субјекти), така што тие, најчесто, се наоѓаат во состојба да се чувствуваат само како приврзок, кој секој момент може да биде прогласен за непотребен.[1]

Во Р. Македонија не постои научно, но и стручно фундиран менаџмент. Имено, сѐ уште се смета дека сопственикот на капиталот, односно на претпријатието[2] (деловниот потфат), главно, не поседува менаџерски способности; прво, како дарба, а потоа и со непоседување на нужните стручни, односно сознанија за менаџментот, а ја врши оваа мошне одговорна функција. воедно може да ја врши и менаџерската функција. Во периодот на преодот, преминот (транзицијата[3]), како еден мошне значаен проблем што се наметнува, секако,

1 За ова види повеќе: Брајановски, Б (1997), *Персоналниот менаџмент во претпријатијата во Р. Македонија*, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје и Трибина Македонска, стр. 102-104.

2 Иако, под *претпријатие,* само условно, ако излагањето не се однесува само на деловниот потфат на правниот субјект, може да се подразбере и правниот субјект запишан во трговскиот регистар.

3 Опиени од употребата на странски зборови и изрази, убедени дека, ако наместо наш збор употребуваме странски, себе си припишеме ‘повисок’ квалитет: ученост и слично. На пример, наместо да го употребуваме зборот *преод, преоден период,* што би било сосема нормално, сосема непотребно, го употребуваме туѓиот збор: *транзиција.* Па така, сме дошле во ситуација да не го знаеме вистинското значење, суштината, на зборот, односно на изразот што го употребуваме, како што е, на пример, зборот *бизнис.* Иако вистинското значење на зборот *бизнис* не означува економија, туку *работа, труд, занимање,* од она на што сме навикнале да го слушаме од електронските медиуми, наместо тоа ни се нуди зборот *бизнис, бизнис вести,* иако кај некои вообичаено е во вестите да се најавува дека следува *економија,* а подоцна во интерпретацијата на содржината на тие вести, да се употребува зборот *бизнис, бизнис вести*, што, иако има допирни точки со економијата, нема никаква врска со она

се нестабилните цени. Со оглед на фактот што во Македонија сè уште не е заокружен системот на пазарната економија (нормативно и реално, што се допира и до постоењето на сè уште непроменетата поединечна, а што е уште полошо – колективната свест и на вработените и на менаџерите), нормално е да се очекуваат нестабилни цени. Во оваа смисла, основен генератор е постоењето на недоволен број на големи правни субјекти со масовно производство, кои би биле во состојба да утврдат високи фиксни цени на своите производи. Ваквата состојба создава услови помалите правни субјекти да не можат да ја издржат наметната конкуренција од постојните големи правни субјекти, поради неможноста во производството, односно во работењето да применуваат посовремени технички средства и посовремена технологија, а да не навлегуваме и во намерата на некои трговски друштва (компании, како што сосема неоправдано вообичаено се нарекуваат трговските друштва, иако не постои ниту една правна регулатива во оваа смисла)[4] да ја зголемат сопствената конкурентска способност.

Друг проблем со масовното производство е утврдувањето на начинот на третирањето на вработените од страна на менаџментот. Имено, со востановувањето на пазарната економија, барем номинално, во голема мера, главно поради преодот од договорна кон пазарна економија, односно поради сè уште недоизградениот систем на пазарна економија, и со напуштањето на преголемата заштита на правата на вработените во услови на договорна економија, како и поради ригидната свест спрема трудот наследена од претходниот општествено-политички систем, заштитата на вработените стана камен на сопнување во востановувањето на новата организациска поставеност на претпријатијата, односно на односот меѓу вработените и менаџментот. Во оваа смисла, негативно, се разбира, придонесува сè уште недоволно заокружениот правен систем во областа на правната положба на правните субјекти (трговските друштва, на пример, и сл). Во оваа смисла, придонесува и непримереното однесување на органите на инспекцијата, судската заштита и слично, што не е својствено на земјите со развиени пазарни економии.

Поради сè уште постоењето на традиционалната концепција *за работните односи како односи во трудот*, односно организациската поставеност

што е суштина на зборот *економија.* Или, на пример, енормно честата употреба на зборот *едукација,* наместо употребата на зборот: *воспитување, образование, школување, просветување* . Или, зборот *бизнисмен,* што е во честа употреба (а кој кај нас може да се подразбере и во смисла на човек кој 'млати" пари, како што имаат обичај бизнисменот да го нарекуваат Србите), а чија суштина најразлично може да се толкува, едноставни значи – *трговец*. Или, зборот *трансформација,* наместо нашиот збор *преобразба* и слично.

4 За доказ да го земеме, на пример, Законот за трговските друштва од 1996 година и овој последниот – од 2004 година, во кој во ниту една одредба не се споменува компанија, туку трговско друштво. Во таа насока, исто така, што е сосема нормално, се и законите за трговските друштва во Република Хрватска и во Република Словенија. Именувањето на трговското друштво со *компанија,* што исто така не е во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва, туку и со сите други правни акти во Република Македонија.

на односот меѓу трудот и менаџментот, што се карактеризира, како што погоре беше подвлечено: со намалување на платата на вработените и со зголемувањето на овластувањата на менаџментот[5], зборува фактот дека ваквиот модел е тешко прифатлив од вработените и од синдикатот, зашто самиот од себе произведува недоволна заинтересираност на вработениот за поквалитетно извршување на работните задачи на работното место, односно го намалува работниот занес и потенцијалот на вработените, што негативно може да се одрази, не само на ниво на односниот правен субјект, туку *синерīички* - и на севкупната економија во државата. Друга одлика на традиционалниот модел е зголемениот степен на контрола, односно на суперконтрола од страна на менаџментот, што уште повеќе ја зголемува настанатата напнатост меѓу вработените и синдикатот, од една страна, и менаџментот, од друга страна. И наместо овој традиционален модел, во кој се наоѓа Македонија сега, кој своевремено стана сопирачка на натамошниот развој на организацијата на работата во претпријатијата: моделот на *ӣониски* трошоци, односно намалување на трошоците на работењето, зашто пониски трошоци значи и пониски плати на вработените, од една страна, и поголемата флексибилност, од друга страна, на сцена да стапеше *новиоӣ* модел - моделот на што поголемо вклучување на вработените во процесот на одлучувањето, и тоа, во однос на значајни одлуки за фирмата, флексибилност и создавање чувство на доверба и соработка меѓу трудот и менаџментот, делегирање на дел од контролата од менаџментот на вработените, востановување на систем на тимска работа и слично, традиционалниот модел и понатаму создава услови за огорчен отпор од вработените, што наведува на заклучок дека не ќе може да се реализира саканиот успех од/во претпријатието, од едноставната причина што вработените не ги краси, како што беше речено погоре, работен занес, способност и потенцијал за успешно извршување на работните задачи на работното место и чувството дека она што го работат во претпријатието го работат како да станува збор за свое (нивно) претпријатие.

Традиционалниот модел кој се одликува, како шгто беше споменато, со намалувањето на трошоците на работењето, односно на производствените трошоци, и/или со задржување на истиот број вработени во претпријатието, но, што е малку веројатно, со внесување современа техника и технологија во работењето, ја отсликува состојбата на овој период, состојбата на работните односи од аспект на односите меѓу вработените и менаџментот, но не и со на-

5 Пример за ова е постапката на International Papaer Company (kompanija), со 45.000 вработени. Односите меѓу компанијата и синдикатот биле добри се до оној момент кога во 1987 година компанијата донела одлука за намалување на платите на вработените, а зголемување на овластувањата на менаџментот, што резултирало со штрајк на 1.200 вработени во истата година. Штрајкот завршил после 16 месеци, кога 70% од штрајкувачите останале без работа. Штрајкот во 1987-1988 година ја принуди компанијата да го промени традиционалниот модел на работните односи во компанијата, односно придонесе кон јакнење на флексибилноста на компанијата и кон тимска организација на работа. (В. повеќе, “The Law Jornal”, Volume 102, Number 8, June 1993, стр. 1814).

мера за зголемување на продуктивноста на трудот. Во поголемиот број претпријатија, сосема неоправдано, се смета дека со самиот факт на намалувањето бројот на вработените ќе се зголеми профитот во претпријатијата. Настојбите во оваа смисла имаат оправдување, бидејќи според сфаќањата на сопствениците на капиталот во претпријатијата:

- со намалувањето на бројот на вработените се намалуваат трошоците на работењето, односно трошоците на производството, поради тоа што помал обем на средства се издвојува за плати на отпуштените работници; и

- со намалувањето на бројот на вработените, всушност, се зголемува профитот, а се заборава дека самиот факт на намалувањето на бројот на вработените не подразбира и зголемување на продуктивноста на трудот, иако намалувањето на бројот на вработените би требало да е претпоставка за зголемување и на продуктивноста на трудот, а воедно и зголемување на платите на вработените кои останале на работа.

Меѓутоа, намалувањето на бројот на вработените треба да е во коресподенција со внесувањето на нова техника и технологија во работењето, односно во производствениот процес, и тоа намалување да произлегува од таквата состојба, односно потреба, како и од фактот дека со тоа намалување на бројот на вработните адекватно ќе се зголеми продуктивноста и ефикасноста на работењето и, она што е најбитно, тоа ќе доведе до значително повисоки плати на вработените. Факт е дека, во оние претпријатија во кои се оди кон намалување на трошоците на работењето со намалување на бројот на вработените и со задржување на платите на вработените кои останале во претпријатието на поранешното, односно ниско ниво, заради остварување на повисок профит, всушност, ги демотивира вработените за подобро работење, така што, ако се противнички настроени спрема менаџментот, тоа самото по себе поттикнува зголемена контрола, па дури и суперконтрола од страна на менаџментот, - што е посакувана опција во услови на традиционалниот модел на односи од менаџментот[6], а што има само негативен одраз.

Во ваква ситуација, вработените претпријатието го чувствуваат како туѓо. Па така, наместо менаџментот да ги "врзе" за себе вработните, односно наместо да дојде до израз нивната лојалност, иницијативнот, иновативност за постигање на уште поголем профит, односно работни успеси во претпријатието што, на одреден начин, се успеси и на самите вработени (и тие учествуваат во зголемувањето на профитот и сл., зависно од својот индивидуален и групен

6 За остварувањето на менаџерската функција, види повеќе: Брајановски, Б, (1997). *Персоналниот менаџмент во претпријатијата во Македонија*, цит. дело, стр. 147-186; Брајановски, Б, & Миленков, Д, & Атанасовска-Стојановска, Л, (1996). *Закон за трговските друштва-коментар*, Агенција АКАДЕМИК & ЕКОНОМИСТ-Скопје; Брајановски, Б (1998). *Збирка на прописи за трговските друштва* - Закон за трговските друштва - Правилник за трговскиот регистар и за начинот на упис во трговскиот регистар - Закон за национална класификација на дејностите - Национална класификација на дејности, ПАКЕТ КОМЕРЦ, особено стр. 82-90; 146-170); Брајановски, Б, & Крцкоски, М & Дуковска, Е (1998). *Закон за стечај, со коментар и обрасци*, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, стр. 291-303.

- тимски придонес), самиот си прави лоша услуга. Поради ова доаѓа до опаѓање на продуктивноста на трудот, а тоа доведува до намалување на профитот. Менаџерот, или поточно, менаџментот не е во состојба сето тоа да го согледа од едноставната причина што не постои начин тоа споредбено да се види, да се провери; не постои контролен пункт, од што би можело да се видат подруги, односно подобри резултати, доколку вработните би биле ставени во сосема подруга положба, односно кога би биле ставени во положба на лојални и посветени членови на претпријатието, кои претпријатието би го чувствувале како свое, зашто респективно се третирани од менаџментот како рамноправни членови.

Од погореизнесеното произлегува дека намалувањето на трошоците на работењето и ниските плати на вработените заради зголемување на профитот, секогаш доведува до намалување на бројот на вработените.

За илустрација на погорекажаното доволно говори примерот во Соединтетите Американски Држави во триесеттите години на 20-тиот век. Така, во САД во овој период дошло до намалување на платите врз основа на работен час, - нешто што не се случило ни во времето на економската криза. Годишната плата, пак, во овој период, по просечно семејство, скромно била зголемена. Смислата на ова се состоела и во тоа што тоа зголемување било резултат на зголемениот број на работни часови во текот на календарската година. И покрај тоа што мажите - работници биле со поголем број часови работно ангажирани отколку жените, сепак тие учествувале со помал процент во однос на зголемувањето на потребата од работа, поради тоа што нивното учество во работната сила всушност било во опаѓање[7]. Во оваа насока, намалувањето на дел од овие заработувачки придонесува за *намалување на продуктивноста, во периодот на нафтената криза во 1973 година. Младите луѓе, кои сега влегуваат во составот на работната сила, влегуваат во многу помрачен економски проспект отколку нивните родители, односно нивните претходници, кои се носеле со 3% годишен раст на продуктивноста на крајот на 1940-тата и почетокот на 1970-тата година"[8].

---

7 Во овој период до доаѓа нагло зголемување на процентот на жените работнички вработени со полно работно време, особено во ерата на Роланд Реган, време кога жената не се вработува на одбрани, односно на "луксузни" работни места, туку напротив. Исто како и мажите, жените работнички рамноправно се вклучуваат во џунглата на конкуренцијата, не поради тоа што тие биле "способни за тоа, туку поради тоа што тие морале да го прават тоа, како би била во состојба да го држат своето семејство над површината на водата" (В. повеќе, понапред цит. дело, стр. 1993).

Во оваа смисла, американските фирми правеле обиди за помош во разрешувањето на конфликот меѓу работата и домашните проблеми, со обезбедување на еднострана детска грижа, со утврдување на флексибилно работно време и сл. (Поширoко, види: Sheila B. Kamerman & Alfred J. Kahn, The Responsive Workplace, str. 187-216 (child care).

8 В. повеќе, The Yale Journal, cit. delo, str. 1910. "Бавниот раст на продуктивноста на трудот не би можел да се објасни со апсолутното опаѓање на просечната заработувачка. Овој несреќан тренд би можел да се објасни со големиот расчекор во однос на нееднаквоста во однос на брзото зголемување на богатството и на доходот во 1970-тите

Менаџерот, менаџерите, односно менаџментот може најнепосредно да придонесе во настојувањата за намалување на невработеноста доколку постои поделеност на сопственичката функција од менаџерската, односно управувачката функција; кога сопственикот на капиталот ќе оцени дека друг подобро ќ е го води претпријатието (деловниот потфат), а што ќе резултира со остварување на поголем профит, односно добивка.

Ваквата состојба ќе резултира со потрага по способни менаџери, односно управувачи, а тоа, пак, менаџерите, за да можат да се реализираат како способен кадар, ќе ги натера во потрага по други, способни кадри (било тоа да се кадри со посебни овластувања и одговорности или "обични" вработници). Но, за да дојде до ова потребно е постоење на реални претпоставки, за што на друго место стана збор во овој труд.

## ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА: ДЕЛ ОД ОЧЕКУВАНИТЕ НАСТАНИ ПО ЦЕЛОСНАТА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ КАПИТАЛ

(*Каков ќе биде односот на приватните сопственици на капиталот спрема информативните медиуми и спрема криминалот воопшто)*.

Во електронските и во печатените медиуми сѐ повеќе (до бескрај!) се вртат (се во предност) политичките теми (темите поврзани со политичките партии, парламентаризмот), небаре животот да се состои само од тоа. Во ваквата состојба, граѓанинот - читател е доведен до преголема заситеност, до денгубење, до непотребно изложување на сопствените нерви на тензии. Набаре се живее само од нив, а не од работата, економијата. А каде е економијата, каде е правото (правната држава и ефикасното судство) и сѐ друго во врска со тоа? Каде е она што живот значи? Проблемите на економијата ги среќаваме само како попатни патници: од време – на време, и тоа, сосема бегло, површно, недоволно. И нашите колумничари сосема ретко ќе занимаваат со економски проблеми, или ќе сретнете понешто во контекстот на нешто другото, н ешто како фусноти.

Ако главната "занимација" на информативните медиуми во државата се состои во тоа, иако не може целосно целата вина да се фрли врз нив (тоа го "голта" читателот), тогаш што е она што ќе ни се случи и мора во иднина да ни се случи. Уверен сум, но тоа е и објективен придружник на една ваква состојба со медиумите, дека полека но сигурно доаѓа времето кога граѓанинот - читател сѐ повеќе ќе се оддалечува од оваа "занимација."

---

години. Значаен придонес за ова зголемување е постоењето на големиот јаз меѓу заработувачката на горните, на средните или на вработените на пониски работни места. Така, на пример, оние кои работат како лекари, правници, инженери, инвестициони банкари, научноистражувачки работници и менаџерски консултанти, поминале доста добро во целата 1980 година, додека вработените кои вршат рутински работи (традиционално - на производствена лента, современите внесувачи на податоци во компјутери, или оние кои вршат" неперсонални услуги", како, на пример, чување на деца и сл.), поминале доста лошо (бедно). " (В. погоре, цит. дело, стр. 1910).

*Прво,* поради тоа што читателот еве повеќе од десетина години се среќава, покрај другото, со настани (загубарите, криминалот гарниран со организираниот; корупцијата и слично), од кои секому му запира здивот, но по нивното објавување (обелоденување), така да се каже, сè останува по старо, иако, во последно време, мора да се признае – има одредено поместување во оваа смисла. Тоа укажува на фактот дека, сè е исто: дали си дошол до тие спознанија или не си дошол, - сè останува како што си било порано. Ако состојбата е ваква, тогаш читателот само безпотребно си го губел времето.

*Второ,* поради ваквата состојба на работите, денешниот граѓанин - читател само од себе ќе биде принуден да стане не-читател, поради тоа што констатирал дека, и покрај постоењето и обелоденувањето на тие настани, за кои надлежните институции на системот би морале соодветно да интервенираат, а тие останале настрана, на граѓанинот не му останува ништо друго освен – разочарувањето. И уште полошо: не е само тоа што не станува збор само за отстранувањето на општествено штетните појави и манифестации, туку создадена е несигурност на самите граѓани.

Во врска со ова, во догледно време нормално ќе биде кога сè помалку ќе се гледаат седниците на парламентот, што е веќе и сега евидетно, сè дотогаш кога никого нема да го интересира сето она што се случува во парламентот. Во догледно време нема да биде ни изненадување ако, како во развиениот свет, не само што граѓаните (најголемиот број од нив) нема да се интересираат за политиката и политичките настани, туку нема да биде зачудувачко кога поголемиот број од нив не ќе го знаат ни името на премиерот, а камо ли на министрите - а и зошто би им било потребно да ги знаат. Тоа ќе биде период кога со политика ќе се занимаваат луѓе кои немаат друга работа или кои не би биле способни за бизнис, работа за која секогаш ќе бидат пониско платени од менаџерите ангажирани во бизнисот, што сега, за жал, е сосема спротивното, зашто сега занимавањето со политика стана најпосакувана и најисплатлива работа.

Инаку, големата опседнатост на граѓаните со политичките настани, а тука влегува и работата на парламентот, е резултат пред сè на наследството од поранешниот еднопартиски систем, кога граѓанинот најзначајните одлуки ги очекуваше од политичките институции на системот а не од економијата. Со завршувањето на приватизацијата на општествениот капитал, односно кога правните субјекти со поранешен општествен но и со државен капитал, конечно ќе станат приватни (приватен капитал, без "остаток"), сопствениците на овие претпријатија, како и на новооснованите, сакале или не, што е непишано правило на економиите во развиените земји, ќе мораат да се свртат кон сопственото работење (бизнисот). Зашто, за да се води успешно работење ќе треба целосно посветување на тоа, како од сопствениците на приватниот капитал, исто така и од менаџерите, менаџерските тимови во нив кои, како што е познато, не секогаш мора да бидат и сопственици на капиталот. На ваков начин на постапување на приватните сопственици на капиталот, по целосното завр-

шување на приватизацијата, нормално е очекувањето да дојде, до невидени размери, намалувањето на криминалот. Зашто, приватниот капитал самиот ќе изнајде механизми за заштита на истиот во согласност со условите за вршење на дејноста на приватното претпријатие. Меѓутоа, и во периодот на целосно завршената приватизација, иако во намалени размери во споредба со сегашната состојба, ќе има место и за организираниот криминал. Но тој сепак ќе продолжи да дејствува само меѓу правните субјекти, или на група правни субјекти спрема друг правен субјект, или спрема друга група правни субјекти. А сосема нормално би било и очекувањето за најнискиот процент на учеството на организираниот криминал во општиот криминал, во споредба со сегашната состојба и, дека незначителен би бил процентот на учеството на лица од институциите на системот, а занемарлив би бил процентот на учеството на институции на системот како такви (институционалниот криминал).

*Четврто,* ваквите очекувани промени (настани), ќе бидат резултат, не толку на нашите сопствени глобални определби во услови на прв пат соочување со парламентарната демократија, повеќепартискиот систем и пазарната економија, туку пред сè на *објективните околности (причини),* на околностите од географска природа (европска земја; земја во центарот на Балканот; апсолвираните интереси на големите сили и на ЕУ; природниот стек на околностите и слично).

За ваквата состојба, во голема мера придонесе и нашата долгогодишна нерационална опседнатост со меѓуетничките тензии, со што економијата ја доведовме (но и со несебична “помош“ однадвор) до вистинска пропаст и, наместо да произведуваме производи за задоволување на нашите потреби, но и за извоз, создаваме само политички производи кои никој жив не би можел да ги проголта. Со ваквата (не)политика се доведовме во положба повеќе да се грижиме како да ги извршуваме работите што се од туѓ, а помалку од наш национален интерес.

Литература:


1. Брајановски, Б (1997), *Персоналниот менаџмент во претпријатијата во Македонија*, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје и Трибина Македонска, стр. 102-104.
2. Zakon o trgova~kim dru{tvima s komentarom, II izmenjena i dopunjena naklada (1996), Zagreb.
3. Николовски А. и Плавшиќ С (2005), *Трговско право*.
4. "The Law Jornal", Volume 102, Number 8, June 1993, str. 1814).
5. Брајановски, Б & Миленков, Д & Атанасовска-Стојановска, Л (1996). *Закон за трговските друштва-коментар,* Агенција АКАДЕМИК & ЕКОНОМИСТ-Скопје.
6. Брајановски, Б (1998), *Збирка на прописи за трговските друштва - Закон за трговските друштва - Правилник за трговскиот регистар и за начинот на упис во трговскиот регистар - Закон за национална класификација на дејностите - Национална класификација на дејности*, ПАКЕТ КОМЕРЦ, особено стр. 82-90; 146-170).
7. Брајановски, Б, / Крцкоски, М / Дуковска, Е (1998), *Закон за стечај со коментар и обрасци*, Агенција АКАДЕМИК, Скопје, стр. 291-303.
8. Sheila B. Kamerman & Alfred J. Kahn, The Responsive Workplace, str. 187-216 (child care).

Менаџмент, Професионална селекција
Management, Professional Selection

UDK/UDC 35.08.001
Стручен текст / Scientific Paper

*М-р Дејан Витански*

# СЕЛЕКЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

РЕЗИМЕ

Постапката за селекција е од круцијално значење за функционирањето на системот на државната служба.
Во овој труд се анализираат двата система за регрутација на државните службеници - spoils систем ( систем на политички заслуги ) и merit систем (систем на професионални способности), со акцент на актуелното законско решение во нашата држава и на заложбите за негово осовременување и надминување во правец на прифаќање на нов систем-системот на меритократија.
Меритократскиот систем претставува темел за создавање на стручна и професионална администрација, која е насушна потреба на граѓаните и на правните субјекти за ефикасно остварување на нивните права, правни интереси и обврски.

*Dejan Vitanski, MA*

# SELECTION OF CIVIL SERVANTS

ABSTRACT

The procedure of selection is of crucial importance regarding the functioning of the civil service system.
This work analyzes the two systems of recruitment of the civil servants – a spoils system (a system of political merits) and a merit system (a system of professional abilities), with particular emphasis to the current legal decision in our state and the efforts made in terms of modernization and surpassing concerning the acceptance of a new system – the system of meritocracy.
The meritocratic system represents a foundation for creating an expert and professional administration, which represents an essential requirement of both the citizens and the legal entities in terms of efficient fulfillment of their rights, legal interests as well as duties and obligations.

**Клучни зборови:** селекција, паритет, професионална компетенција спoилс, меритократија

**Key words:** selection, parity, professional competence, spoils, meritocracy

## 1. ПРИНЦИПИ НА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБИ

Кога се поставува некој за службеник, треба да се внимава човекот да биде соодветен за местото и да ги поседува потребните способности. Не може секоја должност да му се довери на секој човек. Работата треба да му се додели на оној кој знае да ја работи, бидејќи на тој начин може да се избегнат непријатностите.Така напишал, околу 1082 год. персискиот великодостојник Kai Kaus ibn Iskandar ( Пусиќ, Е, 1993, Наука о управи, Школьска књига, Загреб, стр. 193 ).

Изборот на луѓе, нивното распоредување на соодветни работни места и одредувањето на нивните должности и овластувања во процесот на работата, претставува водење на кадровска политика, чија суштина е сумирана во геслото „вистинскиот човек на вистинско место" ( Димитриевиќ, П, 1959, Организација и методи рада јавне управе, Београд,стр.83-84).

Регрутацијата значи придобивање, привлекување на потенцијални кандидати за вработување во административниот апарат. Со оглед на фактот што човечките ресурси претставуваат моторна сила на развојот и функционирањето на административниот систем, основната задача на регрутациската политика треба да биде мобилизирање на високостручни кадри, преку нудење на следните бенефиции: солидна заработувачка, можност за градење на престижна кариера и добри услови за работа.

Селекцијата, пак, е одбирање од пријавените на оној кандидат, што согласно со сопствените лични перфоманси ги исполнува пропишаните критериуми за пополнување на соодветното работно место.

Евалуацијата на една личност не треба да се врши врз основа на некој нејзин вроден или личен квалитет, како што се национална припадност, вероисповед, возраст, пол или статус, туку врз основа на професионалните достигнувања на таа личност.Во тој контекст, во повеќе држави законски се имплементирани и практично операционализирани принципите за забрана на верската, расната, половата и дискриминацијата како резултат на политички убедувања.

### 1.1. Принцип на еднаквост при вработувањето во јавната управа

На сите граѓани подеднакво, врз основа на законски пропишани услови им се достапни сите јавни служби, што значи и сите службенички места. Со тоа се изразува темелното уставно начело за еднаквост и рамноправност на граѓаните пред законот. Двете наведени уставни правила поврзани значат: 1. на ниеден граѓанин не може a priori да му се ограничи некое службеничко место поради извесни вонправни моменти, како на пр. народност, раса или вероисповест; и 2. стекнувањето на тие служби не може да биде врз основа на некакви привилегии според раѓање, имотна состојба и сл.- исклучено е наследувањето на службите. Начелото на еднаква достапност не значи дека личните квалификации не би имале значење при регрутирањето во јавните служби, и дека при тоа би морале да бидат рамноправни и изедначени лицата кои имаат и тие кои немаат такви квалификации. Од друга страна, начелото на еднаква достапност на службите се деградира, доколку испразнетите места се пополнуваат тајно, така што тоа може да го дознаат само привилегираните кандидати. Затоа, службеничките места треба да се пополнуваат врз основа на конкурс, со што во извесна мера ќе се оживотвори начелото на еднаква достапност, а и ќе му се овозможи на органот кој ги поставува службениците широка селекција т.е помеѓу повеќе кандидати да го избере најдобриот.

### 1.2. Принцип на паритет

Овој принцип значи вработување во јавната управа на разни општествени групи пропорционално на нивниот број во вкупната популација, односно етаблирање на т.н национални клучеви, пред се, во земјите со хетерогена национална структура. Притоа, во зависност од земјата, може да се работи за групи од национална, верска, расна , регионална, социјална или друга основа. Принципот на паритет претставува отстапување од « мерит « системот и од заложбите за граѓанска еднаквост и рамноправност, односно достапноста на секој граѓанин до било која управна позиција, врз основа на личната способност и професионална компетентност, а без оглед на неговата национална, верска, расна, или политичка припадност ( Лабовиќ, М, 1999, Деполитизација или департизација на државната управа во РМ, „Де Гама”- Скопје, стр. 45 ).

Принципот на паритет на голема врата се промовира и во Република Македонија. Така, при изборот на државните службеници, покрај почитувањето на критериумите на стручност и компетентност, мора да се води сметка и за примената на начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Ова начело, како критериум за селекција на државните службеници што се надоврзува на критериумите на стручност и компетентност, со Рамковниот договор и амандманите на Уставот од ноември 2001 година е промовирано како една од темелните вредности на уставниот поредок на РМ ( Амандман 6 на Уставот на РМ, Службен весник на РМ, бр.

91/ 2001). Начелото е операционализирано во Законот за државни службеници не само од аспект на селекцијата на кандидатите за државна служба, туку и во одредбите што се однесуваат на составот на комисијата за спроведување на постапката за вработување на државен службеник, објавувањето на огласите за вработување и разработката на годишни планови за подобрување на соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците од страна на органите опфатени со Законот.

Ова начело треба да се разработи и имплементира на начин што ќе спречи дискриминација на граѓаните по етничка линија, односно да оневозможи фаворизирање на вработување на припадниците на албанската заедница за сметка на граѓаните од другите етникуми, што е спротивно на двата основни универзални уставни принципи: еднаков пристап до работните места во државниот сектор и селекција врз основа на способностите. Никој не негува илузии дека државната администрација треба да биде етнички монолитна. Напротив, во духот на новото општествено- политичко и демократско уредување, како и во останатите сфери од општественото живеење, така и во рамки на управата треба да се отсликува хетерогената национална структура, но единствено и исклучиво само врз база на конзистентно пропишани и етаблирани критериуми, како што се образовни квалификации, лични способности, професионални компетенциии и сл., а не само врз база на тоа што имаат одредено етничко потекло или пак се членови и активисти на владејачката партија од албанскиот политички кампус.

### 1.3. Принцип на политичка селекција

Во зависност од тоа кои критериуми доминираат при вработувањето на државните службеници, системите се делат на споилс систем ( систем на плен или грабеж ) и мерит систем (систем на способности и заслуги ). Овие системи доаѓаат до израз не само при регрутацијата на службениците, туку и при нивното унапредување во службата.

Споилс системот претставува најпознат систем на политичка патронажа и фаворитизам, кој во САД владеел од 1829 до 1883г. Овде за прв пат е забележан обид да се создаде идеолошка база за систем на патронажа, и тој да се прокламира како единствено можен во демократско- политичкото уредување.

Поимот споилс означува дека на победничката партија на изборите и припаѓа пленот на управни позиции, кои потоа им ги доделува на своите членови и приврзаници.

Еден од протагонистите на овој систем, американскиот претседател Andrew Jackson ( Ендру Џексон ), ротирањето во јавната служба настојувал да го прикаже како базичен демократски принцип, кој ќе го спречи појавувањето на антидемократска професионална бирократија. Тој поаѓа од стојалиште, слично како она на Ленин 100 год. подоцна :

«Управната служба се смета за вид на сопственост, а владата како средство за унапредување на индивидуалните интереси, а не како инструмент создаден во служба на народот. Корупцијата не и дозволува на владата да ги оствари зацртаните цели, при што таа се претвора во машина за поддршка на желбите на малкумина, а на штета на мнозинството. Должностите на јавните службеници се, или може да се направат така едноставни, што интелегентни луѓе и без поголеми квалификации ќе можат успешно да ги извршуваат ; и јас не можам, а да не верувам дека повеќе се губи од долгиот престој на луѓето во службата, отколку што се добива со нивното искуство.

Во една земја каде што јавните служби се создадени исклучиво во корист на народот, ниеден поединец нема поголемо право од кој и да е друг на официјална позиција. Овие служби не се воведени за да овозможат издржување на одредени лица на јавен трошок» (Simon, Smithburg, Thompson, 1950 , Public Administration, Knopf, стр. 321- 323, исто и Гелевски, С, Гризо, Н, Давитковски, Б, 1997, Управно право, Студентски збор, Скопје, стр. 178 ). Поради тоа, Џексон предлага траењето на службата да се ограничи на време од четири години, колку времетраењето на мандатот на Конгресот и на претседателот. Во случај на победа на другата партија, службеникот се отпушта, а на негово место се прима приврзаник на победничката партија. Џексон стои на ставот дека со таквите отпуштања не се прави никаква индивидуална неправда зашто, како што вели, ниту примањето во службата, ниту отпуштањето од неа не претставуваат предмет на права. Според него, « одредено лице станало службеник за јавно добро и не може тоа да се жртвува за неговите приватни интереси». Ваквиот систем « би ја уништил идејата за сопственост, која денес е толку многу поврзана со службеното место, и иако понекогаш би можеле да настанат непријатности за поединци, доведувајќи до ротација која претставува водечко начело на републиканското верување би вдахнал здрава активност во целиот службенички систем «(White, L.D. 1955, Introduction to the study of Public Administration, Macmilan стр. 309 ) .

Сепак, резултатите не ги исполниле Џексоновите очекувања. Аматерската управа во САД од тој период, не само што не создала услови за масовно учество на граѓаните во вршењето на управните функции, туку се претворила во корумпиран и некомпетентен приврзок на доминантните политички гарнитури, во Ахилова петица на американскиот политички систем ( Гризо, Н, Давитковски, Б, 1994, Наука за управата, Просвета - Куманово, стр. 14 ).

Ваквиот систем, генерално, има два значајни негативни ефекти. Прво, на јавни функции се поставуваат луѓе кои не се компетентни, или не се најкомпетентни. Овие лица се избираат по партиски клуч, без почитување на стандардно пропишаните критериуми, како што се професионалност и стручност. Второ, споилс системот ја ослабнува формалната организација која е заснована врз закон и ја зајакнува моќта (неформална ) на политичките машинерии, со што овозможува управата да ја контролираат политичките моќници,

надвор од стандардно предвидените облици на парламентарна контрола над управата, во земјите со парламентарна демократија.

### 1.4. Принцип на професионална компетенција

Потребата од стручен и професионален кадар во управата придонела за прифаќањето на системот на вредности (меритократијата), како најдемократски начин на избор на државните службеници.

Мерит системот значи регрутирање на управните службеници според нивните заслуги и способности, независно од нивната политичка ориентација.

Ваквиот систем е дизајниран за да ги обезбеди следниве квалитети на јавниот сервис:

- професионалност и компетентност, кои ќе се обезбедат доколку по пат на јавни конкурси и тестирања управните позиции ги заземат најспособните, најинтелигентните и најобучените кандидати;
- неутралност, што значи управниот службеник правилно и ефикасно да ја спроведува зацртаната политика од органите на власта, без да навлегува во вредносно оценување на нејзината исправност и фундираност;
- еднакви можности на секој кандидат кој што конкурира за управна служба, односно вработувањата да се достапни за сите квалификувани граѓани(Simon, Smithburg, Thompson, 1973 , Public Administration, Knopf, стр. 315).

Тенденција во светски рамки е отстранување на споилс системот и воведување на се појаки формално- правни гаранции за примена на мерит системот. Во тој контекст, и сите поранешни социјалистички земји од Источна и Централна Европа, без исклучок, настојуваат да го обезбедат функционирањето на мерит системот во нивните државни служби. Меѓутоа, процесот на регрутирање управни службеници според нивните способности во овие земји се одвива отежнато и забавено, ако се има предвид фактот на постоење политички монизам, односно, тоа што претходниот режим се засноваше на еднопартискиот принцип. Членувањето во владејачката и истовремено единствена партија значеше приоритет при вработувањето во органите на управата и воопшто во сите државни органи и институции. Исто така, услов за кариера и напредок не беше стручната компетентност и креативност- туку припадноста на партијата, верноста и лојалноста на нејзината идеологија. На тој начин, управата беше целосно партиски обоена и структуирана, при што претставуваше силен лост во државно-партискиот механизам ( Гелевски, С, 1996, Статусот на службениците во управата и нивната деполитизација, Зборник во чест на Александар Христов, Правен факултет, Скопје, стр. 40 ). Покрај ова, културата, традицијата, обичаите и менталитетот, како национални карактеристики, имаат големо влијание врз практичното имплементирање на мерит системот.

Чистиот теоретски модел на мерит системот е тешко да се пронајде било каде во светот. Во многу земји е присутна тенденцијата за политизација

на највисоките звања во државната служба, така што може да се каже дека меритократскиот систем во практиката функционира комбинирано со спо-илс системот во највисоките сегменти ( Давитковски, Б, Павловска-Данева, А, 2001, Зборник трудови во чест на проф. Д-р Стефан Габер, Правен факултет, Скопје, стр. 204 ).

## 2. ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласно со Законот за државни службеници, секое лице кое претендира да се вработи во државна служба треба да ги исполнува следниве шест општи услови :

- да е државјанин на Република Македонија ;
- да е полнолетен ;
- да има соодветен степен на образование;
- да го има потребното работно искуство во струката, освен за звањата помлад соработник и помлад референт ;
- да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност и
- да има општа здравствена способност ( Закон за државни службеници, «Службен весник на РМ « бр. 10-4109/2).

Покрај општите услови, кои се облигаторни за сите лица кои се вработуваат во државните служби, органите во своите акти за систематизација на работните места може да утврдат и посебни услови, кои обично се сврзани со специфичните потреби за извршување на одредени работни задачи. Најчесто како посебни услови се пропишуваат барањата за поседување на одредена професионална спрема_(средно или високо образование од конкретна област, специфична специјализација, познавање на странски јазик, компјутерски вештини итн).

Како основен начин за засновање на службенички однос е предвиден јавниот оглас и полагањето стручен испит за проверка на знаењата на кандидатите, како гаранција дека во администрацијата ќе се примаат стручни и компетентни кадри.

Отстапување од ова правило постои кај генералните секретари, државните секретари, секретарот на градот Скопје, секретарите на општините со седиште во град и секретарите на општините со седиште во село, кои се избираат без јавен оглас.

Барањето за потребата од нови вработувања органите и го доставуваат на Агенцијата за државни службеници, по што таа објавува јавен оглас во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и весниците што се издаваат на јазикот што го

зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

По распишаниот јавен оглас од страна на Агенцијата, секретарот или пак функционерот кој раководи со органот опфатен со Законот во кој не се именува секретар, формира интерна Комисија за спроведување на постапката за вработување на државен службеник. Таа комисија ја сочинуваат три члена: еден раководен државен службеник, еден стручен државен службеник од органот и еден претставник од Агенцијата за државни службеници, при што составот на комисијата мора да ја отсликува соодветната и правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Кандидатите кои се пријавиле на јавниот оглас, освен за работните места во звањата помлад соработник и помлад референт, и ги исполнуваат општите и посебните услови пропишани за работното место, полагаат стручен испит во Агенцијата.

Врз основа на постигнатите резултати на испитот, Агенцијата подготвува листа од најмногу пет најуспешни кандидати кои го положиле испитот и ја доставува до Komisijata на органот. По исклучок, оваа листа може да се прошири со кандидатите кои имаат идентични резултати со последно рангираниот од листата. Предложените кандидати, до Агенцијата за државни службеници доставуваат докази за исполнување на општите услови. Доколку некој кандидат кој е на листата не може да докаже дека ги исполнува потребните услови, тогаш на негово место доаѓа наредниот кандидат од листата.

Врз основа на доставената листа од Агенцијата, Комисијата на органот спроведува интервју со кандидатите за секое работно место и изготвува ранг листа што ја доставува до секретарот или функционерот кој раководи со органот во кој не се именува секретар, кој го врши изборот на лицето кое ќе се вработи на соодветното работно место.

Кандидатот кој не е избран има право да поднесе жалба против одлуката во рок од осум дена од денот кога е писмено известен за извршениот избор до Агенцијата за државни службеници. При тоа, Агенцијата мора да донесе одлука по жалбата во рок од 15 дена од денот кога ја примила. Жалбата има суспензивно дејство, што значи го одлага извршувањето на одлуката за избор се до донесување на одлука по жалбата.

По завршувањето на постапката за избор, секретарот, односно функционерот кој раководи со органот, донесува решение за вработување на државниот службеник ( Закон за државни службеници, „ Службен весник на РМ» бр. 10-4109/2 ).

## 3. СПОИЛС И МЕРИТ СИСТЕМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - РЕАЛНОСТ И ВИЗИЈА

Во Република Македонија, законската рамка предвидува всушност комбинирана примена на двата система. Под споилс системот потпаѓаат министрите, односно функционерите на државните органи, нивните заменици, генералните односно државните секретари, а под мерит системот спаѓаат професионалните управни службеници, или службениците од кариера.

Треба да се прави јасна дистинкција помеѓу управните функционери во кои спаѓаат министрите, односно функционерите на државните органи , кои се политички одговорни лица и за кои е предвиден споилс системот, и професионалните управни службеници или службениците од кариера, во кои се инкорпорираат државните секретари и кои треба да потпаѓаат под мерит системот. Со таквата нормативна и организациско- функционална поставеност на државните секретари во хиерархиската структура на органите се овозможува повлекување јасна линија меѓу политичкото и професионалното во државната служба, односно меѓу стручниот и професионалниот кадар и политички назначениот кадар. Значи, потребна е измена на Законот за државни службеници, со која државните секретари треба да бидат извлечени од пазувите на споилс системот и да потпаѓаат под режимот на меритократскиот систем.

Државниот секретар му помага на министерот во организирање и обезбедување законито и ефикасно вршење на работните задачи, врши контрола и надзор на работењето на организациските облици во министерството, учествува во работата на работните тела на Собранието на Република Македонија, кога за тоа е овластен, изготвува концепции за унапредување на внатрешната организација и функционирање на министерството, го обединува работењето и ја унапредува хоризонталната координација на сите сектори во министерството, дава предлози и иницијативи за решавање на состојби и проблеми од надлежност на министерството, предлага концепција за извршување на утвдената политика на Владата од надлежност на министерството, одржува контакти на соодветно ниво со домашни, странски и меѓународни организации, непосредно соработува со генералниот секретар на Владата во однос на подготвувањето на материјали за седниците на Владата, се грижи за спроведување на заклучоците на Владата кои се однесуваат на министерството, непосредно е одговорен за својата работа пред министерот, и врши други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на министерството ( Уредба за описот на звањата и соодветноста на работните места со групите и звањата утврдени со Законот за државните службеници, бр. 23-4847/1).

Државните секретари, со оглед на работните задачи и местото што го заземаат во организациската хиерархија, треба да бидат вистински професионалци, менаџери и столбови на административниот апарат. Како највисоки службенички звања, кои се наоѓаат на врвот на управната пирамида, тие треба да го обезбедат континуитетот во функционирањето на управата. Тие тре-

ба да бидат личности со професионален и морален интегритет, кои успешно поминале низ сите филтри на управната машинерија, постигнувајќи завидни резултати во текот на својот долгогодишен работен ангажман. Нивната позиција не треба да зависи од политичката констелација, и токму затоа треба да ја запазат неутралноста и професионалноста во вршењето на своите функции ( Витански, Д, 2008, Статусот на државниот службеник во Република Македонија, ЛАБКОМ, Скопје, стр. 146-147 ).

Државниот секретар треба да биде пандан на Перманентниот секретар во Велика Британија, кој се наоѓа на пиедесталот на управата. Тој е советник и непосреден соработник на министерот и се грижи за координацијата и ефикасното функционирање на службите во министерството. Го застапува министерот пред Долниот дом, разработува предлог закони и одговара на пратенички прашања. Перманентниот секретар е професионална личност и има цврста организациска позиција, која не зависи од политичките промени ( Гелевски, С, Гризо, Н, Давитковски, Б, 1993, Управно право, Студентски збор, Скопје, стр. 92 ). Идентична позиција зазема и државниот секретар во Ср Германија. Тој е кариерен државен службеник, кој се наоѓа на врвот на структурната и организациско-функционалната пирамида на министерството и е одговорен за професионалниот континуитет на управната служба (Лабовиќ, М, 1999, Деполитизација или департизација на државната управа во РМ, „ Де Гама» – Скопје, стр. 59 ).

За создавање на стручна и професионална администрација, која ќе претставува вистински сервис на граѓаните, потребно е бескомпромисно имплементирање на системот на заслуги (меритократијата). Тоа значи, партиската книшка да го загуби приматот пред професионалната компетенција која е conditio sine qva non за квалитетна и ефикасна државна служба.

Значајна улога во процесот на селекција има и Агенцијата за државни службеници, која треба да го зацврсти независниот статус и положба, со што ќе претставува мошне компетентен и респектабилен фактор во процената на перфомансите на државните службеници , односно, во нивната селекција и вработување.

Во тој контекст, Агенцијата за државни службеници, во својот домен на надлежност околу постапката на избор, треба високопрофесионално да ја извршува својата работа и да подготвува листи на кои кандидатите ќе се рангираат објективно, непристрасно и во согласност со постигнатиот успех на испитот што го спроведува.

Сомневања се јавуваат и во поглед на објективноста и непристрасноста на Комисијата на органот, за чии потреби се спроведува постапката за вработување, која по спроведеното интервју составува ранг листа на кандидати. На интервјуто не треба да му се придава одлучувачко значање, од причини што тука најчесто можат да дојдат до израз арбитрарноста и субјективизмот на интервјуерот или на комисијата која го спроведува, и тие елементи да превагнат во постапката за избор. Интервју треба да се користи како последен филтер

за проверка на способноста и умешноста на кандидатите. Тоа не треба да се третира како формален чин, ниту смее да се претвори во забава, или пак во истрага, туку треба да се осмисли на начин што ќе овозможи внимателно да се опсервира личноста на кандидатот и да се слушнат неговите одговори и размислувања, при што потребно е во мислите на интервјуерот постојано да биде описот на работните задачи за кои се избира кандидатот ( Марковиќ, Б, 1989, Кадровска политика и друштвене противречности, Београд, стр. 47-48, исто и Витански, Д, 2008, Статусот на државниот службеник во Република Македонија, ЛАБКОМ, Скопје, стр. 49).

Во составот на Комисијата на органот која го спроведува интервјуто пожелно е да има и стручњаци, практичари, кои преку разговорот со потенцијалните кандидати ќе може да утврдат кој од нив ги поседува потребните квалитети за работа во државната служба. Комисијата, исто така треба добро да ги познава потребите на управниот орган, за да одреди кои лица меѓу пријавените кандидати имаат најдобри компетенции за извршување на работните задачи во органот.

Интервјуирањето на кандидатите не смее да добие школски вид. Преку него не треба да се настојува да се мобилизира меморијата на кандидатот, ниту пак да се бара демонстрирање квантум на податоци и на прецизни ирелевантни знаења. Напротив, тоа треба да се фокусира на професионалните компетенции и вештини, интелектуалниот потенцијал, смислата за оригиналност и креативност, умешноста за доловување на суштината на работите, снаодливоста во неочекувани и комплицирани ситуации и сл ( Димитриевиќ, П, 1959, Организација и методи рада јавне управе, Савремена администрација, Београд, стр. 101-102 ).

Најголем маневарски простор за злоупотреби и манипулации постои во делот на изборот од страна на секретарот ,односно функционерот кој раководи со органот, во смисла да не биде избрано лицето кое покажало најдобар резултат на испитот и кое согласно со степенот и успехот на образовните квалификации се наоѓа на врвот на ранг листата подготвена од Агенцијата. Таквиот паушален избор на функционерот, пред се, може да биде мотивиран од политички причини, или пак при изборот да претежнала одредена роднинска, пријателска, деловна врска со кандидатот и сл. Ова придонесува, политичките елити во управниот апарат да регрутираат свои активисти и приврзаници, надвор од стандардната процедура и пропишаните критериими и стандарди. На ваков начин, со истиснување на најдобрите и најкомпетентните кандидати за местата во државната служба, при што доаѓаат до израз елементите на споилс системот, јавните интереси се ставаат во служба на теснопартиските комбинаторики, а тоа е еден од генераторите на незадоволството и на недовербата на јавноста во државната администрација. Со измените на Законот за државни службеници, треба да се намалат дискрециските права на раководителите на државните инстутуции во поглед на вработувањето, со цел истите политички да не се злоупотребуваат.

## 4. ЗАКЛУЧОК

За да имаме стручна, компетентна и граѓанско-сервисно ориентирана администрација, која ќе се раководи по строгите европски стандарди и принципи на работење, мора декларативните заложби за воспоставување на меритократскиот- вредносен систем на вработување силно да ги имплантираме во сите пори на административното ткиво.

За да се почувствуваат позитивните консеквенци на мерит системот, мора да се почитува како „свето» нешто универзално етаблираното право на еднаквост при вработување во управата. Тоа значи, жесток фронт против дискриминацијата по било која основа и подеднаква достапност до граѓаните на сите звања и струки во државните и во јавните служби.

За секое службеничко место треба да постои вистинска конкуренција, во која ќе победат најобразованите, најспособните, најкомпетентните и најкреативните._Кога се зборува за способност, обично се мисли на психо-физичката, интелектуалната и моралната способност, кои се неопходни за стручно и ефикасно извршување на работите. Притоа, способноста не треба да се сфаќ а како победа на најбескрупулозниот, најсервилниот, највештиот во мобилизирање на познанства и врски и најпреданиот измамник, особини кои согласно со моралната боја не се пожелни и не треба да бидат присутни во управата.

БИБЛИОГРАФИЈА:
- Пусиќ, Е, 1993, Наука о управи, Школска књига - Загреб, стр. 193
- Димитриевиќ, П, 1959, Организација и методи рада јавне управе, „ Нова администрација", Београд,стр.83-84, 101-102
- Гелевски, С, Гризо, Н, Давитковски, Б, 1993, Управно право, Студентски збор, Скопје, стр. 92
- Гелевски, С, Гризо, Н, Давитковски, Б, 1997, Управно право, Студентски збор, Скопје, 177-178
- Гризо, Н, Давитковски, Б, 1994, Наука за управата, Просвета – Куманово, 13-14, 161, 163-164;
- Гелевски, С, 1996, Статусот на службениците во управата и нивната деполитизација, Зборник во чест на Александар Христов, Правен факултет, Скопје, стр. 40
- Давитковски, Б, Павловска-Данева, А, 2001, Зборник на трудови во чест на проф. Д-р Стефан Габер, Правен факултет, Скопје, стр. 204
- Витански, Д, 2008, Статусот на државниот службеник во Република Македонија, ЛАБКОМ, Скопје, 49, 146-147
- Лабовиќ, М, 1999, Деполитизација или департизација на државната управа во РМ, „ Де Гама» – Скопје, 41-45, 59
- Simon, Smithburg, Thompson, 1950, Public Administration, Knopf , 321-323
- Simon, Smithburg, Thompson, 1973 , Public Administration, Knopf, стр. 315
-.White, L.D, 1955, Introduction to the study of Public Administration, Macmilan, 309

Правни извори:
- Закон за државни службеници, «Службен весник на РМ « бр. 10-4109/2
- Уредба за описот на звањата и соодветноста на работните места со групите и звањата утврдени со Законот за државните службеници, бр. 23-4847/1,

Миграции, Политика
Migrations, Politics

UDK/UDC 325.14:061.1EU
Стручен текст / Scientific Paper

*М-р Ирина Чудоска*
ФОН - Универзитет

# НЕЛЕГАЛНАТА ИМИГРАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

РЕЗИМЕ

Проблемот на масовната миграција во Европската унија одамна се претвори во вистинска несреќа за многу европски земји. Секојдневно во земјите на ЕУ навлегува огромна количина на луѓе во потрага по подобра иднина. Во овој труд се разгледува имиграцијата во ЕУ и пред се нелегалната имиграција, организацијата на нелегалниот превоз на имигрантите, цената што тие ја плаќаат, како и основните патишта за пренос на нелегални имигранти во Западна Европа. Исто така, се прави обид да се сумираат начините и инструментите што ги употребува ЕУ за борба против нелегалната имиграција, која паралелно со раширување и продлабочување на интеграциските про-

*Irina Chudoska, MA*
FON University

# THE ILLEGAL IMMIGRATION INTO THE EUROPEAN UNION

SUMMARY

The issue of massive migration into the European Union has transformed into a real misery for many European states. A huge number of people enter the EU states on a daily basis in search of a better future. This work considers the issue of immigration into the EU with particular emphasis to the issues of illegal immigration, organization of the illegal transportation of the immigrants, the price they pay as well as the major routes for transportation of illegal immigrants into Western Europe. Furthermore, an effort is made for summarizing the manners and the instruments which the EU utilizes in its struggle against the illegal immigration, which appears to become a greater concern with the expansion

цеси станува се позагрижена.
Клучни зборови: имиграција, нелегална имиграција, анти имиграциска политика, економска имиграција

and the deepening of the integration processes.
**Key words:** immigration, illegal immigration, anti-immigration policy, economic immigration.

icudoska@mail.ru

Во последните децении во светот перманентно се набљудува зголемувањето на миграциските процеси. Според статистиката на ООН, во сегашно време бројот на мигрантите е околу 175 милиони луѓе, што претставува речиси 3% од вкупниот број на жители на планетата. Фактички, секој триесет и петти човек е мигрант. Пресметано е дека, доколку сите овие луѓе би живееле во една земја, тогаш таа би била петта по големина земја во светот[1].

Преселувањето на лицата има добиено вистински глобални димензии, а на проблемите поврзани со миграцијата во последните неколку години почна да им се посветува се поголемо внимание од страна на меѓународните организации и државите, пред се имиграциските, како и во општествените дискусии и на владините форуми на регионално и на меѓународно ниво. Така, во 1992 година, на самитот на Европската унија, било истакнато дека приоритетноста на миграцискиот проблем, по значајност е споредлив со другите светски проблеми, какви што се состојбата на животната средина, растот на населението и економскиот дебаланс помеѓу регионите.

Проблемот на масовната имиграција во Европа одамна се претвори во вистинска несреќа за многу европски земји. Секојдневно во земјите на Европската унија навлегува огромен број на луѓе во потрага по подобра иднина. Во 2003 година, на заедничката Конференција ЕУ/ОЕСР во Брисел, посветена на актуелните прашања на меѓународната миграција, се констатира дека „Европската унија, исто така како и САД е регион кој привлекува масовни миграциски текови - околу еден милион луѓе годишно во текот на последните десет години. При тоа, нелегалната имиграција во земјите на ЕУ достигнува бројка од околу половина милион имигранти годишно”.[2]

Во заднината на една ваква масовна имиграција, како најголем проблем се издвојува нелегалната имиграција. Според прифатената дефиниција во ЕУ, за нелегални имигранти се сметаат оние лица кои се „граѓани од трети држави

1 Киютин В.Г. Нелегальная иммиграция в Евросоюузе; вызовы-ответы / Киютин В.Г., Кадыров Т.Т Бишкек,2005, стр.5
2 From Opening Video Address, Economic aspect of migration by Anna Diamantopoulou, Join European Commission/OECD Conference, The economic aspects of migration , Brussels, 21-22 January 2003

(на земји кои не влегуваат во ЕУ, со исклучок на државите кои се однесуваат на Европската економска зона), кои не одговараат или повеќе не одговараат на барањата за влез и живеење на територија на државите -членки на ЕУ"[3]. Точната бројка на влезени илегални имигранти на територијата на ЕУ никој не може да ја каже. Во европската статистика најчесто може да се најде многу неопределана бројка – повеќе од три милони нелегални имигранти. Притоа, ваквите податоци беа претставени од Меѓународната организација за миграција (IOM) уште во 2000 година, а сега, по шест години, реалната цифра може да биде многу поголема.

Очигледно е дека најголемите маки во однос на заштитата на границите им се оставени на европските земји со долга брегова линија. Поточно, југот на Европа во најголем дел е место за постојан прилив на имигранти. Со разденувањето, европските погранични патроли не редко наоѓаат на бреговите десетици тела на оние кои пробале, но не успеале да стигнат до европскиот брег со помош на нелегалните превозници. Станува збор за добро разработен бизнис, со кој е невозможно да се избори само пограничната служба. Познато е дека во Средиземното море постојат цели флотили кои се занимаваат со пренесување на бегалци и на економски имигранти од земјите на Блискиот и Средниот Исток и Африка до бреговите на далечната, но многу посакувана Европа. Потреба од посебна заштита имаат и копнените граници – пред се границата со Балканските земји, а посебно со таквите земјите како Србија, Босна и Херцеговина, Албанија.

Проблемот на нелегалната имиграција во земјите на ЕУ добива се позагрижувачки размери звучење паралелно со раширувањето и продлабочувањето на интеграциските процеси.

Како што истакна Тони Блер „Европа денес се соочува со еден од најсложените проблеми на современоста – проблемот на масовната миграција и правото на азил".[4] Стотици луѓе, во потрага по „лесен" живот ја преминуваат границата и тргнуваат на долг и често опасен пат. Азија, Африка и, на крај, Европа – ова се главните делови што ги поминува секоја фамилија на имигранти, која го прифатила ризикот да тргне во својата „европска одисеја". На тој пат, секој од нив, освен што е изложен на разни опасности, лишувања и радости, кои ги пратат по пат секој имигрант, независно од тоа која била причината што го поттикнала да тргне на овој пат и да го напушти своето претходно место на живеење.

Државната власт пред се пробува да го намали имиграцискиот прилив, користејќи ги традиционалните методи: заострување на имиграциската политика и стимулација на политичкиот и економскиот развој во земјите на емиграција, преку склучување на двострани економски договори, заедничко финансирање на проекти, со цел да се подобрат условите на живот, намалување

3 Council Regulation determination obligations as between the member states of the re-admission of third-country nationals [Official Journal C353 of 7.12.1999].

4 Tony Blair, EU signals action, 2002/05/21, http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/default.stm

на безработицата и, како конечен резултат, да се намалат факторите, што ги „туркаат” луѓето надвор од нивните земји.

Првиот инструмент во борбата со нелегалната имиграција, и покрај поддршката на европското население, често е критикуван како од страна на опозицијата, внатре во многу европски земји, така и од невладините организации за заштита на правата надвор од нив. Како и да е, заострувањето на европското законодавство станува нормална општоевропска тенденција. Соодветни мерки беа преземени од страна на властите на Франција, Италија, Шпанија, Германија, Австрија, Данска, Холандија и Велика Британија.

Што се однесува до предоставувањето на економска и социјална помош и стримулирањето економскиот развој во земјите на емиграција, и покрај вложувањето напори, резутатите од работењето од тој вид (најмалку во краткорочна перспектива) исто така не влеваат оптимизам.

Очевидно е, дека секоја европска држава засебно не е во состојба да постави сериозна пречка на патот на имиграциските каравани. Постојат проблеми, кои ефективно можат да се решат само на европско ниво, со користење на сите организациски, правни и финансиски можности на Европската унија. Неопходноста од развој на потесна и динамична општоевропска соработка во однос на прашањата на имиграциската политика и во давање азил се признава, како од страна на поголемиот дел од европските политичари, така и од самите европски жители. За спроведување на единствена политика во областа на имиграцијата и во давање азил, како што покажуваат анкетите спроведени помеѓу европските државјани,  7 од 10 државјани на Унијата се за.

Европските лидери веќе не се среќаваат за решавање на имиграциските проблеми  - во Темпере во 1999 година, каде што биле означени основните контури на општата имиграциска политика, и во Севиља во 2002 година, каде што имиграцијата стана единствена точка на дневниот ред и се разгледувала како дел од општоевропската безбедност. Долго време не можеше да се постигне согласност во врска со основните прашања, како што се заедничкото финансирање на границите, или за заедничка формулација на терминот бегалец. Овие разлики се веќе минато. Во сегашноста, основата за општата европска соработка во даденава област е пропишана во Договорот што го определува Уставот на Европа. Во главата посветена на на слободите, безбедноста и правниот поредок, се подтврдува правото на слобода на движење на територијата на целата Европска унија, а исто така се укажува на неопходноста од понатамошно продлабочување на соработката во областа на имиграциската политика, на политиката на давање азил и заштита на надворешните граници, засновани врз принципот на солидарност помеѓу државите членки на ЕУ во однос на државјаните на трети држави.[5]

Есента 2004 година, во Европскиот парламент, во текот на жешките дискусии за содржината на новата програма за развој на политиката во сферата на внатрешните работи и правосудството, која требала да дојде на смена на

5 Treaty establishing a Constitution of Europe, European Communities, 2005, (Article III-257), p.119

„Планот Темпере” и да отвори нова етапа во развојот на Европската слобода, безбедност и правен поредок, била утврдена петгодишна програма за потесна соработка во миграциската политика и во давањето на азил. „Хашката програма” има цел да формира заедничка европска политика до 2010 година, кога во ЕУ ќе почне да функционира специјален сектор за прашањата на миграциската политика и азил.

Во „Хашката програма” се поставени и следните задачи:[6]

- де се развива заедничкиот европски систем на политички азил, вклучувајќи ја општата процедура на давање азил;
- да се определат можностите на странците да работат во Европската унија соодветно со потребите на пазарот на трудот;
- да се поставaт заедничките европски стандарди на интеграција на имигрантите во земјите на прием;
- да се засили партнерството со трети земји за спречување на нелегалната имиграција;
- да се разработи политиката на враќање на нелегалните имигранти во нивната земја;
- поефективно користење на биометриските и на информациските системи.

Притоа, говорејќи за економска имиграција, неопходно е да се сфати дека тоа е неповратен процес. Движењето на луѓето од државите со ниско ниво на економски и социјален развој кон богатите и стабилните општества е неизбежна. Тажната вистина се состои во фактот дека колку добро и да ги опремува и затвора границите богатата Европа, колку нови технологии и да користи, колку и да се брзи глисерите на пограничната стража – сето тоа ќе се распрсне на парчиња во судирот со непобедливата желба на луѓето да бегаат од гладот, епидемијата и бедата. Дури и да погинат по пат десетици од нив, таа малечка група, со истрпени севозможни маки, сепак ќе стигне до континентот, и оттогаш, со сите легални и нелегални средства, ќе прави се за да остане и да заживее достоинствено. При тоа, колку повеќе пречки ќе им се појавуваат на патот, толку повеќе нелегални патишта ќе бидат наоѓани кон тврдината наречена „Европа”. Сведок на тоа е историјата на успешното заобиколување од страна на имигрaните на системот на имиграциска контрола во последните дваесет години, создадена од страна на индустриски развиените земји. За лицата кои решиле да ја напуштат својата земја, не постојат граници за нивната решителност и умешност.

Тоа не е тешко да се сфати, доколку се погледне ситуацијата во Средоземното море, од каде што во Европа пристигнува најголемиот дел на имигранти. Разликата во социјално-економската, и што е посебно важно и во демографската слика на двата брега на Средоземното Море (Северниот и Јужниот) со текот на времето, не само што не се намалува, туку постојано расте, што потенцијално носи сериозна опасност за регионалната стабилност.

6 http:// www.aes.org.ru/show.php?doc=231

Близината на Европа до пренаселениот Блиски Исток и во Северна Африка е основниот фактор на заострувањето на имиграциската ситуација на Стариот континент. „Според некои пресметки, високиот раст на населението (повеќе од 2% за година) ќе доведе до тоа, во 2035 година бројот на жители во регионот да се зголеми до 400 милиони луѓе, што е двапати повеќе од денес, а понатамошното зголемување на разликата во нивото на развој на Југот и Северот на Средоземноморјето го означува фактот дека имиграцискиот притисок на Европа во следните десет години нема да го намали интензитетот”.[7]

Што се однесува до основните патишта на пренос на нелегални имигранти во Западна Европа, можат да се одделат најпознатите маршути. Во рефератот на Европолот се изделуваат *пет основни канали*:[8]

- Јужен или Балкански - ги поврзува Турција со Западна Европа. Од Истанбул не е тешко да се стигне во Бугарија, Грција, Македонија и Албанија. Од Албанија по, морски пат, лесно се доаѓа до Италија.
- Источниот – поминува низ Чешка, Полска и Калининград кон Германија, како и од Романија и Унгарија во Австрија. Земји на емиграција во овој случај се Украина, Русија и државите на СНД, Авганистан и Југославија.
- Северен – ги поврзува Балтичките земји со Скандинавските. По овој канал поминуваат Курди, Авганистанци, Бенгалци, Палестинци, Пакистанци, Иранци. Транзитни зони се териториите на Русија и Белорусија, каде што имигрантите доаѓаат од земјите на Централна Азија.
- Средоземен – овој пат е најпопуларен меѓу Африканците (како и кај државјаните на Магреб), иако не ретко го користат повеќе од 20 држави во светот.
- Воздушен – преку меѓународните аеродроми, кои во ЕУ ги има во огромен број, десетици илјади патници секојдневно пристигнуваат во Европа. Дури и при строгата контрола, нелегалните имигранти успеваат да влезат на територијата на Европската унија. Една од најпопуларните варијанти е аеродромот во Сараево, од каде имигрантите преку Хрватска и Словенија одат во Италија и Австрија.

Во текот на последните неколку години, многу популарен кај превозниците средоземниот и јужниот канал поради тоа, што овие маршрути поминуваат или по море или по територии на кои је нема потребната контрола на границите.

Средоземните држави на Југот на Европа, како што се Италија и Шпанија, Португалија и Грција, кои порано се сметаа за традиционални снабдувачи со работна сила на европскиот пазар на трудот, денес и самите станаа земји

7 Dubois G. The EU and the Mediterranean: Where are we today? / Dubois G., Europe – The Mediterranean-Russia: Perception of strategies. Moscow. 1998. P.15

8 Europol: Crime Assessment- Trafficking of human beings in the European Union, Trafficking of Human beings: A Europol Perspective 2004 http://www.europol.eu.int/publications/SeriousCrimeOverviews/2004/OverviewTHB2004.pdf

на имиграција. Поради тоа што миграцискиот притисок на Југот на Европа е нешто поголем, а помеѓу патниците има и припадници на земјите од третиот свет, органите на граничната контрола, посебно во летниот период, способни се да обезбедат само делумна контрола. Морската нелегална имиграција е олеснета од огромниот број на пристаништа, како и од должината на крајбрежната линија на многу средоземноморски држави на ЕУ. Потврда за тоа служи сложената имиграциска ситуација на Грција, Италија и Шпанија.

Најверојатно, со пристапувањето кон Европската унија и со стремежот да ја подобри својата социјално-економска положба, Грција помалку од се очекувала, дека брзите текови на националната економија и политика со себе ќе донесат таков еден неочекуван резултат – бурни имиграциски бранови кои буквално ја преплавија земјата во последниве години.

Поголемиот дел на нелегалните мигранти се доставуваат во Грција од страна на турски превозници, кои ги пренесуваат имигрантите на мали бродови. По правило, во пратката учествуваат двајца превозници, кои ги истовараат луѓето на источниот дел од Егејското море, и потоа се враќаат назад. Со цел да се избегне средбата со крајбрежната стража, во грчките води, не ретко, се пуштаат два брода, кои по пристигнувањето на брегот на Грција, превозниците им го предаваат управувањето на бродот на некои од имигрантите, а самите се враќаат назад во Турција на другиот брод.

Ситуацијата во регионот продолжува да биде доста напрегната. Само во 2003 година крајбрежната стража задржала илјадници нелегални имигранти, од кои десетици се удавиле уште пред да стигнат до брегот, секако дека преживеаните успеале да стигнат до брегот. Повеќе од милион имигранти веќ е се населени на територијата на Грција, од кои половината се нелегално.[9] Посебно загрижувачки за Грција беа прогнозите за тоа, дека во 2015 година имигрантите ќе бидат 25 % од вкупниот број на населението.[10]

Друга популарна дестинација за пренос на нелегални имигранти од средоземните држави во Јужна Европа е Италија, чија должина на крајбрежната линија е 4720 милји или пак 7600 км и не им дозволува на крајбрежните служби потполно да го контролираат брегот. Многу имигранти на Италија гледаат како на „прозорец" кон Европа, кои преку нејзината територија можат да стигнат до внатрешноста на континентот, но поголемиот дел од нив остануваат во развиениот северен дел на земјата. Најголем дел од доселениците се Романци, Албанци и Мароканци, кои се сконцентрирани во провинциите на најголемите градови - Рим и Милано.

Според различни оцени, во Италија сега се наоѓаат од 600 илјади (според податоците на синдикатите) до 800 илјади нелегални имигранти (според податоците на Институтот за политички, економски и социјални истражувања). МВР на Италија дава цифра од 700 илјади лица. Стабилниот раст на доеслениците во Италија се набљудува во текот на 90-ите години, при што прирастот

9 Соколковская О. На южном рубеже Союза. Европа, № 11(45), декабрь, 2004, С.22
10 Исто С.23

на нелегалните имигранти се остварува за сметка на државјаните на Мароко, Тунис, Египет, Сенегал како и од Иран и Ирак. Само со една нелегална тура, во март 2002 година на Сицилија биле доставени 960 лица, претежно ирански Курди. Италијанските погранични служби, за оваа група на нелегални имигранти, изјавија дека била најголема во историјата на имиграцијата во Италија. Од тогаш, имиграцискиот притисок не е намален – само во текот на последната недела на септември во 2004 година на островот Лампедуза, каде што постои еден центар на прием на бегалци, со капацитет на прием за 200 лица, било регистрирано доаѓање на повеќе од 900 нелегални имигранти.[11]

Ако Италија претставува „прозорец„ кон Европа, тогаш Шпанија ја има функцијата на лошо затворени „порти" во Европската тврдина. На делот на Шпанија и припаѓа 23% на нелегалните имигранти од вкупниот број на ЕУ. Нелегалните имигранти од Африка со севозможни средства се транспортираат до јужниот брег на Шпанија, во реонот на Кадис, Малага, Аљмерија и Канарските острови. Ситуацијата, која се формира околу Гибралтарскиот проток, веќе одамна претставува сериозна главоболка за шпанските власти. Со поволен ветар, Гибралтар може да се премине за 20 минути. Лажната близина на европскиот брег ги тера десетици мигранти да го поминуваат протокот во ноќно време, на мали чамчиња *pateras*. За тоа, колку е голем ризикот, кажуваат десетиците тела кои ги наоѓаат шпанските власти наутро на плажите. Гибралтар е познат по неговите силни текови, струи и интензивен сообраќај. На голем брод или, пак, на огромен ферибрcăод многу лесно да потопи мало кајче без да го забележи. Токму затоа, тенката морска линија која го дели африканскиот брег од европскиот, многу брзо го доби своето второ име „братска гробница".Според податоците на една асоцијација на работници од Мароко, формирана на територијата на Шпанија, за период од 5 години (1996-2001) во водите на Гибралтар се удавиле 400 лица, сите Мароканци.[12] Се смета дека во Средоземното море секоја година гинат околу 500 луѓе,[13] но точниот број на загинати никој не го знае. Идентитетот на најдените не можат да се откријат поради отсуство на документи, што пак, како што покажува практиката, е потполно вообичаено.

Според зборовите на капетанот на цивилната крајбрежна служба на Шпанија, Хосе Мануел Реболло, имигрантите секој пат ги губат документите во текот на превозот, и како разултат на тоа на крајбрежната служба има работа со лица без име, националност, определено место на живеење. Во ваквите случаи имигрантите не ги враќаат назад и затоа, многумина од имигрантите веруват дека имаат шанса да останат на европско тло.

Лидери меѓу нелегалните имигранти во Шпанија се дојдените од Магреб – 38%, пред се Мароканци,  а вкупната бројка на имигранти, остатокот

11 Привлов К. Не швартовать! Итоги, 19 октомври 2004г. С.33

12 Miller J.Mark. The World on the move: Current trends in International migration, Global Dialogue; The era of mass migration, vol 4, №4, Autumn 2002, p.3

13 Киютин В.Г.Указ.соч.С.25

им припаѓа на Латиноамериканците - 25%, 12% на африканските земји и 8% на Кинези и на Источноевропејците.[14]

Показател за растечката загриженост на официјален Мадрид во однос на проблемот на незаконското влегување во Шпанија на имигранти и други шверцувани стоки по морски пат, е годишната намена на десетици милиони долари од државниот буџет, со цел да се создаде систем на техничка контрола на Гибралтарскиот проток (План SIVE). Целосното спроведување на оваа програма, што подразбира поставување на радари и на други технички средства за забележување на објекти во море, требаше да биде завршено до крајот на 2004 година.

Но, за да се намали борјот на нелегалните имигранти и за да се обезбедат морските граници, шпанските власти се приморани да поставуваат погранична контрола, фактички во сопствената територија.

За жителите на Африканскиот континент, кои решиле да си ја пробаат среќата во Европа, не е тајна дека постои еден посигурен и безбеден пат, за кој имигрантите немаат потреба да го напушти африканскиот брег. Еден вид на „отворена врата" во Европската унија се Сеута и Мелилла, двете шпански енклави на северниот брег на Мароко – се што остана од некогашната моќна Шпанската империја управувана од Мадрид. Ако имигрантите на некој начин успеале да влезат на таа територија, за нив тоа непосредно значи дека се во Шпанија, на европскиот континент.

Масовната имиграција во Сеуту ја принуди шпанската влада на отворање на привремени лагери за бегалци, повеќето од Африка во долниот дел по Сахара, како и за други 24 земји,. заедно со Алжир и Ирак. Но преземениов чекор не помогна за поставувањето на должна контрола над новодојдените, или пак за подобрување на условите на живот на имигрантите. Ако на почетокот во лагерите биле стационирани околу стотина лица, тогаш постепено бројот на имигрантите ја достигна бројката од неколку илјади и фактички, секоја недела нивната бројка продолжува да се зголемува за сметка на новодојдените. Пронаоѓањето на ваквиот релативно лесен пат за влез во Европа, ги поттикува луѓето де се упатуваат таму со цели фамилии или пак да ги праќат своите деца само со една табличка околу вратот на која се напишани неговото име и основните податоци – слика која на почетокот ги шокираше локалните власти, но потоа стана вообичаено секојдневие.

Основниот проблем се состои во тоа што на сите тие луѓе им е потребно храна, кров над глава и медицинска помош, но огромната маса на луѓе населена во камповите, го прави невозможно предоставувањето на ваквите услуги или пак е крајно отежнато, како физички така и материјално. Секојдневно во лагерите избиваат тепачки во редот за вода и храна, но измачените луѓе се спремни да стојат и чекаат и во многу подолги редови, зошто вреди потенцијалната награда за овие маки. Поголемиот број од луѓето останува во Сеут, на период од два до пет месеци, потоа тие добиваат привремена работа и доз-

14 Орлов А.Иммиграционный бум. Где решение проблемы? Международная жизнь, №7, 2001, с.82

вола за влез и живеење во Шпанија, каде што можат легално да престојуваат ворок од една година. Неретко, имигрантите успеваат да добијат шпанско државјанство, а со тоа и право на слободно движење по целата територија на Европската унија.

Земајќи го во предвид горенаведеното, шпанската влада постојано е под политички притисок од страна на останатите членови на ЕУ, загрижени од бескрајниот прилив на имигранти, кој продира во другите европски земји преку територијата на Шпанија. Шпанските власти од своја страна го убедуваат европското општество дека тие прават се што е можно за намалување на нелегалната имиграција од Суета. Така, осумкилометарската двојна ограда, која го одделува шпанскиот анклав од основната територија на Мароко, беше дополнително снабдена со камери, инфрацрено зрачење и топлотни сензори. Доколку имигрантите ги поминат сите овие пречки, да бидат вратени назад од страна на шпанските власти, практично е невозможно.

Сеута и Мелилла се европски територии во Африка повеќе од пет века, и Мадрид настојува да го зачува ваквиот статус и понатаму, но и покрај ова, не е исклучено дека Шпанија ќе мора да разгледа и друга варијанта. Мароко се стреми да си ги врати некогашните територии, и можно е Шпанија да се согласи на тоа, доколку во блиската иднина не се намали имиграцискиот притисок.

Многу поголема загриженост европските лидери предизвикува Балакнскиот канал за пренос на нелегални имигранти. Преку овој регион поминува еден од основните маршути на нелегална миграција, а криминалните групи кои се вклучени во овој бизнис, секоја година во Западна Европа испраќаат околу 50 илјади лица. Според мислењето на Меѓународната организација за миграција, Балканот во овој момент е вратата кон Европската унија за илијадници имигранти од Блискиот и Средниот Исток, Африка и Азија. Имиграциските каравани најчесто се пренесуваат преку трериторијата на државите со најслаба имиграциска контрола, по правило преку Србија, Босна и Херцеговина.

Секако дека ваквата ситуација во овој регион постои доста долго време. Вината за тоа, не е толку во пограничната служба, колку во отсуството на политичка, економска и социјална стабилност во регионот. Серијата војни на Балканот во текот на 90-ите години, кои прекинуваа, а потоа повторно се разгоруваа, доведоа до тоа одделни краеви и области да се претворат во проблематични делови во однос спроведувањето на меѓународното право во непосредна близина на развиената Европска унија.

Посетепеното враќање на Балканот кон мирниот живот, им дозволи на лидерите на ЕУ сериозно да се заземат околу целокупниот економски и социјален развој на регионот, и на конкретни одделни делови, со цел да се спречи понатамошното „тркалање“ кон бездната на криминалот. Министрите за надворешни работи на ЕУ се согласија, дека основниот приоритет во врска со тоа треба да биде борбата со трговијата со луѓе, која во поголемиот дел се координира од овој регион. Европските лидери, исто така, ја признаа неопходноста од преземење на определени дејствија со цел да се запре потокот на нелегални

имигранти, кој поминува преку територијата на поранешна Југославија. Во врска со ова, било решено да се создаде мрежа на миграциски офицери на полуостровот, како специјални единици подготвени од страна на европските миграциски и погранични служби и полицијата. Исто така, било решено да се отворат дополнителни фондови за заедничко финансирање на програми според шемата „доброволна репарација“ на нелегано имигрираните лица кои не добиле статус на бегалци. Од своја страна ЕУ, исто така очекува поактивно учество во програмите и од страна на самите балкански држави, посебно од Албанија и Босна и Херцеговина, кои се надеваат на квалитативно подигање на нивото на односита, како и од оние региони кои во голема степен зависат од западната помош – Косово и Црна Гора.

Со решавање на нелегалната имиграција, европските држави се приморани да решаваат и низа други прашања, кои се наметнуваат со неконтролираното движење на луѓето и се однесуваат непосредно на европската безбедност. Широко распространето е мислењето, дека не ретко „нелегалната имиграција е катализатор на криминалот, посебно на контрабандата и на трговијата со луѓе, наркотични средства и оружје”.[15] Високиот степен на вовлеченост на имигрантите во организираниот криминал е една од главните причини за несспокојство на лидерите на Европската унија.

Искористувањето на миграциските текови од страна на криминалните синдикати за свои цели – нелегален транспорт на имигранти, трговија со органи и лица, сексуална и трудова експлоатација, пред се во однос на жени и деца, како и други видови на современото ропство – се другата страна на медалот со која, за жал се, судруваат поголемиот дел од луѓето кои го прифатиле ризикот на нелегално доаѓање во Европа. Според податоците на Европол, „нелегалниот превоз на имигранти и трговија со луѓе на криминалниот свет му носи исто толку голема заработувачка колку и трговијата со наркотици”.[16]

Главниот проблем се состои во тоа што ваквите криминални мрежи веќе одамна го имаат опфатено целиот простор на Европската унија и на државите кои граничат со неа. Дејноста на криминалните банди се одвива на оддалеченост од илјадници километри од европскиот брег – во Африка после Сахара, во Иран и Авганистан, во далечната Кина и во земјите на Југоисточна Азија, поточно, насекаде од каде доаѓа приливот на имигранти. Создадената ситуација укажува на неопходност од мобилизација на сите национални и општоевропски ресурси за борба против нелегалната имиграција, а пред се, со таквите криминални дејности како што е трговијата со органи и луѓе.

По правило, луѓето вклучени во овој црн бизнис, лично се заинтересирани за нерегулирано движење на лица во регионот. За криминалниот бизнис, поврзан со нелегалната имиграција, е карактеристичен доволно голем спектар на „услуги” кои се даваат од страна на домашни агенти на различни

15 Киютин В.Г.Указ.соч.С.8
16 Hagler T.Trafficing: A human tragedy, 2002/02/17, http://news.bbc.co.uk/1/hi/talking_point/special/migration/default.stm

етапи од транспортот на имигрантите во оваа или онаа европска држава. Синџирот на агенти , како што беше кажано, дејствува во земјите на имиграција, емиграција и транзит, а среденоста на нелегалниот превоз и оперативноста со која дејствуваат учесниците во овој процес, неретко ги преминува границите на имагинација на специјалистите. Честопати, со цел да се дојде до нова партија „клиенти", превозниците одат на нивно заплашување, влевање страв за нивните животи и за животот на нивните блиски кои, наводно, ги чека затвор и гонење, доколу не ја напуштат земјата за кусо време. Но, поголем дел од идните имигранти ги бараат превозниците сами или преку посредници.

Криминалците сами се организираат во врска со превозот на имигрантите на територија на ЕУ: разработуваат маршрути и канали, им обезбедуваат на клиентите повремено живеалиште, транспорт, документи и информации, а не ретко и со работа во земјата на доаѓањето, ги средуваат проблематичните прашања со некои цариници и со имиграциските офицери на земјите на транзит и влез. Според податоците на Европол, токму корупцијата на некои државни работници на земјите на емиграција, имиграција и транзит, како и на соработниците на пограничните и крајбрежните служби, конзуларните работници, како и одговорните за издавање на еден вид на жителство или на дозволите за работа, им прават огромна услуга на криминалните организации,[17] благодарение на која тие секогаш ја имаат информацијата неопходна за понатамошно вршење на нелегални тури, со што нивната работа се одвива непречено.

Предлагајќи толку широки услуги, сосема нормално е криминалните организации да бараат солидна цена за истите.

Патувањето во Европа не е ефтино за имигрантот. Во секој конкретен случај цената зависи од низа причини: бројот на агентите кои учествуваат во транспортот, потешкотиите на патот и различни непредвидени трошоци. Се смета, дека секоја година криминалните мрежи заработуваат неколку милијарди долари. Цените на услугите на мафијата за превоз на еден нелегален имигрант изнесуваат:[18]

- 4 илјади долари – од Бугарија во Западна Европа
- 800-1200 долари – од Грција во Франција, Германија, Италија
- 1400 долари – од Турција во Грција
- 3 илјади долари – од Курдисан во Германија
- 2-3,5 илјади долари – од Северна Африка во Шпанија
- 4 илјади долари – од Шри- Ланка и Пакистан во Турција
- 5-10 илјади долари – од Авганистан или Либан во Германија
- 4-5 илјади долари – од Ирак или Иран во Европа
- 5 илјади долари – од Палестина во Европа
- 4-10 илјади долари – од Доминиканска Република во Европа

17 Crime Assessment- Trafficking of human beings in the European Union, Trafficking of Human beings: A Europol Perspective 2004 http://www.europol.eu.int/publications/Serious CrimeOverviews/2004/OverviewTHB2004.pdf

18 Salt J. Current Trends in International Migration in Europe/J. Salt, Council of Europe, Strasburg, 2001, p.135

Не секој имигрант е способен да ги плати овие цени. Затоа, често тие влегуваат во долгови, не ретко и кај самите превозници, на кои што доаѓањето тие им ги отплаќаат со години, што е доволна причина за стапување на работа во криминални сектори со самото пристигнување на Европска територија.

За жал, не ретко имигрантите плаќаат по иљадници долари само за да не умрат од жед или глад на европските патишта, или пак да не се удаваат во малечките чамци на бреговите на Италија или Шпанија. Така, во 2000 година, цела Европа ја потресе трагедијата во Дувар, каде во оставениот од страна на превозникот ладилник се задушија 58 имигранти од Кина. Уште еден шокантен инцидент се случи во 90-ите години во протокот Отранто, каде при судирот на италијанскиот патролен брод „Сибилла" со албанско бродче, кое пренесувало нелегални имигранти, во морето загинаа 187 лица.

Со зголемувањето на мерките на миграциската контрола, имигрантите се служат со се поочајни начини со цел да стасаат до европските брегови. Притоа, подобрувањето на граничната контрола во извесен дел дури и им оди на рака на криминалните синдикати, поради тоа што на имигрантите- самци им е потешко да ја пробијат границата, поради тоа што тие, се почесто, се принудени да се служат со услугите на криминалните мрежи. Секое заострување на правилата за влез и воведувањето на нови заштитни мерки на транзитните документи, доведува до преземање на соодветни мерки во сферата на трговија со луѓе. Тоа е еден вид „маѓепсан круг", од кој е тешко да се излезе поради присутната побарувачка на нелегална работна сила и нејзината понуда во сферата на „сивата" економија во низа западноевропски земји.

За неопходноста од заедничката европска борба со организираниот криминал повеќе пати се изјаснуваа: Тони Блер, Хосе Мариа Азнар и другите европски политичари. „Ужасува фактот дека во Европа во 21 век, до денес е широко распространета ова неоправдана варварска практика на трговија со луѓе. Самата природа на овие проблеми не признава национални граници. Тие имаат влијание на цела Европа, па затоа, правилно можат да бидат решени единствено на заедничко европско ниво."[19]

Со укинувањето на пограничната контрола внатре во ЕУ, примената на класичните национални методи на борба со криминалот од таков вид, не одговара веќе на заедничкото европско ниво на безбедност. Таа во себе ја носи дејноста на транснационалните криминални групи, кои работат исклучиво на меѓународно ниво. Отсуството на граници, внатре во ЕУ, безусловно носи низа предности за Европејците кои го почитуваат законот, но проблемот е во тоа што со овие предности се користат пред се, токму криминалните организации, за што не еднаш се укажува во документите на ЕУ.[20]

19 Antonio Vitorino, Justice and Home Affairs Commissioner, Commission proposes action to combat trafficking in human beings and sexual exploitation of children, Brussels, 2000/12/21, http: www.europa.eu.int/scadplus/leg/en/ivb/133089b.htm

20 A common EU approach to the fight against organized transnational crime, http://www.europe.eu.int/scadplus/leg/en/lvb/133053.htm

Од друга страна, воведувањето на Шенгенските правила едновремено означуваа и крупен чекор во борбата со трговијата со луѓе и нелегалната имиграција во целост. Конкретно, се појави нормативно правна база која ги регулира прашањата поврзани со издавање на виза, пограничните и другите видови контрола на надворешните граници на Унијата, соработката на полициските и службените органи, пред се во информатичката и казнено-правната сфера. Статус на универзални, овие норми, добија по нивната инкорпорација во правниот систем на Европската унија.

Работата на ЕУ против нелегалната имиграција и нејзината поврзаност со криминалот, доби нов импулс во 1999 година со влегувањето во сила на Амстердамскиот договор, според кој, како што е познато, во надлежност на наднационалните органи, преминаа дел од прашањата на правото и внатрешните работи. Токму тогаш, за земјите на ЕУ се отвори можност за развој на *стратегија за борба со нелегалната имиграција* во нов правно институционален формат. Во исто време почна разработката на основни нејзините елементи, како визната политика и практиката на давањето политичко прибежиште, заедничка погранична контрола на надворешните граници и учеството на европските имиграциски службеници во пограничната контрола на трети држави, размена на информации и создавање на заедничка европска база на податоци во обласа на миграциската политика и на политиката на давање азил, како и развој на политиката на репарација и реадмисија како во мултилатералните, така и во билатералните односи на земјите на ЕУ со земјите кои влегуваат во таканаречената „ризична група”.[21]

Од досега изнесеното, се гледа дека координираната борба со нелегалната имиграција на заедничко европско ниво, во комбинација со ефективни национални методи на решавањето на проблемот, е услов за успешен развој на процесот на интеграциско градење во рамките на ЕУ. Важноста на репресивната santoria политика на ЕУ во однос на организаторите, посредниците и помошниците на нелегалната имиграција се диктира, пред се, од неопходноста за обезбедување политичка, економска и социјална безбедност во врска со понатамошната консолидација на Европската унија.

Во секој случај, колку и да е загрижувачка ситуацијата со масовната имиграција на границите на ЕУ, многу повеќе проблеми се појавуваат непосредно на територијата на ЕУ. Но, тие проблеми се веќе од друга природа. Се работи за се поприсутниот број на имигранти, кој на демографски и политички план станува се позабележителен и влијателен.

21 Comprehensive plan to combat illegal immigration and trafficking of human beings in the European Union, 28 February 2002.

## Литература

1. Kiюtin V.G. Nelegalьnaя immigraciя v Evrosoюuze; vыzovы-otvetы / Kiюtin V.G., Kadыrov T.T Bi{kek,2005.

2. Orlov A.Immigracionnый bum. Gde re{enie problemы? Me`dunarodnaя `iznь, №7, 2001.

3. Privlov K. Ne {vartovatь! Itogi, 19 oktomvri 2004g

Sokolkovskaя O. Na ю`nom rube`e Soюza. Evropa, № 11(45), dekabrь, 2004

4. Antonio Vitorino, Justice and Home Affairs Commissioner, Commission proposes action to combat trafficking in human beings and sexual exploitation of children, Brussels, 2000/12/21, http: www.europa.eu.int/scadplus/leg/en/ivb/133089b.htm

5.Council Regulation determination obligations as between the member states of the re-admission of third-country nationals [Official Journal C353 of 7.12.1999].

6. Crime Assessment- Trafficking of human beings in the European Union, Trafficking of Human beings: A Europol Perspective 2004 http://www.europol.eu.int/publications/SeriousCrimeOverviews/2004/OverviewTHB2004.pdf

7. From Opening Video Address, Economic aspect of migration by Anna Diamantopoulou, Join European Commission/OECD Conference, The economic aspects of migration , Brussels, 21-22 January 2003

8. Hagler T.Trafficing: A human tragedy, 2002/02/17, http://news.bbc.co.uk/1/hi/talking_point/special/migration/default.stm

9. Miller J.Mark. The World on the move: Current trends in International migration, Global Dialogue; The era of mass migration, vol 4, №4, Autumn 2002. Tony Blair, EU signals action, 2002/05/21,http://news.bbc.co.uk/2/hi/europe/default.stm

10. Salt J. Current Trends in International Migration in Europe/J. Salt, Council of Europe, Strasburg, 2001.

11. Treaty establishing a Constitution of Europe, European Communities, 2005, (Article III-257).

12. http:// www.aes.org.ru/show.php?doc=231

.

.

Безбедност
Security

UDK/UDC 323.283/.285(100-622NATO)
Стручен текст / Scientific Paper

***Доц. д-р Фросина Ташевска-Ременски***
ПОЛИЦИСКА АКАДЕМИЈА, СКОПЈЕ

# СТРАТЕШКИОТ ОДГОВОР НА НАТО И ЕУ НА ТЕРОРИЗМОТ

АПСТРАКТ

Националната стратегија за борба против тероризмот САД и Европската стратегија за безбедност претставуваат стратешки документи за одговор на САД и ЕУ на тероризмот.
**Клучни зборови:** тероризам, стратегии, САД, ЕУ;

***Frosina Tashevska – Remenski, Ph.D., Docent***
POLICE ACADEMY, SKOPJE

# THE STRATEGIC RESPONSE OF NATO AND EU IN TERMS OF TERRORISM

ABSTRACT

The USA National Strategy for Fight against Terrorism and the European Security Strategy represent strategic documents regarding the response of USA and EU in terms of terrorism.

**Key words:** terrorism, strategies, USA, EU;

e-mail: ftremenski@policeacademy.edu.mk

## ВОВЕД

Предмет на овој труд претставува една кратка компарација на начинот на кој НАТО и ЕУ го третираат тероризмот во стратешките документи, по 11 септември 2001 година. Националната стратегија за борба против тероризмот (National strategy for combating terrorism) и Европската стратегија за безбедност (European security strategy), претставуваат рамка за борба против тероризмот, а се условени по терористичките напади на Њујорк, Вашингтон и Пенсилванија на 11 септември 2001 година. Намерата на овој труд е да го анализира, утврди и покаже начинот на кој во овие стратегии е дефинирана и поимно определена терористичката закана, нејзината содржина, значењето, како и факторите и последиците по сопствената и глобалната безбедност.

## АНАЛИЗА НА СТРАТЕГИИТЕ

### 1. Национална стретегија за борба против тероризмот на САД (US National strategy for combating terrorism)

***Националнат̄а ст̄рет̄еī̄ија за борба ӣрот̄ив т̄ероризмот̄ на САД*** е донесена во февруари 2003 година, како поддршка на ***Националнат̄а ст̄рат̄еī̄ија за безбеднос̄т̄ на САД***, чие трето поглавје е посветено на борбата против тероризмот. Ако ***National Strategy for homeland Security*** е насочена кон превенцијата од терористички напади внатре во САД, *Националнат̄а ст̄рет̄еī̄ија за борба ӣрот̄ив т̄ероризмот̄* е насочена кон откривање и спречување на заканите пред тие да ги преминат границите на САД.

Терористичките напади на Њујорк, Вашингтон и Пенсилванија од 11 септември 2001 година се означени како војна против САД, нејзините сојузници и идеите на цивилизираното општество.[1]

Тероризмот е дефиниран како *однаӣред смислено, ӣолит̄ички мот̄ивирано насилс̄т̄во кое субнационалнит̄е ī̄руӣи или т̄ајни аī̄ентӣ ī̄о извршиле ӣрот̄ив цивилни (noncombatant) цели.*[2] Целта на тероризмот, независно од државните или религиозните определби, претставува поткопување на владеењето на правото и предизвикување промени по пат на насилство и страв.[3]

Борбата против тероризмот се означува како ***top priority***. САД се определиле да ги користат сите средства во таа војна (дипломатска, економска, правна, финансиска, информациска, разузнавачка и воена), и тоа со помош на старите и новите сојузништва. Меѓутоа, ако биде потребно, САД ќе дејствува-

1 *Freedom and fear are at war*, National strategy for Combating Terrorism, во понатамошниот текст NsfCT, str.1;
2 NsfCT, str.1;
3 NsfCT, str.2;

ат самостојно, вклучувајќи во тоа и превентивно дејствување со што ќе се предупредат нови терористички напади. Борбата против тероризмот претставува и борба за основните демократски вредности и начинот на живот кои треба да обезбедат создавање на нови меѓународни односи и редефинирање на постоечките во согласност со новите предизвици на XXI век.

Иако тероризмот како појава не е ништо ново, денешната природа на терористичките закани е изменета и нова.[4] Терористичките групи во 70-тите и 80-тите години зависеле од државите-спонзори. Санкциите и меѓународната изолација придонесоа многу држави да престанат да го користат тероризмот и да „пружаат гостопримство на терористичките организации». Во тој период, таквите држави било лесно да се изолираат. Денес, со развојот на најновите научно-технички достигнувања и средствата за комуникација, терористите се прилагодиле на новите околности и создале мрежа на терористички организации, чиишто организациски ќелии егзистираат во сите делови од светот. Фактот дека терористите имаат можност да развиваат или поседуваат оружје за масовно уништување, претставува јасна и реална закана. Превентивното дејствување на САД во борбата против тероризмот би требало да ги спречи терористите да произведуваат или да го поседуваат ова оружје.

Оваа стратегија би требало да биде рамка во која релевантните политички одлучувачи и државни органи ќе дејствуваат во насока на спречување на терористички напади на САД, нејзините граѓани, интереси, пријатели и сојузници ширум светот, како и за создавање на меѓународно опкружување кое нема да им одговара на терористите и на оние кои ги поддржуваат. Поради сето наведено, дефинирана е стратегија за борба против тероризмот, која има формула **4D: defeat (да се победи), deny (да се одбие), diminish (да се намали) и defend (да се одбрани).**

Целта на САД е да ги порази терористичките организации ширум светот, така што ќе го открие и оневозможи нивното водство, командата, контролата, комуникациите, материјалната поддршка и финансиите со помош на сојузничките земји. Заради успешно откривање и спречување на тероризмот, на земјите сојузнички САД ќе им даде адекватна помош. За да ја постигнат оваа цел, САД планираат да ги користат сите инструменти на државната моќ. Првиот чекор во борбата против тероризмот е неговата идентификација, лоцирањето и запознавањето. Еден од неопходните услови и барања во борбата против тероризмот е соработката со сите земји во разузнавачките активности, пред сè во дистрибуција на разузнавачки податоци. Дека соработката во оваа област е значајна, посебно е нагласено со употреба на изразот разузнавачка агенција *(Intelligence Community).*[5]

Според Стратегијата, државите кои даваат поддршка на тероризмот мора да се примораат да се покорат на меѓународната обврска и да преземат одговорност, со што ќе ги оневозможат терористите да дејствуваат на нивна те-

4 NsfCT, str.7;
5 NsfCT, str.16;

риторија. Во еден од неговите говори, претседателот на САД, Џорџ Буш рече дека „сите држави се наоѓаат пред одлуката дали ќе се приклучат во борбата против тероризмот или ќе бидат на страната на терористите". Оваа стратегија ги дели државите врз основа на тоа дали се решени и способни да се борат против тероризмот. Оние кои сакаат и се способни ќе бидат охрабрени, а со заедничката борба ќе координираат САД. На оние држави кои сакаат, но не се доволно способни ќе им биде помогнато да изградат капацитети и институции кои им се потребни за оваа борба. На државите кои се неодлучни, *САД ќе им помогнат да сфатат дека мора да ги преземат своите меѓународни обврски*. Оние кои не сакаат да се придружат во борбата против тероризмот, можат да очекуваат одговор од САД кој е во согласност со заканата што ја претставуваат тие за нивните национални интереси.

Во овој дел на стратегијата акцентот е ставен на тоа дека, практиката на спонзорирање на тероризмот треба да биде искоренета. Како САД си земале право да утврдат кој е, а кој не е спонзор на тероризмот, се поставува прашање за валидноста на критериумите по спред кои САД го прават тоа, особено ако имаме предвид дека Ирак е означен како држава-спонзор на тероризмот и е обвинет за развој на оружје за масовно уништување, а во истражната постапка не е докажано ова тешко обвинување. Овие критериуми, како и прашањето на легитимитетот на американската улога, се појавуваат како најспорен дел на стратегијата и предизвикуваат, од една страна, полемики во научните кругови, а од друга страна, го отежнуваат практичното обезбедување на поддршка на американската борба против тероризмот. Свесни дека успехот не може да се постигне со унилатерално дејствување, САД ги повикуваат останатите земји да формираат *заеднички меѓународен фронт* против тероризмот. Во таа смисла, тие нагласуваат дека е потребно повеќе да се вложи во НАТО, како и да се обноват односите со Русија, Кина, Пакистан и Индија, при што минатото не треба да биде пречка.

Следна цел поставена со стратегијата е, спречување на давање материјална поддршка на терористите. Во таа смисла, потребно е секоја суверена држава да преземе контрола кад своите граници. Густата мрежа на односи кои го поврзуваат современиот свет го поттикнува развојот на тероризмот и ја отежнува борбата против него. Мултинационалните компании и меѓународните невладини организации се подеднакво погодни за поддршка на тероризмот, како и за поддршка во борбата против тероризмот.[6]

Третата компонента на 4D стратегијата е насочена кон тоа да ги **ублажи** причините кои терористите ги користат како изговор и оправдување за своите активности. Тие причини се, пред сè сиромаштијата, социјалната лишеност и обесправеност. Терористите не се, особено не легални и официјални, претставници на народот кој е вистински погоден од овие проблеми. САД имаат намера да ги намалат заканите што ги предизвикуваат овие проблеми, преку соработка со сојузниците, развој на слободната пазарна економија, како и со

6 NsfCT, str.18

развој на демократските институции и владеењето на правото. Прифаќајќи дел од одговорностите за настанатите услови, САД го истакнуваат барањето, владите на државите во кои се јавуваат овие проблеми да ја преиспитаат својата политика и да се насочат кон постигнување на благосостојба за своите граѓани. Во таа смисла, настанокот на билатералните и мултилатералните напори, како што е ***US-Middle East Partnership Initiative*** значи промоција на добра управа и владеење на правото, како и промоција на човековите слободи и права.

Победата во „војната на идеи” ќе се постигне со делегитимизација на тероризмот и идеологијата што тој ја промовира. Тоа значи дека тероризмот би требало да се третира како било кој облик на криминал, и адекватно да се санкционира. Во овој дел на стратегијата првпат се спомнува религиозниот идентитет на непријателот. САД имаат намера да ја поддржат модернизацијата и модерната влада во муслиманскиот свет (The Muslim World).[7]

Истакнувајќи дека решавањето на израелско-палестинскиот спор влијае на тоа како САД ќе бидат перцепирани во муслиманскиот свет, авторите на оваа стратегија тврдат дека пронаоѓањето на решение за овој конфликт е клучната точка во „војната на идеи”. Независна и демократска Палестина, која живее во мир покрај Израел, претставува американско оправдување. Иако САД имаат улога на клучен посредник, се смета дека не може да има стабилен мир без договор, како и без прифаќање на обврските и од едната и од другата страна. САД признаваат дека овој регион е значаен за американските интереси, но го изоставаат преиспитувањето на сопствената улога во израелско-палестинскиот спор, иако тоа е една од најчесто наведуваните причини поради која арапскиот свет е огорчен на американската политика. Но, и покрај тоа САД се спремни и решени да ја задржат својата улога на главен посредник.

Последната цел на 4D стратегијата е **одбрана** на америкаскиот суверенитет, територијата и националните интереси, како внатре во земјата, така и во странство. Ова подразбира физичка и кибернетска заштита на САД, нејзиното население, имотот и интересите, и тоа во согласност со демократските принципи. САД поаѓаат од стојалиште дека нападот е најдобра одбрана. Во остварувањето на оваа цел ќе бидат ангажирани, федералните, државните и локалните власти, како и приватниот сектор и амариканските граѓани.

Современата терористичка закана не е насочена само кон загрозување на териториите, туку и кон сите области на живот во државата. Во таа смисла, постигнувањето на високо ниво на знаење и свест за *сè што се случува во воздух, на земја, на море и во сајбер подрачјето,* а претставува закана за американската безбедност, претставува средство за рано откривање на заканите и креирање на брз одговор пред тие да го поминат државните граници.[8]

САД, односно подрачјето кое се нарекува „критична инфраструктура” и ја опфаќа електроенергетиката, телекомуникациите, банкарството, финан-

7 NsfCT, str.24;
8 NsfCT, str.26;

сиите и прометот, во голема мера зависат од информациските технологии. Од овие подрачја зависи секојдневното функционирање на земјата, а всушнот тие се мета на терористички акции. За нивната одбрана одговорни се и јавниот и приватниот сектор, сопствениците и вработените, како и корисниците на системот.

Заштитата на американските граѓани во странство, кои можат да бидат потенцијални мети на терористички напади, претставува една од целите на овој дел од стратегијата која се однесува на одбраната. Информирањето за можните закани претставува еден од начините да се заштитат граѓаните кои живеат или патуваат во странство.[9] Министерството за правда и Министерството за надворешни работи на САД се обидуваат да влијаат на државите да ги преземат правните процедури кои ќе го санкционираат киднапирањето. Во таа смисла, тие пружаат секаков вид на помош за напорите на другите држави да изградат правен систем и институции кои ќе ја гарантираат примената на овие процедури.

Функционирањето на успешен *инцидент менаџмент* заради превенција од катастрофи предизвикани од терористички напад, подразбира координација, планирање и интероперабилност, која ја засновува и поддржува донесувачот на одлуки. ***Foreign Emergency Support Team,*** во соработка со државите домаќини, има задача да го заштити персоналот и имотот на американските амбасади. За тоа е потребно да се обезбеди кадар, опрема, транспорт и обука, како и соодветна процедура на *инцидент менаџмент,* бидејќи тоа обезбедува дејствување против секоја терористичка закана, вклучувајќи ја во тоа и „критичната инфраструктура".

Во заклучокот на американската Национална стретегија за борба против тероризмот стои дека „војната против тероризмот не е исто што и судирот на цивилизациите. Всушност, тоа е судир помеѓу цивилизацијата и оние кои сакаат да ја уништат. Ако терористите ја користат предноста на глобалното опкружување за да дејствуваат низ целиот свет, американскиот одговор, исто така, мора да биде глобален". Авторот на оваа стратегија смета дека војната против тероризмот е посебен вид на војна и дека окончувањето на конфликтот нема да биде ниту брзо, ниту лесно. Во борбата против тероризмот САД се спремни да ги употребат сите ресурси на националната моќ, и во таа борба „на четири фронта" да победат.[10]

Националната стратегија за борба против тероризмот претставува една од неколкуте специјализирани стратегии, кои ја следат Националната стратегија за безбедност на САД. Донесена е пет месеци по нападот на Њујорк, Вашингтон и Пенсилванија. Како и говорите на Џорџ Буш, Националната стратегија за безбедност и Националната стратегија за борба против тероризмот, пишувани се на многу јасен начин, во офанзивен тон и со емоционален набој. Цврстата определба дека во борбата против тероризмот, трајно и долготрајно

9 NsfCT, str.25;
10 NsfCT, str.29;

ќе се одговара со сите расположиви воени средства, претставува клучен став на американската влада. Авторите на стратегијата ги дефинирале главните цели чие остварување треба да доведе до конечна победа против тероризмот на глобално ниво, од позиција на САД како единствена глобална суперсила. Оваа позиција им овозможува на САД, од една страна, често да инсистираат на сојузништво и меѓународна подршка, а од друга страна, да дејствуваат унилатерално. За да добијат подршка САД се обраќаат на сите држави во светот, било да се слаби или јаки, пријатели или непријатели, а за себе ја доделуваат главната улога во водењето на борбата против тероризмот.

Се инсистира и на почитување на меѓународните правни обврски за учество во борбата против тероризмот, кои произлегуваат од членството во меѓународните институции, посебно од Резолуцијата 1373 на Советот за безбедност на ООН. Од секоја држава се бара сите институции, процедури и правната регулатива да ги прилагоди на спречувањето и казнувањето на тероризмот.

Клучна намена, а истовремено и најспорна, претставува превентивното дејствување со воени средства во оние држави за кои САД процениле дека се спонзори на тероризмот, или дека развиваат или поседуваат оружје за масовно уништување. Оваа стратегија потврди дека САД решиле да водат превентивна војна, што веќе е искажано во Националната стратегија за безбедност.

## 2. Европската стратегија за безбедност

Првата реченица од Европската стратегија за безнедност, усвоена во Брисел на 12 декември 2003 година, гласи: „Европа никогаш не била толку просперитетна, толку безбедна и толку слободна”. Сепак, Европа се уште се соочува за предизвиците и заканите по сопствената безбедност.

ЕУ, главните глобални предизвици ги гледа во сиромаштијата, еколошките проблеми, зависноста од ограничувањата на изворите на енергија и водата и поради тоа предизвиканите миграции и болести.

Иако се истакнува дека повеќе не постои можност за поголем напад на некоја држава-членка, ЕУ новите закани за својата безбедност ги гледа како „разновидни, а помалку видливи и предвидливи”. Според последиците што ги предизвикува, тероризмот го дефинира како активност која „ризикува човечки животи, предизвикува огромни трошоци, ја поткопува отвореноста и толерантноста на нашето општество и станува растечка закана за цела Европа”. Бранот на тероризам во САД и Европа се дефинира како глобелен и поврзан со насилниот религиозен екстремизам.[11]

Европа е и мета и база на тероризам. На нејзина територија се наоѓаат како ќелиите на Ал Каеда, така и ќелии на терористички организации кои никнале и дејствуваат на нејзиното тло.[12]

11 Dr Steve Biscop, The European Security strategy, Implementing a distinctive Approach to security, Royal Institute for International Relations, Brisel, www.irri-kiib.be

12 Исто;

Останатите закани, како што се пролиферација на оружје за масовно уништување, регионалните конфликти, неуредени држави и организираниот криминал се меѓусебно поврзани, но се поврзани и со тероризмот и со глобалната небезбедност.Тоа што мали терористички групи развиваат и поседуваат оружје за масовно уништување може да доведе до „асиметричен судир" чишто последици можат да бидат поразорни и од напад на воена сила. Државите поткопани од корупција, сиромаштија и слаби институции се извор на граѓански судири и нестабилност во регионот. Организираниот криминал, посебно трговијата со дрога и *sex trafficking* претставуваат најголема внатрешна закана за Европската унија.

Во оваа стратегија, тероризмот е означен како најголема закана за безбедноста на Европската унија. Наведувањето на други предизвици и закани не го намалуваат значењето на тероризмот, но претставува реална можност ЕУ да биде мета на терористички напад. Сите наведени закани имаат врска со тероризмот и со него се тесно поврзани во причинско-последичен однос. Иако стратешкиот одговор на сите предизвици и закани по безбедноста на ЕУ се замислени како невоени и мултилатерални, тоа не значи дека Европа нема да ги третира доволно сериозно терористичките закани.[13]

Стратешката определба на Европската унија е да ја одбрани својата безбедност и да ги шири своите вредности преку остварување на следниве цели:

- спроведување на усвоениот договор ***European Arrest Warrant,*** со што сака да го спречи финансирањето на тероризмот, како и соработка со САД во борба против тероризмот;
- спречување на пролиферација на оружје за масовно уништување, контрола на извозот, и тоа во соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија;
- интервенција на членките на ЕУ во случај на регионални конфликти, градење на институции во постконфликтни општества, како и борба против организираниот криминал кој ја поминува границата на ЕУ.

Во ерата на глобализацијата и оддалечените конфликти влијаат на развојот на ЕУ, која има намера како „глобален играч" да се вклучи во нивното решавање.[14]

Новите закани бараат нови одговори. ЕУ смета дека тие не мора да бидат секогаш од воена природа. Главната карактеристика на оваа стратегија е давање предност на невоените средства во решавањето на судирите, како начин безбедноста да се обезбеди во подолг временски период.

Конфликтите на границите на ЕУ кои зад себе оставија неуредни држави, претставуваат безбедносна закана која ЕУ е спремна да ја реши, и тоа со ширење на демократски вредности, градење на институции и соработка со државите на исток. Тоа што ЕУ се шири и на постконфликтните општества бара

13 Исто, стр.17;
14 Исто, стр.18;

вакво решение. ЕУ покажа дека тоталитарните режими можат да се трансформираат во демократски општества по мирен пат (источноевропските земји кои сега се членки на ЕУ).

Решавањето на израелско-палестинскиот судир претставува стратешки приоритет за Европа и таа него го гледа во заедничко дејствување на завојуваните страни и ЕУ, САД, ООН и Русија.

Европската унија има визија за меѓународен поредок заснован на ефикасен мултилатерализам. Во таа смисла, меѓународните односи би требало да почиваат на институционална соработка и на меѓународното право. Исто така, би требало да биде вратена улогата на ОН како рамка на меѓународната соработка, а Советот за безбедност во рамките на меѓународниот мир и безбедност. Посебно е истакнато значењето на меѓународните трговски и финансиски институции, на безбедносните (НАТО и ОБСЕ) и регионалните организации за меѓународна соработка и мир.[15]

Заради превенција од заканите што ги идентификувала, ЕУ има намера да развие „стратешка култура". Превентивното дејствување може да ја спречи појавата на многу сериозни проблеми во иднина. Како на овој начин би интервенирала, ЕУ има намера да ги развие своите дипломатски потенцијали, да ја трансформира својата воена сила и да ги зајакне разузнавачките служби. Со такви капацитети во рамките на постојаниот аранжман ЕУ-НАТО и Повелбата на ООН, како и во склад со меѓународното право, ЕУ ја гледа својата улога во решавањето на кризите и обезбедување на безбедност за себе и за другите.

## 3. Различен стратешки пристап кон тероризмот

***Теоретските концепти на кои се темелат наведените стратегии*** се различни. Стратегијата на САД за борба против тероризмот се темели на *реалистичен пристап* кон меѓународните односи и безбедноста, според кој државите се главни субјекти во меѓународните односи, но и главни субјекти и објекти на безбедноста. Безбедноста се достигнува со зголемување на сопствената моќ, и тоа пред се, воената. Поаѓајќи од тоа дека состојбата во меѓународните односи е анархична и дека не постои централен авторитет кој ќе ги обврзе државите во меѓусебните односи да се однесуваат на одреден начин, застапниците на овој концепт сметаат дека безбедност можат да обезбедат само држави со големи економски, политички и воени капацитети.

Агресивниот тон и реал-политичкиот дискурс со кој владеат поимите моќ, сила, претставуваат главни карактеристики на стилот со кој е пишувана стратегијата. Квалификациите на непријателите, нивните цели и идеологии кои се негативно емотивно обоени повикуваат на безкомпромисна борба. Војната против тероризмот, истовремено е и војна за сопствениот систем на вредности и начин на живот и се вика „војна на идеи". Во него постојат вред-

15 European Security strategy, str.9;

носни категории на добро, зло, слобода и страв, цивилизираност и варварство. Практично, војната е вооружан судир кој го карактеризираат човечки жртви и материјално разнебитување.

Иако САД се жртва на терористички напад, тие ќе се бранат според принципот дека „нападот е најдобра одбрана". Офанзивниот карактер на стратегијата е обликуван во реалполитички категории-defeat (да се победи), deny (да се одбие), diminish (да се намали) и defend (да се одбрани). Целта на оваа војна е потполно уништување на тероризмот, односно невидливиот непријател кој има мрежи по целиот свет и кој може да нападне било кога и било каде. Асиметричната војна во која се наоѓаат САД укажува на тоа дека воената и економската моќ не гарантираат безбедност. Сепак, во моделирањето на својот одговор САД се потпираат токму на овие две категории на моќ. Националниот интерес е одреден од геополитичките и геоекономските интереси кои се „ѕвезда водилка» на американската експанзиониостичка политика. Претседателот Буш рекол дека нема цена која Америка нема да ја плати за да победи во војната против тероризмот. Поинаку речено-целта ги оправдува средствата.

Стратегијата за безбедност на Европската унија почива на *либерално-институционалистичкиот пристап*. Таа, меѓународните односи, исто така ги карактеризира како анархични, но нивното обликување и уредување ги гледа во градењето на институции. Државите можат да се договараат и да ги уредуваат своите односи, така што интересите на сите земји да бидат земени во предвид. Државата и понатаму е главен субјект на меѓународните односи и главен субјект и објект на безбедноста, но со пренесување на дел од суверенитетот на наднационалните организации се обезбедува секоја држава да се однесува на начин кој е во согласност со интересите на сите земји членки. Институционализираните правила и процедури во меѓусебните односи на државите претставува одбрана од волунтаризм и агресивно однесување на оние држави кои тежнеат кон тоа да ги задоволат своите интереси. Поради тоа оваа стратегија и во областа на достигањата и зачувувањењто на безбедноста предност им дава на институциите и организациите, пред се ООН и Советот за безбедност, кои се занимаваат со прашањата на војна и мир во светот. Либерално-институционалистичкиот пристап подразбира поими како што се соработка, преговори, компромис, превенција, ширење на демократски вредности, градење на институции и владеење на правото. Тие претставуваат и клучни поими на одговорот на современите закани по безбедноста. Воената сила е исто така важна, но претставува последно средство, а нејзината примена мора да биде во согласност со меѓународното право и со дозвола на ОН.

***Сфаќањето за опасноста од тероризам*** е уште една разлика помеѓу амариканската и европската стратегија. За САД тероризмот претставува главна и најголема закана за националната безбедност. На второ место, но во тесна врска со првата, се наоѓа ширењето на оружјето за масовно уништување. За ЕУ, пак, тероризмот претставува најголема закана по безбедноста, но не и единствена. Ширењето на оружјето за масовно уништување, организирани-

от криминал, еколошките проблеми и миграцијата претставуваат закани како последици кои зад себе го оставил процесот на глобализација. ЕУ тероризмот го гледа како внатершна закана и според тоа ги идентификува државите-членки во кои се сместени ќелии на меѓународни терористички организации.

***Одговорите на тероризмот*** се моделираат во склад со теоретскиот концепт на стратегијата и начинот на кој таа ја сфаќа терористичката закана. Така, САД се определиле за превентивна војна против тероризмот, која ќ е ја водат надвор од своите граници. Во таа војна САД бараат сојузници, но се спремни да дејствуваат и унилатерално. Исто така, тие се спремни да го земат правото според нејасни критериуми да означуваат одредени држави како отпаднички и со нив воедно да се пресметуваат. ЕУ својот одговор го конципира во согласност со либерално-институционалистичкиот принцип, и акцентот го става на спречување или ублажување на причините за тероризам. САД сметаат дека војата против тероризмот ќе биде тешка и ќе трае долго. Стратезите на ЕУ сметаат дека ниедна војна не може да трае вечно и дека мора да се заврши со мир. Сила е потребна само во воспоставување на поредок, и тоа како последно решение. За да се употреби сила потребно е претходно да бидат исцрпени сите политички средства, особено ако се има предвид дека тероризмот е политички мотивирано насилство насочено кон предизвикување на политички промени. За разлика од САД кои се спремни на унилатерализам, ЕУ инсистира на мултилатерализам. Тероризмот претставува глобална закана и на неа може да одговори единствено глобална суперсила која дошла до позиција на чувар на глобалната безбедност. Мултилатералното ангажирање би можело да биде делотворен одговор, но затоа е неопходно уважување на потребите на другите, како и на меѓународното право и маѓународните институции.

**Литература:**


1. Џонатан Вајт, „Тероризам", 1 дел-Криминологија тероризам, www.alexandria-press.com;
2. „The new global terrorism: characteristics, causes, controls", (2004) ed. by Charles W. Kegley, Jr. Prentice Hall, New Jersey,;
3. Ricard Folk (2003), Veliki teroristicki rat, Filip Visnjic, Beograd;
4. Dr Steve Biscop, The European Security strategy, Implementing a distinctive Approach to security, Royal Institute for International Relations, Brisel, www.irri-kiib.be
5. Ivan Jankovic (2002), Terorizam izmedu siromastva i sukoba civilizacija, во: "Svet posle 11. septembra", NSPM, Beograd;
6. Freedom and fear are at war, National strategy for Combating Terrorism (NsfCT);
7. Žan Bodrijar (2001), *Globalizacija još nije pobedila*, во: „Svet posle 11, septembar", NSPM, Beograd;
8. Bernar Anri-Levi (2002), Rat za prosvecenost, во: "Svet posle 11. septembra", NSPM, Beograd;
9. Ricard Folk (2003), Veliki teroristicki rat, Filip Visnjic, Beograd;
10. http://www.inlink.com/-civitas/res9596/terror.html
11. http://www.fbi.publish/terror/terrusa.html

Политички науки
Political Sciences

UDK/UDC 321.728(197.7)
Научен текст / Scientific Paper

***Д-р Илија Тодоровски***
Факултет за политички науки и меѓународни односи - Прв приватен универзитет ФОН

***Ilija Todorovski, Ph.D.***
Faculty of Political Sciences and International Relations – First Private University FON

# КОМПАРАТИВНИ АСПЕКТИ НА ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМИ ВО СВЕТОТ

# COMPARATIVE ASPECTS OF THE POLITICAL SYSTEM OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE CONTEMPORARY POLITICAL SYSTEMS IN THE WORLD

АПСТРАКТ

Република Македонија стана суверена и независна држава во 1991, вршејќи радикални политички и економски промени, во духот на современите светски трендови. Овие реформи, на концепциско и програмско ниво, мораа да бидат ставени во новиот Устав, донесен истата година. Но, поради недостаток на време и визија, концепцијата на новиот општествен систем, покрај извесни достигнувања, се карактеризираше и со битни пропусти.

ABSTRACT

The Republic of Macedonia became a sovereign and independent state in the year 1991, performing radical political and economic changes following the contemporary world trends. These reforms, at both conceptual and program level, had to be embedded in the new Constitution, which was adopted in the course of the same year. Nevertheless, due to lack of time and vision, the conception of the new social system, apart from certain accomplishments, was characterized by crucial

Во областа на државната организација, најбитниот пропуст беше создавањето на законодавен орган, политички речиси целосно неодговорен, поради неможноста да биде распуштен и поради малите можности законите кои ги донесува да бидат оспорени од некаков политички субјект.
Во тој контекст, преку споредба со современите политички системи, во овој труд се идентификуваат ситуации за зголемување на одговорноста на македонскиот законодавен орган преку негово распуштање и отповик на неговите претставници.

**Клучни зборови:** политички систем, Република Македонија, собрание, Претседател на РМ, отповикување

omission as well.
In the area of state organization, the most significant omission was the establishment of a legislative body, politically almost utterly irresponsible, due to the impossibility of being adjourned and due to the slim chances of having these laws disputed by any political entity.
In such a context, by means of comparison with the contemporary political systems, this work identifies situations for increasing the responsibility of the Macedonian legislative body by means of its dissolution and revocation of its representatives.

**Key words:** political system, the Republic of Macedonia, Assembly, President of RM, revocation

## 1. ВОВЕД

Република Македонија стана суверена и независна држава во 1991 година, кога го донесе и својот Устав. Независноста дојде како резултат на дезинтеграцијата на СФР Југославија, во услови кога конфронтацијата помеѓу југословенските Републики беше голема, и која доведе и до вооружен судир меѓу нив. Историскиот миг наложуваше да се дејствува брзо, и да се формира независна и суверена држава, чија севкупна организација ќе биде осмислена во духот на современите трендови. Тоа подразбираше повеќе радикални промени, првично фокусирани во областа на политичкиот и економскиот систем. Во тој контекст, прво, СР Македонија, дотогашната федеративна единица на СФР Југославија, требаше да се трансформира во независна и суверена држава со унитарен карактер; второ, требаше политичкиот систем на работничко самоуправување да се замени со повеќепартиски политички систем; трето, собранискиот политички систем, кој повеќе одговараше на социјалистичкиот карактер на државата, требаше да се замени со парламентарен систем, заменувајќи го принципот на единство на власта со принципот на поделба на власта, а во областа на економијата требаше договорната економија да се замени со пазарна, а општествената сопственост на средствата за производство со при-

ватна. Сите овие реформски зафати, иако само на концепциско и програмско ниво, мораа да бидат ставени во новиот Устав, кој беше донесен при крајот на 1991. Истиот беше донесен во краток временски период, така што за неговото целосно обмислување недостасуваше и време, поради надворешните притисоци врзани за признавањето на македонската држава, но недостасуваше и критична маса на сознанија како да се востанови нов општествен систем прилагоден на македонските специфики - кај значителен дел од македонската научна и политичка јавност. Со тоа, Уставот од 1991, кој даде тек на транзициските процеси во Република Македонија, покрај извесни достигнувања, се карактеризираше и со битни пропусти.

Со текот на времето, дојде до определена стабилизација на бурните процеси кои го карактеризираа овој период. Кон крајот на 1995 година дојде до делумна стабилизација на односите со Грција и крај на војната во Југославија, со што блокадите за трговија и промет на стоки и услуги во насока на Грција и бившите југословенски републики беа отстранети, а тоа доведе и до крај на негативниот економски тренд. На почетокот на наредната деценија, процесот на приватизација, иако претежно неуспешен, беше завршен, а по војната во Република Македонија (2001) започна процесот на децентрализација, со што јавното внимание беше свртено кон локалната самоуправа, во која дојде до битно зголемување на локалните надлежности, но и недоволни средства за нивна реализација. Секако, овој миг, кога процесот на децентрализација, и покрај големите проблеми со кои се соочува, има своја развојна динамика, обезбедува простор дел од општествената енергија да се насочи кон промена на друг дел од политичкиот систем, односно кон реорганизација на државната власт.

Мотивот да се актуелизира оваа тема денес лежи во околноста што веќ е постојат емпириски искуства за функционирањето на политичкиот систем во сите негови сегменти и порелаксантно време за преиспитување на поставеноста и функционирањето на државните институции. Имено, она што е забележливо дека треба да се стори е да се воведе систем на одговорност на сите побитни институции во системот, односно можност секоја политика или побитните законски решенија да можат да бидат политички преиспитани и оспорени доколку тие не се во интерес на граѓаните. Уште поконкретно кажано, политичкиот систем на Република Македонија се карактеризира со Собрание, како законодавен орган кој ниту еден орган не може да го распушти, значи е политички неодговорно, и во таков случај, во своето функционирање може да предизвикува субоптимално функционирање на целокупниот политички и општесвен систем. Секако, и конституирањето и дејствувањето на некои други институции би можело да биде преиспитано и ревидирано.

## 2. ГЕНЕЗА (ИСТОРИЈАТ) НА ПРОБЛЕМОТ

Претходник на системот кој почна да се гради во транзицискиот период беше собранискиот систем, востановен во повоениот период, кој доби своја последна разработка со уставите на СФРЈ и СРМ од 1974 година. Според Уставот на СРМ од 1974 година, Собранието на СРМ претставуваше орган на општественото самоуправување и највисок орган на власта на Републиката (чл. 147). Во тој контекст, Собранието имаше бројни надлежности, од кои најзначајни беа:

- да ја утврдува политиката и да одлучува за основните прашања од значење за политичкиот, стопанскиот, социјалниот и културниот живот и општествениот развиток;
- да го донесува општествениот план, буџет, прописи, и другите општи акти;
- да претресува прашања од областа на народната одбрана, безбедноста и општествената самозаштита, итн.

Собранието на СРМ имаше надлежност да формира органи на управа, кои имаа обврска да ја спроведуваат утврдената политика и да ги извршуваат законите, прописите и другите општи акти на Собранието и на извршниот орган. Собранието, исто така, имаше надлежност да формира Извршен совет како извршен орган на Собранието на СРМ. Овој беше одговорен за спроведувањето на политиката и за извршувањето на законите пред Собранието на СРМ. Изборот и именувањето на сите функционери на Извршниот совет на Републиката, другите функционери во државната управа и судиите на повисоките судии, беа во надлежност на Собранието на СРМ.

Односот помеѓу законодавниот и извршниот орган беше профилиран преку нивните надлежности. Собранието имаше надлежност

- да основа органи на управата;
- да избира, именува и разрешува определени функционери на тие орегани;
- да врши политичка контрола над работата на својот извршен орган и органите на управата, итн. (чл. 160).

Од изложеното може да се согледа дека политички доминантен орган беше Собранието, што е во духот на принципите на функционирање на собранискиот политички систем. Тоа не можеше да биде распуштено од било кој друг државен орган или друг субјект на политичкиот систем. Сепак, определена контрола или ограничување на неговото дејствување или одговорност можеше да се согледа преку неколку институции:

- уставот го стипулираше постоењето на Уставниот суд на СРМ, кој беше носител на заштитата на уставноста, односно, чија функција беше да востанови дали републичките закони, значи тие кои ги носи Собранието, се во согласност со Уставот на СРМ (чл. 253 и 254);

- делегатите во Собранието можеа да бидат отповикани (чл. 157);
- Собранието на СРМ можеше да распише референдум заради претходно изјаснување на работните луѓе за одделни прашања од негова надлежност, или заради потврдување на закони, прописи, и други општи акти. Одлуката донесена на референдум беше задолжителна (чл. 163).

Во текот на 1990 и 1991 година дојде до трансформација на политичкиот систем, пред се преку воведување повеќепартиство, за што претходно говоревме. Со цел на понатамошно прилагодување на својот политички систем кон западните развојни трендови, Република Македонија прокламираше и направи извесен политички и легислативен напор за воведување на парламентарен политички систем, што беше прифатено во медиумите и дел од научната јавност. Со Уставот од 1991 и беа воведени определени промени, кои носат определена мешовитост на системот, но сепак во системот политички доминира Собранието, што значи, дека и покрај тенденцијата да се оди на мешовитост, сепак политичкиот систем на РМ во значителна мера содржи и компоненти и принципи на функционирање на собранискиот политички систем. Аргументи за ова нудат начинот на конституирање и надлежностите на побитните органи на државната власт. Подетално разработено:

- **Уставот** јасно ги разграничува законодавната, извршната и судската власт, што е карактеристика на политичките системи каде доминантен принцип на организацијата на државната власт е поделбата на власта, а такви се парламентарниот и претседателскиот систем;

Носител на **законодавната власт** е Собранието на РМ, кое е и претставнички орган на граѓаните. Тоа го:

- донесува и изменува Уставот
- донесува закони и дава нивно автентично толкување
- ги утврдува јавните давачки
- ратификува меѓународни договори
- донесува највисоки одлуки за постоењето на државата, како одлуки за војна и мир, менување на границите, итн.;

**Извршната власт** е бицефална - составена е од Претседателот на РМ и Владата на РМ. Во овој контекст, политичкиот систем на РМ ја носи карактеристиката на секој парламентарен систем, каде власта е бицефална, и е поделена помеѓу шефот на државата и владата.

Шефот на државата, односно **Претседателот на РМ**, игра далеку побезначајна улога во извршната власт. Тој

- го определува мандатарот за состав на Владата на РМ, но следејќи ја уставната определба мандатарот да и припаѓа на партијата или партиите кои имаат мнозинство во Собранието;
- ги поставува и отповикува со указ амбасадорите и пратениците на РМ во странство;

- предлага избор на високи државни функционери;
- именува и разрешува и други носители на државни и јавни функции утврдени со Устав и закон, во кои не влегуваат министрите или високите судски органи;
- е претседател на Советот за безбедност на РМ, во кои влегуваат високи функционери во областа на безбедноста, одбраната и надворешните работи, итн.

Носител на извршната власт е **Владата**. Како и во многу парламентарни системи, таа

- ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување;
- предлага закони, републички буџет, и други прописи што ги донесува Собранието;
- предлага просторен план на РМ;
- донесува уредби и други прописи за извршување на законите;
- дава мислења за предлозите на закони кои на Собранието му ги поднесуваат други овластени предлагачи;
- воспоставува дипломатски и конзуларни односи со други држави, итн.

Притоа, некарактеристично за парламентарниот систем е Претседателот да биде избиран од граѓаните. Во Парламентарниот систем шефот на државата е или наследен (монарх) или е биран од законодавниот орган на државата, односно парламентот. Оваа карактеристика, Претседателот на државата да биде биран од граѓаните се среќава или во претседателски систем (САД) или во полупретседателски систем (Франција)

- РМ има независно судство. Во тој контекст, покрај Врховниот суд на РМ, кој е највисок суд во Републиката, и го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите, има и Уставен суд, кој ја штити уставноста и законитоста. Суд со овластувања да ја цени уставноста на законите се среќава и во парламентарните и во претседателските политички системи, а во Република Македонија има и своја историска димензија, односно е институција преземена од претходниот систем.

Ако и во овој период се анализираат меѓусебната поставеност на трите власти во Република Македонија, онака како што е тоа содржано во Уставот, секако ќе се забележат нецелосни, но не и занемарливи сличности со тие од претходниот период, односно со собранискиот политички систем. Имено, иако мандатарот, односно идниот премиер се определува од страна на Претседателот на државата, секако, земајќи ги предвид изборните резултати, Владата на предлог на мандатарот ја бира Собранието на РМ (чл. 90). Владата, и секој нејзин член, за својата работа одговара пред Собранието. Интерпелација може да се постави за Владата и за секој нејзин член поединечно (чл. 72). Притоа, Собранието може да и изгласа недоверба на Владата (чл. 90). На Владата и

престанува мандатот и кога Собранието се распушта, а доколку Претседателот на Владата предложи разрешување на повеќе од една третина од членовите на Владата од првобитниот Состав, Собранието одлучува како за избор на нова Влада. Собранието, од своја страна може да се распушти само ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници (чл. 63). Значи, меѓу Владата, која е стожер на извршната власт, и Собранието на РМ, како единствен законодавен орган, не постои политичка рамнотежа, следејќи ја нивната правна поставеност во Уставот. Собранието може да ја распушти Владата, Владата не може да го распушти Собранието. Исто така, Собранието ги избира и судиите на Уставниот суд на РМ. Единствено ограничување од страна на извршната власт врз законодавната е суспензивното вето кое Претседателот на државата може да го стави врз законите што ги донесува Собранието, но со изразито краток рок. Веќе на наредната седница Собранието може да го донесе законот, кој бил под вето на Претседателот на РМ, при што при повторното донесување на законот, претседателот на Републиката е должен да го потпише Указот за прогласување на законот (Чл. 75).

Собранието на РМ, и во транзицискиот период, значи после 1991 година, има извесни ограничувања во своето дејствување. Едно веќе спомнато е суспензивното вето на Претседателот на донесените закони. Друго ограничување, како и во претходниот период е, Уставниот суд на РМ да прогласи неуставност на некој закон, односно неусогласеност на конкретен закон со Уставот, што има ефект на апсолутно вето. Третото ограничување лежи во можноста најмалку 150.000 избирачи да поднесат предлог за распишување референдум за одделни прашања во надлежност на Собранието, при што Собранието е должно да распише референдум во таков случај, а одлуката на референдумот е задолжителна (чл. 73).

Имајќи ги предвид претходните околности, би можеле да заклучиме дека Собранието како орган има свои ограничувања, но тие во практика се мали. Суспензивното вето на Претседателот може да биде временски сведено на изразито краток период, понекогаш на еден месец, а тоа не повлекува отежнат начин на одлучување, како во САД, каде суспензивното вето на Претседателот бара двотретинско мнозинство при повторно разгледување односно донесување на односниот закон, и тоа во двата дома - Претставничкиот дом и Сенатот. Ограничувањето на Уставниот суд се сведува само на правната усогласеност на донесениот закон со Уставот или системските закони, што е сепак помал дел од проблемот, бидејќи многу закони се усогласени со Уставот, но не се доволно стручно или политички издржани, односно не произведуваат развојни ефекти или подобрувања во функционирањето на целокупниот општествен систем. Што се однесува до референдумската можност на граѓаните, таа постои, но ретко би можела да се искористи, бидејќи, собирањето на 150.000 потписи во Република Македонија е тешко изводлива операција, поради недоволно високото ниво на политичка култура, но и поради идеолошката, верската и етничката фрагментираност на населението во РМ, така што таков

зафат би можел да биде организиран и успешен во изразито ретки случаи, со што, сепак речиси во целост, законите се резултат на работата на Собранието. А Собранието, веќе спомнавме дека не може да биде распуштено од друг државен орган или друг политички субјект, при што во транзицискиот период, после 1991 година, отповикот на пратениците како институција која претпоставува политичка одговорност на пратениците отпадна, со што стигнуваме до тоа дека Собранието и во овој период останува речиси целосно политички неодговорно.

## 3. КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА

Политичката неодговорност на еден ваков значаен орган не претставува позитивна препоставка за функционирањето на политичкиот систем. Политичката неодговорност може да се манифестира преку разгледување на нерелеванти прашања, преку одлуки кои не кореспондираат со мислењето и потребите на граѓаните, преку разгледување и на релевантни прашања на екстензивен и не секогаш конструктивен начин. Значи, Собранието може да си дозволи неефикасност или неконструктивност преку донесување на закони и други прописи, кои можат да не претставуваат развоен фактор. Политичка неодговорност во современите политички системи би можела да постои кај некој политички орган, каков што е монархот или шефот на државата во британскиот политички систем, кој е политички маргинализиран во функционална смисла, или во претседателскиот систем, каде законодавниот дом никој не може да го распушти, но неговото дејствување е под силни кочници и од страна на Претседателот, како носител на извршната власт, и од Врховниот суд, како највисок носител на судската власт. Претседателот му наметнува кочници или ограничувања на Конгресот преку неговото обраќање до Конгресот на почетокот на секоја година со *Пораката за состојбата во Унијата*, со што му наметнува разгледување на неговата законодавна програма, како и суспензивно вето, кое бара многу потешко остварливо двотретинско мнозинство на двата дома на Конгресот при повторното донесување на законот. (Тренеска, 1999). Од друга страна, и Врховниот суд, кој има надлежност да обезбедува уставност, има право, покрај правната, да ја цени и политичката страна на донесените закони, и доколку не најде дека е тоа во интерес на САД, може законите на Конгресот да ги прогласи за неуставни, со ефект на апсолутно вето. (Кекеновски, 2005)

Нашата компарација би можела да биде завршена со анализа на Собранискиот систем во Швајцарија, со којашто секако нашиот систем има допирни точки, имајќи ја предвид политички посилната поставеност на законодавната во однос на извршната власт. Таму, Сојузното Собрание, кое има законодавни овластувања, е неприкосновено во однос на извршната и судската власт, бидејќи тоа има право да ги именува функционерите во овие две власти, и политички да се наметне во случај на спор со извршната власт, барајќи таа да

се прилагоди на собраниските одлуки, но во швајцарскиот политички систем, постои традиција на често одлучување за најважните прашања од страна на народот, преку народната иницијатива и референдумот, а исто така во политичкиот систем на Швајцарија постои институцијата отповик, што е дополнителен фактор на одговорност (Кекеновски 2005). Значи, во сите политички системи на развиените држави, постојат значајни фактори кои го контролираат или ограничуваат дејствувањето на сите државни институции, за разлика од Република Македонија, каде во однос на Собранието, некои од тие ограничувачки фактори de iure постојат, но во практика не се силно изразени, и се една од причините за субоптималното функционирање на политичкиот систем.

## 4. ИЗЛЕЗНИ РЕШЕНИЈА

Во тој контекст, политичкиот систем на Република Македонија би требало да го подобри своето функционирање преку зголемување на политичката одговорност на законодавната власт. Секако, би можеле да постојат неколку насоки на ваквото размислување. Една од нив е Собранието да може да биде распуштено, како што е тоа случај во парламентарните политички системи. Во случајот на Велика Британија, Владата може да иницира распуштање на Парламентот, односно Домот на комуните, а формално тоа го прави шефот на државата односно монархот. Во Велика Британија (Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска) има неколку ситуации кога Парламентот може да биде распуштен, а за оваа анализа е најкарактеристична ситуацијата кога распуштањето на Парламентот е предизвикано поради длабокото недоразбирање помеѓу владата и опозицијата околу некои крупни прашања.

Институцијата отповик може исто така да биде фактор кој би ја зголемил одговорноста на Собранието. Востановувањето на оваа институција, која постоеше во политичкиот систем на Република Македонија до 1991 година и на локално и на централно ниво, го привлече македонското внимание во актуелниот миг, но иако нејзиното воведување беше врзано за локалните случувања и локалната самоуправа, тоа може да биде релевантно и за централните институции, попрецизно, за законодавниот орган, бидејќи не ретка е појавата избраните пратеници да заборават на нивните изборни ветувања пред граѓаните, со што не ја оправдуваат целта на нивното дејствување во политичкиот систем.

И референдумското изјаснување за некои побитни законски проекти би можело да ја подобри функционалноста на Собранието. Во тој контекст, инсистирањето на 150.000 потписи за референдумско изјаснување би можело да биде пречка, и во тој контекст, постои простор за размислување бројот на потписи да биде намален, за граѓаните да се здобијат со можност за почесто референдумско изјаснување.

Доколку во наредниот период Република Македонија го преиспита функционирањето на политичкиот систем и заземе појасен курс во насока на

зголемување на институциите кои се карактеристични за парламентарниот политички систем, тогаш уште една институција би можела да биде преиспитана. Тоа е изборот на Претседателот на РМ. Претседателот се избира од граѓаните во претседателски или полупретседателски политички системи (САД, Франција, Русија), но цел на изборот од страна на народот е да му се даде силна позиција во однос на законодавната власт, кога е тој стожер или изразито значаен орган на извршната власт, значи, кога тој има голем број на значајни овластувања. Во делот на извршната власт, во Република Македонија е применет парламентарниот модел, каде што извршната власт е бицефална, но далеку позначаен дел е Владата, поради големиот број на значајни надлежности кои се протегаат во сите сфери, а Претседателот со Владата ги дели само надлежностите во сферата на безбедноста, надворешната политика и народната одбрана, така што би требало да се преиспита потребата Претседателот на државата да добива поддршка од граѓаните на национални избори. Доследни на решенијата на парламентарниот политички систем, изборот на шефот на државата би можел да биде извршен од страна на законодавната власт, со што би биле заштедени напори од секаков вид, пред се финансиски, а и големата национална енергија која во ваков зафат се троши, би можела да биде искористена за постигнување на други цели.

Секако, целта на овој труд е да поттикне расправа за подобрување на функционирањето на политичкиот систем во Република Македонија, а оптималните решенија би биле пронајдени по опсежни научни и политички анализи и дебати во односната област.

ЛИТЕРАТУРА

Hartmann, J. (2006). *Politicki sustavi Velike Britanije, SAD i Francuske:* Politicka kultura

Кекеновски, Ј. (2005). *Компаративни уставмни и политички системи:* Универзитет ФОН

The British System of Government

The Constitution of the United States

Тренеска, Р. (1999). *Извршната власт во демократските системи:*Матица македонска

Устав на Република Македонија 1991

Устав на Социјалистичка Република Македонија 1974

| Политички науки<br>Political Sciences | UDK/UDC 342.84(497.7)<br>Научен текст / Scientific Paper |
| --- | --- |

*Доц. д-р Јован Ананиев*
Правен факултет
Универзитет "Гоце Делчев"- Штип

# ОДНЕСУВАЊЕТО НА ГЛАСАЧИТЕ КАКО ЕДНА ОД ДЕТЕРМИНАНТИТЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ИЗБОРНАТА СТРАТЕГИЈА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

АПСТРАКТ

Моделот на однесување на гласачите ја одредува стратегијата на политичката партија за време на изборен процес. Зависно од тоа, кој модел на однесување реално издржан ќе го прифати одредена партија, така ќе ја креира и својата стратегија. Притоа, најцелисходно е доколку партиите ги користат придобивките на неколкуте различни модели, бидејќи, на тој начин, најуспешно може да се избегне идеализирањето или маргинализирањето на одредени аспекти во секој модел одделно. Во текстот

***Jovan Ananiev, Ph.D., Docent***
Faculty of Law
"Goce Delchev" University – Shtip

# THE BEHAVIOR OF ELECTORATES AS ONE OF THE DETERMINANTS IN THE CREATION OF THE ELECTORAL STRATEGY OF THE POLITICAL PARTIES

APSTRACT

The pattern of behavior of the electorates determines the strategy of the political party in the course of the electoral process. Depending on the pattern of behavior which a certain political party shall assume as a well-founded one, it shall create its strategy. Therefore, the most appropriate manner for the parties is to take advantage of the benefits of several diverse patterns, since in such a manner the idealization and marginalization of certain aspects of each pattern individually can most successfully be

се анализираат спецификите на интегрираното определување на однесувањето на гласачите, како најнов пристап во американската концепција на политичкиот маркетинг. Исто така, направена е анализа на постапките при градењето на изборната стратегија, со посебен фокус на спецификите на изборниот модел, типот на партијата и однесувањето на гласачите како најважна детерминанта.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ: изборна стратегија, однесување на гласачите, изборен процес, политичка партија, идеологија

avoided. The text analyzes the specific features of the integrated determination of the electorates' behavior, as the latest approach in the American conception of political marketing. In addition to this, an analysis has been made of the procedures in the process of creation of the electoral strategy, with a particular emphasis on the specific features of the electoral pattern, the type of party and the electorates' party as the most significant determinant.

KEY WORDS**:** electoral strategy, electorates' behavior, electoral process, political party, ideology

jovan.ananiev@ugd.edu.mk

## 1. ВАЖНОСТА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА ГЛАСАЧИТЕ

При креирањето на изборната агенда и програма, како и при физиономирањето на стратегијата на изборната кампања, потребно е да се обрне посебно внимание на оние за кои се наменети овие активности на гласачите, Тие истовремено се граѓани, аудиториум, јавност, но и индивидуи, со свои сопствени интереси и желби, но и интереси и желби кои ги споделуваат со своите најблиски, со различни групи и со целокупното население. Граѓаните различно гледаат на изборите како процес и врз различни основи се определуваат за кого да го дадат својот глас. Сетот на прашања кој се однесува на тоа на кој начин се определува гласачот, на што дава приоритет, кои се детерминантите кои го условуваат неговото определување и сл. се проучува под категоријата **однесување на гласачите.** Врз основа на тоа се прават предвидувања за изборниот резултат и се испитуваат причините кои влијаеле гласачите да го дадат својот глас за една или за друга партија**.** Но, однесувањето на гласачите е основа и за креирањето на изборната стратегија, и тоа во сите нејзини фази и елементи.

Американските емпириски политиколози имаат разработено т.н. гласачка мапа, според која може да се види структурата на гласачите на Демо-

кратската и Републиканската партија според различни демографски карактеристики. Ова им помага на партиите, подобро да ја осознаат својата гласачка база и да ја креираат изборната пропаганда, со цел да ги задржат своите традиционално, приврзани гласачи и да освојат што поголем број на гласачи од спротивниот политички блок. Така, анализите направени од страна на Центарот за политички студии при Универзитетот во Мичиген, упатуваат на разликите меѓу базите на политичките партии.

Имено, Афро- Американците се најголемите симпатизери на Демократската партија, и по правило 9 од 10 гласаат за демократите. И Хиспанците покажуваат тенденција да ги поддржуваат демократите, иако маргината е два наспроти еден или помалку. Затоа пак работничките семејства гласаат непропорционално за демократите. Кај оние со пониски примања има тенденција повеќето да гласаат за демократите, иако помеѓу нив има и социјални конзервативци, а еден значителен дел од оваа популација повремено се приклонува кон републиканските кандидати. Социјалните и културните проблеми се во голема мера причината поради која белите мажи од работничката и од средната класа ја поддржуваат Републиканската партија. Постојат уште многу други параметри, но овде беа наведени само неколку, како илустрација.

## 2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА ГЛАСАЧИТЕ

Американскиот професор и советник на претседателот Бил Клинтон, за време на изборната кампања 1996 година, Брус Њуман важи за еден од водечките авторитетри во областа на политичкиот маркетинг. Тој има развиено т.н "***Предвидувачки модел на однесувањето на гласачите" („A Predictive Model of Voter Behavior"),*** кој е мошне корисен за да се креира или прилагоди изборната програма, стратегија и пропаганда. Моделот е користен во изборната кампања на претседателот Бил Клинтон во 1996 година, а тестирање на неговата примена е направен во подготвителната фаза на изборната кампања во 2000 година во САД (Newman, 2002) Словенија (Vercic,Verdnik, 2002) и Полска (Kvalkomski, Kwalina, 2002). Но, неговата примена од земја до земја, упатува на сознанието дека тој е детерминиран од реалноста во соодветните земји, а неговата успешност во голема мерка се должи на "пазарно" ориентирана изборна кампања.

Претседателот Клинтон, својата програма во изборната 1996, ја базираше на отворање на нови можности за американските граѓани и нивните деца и беше брендирана како "**доба на можности**". Реизборот на претседталеот Клинтон се состоеше и во тоа што тој, покрај останатото, успеа да ги убеди гласачите дека постои можност, за нив и за нивните деца, да се оствари ***„американскиот сон".***

За потребите на моделот, претходно била спроведена истражувачка студија, која го идентификувала сфаќањето на ***"американскиот сон"*** меѓу

четирите сегменти на гласачкото тело во однос на преференциите кон кандидатите (Бил Клинтон, Боб Дол и Колин Пауел).
Ова се четирите сегменти на гласачкото тело:

1. **"рационални" гласачи** (сегмент утврден според гласачките **очекувања** од остварување на "американскиот сон"). Овој сегмент се идентификува преку користа кои гласачите ја врзуваат со нивниот "американски сон" и се операционализира со користење на компонентата "политички прашања/проблеми" од моделот;
2. "емоционални" гласачи (утврдени според нивните **чувства** врзани за остварувањето на "Американскиот сон"). Овој сегмент е дефиниран преку врзување на чувствата со очекувањата и е операционализиран преку користење на компонентата "личност на кандидатот" од овој модел;
3. **"социјални" гласачи** (креиран преку врзување на гласачите со одредени **социјални групи** заради остварување на можноста за постигнување на "американскиот сон"). Овој сегмент е дефиниран преку поврзување на различни стереотипи во општеството со "американскиот сон" и е операционализиран преку користењето на компонентата "социјален лик" од овој модел;
4. **"ситуациони" гласачи** (креиран преку **ситуацијата** која најмногу им влијае да се свртат кон останатите кандидати). Овој сегмент е дефиниран од ситуацијата која најмногу влијае врз остварувањето на нивниот "американски сон" и претежно се однесува на можностите за промена на политичката преференција во зависност од подобрата понуда што им ја дава некој друг кандидат. Овој сегмент е операционализиран преку компонентата "ситуациона можност" во овој модел.

Истражувачката студија е спроведена во Chicago и со тоа се опфатени граѓани кои планираат да гласаат (Newman, 1999), со помош на прашалник кој содржи прашања концепирани во три блока, во склад со компонентите кои го сочинуваат моделот на однесување во однос на политичкиот избор, а врз основа на одговорите, е направена сегменатацијата на електоратот врз четири, веќе споменати, основи.

Моделот е корисен, доколку кандидатот е *пазарно ориентиран*, односно, доколку сака својата политичка понуда да ја прилагоди на интересите и потребите на гласачите и кога сака подеднакво да се обрати до сите гласачки сегменти и оптимално, подеднакво да ги задоволи нивните барања во текот на политчката кампања, односно, доколку е ориентиран по принципот "фати се" (catch- all parts model).

*Четирите групи на гласачи се формирани врз основа на барањата на гласачите кон кандидатите*. Овој начин помага да се издвојат по неколку

специфики за секој кандидат, што му овозможи на Клинтон добро позиционирање. Истражувачката студија се раководела од **пет** различни и истовремено посебни **когнитивни барања** кои го исцртуваат однесувањето на гласачите, односно, индивидуалното однесување во однос на политичкиот избор (individual's political choice behavior). Тие барања, се содржани во следните компоненти:

1. **политички прашања/проблеми-** компонента која се однесува на политиките на кандидатот по одредени прашања што планираат да ги спроведат доколку ги добијат изборите. Така, на пример, гласачите кои се загрижени за образованието на нивните деца, многу повеќе ќе бидат приклонети кон кандидат кој ветува образование со поголеми дотации од страна на државата;
2. **социјален лик** е компонента која означува стереотипизација на канддиатот при обраќање пред гласачите, преку создавање на асоцијација меѓу него и одредени сегменти во општеството (на пример, кандидатот Дол ја доби поддршката од бизнис водачите и од Националната стрелачка асоцијација, а Клинтон од синдикатите и од екологистите). Користењето на информациите за социјалниот лик, им овозможува кандидатите да го креираат својот имиџ, врзувајќи го за некој општествен сегмент, но овде лежи ризикот да не се добие поддршка од оној сегмент кај кој кандидатот не може да предизвика асоцијација на блискост со групата;
3. **личноста на кандидатот** е компонентата која, слично како и претходната, помага да се креира имиџот на кандидатот. Таа е повеќе врзана за личните квалитети на кандидатот и е предуслов да се добие поголема доверба меѓу гласачите. Пример за користење на оваа компонента од страна на Дол е неговото повикување на искуството како член на американскиот Сенат, а Клинтон се повикуваше на неговите претходни успеси како кандидат и како човек кој може да ја поведе нацијата во новиот милениум;
4. **ситуациона можност** е компонента, која врз основа на хипотетичка ситуација, пропагира можност за добро управување подобро од управувањето на другите кандидати. Пример, Пауел успеа да придобие гласови врз основа на неговата анонимност- тој на гласачите им нудеше хипотетичка ситуација, односно, подобро владеење од неговите конкуренти;
5. **епистемиолошки вредности** е компонента која им нуди на гласачите куриозитет или новина како што беше случај со кампањата на Рос Перо против Бил Клинтон и Џорџ Буш во 1992 година, кога тој отстапуваше од главниот политчки тек (political mainstream) и понуди многу поразличен и уникатен политички бренд. Користејќи ја оваа компонента во анализата, може да се констатира дека кандидатот Дол доби голем број на гласови само поради тоа

што гласачите сакале да видат ново лице во Белата куќа и поради тоа што веќе им досадило претседателствувањето на Клинтон . И во Бугарија, во парламентарните избори во 2005 година, се појави партијата АТАКА, која со своите ветувања отстапуваше од консензуално прифатената политика. Оваа партија, на својата агенда имаше политика против евроинтеграција, против НАТО, за рестриктриктивна политика кон малцинствата и сл. Со оваа своја “ексцентрична” политика, партијата успеа да освои голем број на гласови.

## 3. ГЛОБАЛНИ ОРИЕНТАЦИИ ПРИ КРЕИРАЊЕ НА ИЗБОРНА СТРАТЕГИЈА

Присутни се тенденциите, маркетинг ориентациите кои важат во бизнис секторот, да се применат и во политичкиот сектор. Така, во маркетингот постојат три главни концепции: 1) **бизнис, ориентиран кон производот (product oriented business)** кој, главно е загрижен за најдобар производ и, ако е можно, поефикасен и поефтин. **2) продажно ориентиран бизнис (sales-oriented business)** насочен кон поефикасна продажба на производот, со што, вниманието е насочено кон рекламирањето и убедувањето на купувачите да го купат производот што тие го нудат и **3) пазарно ориентиран бизнис (market-oriented business)** кој го дизајнира производот за да предизвика кај потрошувачот чувство дека производот ги постигнал неговите очекувања и ја остварил неговата цел. Производот, според овој концепт, треба постојано да ги следи барањата на потрошувачот.

Но, примената (делумно) на маркетинг ориентациите и процесите кои важат во бизнисот, и кај политичките партии најнапред претпоставува “ дефинирање што е **партиски продукт, партиска цел и партиски пазар**, бидејќи тие влијаат врз концепирањето на маркетингот како приод:

а) **партиски продукт е однесување на партијата** (односно продукт = партиско однесување, а под однесување на партијата се подразбира целокупната нејзина појавност, идеи, вредности и сл). Тој е континуиран и не се забележува само за време на изборите (односно, партијата е постојано присутна во јавноста и нејзиното однесување може да се перцепира како однесување или присутност во јавноста на било која друга институција од постојан карактер). Се забележува на сите нивоа на партијата, односно не само кај највисоките партиски фигури, туку и кај оние на локално ниво. Иако ова може да биде повеќе издржано за Велика Британија која голема традиција на локално организирање, за разлика, на пример, од континентална Европа каде што предоминантно ќе биде однесувањето на највисоките нивоа и се изразува преку лидерството, пратениците,

членството, вработените, симболите, статутот и програмата, активностите и политиката што ја презема:

**б. доминантна цел** насочена е кон постигнување победа на изборите и контрола на Владата што е можно поголем период;

**в. Пазар,** кој ги опфаќа гласачите, односно членството и целата популација" (Marshment, 2001).

Значи, трите маркетинг ориентации или концепти (производствената, продажната или пазарната ориентација) можат да бидат прилагодени и во политчката сфера и да помогнат во ***утврдувањето на приодите на партиите во креирањето на нивните концепции, или поконкретно, да помогнат во проектирањето на нивниот пристап и пропаганда во текот на изборниот процес.*** Ова, мошне аналитично го има направено Џенифер Лес Мејршмант, британска професорка по политички маркетинг, чија типолошка матрица на партиските ориентации настаната врз основа на проучување на британската политичка практика може да се земе како еден од реперите за истражување на градењето на изборната пропаганда на било која партија од европски тип.

## 4. КРЕИРАЊЕ И АДАПТАЦИЈА НА ИЗБОРНАТА СТРАТЕГИЈА ВРЗ ОСНОВА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА ГЛАСАЧИТЕ

Моделот на однесување на гласачите ја определува стратегијата на политичката партија за време на изборен процес. Зависно од тоа кој модел на однесување реално издржан ќе го прифати одредена партија, така ќе ја креира и својата стратегија. Притоа, најцелисходно е доколку партиите ги користат придобивките на трите посочени модели, бидејќи на тој начин најуспешно може да се избегне идеализирањето или маргинализирањето на одредени аспекти во секој модел одделно. Во тој контекст, се чини нужно е да се анализира врската меѓу однесувањето на гласачите и проектирањето на стратегија, видена кај секој модел одделно.

### 4. 1. Michigen-овиот (Мичигеновиот) модел и градењето партиска стратегија

Мичигеновиот модел сугерира дека електоратот може да биде поделен на **три базични категории**: наши партијци, нивни партијци и неопределени. Партијците можат да бидат поделени во согласност со цврстината на нивната идентификација (рангирани од многу силно до многу слабо идентификувани). На загарантирани гласачи (сопствени членови или цврсти симпатизери) не се врши влијание да ја променат сопствената ориентација, но се охрабруваат во што поголем број да излезат на избори. Од друга страна, неопределените гласачи (од оние кои одбиваат да прифатат партиска идентификација, до оние кои многу слабо се идентификуваат), ќе бидат третирани како целна група која треба да го промени своето однесување. Тие мошне тешко се фиксираат

и треба да бидат подложени на убедување и успешна кампања. Но, кои се овие гласачи и каков општествен статус имаат ? Мичегеновиот модел сугерира дека гласачите, кои се подложни на вкрстени притисоци од спротиставени групи на кои им припаѓаат, имаат потешкотии да се определат на која група ќе и бидат најлојални. Такви се, на пример мануелните работници кои имаат сопствени домови, или кои живеат на Југот од Англија, како и раководителите во јавниот сектор, Потешкотии со партиската идентификација имаат и гласачите чии што родители имаат различна политичка припадност, како и помладите гласачи, кои не се ефикасно социјализирани во партискиот систем,

Проблем што се јавува како резултат од овој пристап е тоа што многу гласачи можат да бидат субјекти на вкрстени притисоци, а тоа е тешко утврдливо, и затоа, не е сосема јасно колку Мичигеновиот модел е корисен при идентификување на целните групи. Не е едноставно да се утврди колку, одреден гласач или група на гласачи се под вкрстени пртитисоци, колкав е нивниот интензитет и кој од нив е највлијателен. Оттука и прашањето: како најлесно може да се идентификуваат овие гласачи? Во отсуство на скапи национални истражувања релевантен извор на информација е "локалното знаење" изградено од партиските членови и "датотеката на гласачи", при што, се знае приближно, кои гласачи каква ориентација имаат. Партиските кампањи се базирани околу партиската организација која што овозможува генерална мобилизација на подршка и тие се насочени кон јасен стратегиски фокус.

Мичиновиот модел не дава одговор на прашањата: Како партијата ги убедува неопределените гласачите да ја поддржат? Кои принципи и политики таа ќе ги понуди за да ја добие нивната поддршка? Овој модел е корисен за утврдување на елементите за избор при гласањето, но има лимитирано користење при водење на партиските стратеѓии. Според него, кампањите треба да се базирани на постоечките вредности и определувањето на гласачите е резултат на нивната примарна социјализација и партиска идентификација. Затоа, моделот е корисен во текот на дефинирањето на гласачкото тело , но не и во текот на развивањето на модел за пристап до гласачите.

### 4. 2. Модел на рационален избор и партиска стратегија

Според овој модел, одлуките на гласачите се базирани на нивните **претходни искуства, нивните преференции во однос на идеологијата и политиката, како и на процена на компетентноста на партиите.** Така, партиите може да се повикуваат на претходното искуство, и, за таа цел, да го користат истражувањето на јавното мислење за да утврдат кои позиции и политики биле поддржани од мнозинството на електоратот и да ги вметнат во нивните програми. Во двопартиските системи, партијата може да влијае на неопределените гласачи, ако електоратот е поделен на лево и десно. Исто така, таа може да утврди кои консензуални цели најмногу се вреднувани од електоратот (на пример, квалитетот на јавните здравствени услуги, намалувањето на инфлацијата или невра-

ботеноста) и, во склад со тоа, да објасни, како таа може да ги постигне нивните цели. Накратко, овој модел сугерира дека изборната кампања е прашање на голем договор. Врз основа на концепциите на овој модел, партијата може да ги мобилизира не само традиционалните партиски поддржувачи и неопределените, туку да ги придобие и останатите (дури и поддржувачите на противничките партии). Но, ова е ризично за самата партија, бидејќи претставува поместување од нејзините иманентни концепции и може да предизвика негодување и губење на базичните и традиционални поддржувачи. Значи, спротивно на Мичигеновиот модел, постои претпоставка дека гласачите имаат променливи ориентации, иако постојат неколку нивоа на гласачка стабилност.

**4. 3. Маркетинг моделот и партиската стратегија**

Овој модел дава најдобра подлога за развивиање на стратегијата и таа се креира во три фази: 1. сегментирање на политичкиот пазар; 2. определување на целните групи и 3. позиционирање на политичкиот продукт.

*1. Сегментирање на политичкиот пазар*

Сегментирањето на политичкиот пазар вклучува раздвојување на различни типови на гласачи во склад со нивните потреби и желби. Гласачите можат да бидат сегментирани, на пример, во склад со Њумановиот "Модел на предвидување на однесувањето на гласачите", врз основа на нивните демографски карактеристики, социјални атрибути, како што е соцјиалниот слој, и слично. Многу поефективен метод е кога гласачите се сегментираат врз основа на нивните вредности врзани за партиите, отколку со социоекономските карактеристики на гласачите. Партиите можат да направат студија на електоратот врз основа на проценета на важноста на различните партиски однесувања на гласачите. Тие, можат да побараат од испитаниците да извршат избор меѓу кандидати врз основа на неколку димензии (идеологија, компетентност, имиџ итн), а можат да користат и анализа на фактори или анализа на кластери (гроздови) за да се идентификуваат целните групи, кои делат заеднички вредносни карактеристики (како што се идеологија на десен центар, голема грижа за редот и одговорноста, силна влада итн) и оваа основа, да препорачат прифаќање на одредена партиска позиција.

Но, партијата може делумно да одговори на препораќите засновани врз добиените резултати. На пример, ако партијата е традиционално на десниот центар, ваква анализа може да покаже дека таа би требало да ја промени нејзината десна идеологија. Проблемот настанува доколку се појави отпор во рамките на самата партија. Во таков случај, партијата е соочена со ризикот дали да остане врзана со традиционалните поддржувачи или да се фокусира на консензуално востановени цели во општеството."Сегментацијата во социоекономска смисла, може да биде помалку потребна, ако има широк консензус околу целите, но постојат несогласувања околу начинот на постигнување на тие цели" (Kirchheime , 1990).

*2. Определување на целните групи*

Ако примерокот е базиран на карактеристики на електоратот во целина, значењето на секој сегмент може да биде проценето според неговиот гласачки капацитет и според тоа колку гласачите што го сочинуваат, можат да придонесат во придобивањето на некој друг сегмент, односно, колку е тој составен од лица кои, врз различни основи, можат да се наречат "креатори на мислењето". Суштински прашања кои се користат за детерминирање на политичкиот пазар, било во целина или за одделен сегмент, се следниве:

1 Дали гласачката моќ е мерлива? Додека во пропорционалните системи има остаток,во мнозинските системи секој глас е еднакво важен

2 Дали политичкиот пазар е прифатлив, во смисла на тоа можеме ли да му се обраќаме со маркетиншки инструманти? .

3 Дали политичкиот пазар е супстанциален, односно е пресуден само гласот на избирачите или постојат и други дополнителни фактори (на пример, нерегуларни избори, притисок од меѓународната заедница и сл)?

4 Дали политичкиот пазар е отворен за да може да се дизајнира ефективна програма која ќе биде прифатена од истиот и реагирал (позитивно или негативно) на програмата ?

*3. Позиционирање*

Со прифаќање на политичката мапа, односно, кои целни групи постојат, може да се идентификуваат целни групи и, на основа на ова, да се направи успешна стратегија на позиционирање.

"Методот како што е соединета анализа, може да се користи за идентификување на приоритетите на испитаниците, односно, тие може да изберат меѓу серија на претпоставени кандидати, и со врзување со нивните карактеристики, да направат одреден избор. Со утврдување на нивниот избор, може да се пресмета важноста која што тие ја даваат на секоја карактеристика, и во согласност со тоа, партијата може да ја модифицира својата позиција" (Malhorta, 1996). Импликација од овој пристап е репозиционирањето на партиите преку нивното влијание врз членовите на другите партии. На пример, британската Лабуристичка партија беше мошне успешна во нејзиното репозиционирање како "силна застапничка на правото и редот" користејки го слоганот "цврсто против криминалот и цврсто против причините на криминалот". Ова придоенсе, дел од конзервативците да се репозиционираат и да преминат во блокот на лабуристите, затоа што, конзервативната партија има имиџ на "партија на право и ред", а Лабуристичката партија, наместо да ги привлече со алтернатива различна од понудата на конзервативците, само извршила засилена пропаганда на заложби карактеристични за својот противник.

## ЗАКЛУЧОК

Во последните неколку децении, во западноевропските земји и во САД, се поизразена е тенденцијата за професионален пристап во подготвувањето на изборната кампања на политичките партии, вклучувајќи го овде и определувањето и моделирањето на однесувањето на гласачите. Зависно од политичката култура и профилот на политичките партии, различно се дава значење на однесувањето на гласачите како детерминанта при градењето на изборните стратегии на политичките партии.

Република Македонија е земја која има слаба демократска традиција и кратка историја во реализацијата на изборни процеси-парламентарни, претседателски и локални. Но, современите тенденции за професионално претставување на политичките партии пред гласачката јавност ја зафатија и нашата земја иако многу закаснето и во помал обем. Постои проблем во утврдувањето на идеолошката профилација на политичките партии од една страна и идеолошката профилација на одделните гласачки сегменти, од друга страна. Истовремено, тешко би можело да се каже дека политичките партии во Македонија се и така ориентирани да се адаптираат на рационалните потреби на гласачите и да приоѓаат со сегментирана стратегија, односно на различен начин кон различни сегменти од гласачката јавност. Ако се направи обид за некакво резиме на кусата македонска историја во организирањето на изборните кампањи, преку призмата на однесувањето на гласачите, тоа би било:

- започнување со посериозен пристап во третирањето на однесувањето на гласачите за време на парламентарните избори 2006 година;
- тенденција за наметнување на приоритети од страна на политичките партии пред гласачите, а не обратно;
- започнување со градење на изборната стратегија многу доцна и без перманентно следење на однесувањето на гласачите;
- политичките партии немаат двослоен приод- со една стратегија во однос на целокупната гласачка јавност и кон одделните сегменти.

Користена литература:


1. Newman B. I. (2002) *Testing a Predictive Model of Voter Behavior in the 2000 U. S. Presidental Election* објавено во *Communication of Politics: Cross- Cultural Theory Building in the Practice of Public Relations and Political Marketing,* The Hawarich Political Press
2. Vercic D and Verdnik I (2002) *Models of Voter Behavior : The 2000 Slovenia Parliamentari Election* објавено во *Communication of Politics: Cross- Cultural Theory Building in the Practice of Public Relations and Political Marketing,* The Hawarich Political Press
3. Kvalkomsk A. and Kwalina W. (2002) *Structural Models of Voter Behavior in the 2000 Polish Presidental Election* објавено во *Communication of Politics: Cross- Cultural Theory Building in the Practice of Public Relations and Political Marketing,* The Hawarich Political Press
4. Newmna B. I. (1999) "*A Predictive Model of Voter Behavior: The Repositioning of Bill Clinton"- Handbook of Political Marketing* .
5. Marshment J. L. (2001) *Political Marketing and British Political Parties* Manchester University Press, U.K
6. Kirchheimer O. (1990) "The Catch- All Party" in P. Mair *The Western European Party System,* Oxford, Oxford University Press
7. Malhorta N. K. (1996) *Marketing Research,* Englewood Clifts Prentice- Hall
8. http"// www.umich.edu/-nes/nesquide/nesquide.htm

| Политички систем<br>Political System | UDK/UDC 321.001.81(049.3)<br>Научен текст / Scientific Paper |
| --- | --- |

*М-р Здравко Савески*
ФОН Универзитет - Скопје

# КРИТИЧКА АНАЛИЗА НА КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЈАТА НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА НА Г. АЛМОНД И С. ВЕРБА

РЕЗИМЕ

Во овој труд се врши критичка анализа на концептуализацијата на политичката култура содржана во највлијателното дело на Г. Алмонд и С. Верба, „Граѓанската култура", што е само една од неколкуте области на можна критичка анализа на ова дело. Во трудот постои и посочување на определени нејаснотии што во врска со класификациите на Алмонд постојат во македонската политиколошка мисла.

**Клучни зборови**: политичка култура, граѓанска култура, класификации на политичките култури и политичките системи.

*Zdravko Saveski, MA*
FON University – Skopje

# CRITICAL ANALYSIS OF G. ALMOND AND S. VERBA'S CONCEPTUALIZATION OF POLITICAL CULTURE

SUMMARY

This work represents a critical analysis of the conceptualization of the political culture as presented in the most influential work of G. Almond and S. Verba entitled "Civil Culture", which is merely one of the several areas of potential critical analysis of this work. Furthermore, this work indicates certain ambiguities in terms of Almond's classifications existing in the Macedonian politicological thought.

**Key words:** political culture, civil culture, classifications of the political cultures and the political systems.

## ВОВЕД

Тргнувајќи од антиавторитарната позиција дека е важен авторитетот на вистината, а не вистината на авторитетот, која единствено овозможува доследна примена на научниот принцип de omnibus dubitandum, беше пристапено кон критичка анализа на една од највлијателните студии од областа на политичката култура, „Граѓанската култура: политичкото однесување и демократијата во пет земји” од авторите Габриел Алмонд[1] и Сидни Верба. Притоа, беше забележана значителна диспропорција помеѓу научната репутација и научната вредност на оваа студија. Студијата содржи голем број крупни недостатоци од методолошка и теориска природа, кои директно негативно влијаат врз квалитетот на понудените сознанија. Имајќи го предвид тоа, критичката анализа на придонесот на Алмонд и Верба за проблематиката на политичката култура може да цели во насока на разгледување на методолошките слабости на нивното дело, на посочување на идеолошката заднина што се крие зад објективистичката, аполитичка реторика применета во делото и/или на осветлување на теориските недоречености во врска со клучните поими на „Граѓанската култура”.

Идеолошката анализа нема да ја разгледуваме во оваа прилика, поради нејзината „несоодветност” во услови на интелектуална клима која цврсто верува дека е можно дезидеологизирано, безвредносно анализирање на политичките и, воопшто, на општествените појави. За жал, поради недостаток на простор, ќе ја изоставиме и анализата на методолошките слабости на „Граѓанската култура”, и покрај нејзината релевантност што произлегува од фактот дека Алмонд и Верба, како приврзаници на „емпириската демократска теорија”, тврдат дека своите заклучоци ги извлекуваат непристрасно, врз основа на она што самата емпирија, самите собрани податоци го кажуваат. Единственото со што во продолжение ќе се занимаваме при критиката на „Граѓанската култура” се однесува на концептуализацијата на политичката култура од страна на нејзините автори. Сепак, претходно ќе се осврниме на една нејаснотија што во врска со придонесот на Алмонд за проблематиката на политичката култура постои во македонската политиколошка мисла.

## ПРВА АЛМОНДОВА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ПОЛИТИЧКИТЕ *КУЛТУРИ*?

Еден од основните придонеси на Алмонд и Верба за политиколошката мисла, со сигурност, е нивната типолошка поделба на политичката култура. На самата типологија подолу ќе и’ посветиме повеќе внимание, а овде ќе го отвориме прашањето, дали оваа типологија е прва (и последна) типологија на

1 Поради погрешна транскрипција на македонски јазик, овој автор може да се сретне и како “Олмонд”. Се работи за погрешна транскрипција, бидејќи неговото презиме во англискиот оригинал е “*Al*mond”, а не “*All*mond”.

Алмонд и Верба, или таа е нивна втора, ревидирана верзија. Ова прашање се наметнува при проучувањето на она што македонските автори го напишале околу сфаќањата на Алмонд и Верба за политичката култура. Така, Саво Климовски спомнатата класификација ја објаснува како единствена во поглавјето „типологии на политичката култура”, но две страници претходно читаме дека „првата класификација на Олмонд, разликува 4 политички култури: прединдустриска, тоталитарна, англо-американска и континентално-европска.” (Климовски,1060-1063 стр.) Следствено, ако последново е прва класификација (односно типологија) на Алмонд, тогаш типологијата во „Граѓанската култура” е негова втора типологија (во коавторство со Верба). Слично, а и доста поексплицитно, до ист заклучок доведува и објаснувањето на Димитар Бајалџиев околу типологизациите на политичката култура од страна на нивните родоначалници „Х. Алмонд, С. Верба и др.” (Бајалџиев, 465 стр.).

Од друга страна, ако се фрли поглед врз она што Милан Подунавац и Љубомир Јакимовски го имаат напишано во врска со ова прашање, произлегува дека она што Алмонд го класифицирал при наведувањето на прединдустрискиот, тоталитарниот, англо-американскиот и континентално-европскиот ентитет се политичките *системи*, а не политичките *култури*. Според овие автори, Алмонд ги дели политичките системи на три големи групи: примитивни (со парохијална политичка култура), традиционални (со поданичка) и модерни (со партиципативна). При класификацијата на модерните политички системи, Алмонд, според Подунавац и Јакимовски, ги наведува проблематичните прединдустриски, тоталитарни, англо-американски и континентално-европски ентитети. (Podunavac, 180 str., Јакимовски, 56 стр.).

За жал, поради објективни причини, авторот на овој научен труд не беше во можност да го консултира оригиналот на Алмонд, што го посочи Подунавац (изданието на “Comparative Politics Today” од 1965 година). Консултирано беше единственото издание на ова дело на Алмонд што му беше достапно на авторот на трудов, четвртото издание од 1988 година. Таму Алмонд, заедно со Г. Б. Пауел, прво врши поделба на индустриски и прединдустриски држави, а потоа индустриските држави ги дели на демократски (конзервативни и либерални) и авторитарни (конзервативни и радикални), а прединдустриските - на неотрадиционални, популистички и авторитарни (технократски, технократско-дистрибутивни и технократско-мобилизаторски) (Almond, Powell, p. 138).[2] Оттука следи заклучокот, дека проблематизираната класификација е прва класификација на Алмонд, но на политичките системи, а не на политичките култури.

2 Би сакал овде да го изразам моето чудење што некој, во 1988 година, нашол за сходно да изврши поделба на државите на индустриски и *прединдустриски*. Се работи за западно гледање од птичја перспектива, или за што? Во иста насока, би го поставил прашањето зошто во класификацијата на Алмонд и Пауел нема категорија „демократска прединдустриска држава”? Бидејќи не постои ниту еден пример за „демократска прединдустриска држава”, или бидејќи Алмонд и Пауел во принцип ја отфрлаат можноста прединдустриска држава да биде и демократска?

Кој заклучок е валиден? Дали може да се зборува за прва Алмондова класификација на политичките *култури* или на политичките *системи*? Во неможност да го консултира оригиналот, авторот на трудов во оваа прилика ќе се воздржи од давање категорични судови. Единствено што може да направи е да посочи дека постои проблем онаму каде што се чини дека сè е јасно. Исто така, би посочил дека, во случај да постоеше хипотетската Алмондова класификација на политичките култури, доста веројатно би било Алмонд, во „Граѓанската култура", нудејќи нова (?) класификација на политичките култури, да спомне дека претходно застапувал поинаква поделба на политичките култури и да објасни зошто целосно го променил категоријалниот апарат.

## ТЕОРИСКИТЕ НЕДОРЕЧЕНОСТИ НА „ГРАЃАНСКАТА КУЛТУРА"

Испитувањето на политичките култури спроведено во САД, Британија, Германија, Италија и Мексико, содржано во „Граѓанската култура", се темели врз одредени теориски поставки, чија суштина е следнава:

Постојат три главни типови на политички култури (парохијална, поданичка и партиципативна) утврдени врз основа на четири критериуми (ориентацијата на поединците кон политичкиот систем како целина, кон неговите аутпут и инпут аспекти, како и кон самите себеси како политички субјекти). Луѓето со парохијална политичка култура се несвесни за општите политички процеси и не се активно вклучени во нив; оние со поданичка политичка култура се свесни, но и неактивни, додека оние со партиципативна политичка култура се и свесни и активни во политичките процеси. Покрај на овие главни типови политичка култура, Алмонд и Верба посочуваат и на постоењето на т.н. „системски мешани" политички култури во кои постојат значителни пропорции на два главни типови политичка култура. Така, имаме парохијално-поданичка, поданичко-партиципативна и парохијално-партиципативна политичка култура.

По утврдувањето на сета оваа типологија и по посочувањето на постоењето на „'рационално-активистичкиот' модел на политичка култура", опишан во „учебниците за граѓанство", авторите на „Граѓанската култура" ја промовираат политичката култура што ја застапуваат - граѓанската култура. За неа ќе напишат дека е „мешана политичка култура", која споделува многу со рационално-активистичкиот модел, која е „лојалистичка партиципативна култура", и во која партиципативните политички ориентации се комбинирани со поданичките и парохијалните (Almond, Verba, pp. 11-30).

Од овој преглед гледаме дека Алмонд и Верба, и покрај својата емпирицистичка ориентираност, во „Граѓанската култура" нудат теориски сознанија кои имаат далеку од минорно значење за самата поставеност на делото. Без разлика на тоа колку е ова во согласност со емпирицистичката ориентираност на авторите, овде ќе се обидеме да покажеме дека промовираните поими и

класификации во „Граѓанската култура" страдаат од бројни недоречености, кои имаат свое влијание врз нивниот квалитет и прифатливост.

Ќе почнеме со поимот „граѓанска култура". Две терминолошки прашања се наметнуваат во врска со него. Прво, зошто „граѓанска култура", а не „граѓанска политичка култура"? Дилемата што ја отвора ова терминолошко прашање е, дали „граѓанската култура" на Алмонд и Верба е тип на политичка култура или, општо, тип на култура? Избраниот термин недвосмислено посочува на втората опција, а во таа насока посочува и фактот дека Алмонд и Верба за граѓанската култура не зборуваат во поглавјето за типовите политичка култура, туку во поглавјата пред и по ова поглавје. Од друга страна, во прилог на првата опција зборува експлицитното тврдење на авторите дека граѓанската култура е "мешана *политичка* култура" (Almond, Verba, p. 29. Подвлекувањето додадено) и посочувањето дека во неа е содржана комбинација на партиципативни, поданички и парохијални *политички* ориентации (Almond, Verba, p. 30). Постои и трета опција - граѓанската култура, според Алмонд и Верба, да е и тип на култура и тип на политичка култура. Имено, поглавјето пред она за типовите политичка култура Алмонд и Верба го насловуваат „граѓанска култура", без понатамошни одредници, а поглавјето што следи по типовите политичка култура го носи насловот „граѓанската култура: мешана политичка култура". Како што гледаме, сите три опции се во игра - на штета на авторите на „Граѓанската култура".

Второто терминолошко прашање што се наметнува во врска со поимот „граѓанска култура", е зошто токму „*граѓанска* култура"? Истото прашање си го поставува и Карол Пејтман во нејзината критичка анализа на „Граѓанската култура", посочувајќи дека Алмонд и Верба никаде во нивното дело не објаснуваат зошто културниот образец што го застапуваат, го нарекоа „граѓански" (Pateman, p. 95). Дали според нив граѓанската култура е граѓанска поради тоа што им е својствена на граѓаните на дадено општество? Ова е веројатниот заклучок, и тоа доста веројатно нема ни да имаше потреба експлицитно да се објаснува, но имајќи предвид дека поимот „граѓанин" Алмонд и Верба не го користат во непроблематично значење, се поставува прашањето, дали е најсоодветно културниот образец што го застапуваат да го наречат „граѓански". Да објасниме. Според класичното демократско сфаќање, поимот „граѓанин", за разлика од поимот „поданик", се употребува за да го означи оној припадник на политичката заедница кој поседува определени права и кој тие права ги користи за да влијае врз политичките процеси на таа заедница. Поимот „пасивен, апатичен граѓанин", од оваа гледна точка, е на границата да се смета за contradictio in adjecto и всушност се разви како еуфемистичко руво за да го затскрие поданичкото однесување при постоење на можноста за граѓанска партиципација во општите работи. За разлика од ваквото сфаќање на граѓанството и подаништвото, кое нив ги разбира како меѓусебно спротивставени поими, Алмонд и Верба тргнуваат од „модерното" сфаќање кое инсистира на единството на граѓанското и поданичкото однесување: „Активниот влијателен граѓанин

опишан во нормативната политичка теорија не е ослободен од обврските на поданикот. Ако учествува во создавањето на законот, од него исто така се очекува и да му се потчинува на законот" (Almond, Verba, p. 120). На овој став може да му се стави забелешка дека, ако партиципативниот граѓанин го почитува законот во чие донесување зел учество, тоа не значи дека тој е поданик покрај тоа што е партиципант, но веќе премногу завлеговме во идеолошката анализа на концептите на Алмонд и Верба. Од гледна точка на концептуализацијата на политичката култура на Алмонд и Верба, забелешката што ќе им ја упатиме е дека, имајќи ги предвид нивните претензии за ригорозна научност, би се очекувала употреба на попрецизен термин или барем објаснување што ќе следи веднаш по првата употреба на поимот „граѓанска култура" што конкретно ќе се подразбира под поимот „граѓанин", и зошто токму нивното значење на поимот „граѓанин" е она поточното. Ова уште повеќе, бидејќи Алмонд и Верба понудија објаснување што ќе подразбираат под поимот „култура". Исто така, останува неисполнето очекувањето од Алмонд и Верба, штом веќе за парохијалната, поданичката и партиципативната политичка култура, преку симпатична употреба на единици и нули, прикажаа која политичка култура какви карактеристики има, истото да ни го овозможеа и во случајот со граѓанската култура. Вака, ние знаеме дека граѓанската култура е комбинација од три политички ориентации, но каква конкретно е таа комбинација Алмонд и Верба не ни оставаат друга алтернатива освен „ненаучно" да шпекулираме.

„Граѓанската култура" содржи уште една недореченост поврзана со својот носечки поим. Спомнавме дека Алмонд и Верба зборуваат, покрај за главни типови политичка култура, и за „системски мешани" политички култури. Бидејќи и граѓанската култура е претставена како „мешана политичка култура", од авторите би се очекувало да објаснат кој е нејзиниот однос со „системски мешаните" политички култури и врз основа на што за неа кажуваат дека е „мешана", а не „системски мешана" политичка култура. Вака, при услови на постоење „дупки" во теориската шема на „Граѓанската култура", повторно сме принудени „ненаучно" да шпекулираме.

Колку што може да се сфати, постојат две разлики помеѓу граѓанската култура и „системски мешаните" политички култури: помалку суштинската е што „системски мешаните" политички култури вклучуваат елементи од два главни типови политичка култура, а „мешаната" од сите три, додека посуштинската е дека кај „системски мешаните" политички култури едниот сегмент од општеството има една политичка култура, а другиот сегмент друга политичка култура, за разлика од општеството со граѓанска култура каде трите главни политички култури се комбинирани во секој поединец за кого може да се каже дека поседува граѓанска култура. Сепак, како што добро забележа Пејтман, конкретните комбинации на политичките ориентации не се баш случајно распределени помеѓу поединците со различен општествено-економски статус (Pateman, p. 87), што упатува на заклучокот дека разликата помеѓу „мешаната" и „системски мешаните" политички култури е премногу ефемерна (покрај тоа

што е идеолошки мотивирана) и дека, конкретно, потребна е тешка схоластика за да се повлече дистинкција помеѓу граѓанската култура и поданичко-партиципативната политичка култура.

Уште поинтересен сооднос кој Алмонд и Верба не го разработија, а за што „Граѓанската култура" дава основа, е соодносот помеѓу главните типови политичка култура и карактеристиките кои се наведени при разгледувањето на компатибилноста помеѓу политичката структура и политичката култура: лојалност, апатичност и отуѓеност (Almond, Verba, pp. 20-21). Според она што го кажуваат авторите, секоја политичка култура, во однос на својата компатибилност со политичката структура на дадено општество, може да биде лојална, апатична и отуѓена. Впечаток е дека, за авторите некомпатибилноста помеѓу културата и структурата е лоша сама по себе и дека, по импликација, развојот на партиципативна политичка култура, на пример, при поданичка политичка структура не е пожелен развој на настаните, но тоа завлегува во идеолошката анализа па овде ќе го оставиме настрана. Овде ќе забележиме дека, постапувајќи по упатствата на Алмонд и Верба, може да се заклучи дека постојат такви оксиморони како „апатична партиципативна култура" и, уште поважно, дека обработката на конкретните карактеризации на политичките култури би било несомнено плодна работа. Да се објасни кои се спецификите на лојалната партиципативна култура, на отуѓената партиципативна култура, на лојалната поданичка култура, на отуѓената поданичка култура, да се утврди кои се нивните носители и поради кои причини, да се прецизира дали постои природна врска помеѓу, на пример, апатичноста и парохијалноста, според мислењето на авторот на овој труд, тоа би значело значително подобрување на концептуализацијата на политичката култура на Алмонд и Верба. Штетата е уште поголема, бидејќи, според авторот на трудов, можеби подобро е типологијата на политичката култура да ги содржи типовите лојална, апатична и отуѓена наместо типовите со кои оперираат Алмонд и Верба, но, повторно, за тоа во друга прилика.

Нецелосната разработка на предложената типологија на политичката култура на Алмонд и Верба се огледа и во ненудењето одговор на прашањето, дали постои нужен сукцесивен развој на политичката култура од парохијална преку поданичка до партиципативна или е можно „прескокнување" на поданичката култура. Бидејќи авторите на „Граѓанската култура" зборуваат и за парохијално-партиципативна култура, може да се претпостави дека „прескокнувањето" на поданичката култура е можно, но сепак едно е да се оставаат читателите да претпоставуваат, а друго да им се понудат експлицитни сознанија. Во иста насока, Алмонд и Верба не нудат сознанија од малку погурманска природа околу тоа дали во случајот кога имаме сукцесивен развој на политичката култура се работи за линеарен или за дијалектички развој, односно, настрана од „надминатата" дијалектичка терминологија и мисла, дали замената на парохијалната култура со поданичка за авторите е позитивен развој на настаните сам по себе или тоа е нужно негативно повлекување за подоцна да

се напредне кон попозитивниот ентитет. Ќе биде забележано, се надевам, дека ова не е толку схоластично прашање колку што може да звучи.

За крај, збор-два и за несоодветната употреба на термините „подаништво” и „партиципативност”. За оваа проблематика многу повеќе би можело да се каже од гледна точка на идеолошката анализа, а овде ќе напоменеме само за два случаи, кои имаат потеориски реперкусии. Оние што ќе се нафатат со читање на „Граѓанската култура” веќе на почетокот ќе сретнат едно интригантно тврдење дека покрај демократската држава, другиот модел на партиципативна држава е тоталитарната држава (Almond, Verba, p. 3). Не навлегувајќ и во идеолошката мотивација, ќе го поставиме следново прашање: врз основа на што Алмонд и Верба заклучија дека тоталитарната држава е еден од двата модела на „модерна партиципативна држава”, кога, имајќи ги предвид критериумите што самите тие ги понудија, таа ни оддалеку не овозможува постоење на партиципативна култура (што, по претпоставка, е причината таа да се окарактеризира како партиципативна држава). Ниту нејзините припадници на себе гледаат како на политички субјекти, ниту пак учествуваат во инпут аспектите на политичкиот систем, при што причините и за двата факта не лежат во нивната непартиципативност, туку во непартиципативноста на „политичката структура”.

Тука доаѓаме и до последната забелешка што овде ќе ја спомнеме. Најчесто, Алмонд и Верба поимот „партиципативност” го толкуваат премногу широко, но понекогаш и премногу тесно. При еден случај, кога имаме пример за второто, авторите посочуваат дека кога кај поединците постои барање за почитување на законот и свест за сопствените права, се работи за „поданичка компетентност” (Almond, Verba, p. 169). Ако се апстрахираме од видувањата на Алмонд и Верба, тогаш, сметам, доста јасно е дека ваквото однесување на поединците можеби е помалку партиципативно споредено со влијанието врз донесувањето одлуки, но дека дефинитивно не може да стане збор за негово карактеризирање како поданичко однесување. Сепак, бидејќи според шемата на Алмонд и Верба, ориентираноста кон аутпут аспектите без ориентираност кон инпут аспектите на политичкиот систем е знак на подаништво, авторите не се двоумеа посоченото однесување да го окарактеризираат како поданичко. Дека теориските шеми можат да и’ одолеат на емпиријата, се покажува дека е можно и кај припадниците на „емпириската демократска теорија”.

## ЗАКЛУЧОК

Политичката култура е појава чија важност за функционирањето на политичкиот систем е далеку од занемарлива. Оттука, на Алмонд и Верба сме должни да им оддадеме признание за тоа што во политиколошките кругови ја утврдија свеста дека институционалната рамка, политичката структура, не си е сама на себе доволна, дека стабилноста на политичкиот систем зависи од нејзиното надополнување со соодветна политичка култура. Ова сознание е доста корисно од практичен аспект, особено за новите демократии како Македонија, зашто посочува дека работењето на демократизацијата на земјата не завршува со имплантирањето на демократска институционална рамка и дека за демократијата да стане успешна, мора да се работи и на полето на политичката култура, со цел таа да стане компатибилна со демократската институционална рамка. Но од друга страна, овој несомнен придонес на Алмонд и Верба за развојот на политиколошката мисла не смее да ни го замагли погледот и да нè доведе до бланко прифаќање на секој збор што произлегол од перото на Алмонд и Верба. Како што беше покажано во трудот, концептуализацијата на политичката култура од страна на Алмонд и Верба страда од голем број недоречености, чие игнорирање воопшто нема да придонесе за развојот на нашето знаење во сферата на политичката култура. Исто како што нема да придонесе ни игнорирањето на необјективноста на „објективизмот”, толку јасно видлив во „Граѓанската култура”, а на што во иднина, се надевам, ќе му биде посветено заслуженото внимание во некој друг научен труд. Критичката анализа е доста здрава појава за една наука и вистинска штета е што во македонската политиколошка мисла таа толку ретко се практикува.

**Литература**

1. Almond, G. A. and Powell Jr., G. B. (eds.) (1988). *Comparative Politics Today*. Glenview, Boston, London: Scott, Foresman and Company.
2. Almond, G. and Verba, S. (1963). *The Civic Culture: Political Attitudes and Democracy in Five Countries*. Princeton: Princeton University Press.
3. Бајалџиев, Д. (2000). *Политологија*. Скопје: Правен факултет.
4. Јакимовски, Љ. (1988). *Социјализмот и политичката култура*. Скопје: Македонска книга.
5. Климовски, С. (2003) *Уставно право и политички систем*. Скопје: Просветно дело.
6. Pateman, C. *The Civic Culture: A Philosophic Critique* во Almond, G. and Verba, S. (eds.) (1989). *The Civic Culture Revisited.* Newbury Park: Sage.
7. Podunavac, M. (1982) Politicka kultura i politicki odnosi. Beograd: Radnicka stampa.

# *Прикази*

*Д-р Ружица Цацаноска*

# DAVIE, GRACE
# THE SOCIOLOGY OF RELIGION

*First published in 2007, 296 pages, Sage Publications, London.*

Книгата „Социологија на религијата” претставува извонредно четиво, многу богато обликувано, теоретски умешно водено и „комплементирано” со богат емпириски материјал. „Грејс Дејв, се вбројува во врвните аналитичари на религијата во современата социологија”, ќе го поздрави публикувањето на оваа книга Петер Бергер, нејзиниот колега и соработник. Овој труд претставува своевидно заокружување на нејзината мисла и е подготвено, првенствено наменски да послужи како учебник по социологија на религија. Макар и беглото читање и прелистување на оваа книга остава впечаток на автор кој долго ја подготвувал оваа материја, која ја развивал и продлабочувал и автор кој со доблест на вистински професор, не заборава да спомене дека своите теоретски видувања, своите емпириски „наоди” сериозно ги презентирал пред своите студенти, ги развивал низ полемика и соработка со своите колеги и понатаму ги „доработувал”. Грејс Дејв е она што би се рекло вистински  бренд на социологијата на религија, кој храбро го изнесува она што го перципира, промислува отворено, зборувајќи од позиција на професор, а помалку од позиција на „сензационалист”. Своите ставови ги поткрепува со богатата емпириска евиденција, што е атрибут за личност која не е кабинетски теоретичар, кој својата теорија ја конструира и развива далеку од заедницата, туку таа е научник кој своите теоретски хипотези постојано ги верифицира или отфрла во стварноста.

Научна кариера, Дејв ја започнува со интересот за францускиот религиозен сегмент, кој првостепено го заокружува во докторската дисертација. Респектирањето на француската социолошка мисла, одлучувачки проткаена со секуларните параметри, втемелена на концепциските основи на Диркем, Ле Брас, Холбовиц, подоцна разработени во трудовите и емпириските проекти на Даниел-Хервју Лежер, многу значајно влијае на нејзиното перципирање и промислување на

религиозноста во Англија, односно Европа. Студиските претстои низ европските градови, како и соработката и патувањата преку Атлантикот и овозможуваат да ја поткрепи својата социолошка имагинација со директни импакти од стварноста, односно непосредно да го надополни својот

Уште во самиот вовед авторот пишува дека оваа книга може да послужи како универзитетски учебник, за Универзитетите кои на своите студиуми ја проучуваат социологијата на религија, но исто така таа може да поттикне многу дебати и полемики за религијата во современиот свет. Нејзиниот колега Дејвид Воас, од Универзитетот во Манчестер, ја препорачува како модел не само за студентите туку и за нивните професори. Дејв ја истражува природата и облиците на современата религија, активно учествува во дебатите околу овие прашања, со својот ангажман се труди да го подигне нивото на кредибилитетот на социологијата на религијата, а особено  проекцијата за блиската иднина на случувањата во сферата на религијата.

Книгата е подделена на две тематски целини, на теоретски каде се поместени базичните теоретски поставки и соодветната методологија, додека во вториот дел се третираат прашањата кои се сметаат за супстанцијални.

Теоретскиот дел започнува со осврт кон заедничките основи, фокусирани на Карл Маркс, Макс Вебер, Емил Диркем и Георг Зимел и секако различните патеки кои се обликуваат после нив. Нема можност да се постави теоретски концепт, да се проучува религијата без да се акцептираат и сестрано проучуваат дискурсите кои тие ги трасираат.

Секуларизацијата, Грејс Дејв ја проучува како концепт низ нејзината генеза, разгледувајќи ги условите во кои таа се појавува и развива. Покрај стожерниот сегмент отстапен на Маркс, Вебер, Диркем и Зимел, Дејв не ги заобиколува Давид Мартин и секако Петер Бергер. Бергер, ќе рече Дејв, го поминува целиот  круг, почнувајќи како поборник на теоријата за секуларизација и поместувајќи го веројатно најцитираниот дел во овој контекст, во кој тој вели:

*„...Поентата дека живеме во секуларизиран свет е погрешна. Светот денес, со извесни исклучоци... е жестоко религиозен... Тоа значи дека целиот куп на литература од историјата и општествените науки слободно маркиран како „секуларизациона теорија” е суштински погрешен.”*[1]

1 Davie, G. (2007), The Sociology of Religion, стр. 64.

Движејќи се на оваа линија, теоријата на секуларизација има мала апликативна вредност за социологијата на религијата. Социологијата на религијата треба да ги проучува конкретните случувања, да ги анализира, критички преиспитува, а не да биде колевка на апстрактни теоретки концепти. Теоретските поставки од кои се приоѓа кон елаборирањето на овие и други прашања се или оние блиски до теоријата на секуларизацијата, или на оние кои се фундираат на теоријата на рационален избор или пак на оние кои се залагаат за подобро разбирање на претставата и природата на модерноста. Теоретскиот концепт на секуларизацијата се развива и соодветствува на европскиот простор, додека за американската подлога посоодветен е теоретскиот концепт на теоријата на рационалниот избор. Проблем претставува кога се јавува тенденција да се развие една универзална теорија која ќе се применува насекаде.

Круцијалното прашање кое се го поставува Дејв е дали секуларизацијата е суштинска или несуштинска за процесот на модернизација? За дваесетипрвиот век важи синтагмата високо модерен многу религиозен.

Проучувајќи ја религијата во Европа, како теоретски и секако емпириски, како од внатре од европски позиции исто и од надвор и ја поставува тезата дека токму Европа претставува исклучок. Секуларизациониот концепт на општествената рамка е погоден за истражување на европската религиозност, односно одлична за искачување на Алпите. Но, помалку е погодна да ја објасни религиозната конфигурација на американското општество.

На другата страна пак, Родни Старк, како поборник на теоријата на рационален избор, својот труд на оваа тема го наасловува со зборовите, *Секуларизацијо, почивај во мир*. Она што за Европа е секуларизациониот концепт, тоа за Америка е теоријата на рационалниот избор. Нејзин зародиш е трудот на Стефан Вернер[2]. Американската генеза на оваа парадигма почива на едноставни основи: таа се постулира на фактот дека индивидуите се природно религиозни и имаат простор да избираат. Избираат како се друго, целта е да се масимализира добивката и што повеќе да се намали загубата. Овој концепт претставува во исто време и теоретска рамка, во која се обединуваат повеќ е дисциплини како економијата, социологијата, дисциплини на психологијата, политичката наука, филозофијата на моралот и секако правото. Поврзувањето на религиозната активност со другите облици на индивидуалното и општествено однесување, станува јасна и позитивна црта на теоријата на рационален избор, оценува Дејв. Заклучно аспектирајќи го теоретскиот концепт, Дејв нагласува дека за Европјаните карактеристичниот државно-црковен систем ги набљудува црквите

2 Werner Stephen, str. 67-68

како јавни добра, додека пак на американско тло тие се конкурентски фирми. Иако за европјаните е карактеристично што се првенствено номинални верници, верници зад кои имаат релативно мала стапка на активна партиципација во религиозната практика. Но, од другата страна на Атлантикот оваа стапка е многу поголема.

За Европјаните религиозните институции продолжуваат да постојат како јавни добра. Во Велика Британија, на пример, стапката на верниците кои практикуваат да одат еднаш неделно во црква се движи околу 10%. И покрај „падот" на историските цркви, кој се огледа во зголемувањето на стапката на пасивното членство, продолжува да „ги одржува своите капацитети, наметнувајќи обврска да се оди во црква, да се верува и да се однесува на одреден начин."[3] Но, од другата страна на Атлантикот, постоењето на динамичен пазар на религии, нудејќи многу производи, типува на неговиот конзумеризам.

Критички осврнувајќи се кон секуларниот концепт на проучувањето на религијата односно теоријата на рационален избор, Грејс Дејв ја поставува својата дискусија на два сета на идеи на модерната и постмодерната. Таа прави шематски приказ, каде според базичните карактеристики ги претставува модернитетот односно постмодернитетот. Модерната ја карактеризира индустријализацијата, урбанизацијата, производството. Во однос на религијата таа смета дека и модерната и постмодерната се проблематични кон религијата. Модерната ја претпочита големата нарација (религиозна или анти-религиозна), прогресот, секуларизација, Богот Татко, институционалните цркви, медицински науки, агробизнис, облигација. Додека пак постмодерната, востановена на постиндустријализацијата/информативната технологија, деурбанизацијата, потрошувачката, во однос на религијата порадо зборува за фрагментација на религиозната нарација, како и секуларна, то ест научна, рационална или анти-религиозна, отстапува простор на светото но честопати во облици различни од претходните, го претпочита Светиот Дух, различни облици на светото, исцелување, алтернативна медицина, екологија/органска храна и секако потрошувачка.

Шематскиот приказ, како и аспектирањето на Шмуел Ајзенштад, кој ја подвлекува повеќекратната модерност, поткрепени со соодветни елаборации за пристапот кон религијата од обврска кон потрошувачка, таа завршува подвлекувајќи дека европската верзија на „модерната е навистина различна (пред се во компаративната секуларност), што претставува можност да се развијат теоретските и емпириски основи. … Тие се едноставно една модерност меѓу многуте други во модерниот свет и како и останатите модерности, се во постојан процес на реконструкција. … Иако Европа не е глобален прототип, нужно е да

3 Davie, G. (2007), The Sociology of Religion, стр. 87.

се развиваат концепциските алатки, кои произлегуваат од европскиот пример ...”[4]

Вториот дел од книгата, Дејв ја започнува со темата на Западноевропскиот религиозен меинстрим. Концепциски овој дел се развива на нејзината добро позната и многу аспектирана синтагма „верување без припаѓање”, пласирана како поднаслов на нејзината книга *Религијата во Британија од 1945 (1994)*, и секако „застапничко сеќавање”, носечкиот лост на концептот за *Религијата во современа Европа – мутирани сеќавања (2000)*.

Видливиот расчекор меѓу верувањата и верската практика, Дејв го толкува со промената на општествените услови, коишто имаат потреба и продуцираат соодветни религиозни облици на живот. Од друга страна забележлива е тромавоста и неподготвеноста на традиционалните религиозни институции истите да ги прифатат и соодветно да се „менуваат”. Во европската религиозност голема е стапката на номиналните верници, на верници кои не се активни во своите цркви, но за коишто верската припадност претставува прашање на нивниот идентитет. За нив доминантна е хипотетичката рамка која го нагласува нивното припаѓање пред нивното верување.

Сеќавањето е основниот елемент на кој таа ја развива својата елаборација на религијата во Европа. Религијата, Дејв ја дефинира како облик на колективна меморија, која специфично се пренесува. Застапничкото сеќавање се должи на состојбата според која постои категорија на мал број луѓе, коишто во името на останатите се грижат за пренесување на сеќавањето. Не случајна е се поголемата стапка на индивидуализација на верувањата, на алтернативни верувања, на религиозни иновации, на религиозен живот вон црквите. Креирањето на сопствен религиозен идентитет се должи на процесот на спиритуализација, каде градењето на индивидуалната духовност доминира. Развивањето на сопствен духовен идентитет, ги охрабрува иновативните чекори, особено на алтернативните религиозни облици на верски живот.

Вонинституционалната религиозност, а секако и new age религиозноста, го подвлекуваат поколоритното менување на религиозната слика на една заедница. Видливите општествени промени развиваат специфични начини и облици на религиозниот живот. Нагласениот потрошувачки елемент на современиот свет секако дека води кон соодветно маркирање на религиозниот живот. Во тие рамки, авторката укажува дека европските државни цркви се се помалку во можност да го стимулираат или да ги исполнат латентните религиозни потреби на популациите за кои се одговорни. Но, доколку би профункционирал

4 Davie, G. (2007), The Sociology of Religion, стр. 108-109.

духовниот пазар, Дејв смета дека Европјаните веројатно би биле религиозно поактивни.[5]

Специфичностите на европскиот религиозен диверзитет, нужно мора да поттикнуваат развивање на дух на толерантност, кој во основа би го проткајувал европскиот плуралистички свет.

Таа ја започнува својата нарација со почетната дилема зошто постои видлив расчекор меѓу дебатите што се развиваат во социологијата на религијата и стварниот религиозен живот во современото општество. Мобилноста е тема која што не смее да се заобиколи и особено присутниот тензичен простор меѓу меинстрим религиите и оние кои се одредуваат како маргинални. „Мобилноста од секој вид, зафаќа нови комплексни прашања за секој аспект на социологијата како движење на луѓето, со приливот на капитал, стока и идеи, го испреплетува глобалниот капитализам. Религијата или посоодветно религиите, се дел на овие движења на различни начини. Религиите можат да ги охрабрат овие движења или не; можат да ги поттурнат или повлечат; тие можат да ги надминат или наметнат границите; можат да ги прифатат или пак отфрлат. Религиите, коиште се мнозински на една страна на светот, на другата страна може да станат малцински и обратно.

Факт е дека промените стануваат сериозен предизвик за социолозите и фактите зборуваат дека во Европа, се пишува повеќе за малцинските отколку за меинстрим религиите. Но, од друга страна теориите на суб-дисциплините остануваат релативно фиксни.

Дејв не ги остава по страна ниту актулените случувања во муслиманскиот свет во Европа, а секако и многуте настани сврзани со објавувањето на карикатурите во даднскиот печат.

Засебно аспектирајќи ги прашањата за фундаментализмот во современиот свет, глобализацијата како и улогата на религијата во секојдневието, Грејс Дејв ги заокружува клучните теми кои ги поставува во агендата на својата книга.

Оваа книга, како и другите, кои го носат нејзиниот потпис, се трудови кои се читаат во едн здив, но кои се во исто време, многу инспиративни за социолошката мисла. Во оваа книга Грејс Дејв, многу умешно ја истражува и јасно елаборира видливата промена на природата на религијата на преминот од дваесетиот во дваесетипрвиот век.

5 Давие, Г. (2007). *Тхе Социолоѓѕ оф Религион.* Лондон: Саге Публицатионс Лтд, 139-140.

*Марија Станкова*

Виолета Чачева, Јасминка Фришчиќ, Стојан Мишев

# "ЖИВОТ ВО СЕНКА"

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р М – ЕСЕ, Скопје, 2007, стр. 196

Првичните импулси, односно првите чекори во откривањето на семејното насилство како општествено зло потив кое треба да се бори и државата а не само поединци или инцидентно вклучени надлежни институции ги направи, во рамките на невладиниот сектор, невладината организација ЕСЕ уште во самиот почеток од нејзиното формирање. Сериозно пристапувајки му на семејното насилство како на едно од поголемите општествени зла во нашата држава во 2000 година ЕСЕ го спроведе првото научно фундирано истражување на семејното насилство, насловено како "Темната бројка на семејното насилство во РМ", во чија реализација учествуваше и научноистражувачки тим од ИСППИ од Скопје. Резултатите од ова истражување го предизвикаа интересот на медиумите, на стручната и на научната јавност во државата, и, речиси на целокупната јавност, бидејки, според истражувачките резултати што беа презентирани, многу поразително и алармантно делуваше заклучокот, дека секоја четврта жена во нашата држава била жртва на семејно насилство. Веројатно, освен упорноста на ЕСЕ во борбата против семејното насилство, и ова истржување има придонесено проблемот на семејното насилство да се најде на дневниот ред за работа на Собранието на РМ (2004 год. ), кога беа усвоени измените, најпрво во Кривичниот законик а потоа и во законот за семејство, со што за прв пат во нашата држава се инкриминира и законски се регулира појавата семејно насилство, опфакајки ги сите негови облици- психичко, физичко и сексуално насилство.

Студијата "Живот во сенка" е резултат на второто по ред истражување на семејното насилство во РМ што го спроведе невладината организација ЕСЕ, а во кое учествуваа и научни работници од Институтот са социолошки и политичко-правни истражувања од Скопје.

Во книгата, освен резултатите од емпирискиот дел од истражувањето. опфатени се и теоретските аспекти на феноменот семејно насилство, законските основи, односно законската рамка во која овој феномен се третира како

општествено негативна појава која, сега веќе, со последните измени и дополнувања во Кривичниот законик на РМ има третман на кривично дело. Посебно внимание авторите на студијата обрнале на инсттуционалниот одговор на ова мошне опасна општествено негативна појава преку детална разработка на мерките за нејзиното спречување, сузбивање и на мерките за заштита на жртвите. Содржината на книгата е распоредена во три дела, односно тематски целини и вовед, а секој дел содржи посебни поглавја и потпоглавја во кои се презентирани, како емпириските така и теоретските сознанија што се добиени од итражувањето, а со чија помош се расветлени многу значајни димензии на појавата семејно насилство.

Во првиот дел од студијата презентирани се теоретските концепти за семејното насилство, неговата методолошка поставеност, истражувачките резултати за психичкото, физичкото и сексуалното насилство, при што во истражувањто се земале предвид последниот инцидент, карактеристиките на жртвите на насилство, но исто така анализирани се и ставовите на жените кои не биле жртви на ниту еден вид на семејно насилство. Посебно поглавје авторите посветуваат на патријархалниот систем на вредности како претпоставен ризик за семејно насилство во РМ. На крајот од овој дел е осврт от на сознанијата добиени од истражувањето кои имаат посебно значење за креирање на програмата за заштита од семејно насилство. Во делот во кој се презентирани теоретските концепти за семејното насилство, авторите истакнуваат два пристапа: семејното насилство како индивидуална и семејството насилство како општествена појава. Во првиот случај станува збор за психолошкиот пристап со кој насилството во бракот и семејството се третира како индивидуална појава која е резултат на дејствувањето на одредени психолошки и психопатолошки особини на сторителот (насилникот) и на жртвата (жената), како на пример, слабата контрола, неразвиеното его и фрустрациите во детството (кај мажот) и мазохизмот на жртвата (кај жената). При овој пристап се издвојува медицинската теорија, која се занимава со поврзаноста и улогата на алкохолот во насилството во бракот. Притоа се нагасува дека кај привржаниците на оваа теорија постојат две исполаризирани гледишта: едните сметаат дека алкохолот е причина за насилство во бракот, а другите, пак, дека алкохолот влијае, односно придонесува за насилството, но дека и не може да се смета за негова единствена причина. При вториот пристап, кога семејното насилство се третира како општествена појава, се земаат предвид економската, социолошката, теоријата на еволуцијата, а разгледувањето се заокружува со феминистичкиот пристап, кој се засновува врз критиката на постојните теории. Овој пристап се темели на 4 постулати: 1. Мажите како резултат на доминантната положба имаат непречен пристап до ресурси, што, пак, жената ја става во инфериорна и подредена положба; мегупартнерското насилство може да се предвиди и е составен дел на животот на жената;инфериорната позиција на жените во сите сегменти на општественото живеење, и, феминистичката перспектива е посветена на интересите на жените. Авторите нагласуваат дека

спроведеното истражување не се темели само врз една теорија и дека при неговото конципирање биле земени предвид неколку од споменатите теоретски концепти, а сето тоа во функција на што подобро и посестрано расветлување на семејното насилство.

Во поглавјето “Методолошка поставеност на истражувањето”опфатено е следното: предмет на истражување;метод на истражување;примерок; инструменти кои се користени при истражувањето; техниките на собирање на податоците. анкетирање.

Следува делот во кој се презентирани истражувачките резултати одделно за сите видови на истражуваните насилства: психичкото, физичкото и сексуалното насилство. Врз основа на резултатите добиени од истражувањето, авторите констатираат дека – жените во РМ се изложени на сите три видови семејно насилство: психичко, физичко и сексуално. Сепак, констатираат авторите, најзастапено е психичкото насилство. Имено, 56, 4 % од испитаничките се изјасниле дека лично биле жртви на некој од видовите на психичко насилство. Жртви, пак, на некој од видовите на физичко насилство биле 17, 7 % од испитаничките, а само 10 % од испитаничките се изјасниле дека биле жртви на сексуално насилство. Констатација на авторите е дека семејното насилство се уште е табу тема во нашите простори, особено за жителите на селските средини каде што жените не се подготвени да зборуваат за психичко насилство, бидејки не го препознаваат, но и поради се уште многу присутната патријархална матрица на уредување на брачните и семејните односи, а исто така факт е дека во селските средини помалку отколку во градските се спроведуваат кампањи, едукација и други форми за сензибилизирање на жените за ова појава.

Највидливиот дел од семејното насилство, според авторите на студијата, е физичкото насилство. Во истражувањето, физичкото насилство било дефинирано како: употреба на физичка сила или, пак, закана дека истата ќ е биде употребена врз жената од страна на нејзиниот брачен (сегашен или поранешен) или вонбрачен партнер или од друг член на нејзиното домаќинство. Во фокусот на итражувањето биле неколку видови на насилство: закана за употреба на физичка сила, фрлал со нешто што можело да ја повреди, зграпчување (туркање), удрил шлаканица, клоцал, гризел, давење/затнување на уста, тепање, удирање со предмети, ја изгорел/попарил, употребил пиштол. Истражувачките резултати покажуваат дека најчести облици на физичкото насилство се шлаканиците (87, 5 %), заканите за употреба на физичка сила (70, 1 %), зграпчувањето и туркањето (63, 9 %), а најретко се застапени најтешките облици на насилство – горење или попарување (2, 5 %) и употреба на нож или пиштол (9, 9 %). Битен елемент при истражувањето на физичкото насилство е истражувањето на причините што му претходеле. Според добиените резултати за тоа, како најчеста причина, според самите испитанички – жртви на насилство, е алкохолизмот. Речиси секоја трета жена жртва на насилство изјавила дека на насилството му претходело пијанството на насилникот, втора наведена причина е љубомората на партнерот, а речиси исто толку важна при-

чина се и проблеми со пари. Меѓутоа, прави впечаток сознанието дека дури 11, 3 % од испитаничките што пријавиле насилство не можеле да наведат причина која му претходела на насилството, односно навеле дека немало причина за насилство. Во поглавјето посветено на влијанито на насилството врз жените -жртви, а врз основа на добиените резултати, констатирано е дека најчести последици што ги трпат жените од насилничко однесување се: губењето на самодовербата, депресија, несоница, несигурност во себе, страв, одбивање на контакти итн. Посебен акцент авторите ставаат врз влијанието на насилството врз работата, односно работната способност на жртвата. Во врска со овој аспект, секоја четврта жена изјавила дека насилството не влијаело за нарушување на нејзината работна способност; секоја трета жена се пожалила на неспособност за концентрирање, а секоја петта жена дека е неспособна за работа. Практично, две третини од жените – жртви се изјасниле дека имале последици врз работната способност. Неодминлив сегмент при истражувањето на семејното насилство секако претставува односот насилството и децата, бидејки при постоење на семејно насилство, без исклучок, жртви се и децата – било непосредни или посредни. Истржувачките резултати го покажуваат следното: повеќе од половината (58, 3 %) од жените – жртви изјавиле дека и децата биле присутни на насилството. Меѓутоа, податок што загрижува е дека секоја петта жена изјавила дека насилството било насочено и кон децата, односно децата биле директни жртви на насилство.

Посебно внимание во истражувањето е посветено на профилот на насилникот според возраст, образование, работен статус/ вработеност, невработеност, а според истражувачките резултати возраста и образованието не можат да се доведат во врска со насилството, за разлика од работниот статус кој има влијание врз однесувањето на мажот. Имено, со вработеноста на мажот се намалува насилството, а со невработеноста или сличен вид на таков статус, се зголемува насилството врз жената. Инаку, во улога на насилник на нашите простори најчесто се јавува сопругот (80,9 %)

Сексуалното насилство го претставува третиот конститутивен елемент на семејното насилство. Во инстражувањето тоа е дефинирано како: силување, несакан сексуален однос, понижувачки сексуален однос, присила на гледање на порнографски филмови, и подведување. Податоците од истражувањето покажале дека е тоа најмалку застапено (1о, 6%). Според истражувачките резултати, доминантен облик на сексуално насилство кај нас (85, 5 %) е несакан сексуален однос, а силувањето учествува со 3, 9 %. Всушност, констатација на истражувачите, изведена врз основа на исказите на испитаничките, е дека физичкото и сексуалното насилство одат заедно.

Поради добивање на поисцрпни сознанија за семејното насилство во нашата држава во истражувањето се испитувани и ставовите на жени што не биле жртви на семејно насилство. Од нив се барани информации за присуството на насилството врз жените, за перципирањето на семејното насилство, нивните ставови кон овој проблем итн. Според резултатите добиени од ова, второ

ниво на истражувањето, општата констатација е дека, семејното насилство е појава која е раширена во нашата држава, но и појава за која не се говори, табу тема (75, о %). Запрашани во врска со казнувањето на насилникот, дури 91, 2 % од испитаничките се изјасниле дека сопругот, односно партнерот кој ја тепа својата сопруга/партнерка треба да биде казнет. Меѓутоа, во врска со промената на законската регулатива за семејното насилство, дури две третини од испитаничките се изјасниле дека не знаат за озаконувањето на семејното насилство, што говори за многу ниска информираност. Во врска, пак, со ангажманот на државата во решавањето на проблемите во сферата на семејното насилство, доминира негативната оценка – државата недоволно се ангажира околу жртвите на семејното насилство. Посебно поглавје му е посветено на патријархалниот систем на вредности како претпоставен ризик за семејното насилство во РМ. Имено, општо познато е дека кај нас се уште функционира патријархалната матрица на уредување на односите во бракот и семејството, според која: важно е мажот да и покаже на својата сопруга кој е главен во семејството, добрата сопруга го почитува мислењето на својот сопруг дури и кога не се согласува со него: должност на жената е да води љубов со својот сопруг дури и кога не сака итн. Овде треба да се истакне дека еден од најизненадувачките, односно најразочарувачки резултати во овој сегмент од истражувањето е тоа што висок процент од испитаничките го оправдуваат физичкото казнување на жената поради, на пример, незадоволството на мажот од незавршени домашни работи, не го послушала за нешто, се сомневал во нејзината верност или, пак, му била неверна на сопругот.

Првиот и најголемиот дел од книгата завршува со осврт на сознанијата посебно значајни за креирање на програмата за сузбивање и спречување на семејното насилство.

Во вториот дел од студијата насловен како: ”Институционален одговор на семејното насилство” опфатени се законските решенија, тенденциите и предизвиците на семејното насилство, истражувачките резултати за работата на центрите за социјална работа, на полицијата и на судот. Уште на самиот почеток авторите го нагласуваат фактот дека нормативното уредување на семејното насилство во нашата земја е од понов датум (2004 год. ) и дека карактеристика на сегашните решенија е нивната усогласеност со мегународните стандарди и препораки за ова сфера. Позитивна карактеристика на нашите нормативни решенија, според авторите на студијата, е поврзувањето на двата система – граѓанскоправниот и казненоправниот. Инаку, за семејното насилство во нашето позитивно законодавство постојат две дефиниции. Во Кривичниот законик под семејно насилство се подразбира: малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата, или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои

имаат заедничко дете или се наогаат во блиски лични односи. Во Законот за семејство, за семејно насилство се смета однесување сторено од едниот брачен другар врз другиот брачен другар, кои живеат или живееле во брачна или вонбрачна заедница или кој било вид на заедница како семејство или ако имаат заедничко дете; меѓу браќа и сестри, полубраќа и полусестри; над дете;над постарите членови на семејството; и над лица – членови на семејството чија деловна способност е делумно или целосно одземена.. Истражувачките сознанија презентирани во овој дел од студијата се темелат врз официјалните податоци на центрите за социјална работа, Министерството за внатрешни работи, Основните јавни обвинителства и Основните судови, на центрите за правна помош на ЕСЕ, и ставовите и мислењата на различните професионални структури во однос на семејното насилство.

Посебно значајно во овој дел на студијата е поглавјето во кое се разработени и презентирани мерките за заштита на жртвите на семејно насилство, почнувајки од нивната природа и содржина, видовите, кога и каква заштита нудат тие - до нивната примена во практиката. Овде би ги спомнале само видовите на заштита кои надлежните институции (формалниот систем на заштита) и невладиниот сектор (неформалниот систем на заштита) можат да ги преземат, а тие се следните: обезбедува нужно сместување за лицето жртва на насилство, кое може да трае најмалку 6 месеци, со можност за продолжување за уште 6 месеци;обезбедува соодветна здравствена заштита;обезбедува соодветна психо – социјална интервенција и третман;ги упатува во соодветно советувалиште; доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование; го известува органот за прогон;дава секаков вид на помош и правно застапување; покренува постапка пред надлежниот суд; по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита; и презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

Истражувачките резултати за формалниот систем на заштита, односно за мерките за заштита преземени од Центрите за социјална работа се следни: во периодот од јуни 2005 – јуни 2006 година вкупно биле пријавени 839 случаи на семејно насилство. Од вкупно пријавените 839 случаи на семејно насилство, урврдени се 1440 поединечни облици на насилство (физичко, психичко, сексуално и работно искористување;најзастапено е физичкото насилство; најчести жртви на семејно насилство се жени; најчесто, насилството го пријавуваат самите жртви. Што се однесува, пак, до обемот/ степенот на пружената заштита, авторите утврдиле позитивна практика од страна на центрите за социјална работа, односно на сите 839 жртви на насилство им била пружена заштита – според оценката за видот и потребата за заштита. Од вкупно 839 пријавени случаи во центрите за социјална работа, полицијата била известена и пружила заштита на 405 жртви, а постапка пред надлежен суд била покрената, односно заштита од страна на судот била пружена во 59 случаи.

Паралелно со воспоставениот формален систем на заштита на жртвите на семејно насилство, организациите од граѓанскиот сектор, особено ЕСЕ, се мошне активни во пружањето помош на жртвите на семејно насилство во рамките на неформалниот систем на заштита. Најзастапени форми на пружање заштита се бесплатната правна помош и психолошката поддршка.

Во поглавјето “Правни системи за заштита” авторите на студијата најпрвин го нагласуваат фактот, дека казненоправна заштита на жртвите на семејното насилство во нашата држава беше воведена во март 2004 година, кога беа направени измени во Кривичниот законик на РМ. Главна карактеристика на овој систем е построгата казнена политика во однос на семејното насилство, која се манифестира во пропишаните построги казни за кривичните дела сторени при вршење на семејно насилство, и гонењето на овие кривични дела по службена должност. Се нагласува дека семејното насилство во Кривичниот законик не е предвидено како ЕДНО посебно кривично дело, туку се санкционира преку инкриминирање на неговите поединечни облици под постоечките кривични дела, односно: физичкото насилство се санкционира со кривични дела против животот и телото; психичкото насилство се санкционира со кривични дела против слободата и правата на човекот; и, сексуалното насилство се санкционира со кривични дела против половата слобода и половиот морал. Авторите на студијата констатираат, а врз основа на анализираните податоци, дека семејното насилство повеќе се пријавува во рамките на казненоправниот систем на заштита (споредено со граѓанскоправниот систем). Во прилог на ова констатација авторите ги наведуваат податоците добиени од полицијата за кривични дела, прекршоци и поплаки во врска со семејно насилство, чиј број во 2005 год. изнесувал 5167, односно 3873 во 2006 година. Инаку, од поднесените 215 кривични пријави од страна на полицијата во текот на 2005 година, 187 се однесувале на кривичните дела против животот и телото (87 % физичко насилство), 22 за кривичните дела против слободите и правата на човекот (10,2% психолошко насилство), и 6 кривични пријави за сторители на кривични дела против половата слобода и половиот морал. Авторите ја нагласуваат големата застапеност на кривичните дела против животот и телото, кои се повторуваат и во 2006 год. Инаку, најзастапени облици на насилство, според податоците на МВР, ОЈО и Основен суд се: телесна повреда, тешка телесна повреда и загрозување на сигурноста.

Во делот од студијата посветен на граѓанскоправниот систем на заштиа, односно на привремените мерки за заштита на жртвите на семејно насилство, авторите го нагласуваат следното: ”Привремените мерки за заштита треба да се главниот механизам којшто ќе ги заштити жртвите. Нивното значење е во тоа да му се укаже на насилникот или на потенцијалните насилници дека тоа што го прават е незаконски и се казнува. “ (Сузана Велковска, раководителка на одделение во Министерството за труд и социјална политика, документарен филм “Живот во сенка”, ЕСЕ, 2007). Меѓутоа, и покрај ваквата карактеристика на природата на привремените мерки, авторите констатираат дека степе-

нот на користење на овие мерки е исклучително низок, а освен тоа и кога биле изрекувани евидентно било нивното несистематско, а со тоа и несоодветно следење на нивното извршување.

Во освртот на сознанијата за институционалниот одговор на семејното насилство, авторите констатираат дека, и покрај систематските и континуирани напори и заложби за унапредување на состојбите во сферата на семејното насилство, во иднина ќе мораме да се соочиме со повеќе сериозни предизвици во борбата со ова општествено зло.

Во третиот дел од книгата презентирани се заклучоците и препораките на авторите на студијата, од кои ќе спомнеме само некои, како посебно значајни за креирањето на политиката на семејно насилство.

## ЗАКЛУЧОЦИ:

- Постои високо ниво на прифатеност на вредностите кои го зголемуваат ризикот за семејно насилство;
- Нивото на пријавување на семејното насилство на полицијата е ниско;
- Ниско ниво на обраќање до центрите за социјална работа;
- Неафирмираност на невладините организации;
- Недоволно пријавување на семејното насилство од страна на медицинскиот персонал;
- Граѓаните не се доволно запознаени со инкриминирањето на семејното наслство;
- Непотполна законска и подзаконска регулираност на семејното насилство;
- Несоодветно постапување на професионалните структури во случаите на семејно насилство;
- Непреземање на континуирани превентивни активности.

ПРЕПОРАКИТЕ, кои се дадени на самиот крај на книгата, се базираат врз истражувачките сознанија сублимирани во претходно презентираните заклучоци.

И сосем за крај, ќе издвоиме дел од рецензијата за книгата од проф. д- р. Љупчо Арнаудовски во која се вели "... Сознанијата до кои дошле авторите на студијата им создаваат обврска за натамошно формално – правно доизградување на овој систем и развивање на методологија на делување и работа на секој што е вклучен во овој систем: подрачјето на репресивното реагирање, на судот, јавното обвинителство и полицијата, од една страна, и центрите за социјална работа кои постапуваат во рамките на социјално дело со луѓе што се наоѓаат во нужда... "

На ова сепак би додале, дека објавувањето на: книгата “Живот во сенка” претставува драгоцен придонес во борбата против семејното насилство во нашата држава, и дека ќе го побуди интересот и на пошироката општествена јавност.